Учествувала во изработката на речникот ***Авторско право и сродни права, Речник на термини***, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Центар за образование за интелектуална сопственост (CIPE), Скопје, 2007, 181 стр. (види предговор: Француска верзија подготвена од доц. д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска).

Во март 2007 год. учествувала како слушател на **Семинарот за европски кредит-транфер систем (Болоњска декларација),** организиран од УСАИД и Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (проект „Креативна настава и учење") – проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Во септември 2007 год. учествувала како слушател на Семинарот/обука за ***образование за сцијална правда,***организиран од УСАИД, и Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (проект „Креативна настава и учење") – проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Исто така учествувала како слушател на следниве семинари / обуки:

- Семинарот / обуките одржани од страна на претставници на Европската комисија (педагошка асистенција) во рамките на постдипломските специјалистички студии по конференциско толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", во Скопје;

- Семинарот / Обуката за професори по француски јазик (универзитетско ниво), организиран од Службата за јазична и културна соработка при Француската амбасада во Скопје. Предавачи од три области: јазик (prof. Morel), книжевност (prof. Grucas) и толкување (B. Delâtre).

- Семинарот / Обуката за професори по француски јазик (универзитетско ниво), организиран од Службата за јазична и културна соработка на Француската амбасада во Скопје. Предавачи од две области: јазик-Европска заедничка референтна рамка за јазиците (Dominique Chevalier-Wixler), книжевност специјалист за Проуст (Prof. Mireille Naturelle).

- 10. Регионален летен универзитет во Струга (од 30 јуни до 5 јули 2008 год.), организиран од Службата за јазична и културна соработка на Француската амбасада во Скопје, како претседател на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија.

- Летната школа/Семинар за француски јазик, организирана во Струга од службата за јазична и културна соработка при Француската амбасада во Скопје, како претседател на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатката д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска, од февруари до јуни 2006 год. учествувала како соработник, односно обучувач во Проектот организиран од Британскиот совет и Европската агенција за реконструкција во Скопје за **обука на државни службеници од Втората група / преведувачи-толкувачи (Project PACE II, Macedonia 04MAC01/01/001 EuropeAid/120151/D/SV/MK)** а од 21 до 26 јули

За нејзиното **учество во комисии и тела на државни и други органи**, се констатира од доставените библиографски и биографски податоци дека на **13 септември 2008 (прв испит)** и **во 2009 (втор испит)** била член на Комисијата задолжена да го спроведе и оцени испитот за назначување Судски преведувачи по француски јазик организиран од Министерството за правда на Република Македонија (Решение на Министерството за правда на Република Македонија бр. 07-4348/1 од 3.7.2008 за именување на Комисија за проверка на знаењето за странски јазик на кандидати за судски преведувачи).

**Преведувачка дејност**

Д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска и понатаму била активна и вршела стручни преводи и учествувала на домашни и меѓународни конференции во својство на консекутивен и симултан толкувач (конференциско толкување) од областа на економијата, правото, политиката, социологијата, медицината, културата и др., за потребите на разни домашни и странски институции. Според библиографските податоци, бројот на настани / конференции / средби / работилници / работни групи / семинари / стручни совстувања, итн., на коишто учествувала во својство на толкувач е импозантен, така што тие не можат целосно да се прикажат во овој извештај.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

Од горенаведеното може да се заклучи дека д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска е сериозен научен работник и стручњак од практиката за конференциското толкување, со сериозно наставно и професионално искуство и се констатира дека кандидатката ги исполнува конкурсните и законските услови за избор во звањето вонреден професор. Како долгогодишен наставник при Катедрата за романски јазици и книжевности, како и при Катедрата за преведување и толкување, таа се одликувала сосвојата темелна работа, со постигнување на посебни резултати во наставноистражувачката дејност и голема посветеност и совесност кон својата работа.

Заради големото работно искуство и стручност во одделните области опфатени со конкусот, како постигнатите резултати во досегашната нејзина научна и стручна работа, Рецензентската комисија има голема чест и задоволство да го замоли Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да го прифати овој извештај, и да му предложи да ја избере д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска во звањето вонреден професор по предметите *историја на францускиот јазик со историска граматика, граматика на современиот француски јазик, консекутивно толкување од француски на македонски јазик и од македонски на француски јазик (со техники на бележење) и симултано толкување од француски на македонски јазик и од македонски на француски јазик.*

**Скопје, 14. 6.2010 год.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**1. Проф. д-р Петар Атанасов, редовен професор, с.р.**

**2. Проф. д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.**

**3. Проф. д-р Маргарита Велевска, вонреден професор, с.р.**

| | | |
|---|---|---|
| | (2+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,04=1,2) + (2x15=30x0,03=0,9) = 2,1 | |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 3 (0+2), зимски 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 4 (0+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од француски на македонски јазик 3 (0+2), зимски 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од француски на македонски јазик 4 (0+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 1 (0+2), зимски 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 2 (0+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од француски на македонски јазик 1 (0+2), зимски 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македонски на француски јазик 3 (0+2), зимски 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македонски на француски јазик 4 (0+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македонски на француски јазик 1 (0+2), зимски 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македонски на француски јазик 2 (0+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од француски на македонски јазик 1 (0+2), зимски 2006/2007 (замена) (2x15=30x0,03=0,9) . | 0,9 |
| | Подготовка за преведување и толкување (француски) (0+1), зимски 2006/2007 (1x15=15x0,03=0,45) | 0,45 |
| | Двонасочно толкување (француски) (0+2), летен 2006/2007 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Историја на францускиот јазик со историска граматика 1 (2+2), зимски 2007/2008 (2x15=30x0,04=1,2) + (2x15=30x0,03=0,9) = 2,1 | 2,1 |
| | Историја ва францускиот јазик со историска граматика 2 (2+2), летен 2007/2008 (2x15=30x0,04=1,2) + (2x15=30x0,03=0,9) = 2,1 | 2,1 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 3 (0+2), зимски 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 4 (0+2), летен 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 1 (0+2), зимски 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Консекутивно толкување од македонски на француски јазик 2 (0+2), летен 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македонски на француски јазик 3 (0+2), зимски 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македонски на француски јазик 4 (0+2), летен 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македоснки на француски јазик 1 (0+2), зимски 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Симултано толкување од македоснки на француски јазик 2 (0+2), летен 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Подготовка за преведување и толкување (француски) (0+1), зимски 2007/2008 (1x15=15x0,03=0,45) | 0,45 |
| | Двонасочно толкување (француски) (0+2), летен 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Техники на бележење при консекутивно толкување (за групите француски, англиски, германски и италијански јазик) (замена) (0+2), зимски 2007/2008 (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Историја на францускиот јазик со историска граматика 1 (2+2), зимски 2008/2009 (2x15=30x0,04=1,2) + (2x15=30x0,03=0,9) = | 2,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: консекутивно толкување од француски на македонски јазик и од македонски на француски јазик (0+4), летен 2008/2009 (4x15=60x0,05=3) | 3 |
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: симултано толкување од македонски на француски јазик (0+2), зимски 2008/2009 (2x15=30x0,05=1,5) | 1,5 |
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: симултано толкување од македонски на француски јазик (0+1), летен 2008/2009 (1x15=15x0,05=0,75) | 0,75 |
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: консекутивно толкување од француски на македонски јазик и од македонски на француски јазик (0+4), зимски 2009/2010 (4x15=60x0,05=3) | 3 |
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: консекутивно толкување од француски на македонски јазик и од македонски на француски јазик (0+4), летен 2009/2010 (4x15=60x0,05=3) | 3 |
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: симултано толкување од македонски на француски јазик (0+1), зимски 2009/2010 (1x15=15x0,05=0,75) | 0,75 |
| | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија – Брисел), предмет: симултано толкување од македонски на француски јазик (0+1), летен 2009/2010 (1x15=15x0,05=0,75) | 0,75 |
| | **Консултации со студенти** - во просек 35 студенти х 0,002 = 0,07/ семестар (0,07 х 10 семестри = 0,7) | 0,7 |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Решение бр. 09-1378/1 од 14.9.2009: Ментор за изработка на дипломскиот труд на студентката **Ева Тимова**, „Толкувањето како професија и видовите на толкувањето" и член /претседател на Комисијата за одбрана на трудот. | 0,2 |
| | Решение бр. 09-1682/1 од 29.10.2009: Ментор за изработка на дипломскиот труд на студентката **Марија Апостоловска**, „Еволуција на француските речници низ вековите – Evolution des dictionnaires en français à travers les sciècles" и член /претседател на Комисијата за одбрана на трудот. | 0,2 |
| | Решение бр. 09-1816/1 од 21.11.2009: Ментор за изработка на дипломскиот труд на студентката **Кристина Тортеска**, „Невербалните пораки во процесот на толкување" и член /претседател на Комисијата за одбрана на трудот. | 0,2 |
| | Решение бр. 09-1939/1 од 16.12.2009: Ментор за изработка на дипломскиот труд на студентката **Ивана Гавровска**, „Неопходни квалитети и вештини на толкувачот" и член /претседател на Комисијата за одбрана на трудот. | 0,2 |
| | Решение бр. 09-32/2 од 25.1.2010: Ментор за изработка на дипломскиот труд на студентката **Гордана Мирчевска**, „Преглед на основните принципи на техниките на бележење во консекутивното толкување и невербалната комуникација на толкувачот" и член /претседател на Комисијата за одбрана на трудот. | 0,2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Решение бр. 09-1818/1 од 21.11.2009: Член на комисија за одбрана на дипломскиот труд на студентката **Елена Јовчевска**, „Современата музичка терминологија во германскиот и македонскиот јазик". | 0,1 |
| | Решение бр. 09-1919/1 од 14.12.2009: Член на комисија за одбрана | 0,1 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Координатор на студиска група**<br>Од 2006 до денес-ЕКТС-координатор на студиската група француски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности-подготовка на прирачни книги за студенти со студиски и наставни програми. | 5 |
| | **Учество во проект (учесник/соработник)**<br>Од февруари до јуни 2006 год.: Учество како обучувач во Проектот организиран од Британскиот совет и Европската агенција за реконструкција во Скопје за обука на државни службеници од втората група/преведувачи-толкувачи (Project PACE II, Macedonia 04MAC01/01/001 EuropeAid/120151/D/SV/MK). | 2 |
| | **Речник (коавтор)**<br>***Авторско право и сродни права, Речник на термини***, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Центар за образование за интелектуална сопственост (CIPE), Скопје, 2007, 181 стр. (види предговор: Француска верзија подготвена од доц. д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска). | 3 |
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**<br>2007: ревизија на *Речник на термини: Европската унија и претпристапната помош* (француски), Секретаријат за европски прашања на Република Македонија, 2007, Скопје, 184стр. / *Glossary of terms : European Union and pre-accession assistance* (French), Secretariat for European Affairs of the Republic of Macedonia, 2007, Skopje, 184 p. | 1 |
| | **21-26 јули 2008:** Учество на Светскиот конгрес на Меѓународната федерација на професори по француски јазик (FIPF) во Квебек, Канада, во својство на претседател на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија. | 4 |
| | **Учество во работата на комисии за државни натпревари**<br>**Март 2008**: Член на Комисија во натпреварот-диктат по француски јазик „Диктат за сите" (« Dictée pour tous »), организиран од Националната комисија за франкофонијата на Република Македонија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во рамките на Деновите на франкофонијата во Македонија од 17 до 28 март 2008. | 1 |
| | **24 април 2010**: Член на Комисија за изведување на државниот натпревар по француски јазик за средни училишта (билингвални паралелки) – Олимпијади 2010, организиран од Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија. | 1 |
| | Член на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија (ЗПФРМ) (последни 5 години : 5x1 = 5) | 5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на факултетска комисија-Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје** | |
| | **2007:** Член на Централната комисија за самоевалуација на ниво на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и на ниво на студиски групи. | 0,5 |
| | Решение бр. 05-1338/1 од 19.11.2007: Член на Комисија на попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2007 на Филолошкиот факултет – член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за романски јазици и книжевности. | 0,5 |
| | Решение бр. 05-1222/1 од 3.11.2008: Член на Централната комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2008 на Филолошкиот факултет – член на Централната комисија за попис. | 0,5 |
| | Решение бр. 07-904/3 од 23.9.2008: Член на Комисија за ангажираноста по сите основи од катедрите/Одделот и нејзино усогласување со правилата и нормите за фондот на часови на професорите, лекторите, соработниците и основот за учество на надворешни лица кои смеат да бидат ангажирани согласно со Законот за високото образование (Сл. весник, бр. 35/2008). | 0,5 |
| | Решение бр. 10-466/61 од 25.11.2009: Член во Работната група за подготвување на сите точки по барање на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија и Министерството за | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | систем на нотација кај македонскиот толкувач". | |
| | Одлука од 15. редовна седница на Наставно-научниот совет од 24.9.2008: Член на Комисија за одобрување на теми за изработка на труд и формирање комисии за оцена на труд во рамките на постдипломските специјалистички студии по конференциско толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – член на Комисија за студентката **Марија Ѓоргиевска**, тема: „Сленг, жаргон и вулгаризми и нивната проблематика при толкувањето од англиски кон македонски јазик". | 0,2 |
| | Одлука од 15. редовсна седница на Наставно-научниот совет од 24.9.2008: Член на Комисија за одобрување на теми за изработка на труд и формирање комисии за оцена на труд во рамките на постдипломските специјалистички студии по конференциско толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – член на комисија за студентката **Беса Дрндар**, тема: „Стратегии при симултаното толкување". | 0,2 |
| | Одлука од 15. редовсна седница на Наставно-научниот совет од 24.9.2008: Член на Комисија за одобрување на теми за изработка на труд и формирање комисии за оцена на труд во рамките на постдипломските специјалистички студии по конференциско толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – член на Комисија за студентката **Наташа Јанковска**, тема: „Недоследности при употребата на интернационализми во македонскиот јазик од областа на правната терминологија при консекутивното толкување". | 0,2 |
| | **Превод на учебник**<br>Превод од македонски на француски јазик и обратно: Зборник на трудови од меѓународната конференција „Македонско-француски денови на правото – 2000 години од „Code Civil", Скопје, ноември 2004, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Просветно дело Ад, Скопје, 2005, 494 стр. | 3 |
| | **Превод на учебник**<br>Превод од македонски на француски јазик: ***Граматика на македонскиот стандарден јазик за странци***, од Лилјана Минова-Ѓуркова, подготвено од Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, издавач: „2-ри Август", Штип, 2006, 537 стр. | 3 |
| | **Превод на учебник**<br>Превод од македонски на француски јазик: ***Прирачник со вежби за македонскиот јазик за странци***, од Татјана Гочкова-Стојановска и Лилјана Минова-Ѓуркова, подготвено од Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, издавач: „2-ри Август", Штип, 2006, 272 стр. | 3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **102,20** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>26.9.2005, научен симпозиум ***„Преведувањето од француски на македонски јазик и обратно"***, организиран од Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", со реферат **„Наставата по консекутивно толкување од француски на македонски јазик и обратно"**. | 1 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | Труд со наслов **„Наставата по консекутивно толкување од француски на македонски јазик и обратно"**, *Зборник на трудови од симпозиумот одржан на 26.9.2005 - „Преведувањето од француски на македонски јазик и обратно"*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2007, стр. 5-12. | 2 |
| | Труд со наслов **„Зборообразување во македонскиот јазик врз основа на** | 2 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Координатор на студиска група**<br>Од 2006 до денес-ЕКТС-координатор на студиската група француски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности-подготовка на прирачни книги за студенти со студиски и наставни програми. | 5 |
| | **Учество во проект (учесник/соработник)**<br>Од февруари до јуни 2006 год.: Учество како обучувач во Проектот организиран од Британскиот совет и Европската агенција за реконструкција во Скопје за обука на државни службеници од втората група/преведувачи-толкувачи (Project PACE II, Macedonia 04MAC01/01/001 EuropeAid/120151/D/SV/MK). | 2 |
| | **Речник (коавтор)**<br>***Авторско право и сродни права, Речник на термини***, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Центар за образование за интелектуална сопственост (CIPE), Скопје, 2007, 181 стр. (види предговор: Француска верзија подготвена од доц. д-р Мирјана Алексоска – Чкатроска). | 3 |
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**<br>2007: ревизија на *Речник на термини: Европската унија и претпристапната помош* (француски), Секретаријат за европски прашања на Република Македонија, 2007, Скопје, 184стр. / *Glossary of terms : European Union and pre-accession assistance* (French), Secretariat for European Affairs of the Republic of Macedonia, 2007, Skopje, 184 p. | 1 |
| | **21-26 јули 2008:** Учество на Светскиот конгрес на Меѓународната федерација на професори по француски јазик (FIPF) во Квебек, Канада, во својство на претседател на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија. | 4 |
| | **Учество во работата на комисии за државни натпревари**<br>**Март 2008**: Член на Комисија во натпреварот-диктат по француски јазик „Диктат за сите" (« Dictée pour tous »), организиран од Националната комисија за франкофонијата на Република Македонија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во рамките на Деновите на франкофонијата во Македонија од 17 до 28 март 2008. | 1 |
| | **24 април 2010**: Член на Комисија за изведување на државниот натпревар по француски јазик за средни училишта (билингвални паралелки) – Олимпијади 2010, организиран од Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија. | 1 |
| | Член на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија (ЗПФРМ) (последни 5 години : 5x1 = 5) | 5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на факултетска комисија-Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје** | |
| | **2007:** Член на Централната комисија за самоевалуација на ниво на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и на ниво на студиски групи. | 0,5 |
| | Решение бр. 05-1338/1 од 19.11.2007: Член на Комисија на попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2007 на Филолошкиот факултет – член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за романски јазици и книжевности. | 0,5 |
| | Решение бр. 05-1222/1 од 3.11.2008: Член на Централната комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2008 на Филолошкиот факултет – член на Централната комисија за попис. | 0,5 |
| | Решение бр. 07-904/3 од 23.9.2008: Член на Комисија за ангажираноста по сите основи од катедрите/Одделот и нејзино усогласување со правилата и нормите за фондот на часови на професорите, лекторите, соработниците и основот за учество на надворешни лица кои смеат да бидат ангажирани согласно со Законот за високото образование (Сл. весник, бр. 35/2008). | 0,5 |
| | Решение бр. 10-466/61 од 25.11.2009: Член во Работната група за подготвување на сите точки по барање на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија и Министерството за | 0,5 |

| | |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 102,20 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 43 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | ////// |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 32 |
| **Вкупно** | **177,20** |

**Скопје, 14.6.2010 год.**

**Членови на Комисијата**

**1. Проф. д-р Петар Атанасов, редовен професор, с.р.**

**2. Проф. д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.**

**3. Проф. д-р Маргарита Велевска, вонреден професор, с.р.**

јазици во Европа, е означен од повеќе јазични димензии: од арбрешката (како италијански Албанец), од националниот јазик (италијанскиот, калабриски дијалект) и германскиот (како континентална димензија). Авторката ќе настојува, откако ќе даде поширок увид на главните текови и процеси во литературата на Арбрешите, да запре врз феноменот Абате кој ќе успее да ги синтетизира овие различни јазични матрици, врз релативните културни супстрати, кои водат до модернизирање на народното сеќавање (континуитет во однос на Јероним де Рада), како еден вид „внатрешен егзотизам", особено во употребата на јазичните арбрешки вметоци во италијанските текстови на неговите романи.

Своите цели авторката на дисертацијата успева успешно да ги оствари во кохерентната, интердисциплинарна и компаративна повеќевалентна парадигма на кодовите на една литература која често ги трансцендира востановените јазични, историски, културни и други хоризонти.

Во литературата на Арбрешите, во рамките на арбрешкиот јазик, врз поставата на собираното усно творештво на Арбрешите (албански дијалект со значајно грчко-латинско и италијанско влијание), Јероним де Рада ќе успее да ја наложи кодифицираната норма, пред официјалното кодифицирање на албанскиот јазик, овековечен во неговиот славен спев „Песните на Милосао". Оваа заедница на Арбрешите, почнувајќи од Јероним де Рада па сè до Кармине Абате, објект на разглед во предложената дисертација, останува егземпларна во балканските и европските литератури, како своевидна парадигма за разделувањето од родниот крај и неговото губење. Меѓутоа, според кандидатката, феноменот на „враќањето" останува можен во меморијата на стариот јазик кој се пренесува од генерација до генерација. Овој древен јазик на Албанците, арбрешкиот, постојано „се враќа", како референцијален јазик, како единство на мерка, во однос на јазикот на прифатот - италијанскиот, кој не се одбива, туку напротив станува дел од лингвистичката реалност на ова малцинство. Оваа реалност на арбрешките автори во егзил во Италија, во текот на пет века, кои чинат дел од денес признатото арбрешко малцинство, според Уставот на Италија, во редот на десетте малцинства во оваа земја, ќе биде означена во сите свои фази од противречностите, метаморфозите и комплексноста на внатрешниот и надворешниот егзил.

Литературата на Арбрешите како „литература во егзил", или во една од варијантите именувана и како „дводомна литература" помеѓу Италија и Албанија, која со примерот на Јероним де Рада достигна и до класична величина во албанската литература, но присутна и во контекстот на европскиот романтизам (блискоста и со Ламартин, Иго, Мистрал и др.), додека со примерот на творештвото на

Кандидатката ќе заклучи во приказот на содржините на дисертацијата дека италијанскиот автор Кармине Абате, од роман во роман, почнувајќи од „Рондото на Константино" па преку *Мозаикот на големото време,Мотоциклот на Скендербег, Празникот на враќањето, Меѓу две мориња* и други, ја дополнува својата монументална фреска на „арбрешката книжевна врска во италијанскиот егзил", на дел од својот народ во вековен егзил, со значајни парадигми не само за италијанската и албанската книжевност, за балканските односно европските, туку и посебно за доменот на компаративната книжевност.

**2. Заклучок на Рецензентската комисија**

Докторскиот труд *Италијанскиот егзил на Арбрешите и книжевното дело на Кармине Абате*, изработен од м-р Блерина Старова-Златку, обмислено, постапно и во издржана научна синтеза го претставува и го наложува својот примарен предмет на истражување: книжевниот егзил на ,,малцинската книжевност на Арбрешите во Италија и еден од неговите нејзини значајни протагонисти-писателот Кармине Абате, кој парадоксално е и еден од денешните најзначајни современи италијански писатели. Врз овој парадокс кандидатката гради полифон труд кој содржи повеќе краци на своето разгранување во балканолошките студии, посебно во албанологијата како и во итало-арбрешките студии и италијанската книжевност. Овој докторски труд има обележја на книжевно компаративно истражување, заснован не само врз принципите на фактографичноста, туку и врз интертекстуалната и на културолошката интерпретација на книжевно-историските аргументи.

Поради тоа, наведената Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд *Италијанскиот егзил на Арбрешите и книжевното дело на Кармине Абате*, го оценува овој труд како успешно реализирана научноистражувачка работа. Врз основа на оваа оцена, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески„ во Скопје да ѝ одобри на кандидатката м-р Блерина Старова-Златку одбрана на докторскиот труд *Италијанскиот егзил на Арбрешите и книжевното дело на Кармине Абате*.

Рецензентска комисија

1. Д-р Џеват Гега, редовен професор с.р.
2. Д-р Мирлинда Крифца, вонреден професор с.р.
3. Д-р Илинка Митрева, редовен професор с.р.
4. Д-р Анастасија Ѓурчинов, вонреден професор с.р.
5. Д-р Петар Атанасов с.р.

Скопје, 14.06.2010 г.

природно се продлабочува преку *сӣоредбаӣа*; практичната мотивација значи олеснување во совладувањето и разбирањето на преведените лектири од македонски на албански јазик, како и покривање на преведувачките потреби и вештини на сите полиња од општественот и културниот живот. Докторската дисертација содржи 191 страница компјутерски обработен текст и се состои од седум дела: Вовед (1-5). Во првиот дел се опфатени следниве теми: Краток осврт кон историјата на преведувањето (стр. 6-9), Преводот за време на романтизмот (12-14), Преводите во 20 век (14-16), Видови преведување (16-19), Преведување на литературни текстови (20-23), Теориски модели на преведувањето (23-25), Семантички модел на преведувањето (31-36). Во вториот дел следат насловите: Фактори, Семејство, Предучилишни установи (80-90). Третиот дел содржи наслови кои се однесуваат на стандардизацијата на лексичките и граматичките средства во албанскиот јазик, како и влијанието на туѓите јазични средства во структурата на албанскиот стандарден јазик (80-84). Во четвртиот дел се третираат прашањата за: Јазикот на лектирите за основно образование преведени од македонски на албански јазик (90-98). Во петтиот дел: Придонесот на македонските писатели за афирмација на јазикот и книжевноста. Во шестиот дел: Фонетско-фонолошки особености на преведуваните лектири од македонски на албански јазик (стр. 110-127). Седмиот дел носи наслов: Јазикот како резултатив во полето на фонетиката и граматиката (стр. 130-169). На крајот следува заклучокот и користената литература и библиографија (177-187).

Во однос на придонесот кон современата теорија на преведувањето, кандидатот м-р Хасан Хоџа своето истражување го спроведува во интердискурсивен, интермедијален и интердисциплинарен контекст. Авторот ја застапува теоријата на преводот што има функција на теорија на градење на текстот, гледано низ призмата, пред се на јазичните, лексичките, граматичките и културолошките специфичности и разлики помеѓу македонскиот и албанскиот јазик. Преводот на лектирите кандидатот го сфаќа како напишан текст, чија структура зависи од тоа како ќе го оформи неговиот преведувач, т. е. автор. Преводот зависи од јазичната и вонјазичната компетенција на авторот, од начинот на неговата комуникација со целната група, од средствата со кои се постигнуваат различни функционални стилови, како и од решенијата што се употребуваат за преведување на „непреводливото" итн.

Во Воведот, пред да ги образложи темата, методите и целите на докторската дисертација, авторот дава краток осврт на науката за преводот, од нејзините почетоци до нејзиниот подем во современа наука, како подлога

Во првиот дел од дисертацијата, авторот дава еден општ преглед за историскиот пат (развиток) на преведувањето. Имено, на самиот почеток кандидатот се задржува на улогата и значењето на преводот во литературата, јазикот и културата како нераскинлива врска со цивилизацијата на човештвото. Голем број настани и дела од светската литература и култура се тесно поврзани со преведувањето. Почетоците на литературниот превод ги наоѓаме уште во преводите на Епот за Гилгамеш. Ова значајно дело е пишувано на вавилонски, акадски, хуритски и хетски јазик. Исто така, преводот почнува да цути и да се развива за време на римскиот период кога процвета римската цивилизација и литература. Во овој период многу дела се преведени од хеленски на латински јазик. Од писателите и преведувачите од тој период се издeлуваат: Цицерон, Енеј, Плаут, Хорациј и други. Преведувањето како творечки чин земал замав и подоцна кога се преведуваат библиските текстови од грчки на латински јаик и преводот на Светото писмо на старословенски што го преведе просветителите св. Кирил и Методиј во 9 век. Од тој период датира и првиот словенски текст од теоријата на преведувањето - *Трактатот за преведувањето* што го составил Методиј при завршувањето на преводот на Новиот завет, во кој се изнесуваат некои од основните поставки во оваа наука. Низ историјата на преведувањето, еден дел од теоретичарите биле и преведувачи. Тие го застапувале гледиштето дека преку преведувањето се збогатува целиот јазик. Во овој дел, м-р Х. Хода ги изнесува гледиштата на познатите теоретичари на преведувањето: Жак Делил, Н. Трубецкој, Ј. Мукаржовски, Ј. Леви, В. Прохаска, Е. Сапир, Б. Ворф, истакнувајќи ја општествената улога на преведувањето во глобалната комуникација на јазиците, културите и цивилизациите. Во понатамошниот труд, м-р Хода се задржува на видовите на преведувањето според класификацијата на Р. Јакобсон, В. Ивир, Р. Бугарски, М. Сибиновиќ, Л. Арсова-Николиќ и други.

Вториот дел од дисертацијата е насловен *Важноста и воспитната улога на лектирите - преку преведувањето како творечки чин* (стр. 75-79). Самиот наслов ги наметнува неопходните елементи кои се неопходни за реализација на литературните содржини во наставниот и образовниот процес, како што се: книгите (лектирите), предучилишните установи, семејството, училиштето, библиотеката и сл. Во овој дел, авторот посебно внимание ќе им посвети на главните фактори кои влијаат врз образованието и воспитанието на учениците.

Третиот дел, *Чистењето, збогатувањето на албанскиот јазик од туѓите зборови* (стр. 80-89), е многу важен за разбирањето на содржината на лектирите и текстовите од литература. На самиот почеток, авторот се

Шестиот дел ги опфаќа *Фонетско-фонолошките особености на преведуваните лектири од македонски на албански јазик* (стр. 110-130), кои при трансформацијата и адаптацијата се многу важни за еквиваленцијата и разбирањето на содржината на текстовите. Во овој дел авторот прави обид да ги долови стилските функции и јазичните изразни средства на одделни лектири преведени од македонски на албански јазик Во овој дел се констатира дека во поглед на тематската прогресија нема големи разлики помеѓу македонскиот и албанскиот јазик. Тие се забележуваат во мал број случаи кои ги диктира вообичаениот редослед на зборовите во реченицата. Во македонскиот, како и во албанскиот јазик, кратката заменска форма, која се појавува како повторување на ремата во улога на тема, стои пред глаголот (*го фатив: e zura*). Според членот, се разликува категоријата определеност од неопределеноста. Именските групи со неопределен член, како и именските групи со бројот *еден* во улога на неопределен член, упатуваат на објект за кој нараторот смета дека не му е познат на читателот. Во делот на глаголските ономатопејски изрази (стр. 111), како маркери на перспективата, се констатира дека во поглед на ономатопејските изрази во двата јазика нема (по)големи разлики. Употребата на ономатопејските изрази значи дека од перспектива на нараторот, одредениот субјект или објект веќе е спомнат во текстот, а со самото тоа му е познат и на читателот. Чести се гласовни повторувања, повторувања на исти фонеми, во иницијална позиција, во средина и во финална позиција (стр. 126).

Во седмиот дел под наслов *Јазикот како резултатив во полето на фонетиката и граматиката* (стр. 130-175), авторот ги анализира фонетските и морфолошките карактеристики во преведените лектири од македонски на албански јазик, обрнувајќи внимание на зборовните групи: именки, придавки, заменки и глаголи. Како што е познато, според членот, се разликува категоријата определеност од неопределеноста. Именските групи со неопределен член, како и именските групи со бројот *еден* во функција на неопределен член, упатуваат на објект за кој нараторот смета дека не му е познат на читателот. Вреди да се подвлече дека контрастивната анализа на текстовите придонесува за споредувањето и еквиваленцијата во поглед на именките и придавките во двата јазика. Ова прашање е мошне интересно за лингвистичката балканистика како проблем на богатството на формалните маркери на падежните односи кај определените именски синтагми наспроти минимализација на таквите маркери кај неопределените.

Во Заклучокот се сумираат резултатите од спроведената анализа преку елаборација на јазичните, лексичките и стилските особености на ексцерпираните дела од конкретните автори, во кои се огледуваат

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА 2 (ДВА) НАСТАВНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА НАСТАВА НА СТУДЕНТИТЕ ОД НЕМАТИЧНИТЕ ФАКУЛТЕТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на наставничкиот совет на Центарот за физичко образование при факултетот за Факултетот за физичка култура во Скопје бр.1704-37 од 6.5.2010, и одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура бр. 0201-431/2од 17.6.2010 година, објавен е конкурс во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајме" на 11.5.2010 година, за избор – преизбор на 2 (два) наставника – извршители по предметот физичко образование и спорт за студентите од нематичните факултети.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факлултетот за физичка култура, отворена е постапка и формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Настевски Војо, претседател, д-р Крстевски Бранко, член д-р Тодоровски Сашо, член.

На конкурсот се пријавија следниве кандидати: м-р Калач Руждија и м-р Багески Љубен.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

## М-р Калач Руждија

### Биографски податоци

Кандидатот м-р Калач Руждија е роден на 17.12.1957 година во Скопје, каде што го завршил основното образование во ОУ „Цветан Димов". Средното образование, Училиште за физичка култура „Методи Митевски-Брицо" го завршил исто така во Скопје.

Факултетот за физичка култура го завршил во Скопје (1982), со одбрана на дипломска работа по предметот боречки спортови.

Постдипломските студии ги завршил во 2004 година на Факултетот за физичка култура во Скопје, со јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: . „Тенденции во развојот на флексибилноста кај различни возрасни категории, проценувана со стандардни и модифицирани тестови".

Кандидатот м-р Калач Руждија својот работен век го започнал како професор по физичко образование во 1983 година во СУГ „Цветан Димов" во Скопје.

Во 1984 година се вработил на Факултетот за физичка култура во Скопје, како асистент по предметот боречки спортови.

Од 1990 година работи на Факултетот за физичка култура - Центар за физичко образование за студентите од нематичните факултети, каде што е вработен и денес.

**Стручна и општествена дејност**

Како ученик, средношколец и студент се занимавал со повеќе спортски дисциплини, особено со боречките спортови со акцент на боксерскиот спорт при што како натпреварувач покажал значителни спортски резултати: 5 години бил првак на Р. Македонија (1972-1976 година). Учесник е на 4 младински државни првенства на тогашна Југославија: два пати е трет во Југославија, во 1973 и 1974 година, младински првак на тогашна Југославија за 1975 година, а и се натпреварувал за својот клуб БК „Скопје" во II боксерска лига група ЈУГ. Исто така боксувал и за БК „Вардар"- Скопје, каде што се натпреварувал во истата лига.

Во завршните години на студиите на ФФК, пет години работел како еден од тренерите по пливање во Пливачкиот клуб „Работнички" (1979 - 1983 година).

Меѓутоа, афинитетите и желбите квалитетно се применети и афирмирани во неговиот матичен боксерски клуб „Скопје", каде што мошне активно му се посветува на тренерскиот позив и доживува полна афирмација преку неговите натпреварувачи, како тренер и селектор на боксерската репрезентација на Македонија.

Поради своите стручно педагошки квалитети и долгогодишното искуство, како и поради последователните успеси кој ги постигнувал како тренер во боксерскиот спорт бил избран за селектор на боксерската федерација на Македонија (2002-2007 година). Тренер на кадетската, и на младинската боксерска репрезентација на Р. Македонија бил уште од 1995 година. Константно е тренер на сениорската боксерска репрезентација од 1997 година до денес.

**Како селектор и тренер на боксерската репрезентација на Македонија, учесник е на осум европски првенства:**

1.Кадетско европско првенство во Елазик- Турција, 1995 год.
2.Младинско европско првенство во Бирминген- Англија, 1997 год.
3.Сениорско европско првенство во Темпере- Финска, 2000 год.
4.Сениорско европско првенство во Перм- Русија, 2002 год.
5.Сениорско европско првенство во Пула- Хрватска, 2004 год.
6.Сениорско европско првенство во Пловдив- Бугарија, 2006 год.
7.Сениорско европско првенство во Ливерпул- Англија, 2008 год.
8.Сениорско европско првенство во Москва- Русија 2010 год.

**Како селектор и тренер на боксерската репрезентација на Македонија, учесник е на пет светски првенства:**

1.Сениорско светско првенство во Белфаст- Ирска, 2001 год.
2.Сениорско светско првенство во Банкок-Тајланд, 2003 год.
3.Сениорско светско првенство во Кина, 2005 год.
4.Сениорско светско првенство во Чикаго- САД, 2007 год.
5.Сениорско светско првенство во Милано- Италија, 2009 год.

Како тренер на боксерската репрезентација на Македонија учесник е на многу меѓународни турнири, како и на многу квалификациони турнири за учество на олимпијадите во Сиднеј - Австралија, 2000 година, Атина - Грција, 2004 година и Пекинг- Кина, 2008 година.

Како селектор и тренер на боксерската репрезентација на Македонија учесник е на едно од најпосакуваните, најпочитуваните нешта во спортската

кариера. Учесник е на Олимпијадата во Сиднеј- Австралија, 2000 година, со својот боксер Примислав Димовски.

**Постигнати успеси во континуитет од дваесетгодишната тренерска работа како тренер на боксерската репрезентација на Македонија се:**

- неговите боксери се последователно седум години освојувачи на престижниот трофеј „Златен Гонг";
- освоено трето место (бронзен медал) во Елазик - Турција, на кадетското европски првенство во 1995 година (Примислав Димовски) ;
- освоен бронзен медал во Пловдив- Бугарија, на сениорското европско првенство во 2006 година (Вели Мумин) ;
- освоен бронзен медал во Ливерпул-Англија, на сениорското европско првенство во 2008 година (Вели Мумин) ;
- освоено петто место на 34 сениорското европско првенство во 2002 година во Перм - Русија (Вели Мумин) ;
- освоено петто место на сениорско европско првенство во Пула- Хрватска, 2004 година (Вели Мумин) ;
- освоено петто место на сениорското светско првенство во Банкок - Тајланд, 2003 година (Вели Мумин) ;
- освоено деветто место на светското сениорско првенство во Чикаго - САД, 2007 година (Примислав Димовски) ;
- освоено петто место на светското сениорско првенство во Милано - Италија, 2009 година (Примислав Димовски).

За својата успешна спортска активност, кандидатот м-р Калач Руждија бил повеќе пати наградуван како тренер, за своите постигнати резултати и пласмани на европско и на светско ниво.

**Добитник е на три 13 ноемвриски награди во 1995, 2006 и 2009 година за особени заслуги во физичката култура и спортот во Скопје, што ги доделува Сојузот на спортовите на град Скопје.**

**Бил прогласуван за најдобар тренер на градот Скопје, и тоа во 2006, 2008 и 2009 година, од страна на Сојузот на спортови на град Скопје.**

**Од страна на Агенцијата за млади и спорт и Сојузот на спортските федерации на Македонија бил многупати номиниран за најуспешен тренер. Во 2006 година му е доделено признание за најуспешен тренер на Република Македонија.**

Бил наградуван од страна на Спортското друштво „Скопје" со плакети за постигнати врвни резултати и афирмација на спортското друштво, во 2006 и 2009 година.

Од страна на Боксерската федерација на Македонија бил прогласуван многу години како најдобар и најуспешен тренер.

**Научно истражувачка работа**

Кандидатот м-р Калач Руждија активно учествува на научни собири, симпозиуми и конгреси во земјата и надвор од неа, со објавени стручни и научни трудови:

**1.Калач Руждија**, Керамитчиев Димитар

Психолошка состојба на боксерите пред мечот, Физичка култура бр.3-4, стр. 48-53 (1985).

**2.**Димова Катица, Кајчевски Атанас, **Калач Руждија**

Музичката метода како посебно средство за обликување на катите-составите во карате - спортот, Физичка култура бр.1-2, стр. 35-37 (1987).

**3.** Кајчевски Атанас, Туфекчиевски Александар, Настевски Војо, **Калач Руждија,** Јанковски Љупчо

Влијанието на некои манифестни моторички варијабли врз успешното изведување на одредени ситуациони моторички задачи кај борачите слободен стил, Годишен зборник бр. 1, стр. 77-83 (1988).

**4.**Поповски Александар, Тодоровски Сашо, **Калач Руждија**

Влијанието на латентната и морфолошката структура врз варијабли за проценка на биомоторичкиот простор кај студентите од машка популација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Прв меѓународен симпозиум за наставата по физичко образование и спорт на студентите, состојби и перспективи, Зборник на трудови стр. 10-12 (2005).

**5.Калач Руждија,** Новачевска Славица, Саздовски Чедомир

Влијанието на некои антропометриски, моторни и психолошки варијабли врз успешното изведување на ситуационата варијабла, удирање на фиксна мета со нога кај младите - карате спортисти на возраст 14-16 години, Физичка култура, бр. 1, стр.68-72 (2007).

**6.**Глигоров Страшо, **Калач Руждија**, Богданов Виктор

Факторска структура на некои базични моторни тестови кај примерок на борачите во слободен стил, Физичка култура бр. 2, стр.40-44 (2008).

**7.** Димитриоска К. Јана, **Калач Руждија**

Канонична поврзаност на антропометриските мерки и моторните тестови кај ученичките од 11-годишна возраст. Трудот е презентиран на научната конференција одржана на Националната спортска академија „Васил Левски", во Софија (2008), Катедра за теорија на спорт.

**8.**Поповски Александар, Тодоровски Сашо, **Калач Руждија,** Реџепагиќ Аган

Факторска структура на антропометриските варијабли кај студентите - спортисти и студентите - неспортисти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Годишник на ФОН - универзитетот, том 1, стр. 666-679, Скопје (2008/09).

**9.** Поповски Александар, **Калач Руждија,** Реџепагиќ Аган

Регресиска анализа на социолошката варијабла месечни примања на семејството врз морфолошкиот и биомоторичкиот простор на студентите - спортисти и неспортисти, Зборник на трудови, стр.32, Охрид (2009).

**10.**Чедомир Саздовски, **Руждија Калач,** Јана К. Димитриоска, Александар Поповски

Факторска структура на некои мерки за проценување на антропометриските карактеристики кај млади каратисти, Наука и спорт, стр.29-34, Скопје (2009),

**11.Руждија Калач**

Разликите во некои функционални параметри кај врвни боксери од различни тежински категории, Наука и спорт, стр.87-90, Скопје (2009).

**12.**Серјожа Гонтарев, Чедомир Саздовски, Славица Новачевска, **Руждија Калач**

Физичката активност и интересите на студентите од универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Наука и спорт, стр.145-150, Скопје (2009).

**13.Руждија Калач**

Некои сознанија за социо-демографските карактеристики кај спортисти од различни боречки спортови, Наука и спорт, стр.151-154, Скопје (2009).

**14.Руждија Калач,** Серјожа Гонтарев, Чедомир Саздовски, Слободан Стојчевски

Дефинирање на состојбата и разликите во некои варијабли за проценување на флексибилноста кај испитаниците од различни возрасни категории, Наука и спорт, стр.165-170, Скопје (2009).

**15.**Славица Новачевска, Чедомир Саздовски, Јана К. Димитриоска, **Руждија Калач**

Утврдување на разликите на ставовите на студентите во зависност од некои социјално демографски карактеристики, Наука и спорт, стр.175-182, Скопје (2009).

**16.Руждија Калач**

Проценка на некои индикатори на функционалното оптоварување кај изведување на различни движечки структури во боксот, Наука и спорт, стр. 193-196, Скопје (2009).

**17.**Јана К. Димитриоска, Славица Новачевска, **Руждија Калач**

Компарирање на антропометриските мерки кај испитаниците од женски и машки пол на возраст од 11 години, Наука и спорт, стр. 207-210, Скопје (2009).

**18.Калач Руждија,** Саздовски Чедомир, Реџепагиќ Аган

Ефектите на репетитивно мускулно напрегање, врз импулсот на силата и прецизноста кај карате - ударите со рака и нога кај млади каратистки на возраст 14-16 години, Физичка култура, бр.1, стр. 155-157 (2009).

**19. Калач Руждија**

Регресивна поврзаност меѓу некои тестови за проценување на флексибилност во зглобот на колкот и должината на нозете кај различни возрасни категории, Физичка култура, бр. 1, стр. 133-135 (2009).

**20. Калач Руждија**

Моторичките и психолошките варијабли врз изведување на удари со нога, Просветно дело, бр.1, стр. 91-96, Скопје (2010).

**Наставно-педагошка дејност**

Како успешен повеќегодишен наставник во Центарот за физичко образование, во својата наставно-педагошка активност кандидатот се истакнува со успешното организирање и реализирање на редовните наставни и вонаставни содржини и активности. Како наставник на Факултетот за физичка култура-Центар за физичко образование и спорт, својата активност ја насочува

кон организирање и реализирање на наставно-спортските активности на студентите од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје преку организирање на меѓуфакултетски натпревари, атлетски кросеви, планинарски тури и излети, обука на студенти-непливачи, настава по скијање и друго.

**Вештини и знаења:**

- работа со компјутери: Microsoft office (Word, Excel, Power Point, Internet).

**Познавање на јазици:**
- босански (мајчин јазик), македонски, српски и хрватски, руски, турски и албански јазик.

## М-р Багески Љубен

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Багески Љубен е роден на 23.8.1950 година во Прилеп.
Основното образование го завршил во ОУ „Коле Неделковски" во Скопје, а средното образование го оформил во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски-Брицо" во Скопје (1969).

Факултетот за физичка култура во Белград го завршил (1974) со одбрана на дипломската работа по предметот рекреација на тема „Спортско-рекреативен центар Сарај кај Скопје и можности за негово унапредување". За време на студирањето се насочувал во областа Ђ насоката, спортска рекреација и се стекнал со диплома „дипломиран професор -организатор по рекреација".

Постдипломските студии ги завршил во рамките на студиите за трет степен при Медицинскиот факултет во Скопје (1982), со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Влијание на кошарката врз моторичките способности на учениците од средношколската возраст".

Својот работен век кандидатот м-р Љубен Багески го започнал како професор по физичко образование во 1974 година во ЕМУЦ „Никола Тесла " во Скопје.

Во 1979 година се вработил како самостоен стручен соработник во Републичка СИЗ за физичка култура.

Од 1990 година работи на Факултетот за физичка култура во Скопје, во Центарот за физичко образование и спорт за студентите од нематичните факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што е вработен и денес.

**Стручна и општествена дејност**

Од најраните години на своето школување, активно започнал со занимавање со спортски активности. Бил член на пионерската и младинската фудбалска школа во ФК „Вардар", натпреварувач, а подоцна и гимнастичр во ДТВ „Партизан - М.М-Брицо" во Скопје.

За време на студиите во Белград, по предметот рекреација, активно бил вклучен во реализацијата на многу спортско-рекреативни активности, програми и содржини, за вработени во разни организации, работнички спортски игри и натпревари, планинарски тури, логорувања, акции; Трим патеки и кабинети, „сите на велосипед", „сите во природа"„пешачки денови", „научи да пливаш и да скијаш" и др.

Како вработен во Републичката СИЗ за физичка култура, на работното место самостоен стручен соработник, изготвувал планови и програми на активности во обласга на физичката култура, кои се од општ интерес за Републиката, следење на реализација на програмите и изготвување на информации, анализи, правилници, утврдување на мерила и критериуми по разни основи во областа на физичката култура и др. Тие се објавувани во службените гласници на СОФКМ и РСИЗ за физичка култура.

Бил раководител и организатор на повеќе летни спортски школи и кампови, на перспективните спортисти од Република Македонија во спортовите: кошарка, одбојка, борење, карате, атлетика, кајак на диви и мирни води. Учествувал на повеќе семинари, стручно-научни симпозиуми и собири, организирани во Републиката и надвор од неа.

Членувал во бројни комисии, председателства, извршни одбори и други општествени органи во повеќе спортски организации и сојузи на републичко ниво.

**Научноистражувачка работа**

Покрај магистерската работа, кандидатот објавил и стручно општествени трудови кои ги изработувал за потребите на Републичката СИЗ за физичка култура и СОФКМ, и тоа:

1. Влијание на кошарката врз моторичките способности на учениците од средношколската возраст, Медицински факултет - Скопје, 1982 година (магистерска работа).

2. Критериуми и мерила за утврдување и вреднување на програмите од областа на физичката култура од општ интерес за Републиката. Службен гласник на СОФКМ и РСИЗ за физичка култура бр.2 (1986).

3. Правилник за доделување на награди за постигнати врвни спортски резултати. Службен гласник на СОФКМ и РСИЗ за физичка култура бр.1 (1988).

4. Самоуправна спогодба за условите за организирање и финансирање на меѓурепубличко-покраинските спортски натпреварувања

и средби. Службен гласник на СОФКМ и РСИЗ за физичка култура бр.2, (1986).

5.Самоуправна спогодба на надоместоците во системот на натпреварите во Р. Македонија.

6. Правилник за усовршување и оспособување на стручните кадри во Републиката.

Преку горенаведените трудови (2-6), кои се објавени и рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр.533/90 и бр.589/93), кандидатот дал посебен придонес во регулирањето на општествената практика во областа на физичката култура, што овозможило пообјективно и поефикасно согледување на условите и можностите за развојот на оваа дејност на ниво на Републиката.

**Наставно-педагошка дејност**

Како професор по физичко воспитување во средното училиште, кандидатот настојувал во рамките на материјалните и други можности и околности да го афирмира предметот, физичко воспитување, преку реализација на наставните и вонnаставните активности. Со училишните спортски екипи учествувал и постигнал забележителни спортски резултати во рамките на натпреварите на Малите олимписки игри на сите нивоа.

Својата стручна и наставно - педагошка дејност, почнувајќи од 1990 година како виш предавач во Центарот за физичко образование и спорт, на Факултетот за физичка култура, континуирано ја реализирал преку наставните и вонnаставните активности на Центарот и активно учествувал во подготовките и изработката на новите наставни планови и програми. Повеќе години наназад го изготвувал севкупниот распоред по групи, објекти и термини, за наставата на студентите на нематичните факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со воведувањето на предметот физичко образование за студентите на Земјоделскиот факултет, како одговорен наставник за реализација на наставната програма, остварил блиска и плодна соработка со Деканатот на Факултетот, наставниот кадар и студентите.

Активно бил вклучен при реализацијата на вонnаставните спортски и спортско-рекреативни активности на студентите ( натпревари, атлетски кросеви, планинарски тури и излети, обука на студенти - непливачи и др.), како и на наставниот кадар на Универзитетот во Скопје.

**Вештини и знаења:**

-работа со компјутери: Microsoft office (Word, Internet).

**Познавање на јазици:**

- руски, српски и хрватски јазик.

# ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените документи од горенаведените кандидати и оцената на нивната досегашна работа, а имајќи ја предвид нивната спортско-стручна, наставно-педагошка, научна и општествено - спортска активност, како и афинитетот за понатамошно стручно усовршување во областа на физичката култура, согласно со одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура да ги избере кандидатите во следниве наставно-научни звања:

1.м-р Калач Руждија, да биде избран во звањето виш предавач;

2.м-р Багески Љубен, да биде избран во звањето виш предавач.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Настевски Војо, претседател, с.р.

д-р Крстевски Бранко, член, с.р.

д-р Тодоровски Сашо, член, с.р.

Скопје,
21.6.2010 година

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: БИОЛОШКИ ОСНОВИ НА СУРОВИНИТЕ, ЗДРАВА ХРАНА И ИСХРАНА, МИКРОБИОЛОГИЈА, МИКРОБИОЛОГИЈА НА ХРАНА И САНИТАЦИЈА, ОСНОВНИ ПРОЦЕСИ ВО БИОТЕХНОЛОГИЈАТА 1 И ОСНОВНИ ПРОЦЕСИ ВО БИОТЕХНОЛОГИЈАТА 2, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на 40. седница одржана на 9.6.2010 год., именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по групата предмети: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 4.5.2010 год., за избор во звањето асистент по групата предмети: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2, во определениот рок се пријавија два кандидата, м-р Дарко Димитровски и м-р Младенка Лазароска. Врз основа на поднесената документација и личното познавање на еден од кандидатите, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци за м-р Дарко Димитровски

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | Дарко Димитровски |
| Датум и место на раѓање: | 7. 5.1981 год. во Скопје |
| Е-адреса: | dardim@tmf.ukim.edu.mk |

**Образование:**

- 2010, магистер на технички науки, насока прехранбена технологија на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје;

- 2005, дипломиран инженер-технолог, насока: прехранбена технологија на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје; најдобар студент на генерацијата.

**Работно искуство:**

- Во периодот од декември 2007 до денес, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св Кирил и Методиј“, Скопје, помлад асистент по предметите: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2;
- август 2006 – декември 2007, Дирекција за храна - Министерство за здравство, референт во Одделение за управување со ризик;
- мај 2005 – август 2006, ДОО882 Виталиа, Скопје, фабрика за производство и трговија на здрава храна, референт за развој на нови производи и контрола на квалитет;
- октомври 2004 - декември 2006, демонстратор по микробиологија, микробиологија на храната и санитација и индустриска микробиологија.

**Стручно усовршување во странство:**

- учество во три интернационални еднонеделни летни школи спонзорирани од DAAD во 2003 г. во Нови Сад, Србија, во 2005 г. во Белград, Србија и во 2009 г. во Марибор, Словенија. На школите се запознава со работата на неколку современи инструменти GC/MS, HPLC/MS, LC/MS/MS и нивната примена во анализа на прехранбени производи;
- 2007 (октомври – декември), научно истражување на Универзитетот во Вагенинген, Холандија, на тема: „Директна детекција на бета-каротен во манго со помош на оптотермички прозорец и колориметрија“, што е дел од неговиот магистерски труд;
- 2008 (мај – август), истражување при Универзитетот во Вагенинген, Холандија, на тема: „Квантификација на ликопен во лубеница со помош на оптотермички прозорец и колориметрија: верификација со помош на високоефективна течна хроматографија“, што е дел од неговиот магистерски труд.

**Странски јазици:** англиски

**Компјутерски вештини**: компјутерски програми од MS Office.

## Активности во периодот по изборот за помлад асистент, Билтен бр. 924 од 13. 7.2007 г.

### Наставно-образовна работа

Како помлад асистент, м-р Дарко Димитровски изведува лабораториски и пресметковни вежби, колоквиуми, испити и консултации со студенти по предметите: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2. Покрај ова, им помага на студентите во изработка на нивните дипломски работи и учествува во промотивни активности на Факултетот на саеми и во средни училишта.

М-р Димитровски е коавтор на следниве практикуми за вежби кои се регистрирани како интерни наставни материјали:

1. **Е. Винкелхаузен** и **Д. Димитровски**, Биолошки основи на суровините – лабораториски практикум, Технолошко-металуршки факултет, **2009**, Скопје;
2. **Е. Величкова** и **Д. Димитровски**, Практикум за лабораториски вежби по предметите основи на биохемиското инженерство, основни процеси во биотехнологијата 1 основни процеси во биотехнологијата 2, Технолошко-металуршки факултет, **2010**, Скопје.

### Научноистражувачка работа

Од ангажманот на м-р Дарко Димитровски во научноистражувачките проекти главно поврзани со методите на испитување на каротеноидите, произлегоа 3 оригинални научни труда и пет презентации на научни собири.

### Трудови со оригинални резултати, објавени во научни списанија:

1. **Dane Bicanic, Darko Dimitrovski, Svjetlana Luterotti, Ksenija Marković, Charlotte van Twisk, Josephus G. Buijnsters, Otto Dóka**, Correlation of trans-lycopene measurements by the HPLC method with the optothermal and photoacoustic signals and the color readings of fresh tomato homogenates, *Food Biophisics*, **2010**, *5*, 24-33.
2. **Dane Bicanic, Darko Dimitrovski, Svjetlana Luterotti, Charlotte Twisk, Josephus Gerardus Buijnsters, Ottó Dóka,** Estimating rapidly and precisely the concentration of beta carotene in mango homogenates by measuring the amplitude of optothermal signals, chromaticity indices and the intensities of Raman peaks, *Food Chemistry,* **2010**, *121*, 832-838.
3. **Darko Dimitrovski, Dane Bicanic, Svjetlana Luterotti, Charlotte van Twisk, Josephus Gerardus Buijnsters**, Rapid approach to the detection of *trans* lycopene content of red-fleshed watermelons, *Postharvest Biology and Technology,* **2010**, in Press.

**Трудови објавени во зборници на трудови од научни собири:**

1. **Darko Dimitrovski, Dane Bicanic,** Colorimetric approach to quantification of β-carotene in mango, 20[th] Congress of the Society of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia September 17-20, **2008**.
2. **Darko Dimitrovski, Dane Bicanic, Charlotte van Twisk,** The content of lycopene isomers and β-carotene in different cultivars of watermelon fruit, First European food congress, Ljubljana, Slovenia, November 4-9, **2008**.
3. **Darko Dimitrovski, Dane Bicanic, Svjetlana Luterotti, Charlotte van Twisk, Josephus Gerardus Buijnsters,** Rapid approach to the detection of *trans*-lycopene content of red-fleshed watermelons, New challenges in food preservation - EFFoST congress, Budapest, Hungary, November 11-13, **2009**.

**Учество во проекти:**

- Развој и производство на нови прехранбени производи на база на интегрални жита, јаткасти и овошни плодови, развоен проект, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, раководител: д-р Ацо Димитровски, **2006-2007**; учество како млад истражувач;
- Нови курикулуми за едукација на прехранбени инженери, ТЕМПУС проект CD_JEP-40065-2005, координатор: д-р Слободанка Кузманова, **2006-2009;** учество како студент, а потоа и како помлад асистент.

**Меѓународни награди:**

- втора награда „**Студент на годината 2008**" (Student of The Year), од организацијата EFFoST (European Federation of Food Science and Technology)

## Биографски податоци за м-р Младенка Лазароска

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | Младенка Лазароска |
| Датум и место на раѓање: | 15.10.1982 год. во Кичево |
| Е-адреса: | mladenkalazaroska@hotmail.com |

**Образование:**

- 2010, магистер, област: биотехнички науки, група: квалитет и безбедност на млеко и млечни производи на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола;

- 2006, процесен инженер за анимални производи на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет „Св Климент Охридски“, Битола

**Работно искуство:**

- нема наведено

**Странски јазици:** англиски

**Компјутерски вештини**: компјутерски прорами од MS Office

**Признанија:**

- меѓу трите најдобри студенти на додипломски студии во учебната 2005/2006 на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола

**Учество во професионални организации:**

- член на невладина организација - Друштво за поддршка на научно истражување – „Искра“

М-р Дарко Димитровски има петгодишно работно искуство, од кои последните три години како помлад асистент, со што е и непосредно вклучен во наставно-образовната и научноистражувачката работа. Како помлад асистент, покрај изведување на вежбите, учествува и во обликување на практикуми за вежби. Резултатите од неговата научноистражувачка работа на Универзитетот во Вагенинген, Холандија, се прикажани во три оригинални научни труда објавени во списанија со фактор на влијание. За неговата научноистражувачка работа како студент на магистерските студии има добиено и меѓународно признание, втора награда за студент на годината во 2008 г.

Кандидатката м-р Младенка Лазароска има завршено магистерски студии по квалитет и безбедност на млеко и млечни производи, што не е област во којашто се предметите за кои е распишан конкурсот. Според она што е дадено во пријавата на м-р Лазароска, таа нема искуство ниту во наставната ниту во научноистражувачката работа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци за двајцата кандидати, очигледно е дека кандидатот м-р Дарко Димитровски ги исполнува сите критериуми за избор во звањето асистент пропишани со Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Тој работи и на наставно и на научно поле и го развива својот потенцијал на млад научен кадар. Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје да го избере м-р Дарко Димитровски **во звањето асистент** на групата предмети: биолошки основи на суровините, здрава храна и исхрана, микробиологија, микробиологија на храна и санитација, основни процеси во биотехнологијата 1 и основни процеси во биотехнологијата 2.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Елеонора Винкелхаузен, ред. проф. с.р.

2. Д-р Слоданка Кузманова, ред. проф. с.р.

3. Д-р Донка Донева-Шапческа, н. доц. с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ВЛИЈАНИЕТО НА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ ВРЗ ЕФЕКТИВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р САШО МАНАСОВ ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, бр. 02-451/20 од 24.3.2010 година бевме определени за членови на комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов ***„Влијанието на едношалтерскиот систем врз ефективното функционирање на општинската администрација"*** од кандидатот м-р Сашо Манасов. По прочитувањето на приложениот ракопис на трудот и усогласувањето на поединечните мислења, слободни сме на Советот на ИСППИ да му го поднесеме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Структура на трудот

Приложениот труд е пишуван на персонален сметач со фонт 12. Основниот текст на трудот содржи 158 страници и ги опфаќа следниве структурни делови:

1. Вовед
2. Природата на организациските промени како предмет на проучувањето
    - Отпор на промената
    - Промена како каскада
    - Фази на промената
    - Транзициско лидерство
    - Заеднички стратегии за редуцирање на отпорот
3. Едношалтерски систем како објект на истражувањето
    - Структура на поставеност на административните услуги
    - Организирање на работата за усовршување на услугите
    - Рамка на фазите на развој на едношалтерски систем
    - Менаџмент според целите
    - Утврдување на потребите за обука
    - Балансирани скоркарти и нивна примена

4. Моделирање едношалтерски систем во Република Македонија и негово имплементирање како круцијална организациска промена

    - Цел на моделот на едношалтерски систем
    - Анализа на целните области во процесот на едношалтерско работење
    - Фазно дефинирање на промената-избор на методологија

5. Емпириски сознанија за ефектите од воведување едношалтерски систем и други придружни организациски промени во неговото имплементирање

    - Цели на анализата на потребата од воведување на концептот на едношалтерско работење во локалните самоуправи
    - Квантитативна анализа на резултатите од истражувањето
    - Емпириски податоци
    - Дизајнирање на примерок
    - Тестирање или проверка на хипотезите
    - Хи-квадрат тест
    - Преглед на сумирани вредности за хи-квадрат
    - Заклучоци врз основа на квантитативна и квалитативна анализа на резултатите од истражувањето

6. Заклучни согледувања
7. Забелешки
8. Литература
9. Прилози

## 2. Приказ и анализа на трудот

Во воведот, кандидатот ги презентира предметот и објектот на своето истражување во контекст на ефективноста на процесот на едношалтерско давање услуги на граѓаните. Кандидатот потенцира дека транспарентното работење ја обезбедува заедницата со лесен пристап до информации, ја намалува можноста за доцнење и корупција, ја зголемува одговорноста на администрацијата и гради доверба на заедницата кон локалната и државната власт. Исто така, кандидатот истакнува дека круцијален фактор за ефикасноста на едношалтерскиот систем на давање услуги претставува поврзувањето на предната со задната канцеларија преку обезбедување адекватен проток на податоци и информации и поставување систем за нивно проследување и понатамошно водење.

Теоретската компонента на трудот, која опфаќа речиси половина од трудот, претставува сеопфатно третирање на релевантните аспекти на предметот на истражувањето: природата на организациските промени, моделирање едношалтерски систем како круцијална организациска промена, емпириски сознанија за ефектите од воведување едношалтерски систем и други придружни организациски промени во неговото имплементирање.

Во вториот дел, кандидатот исцрпно прикажува повеќе аспекти на природата на организациските промени. Презентирани се повеќе научни истражувања кои се однесуваат на промената како процес: сили за промена, сили за стабилност и точка на баланс, природно каскадирање на промената, фази на промената, фазно дизајнирање на промената, транзициско лидерство, интервенирање во процесот на промена, улоги во приспособување на промената (иницијатори, мнозинство, бранители), отпор кон промената. Ако промената не е контролирана, ефектите не можат да бидат измерени. Контролирањето е особено критично во текот на процесите на промената кога се очекува одредени сили да предизвикаат отпор. Клуч за ефективно контролирање на промената е да се остане во контакт со луѓето. Кандидатот експлицитно наведува дека само преку ефективно транзициско лидерство вработените се во можност ефективно да ги совладаат и да ги прифатат промените што им се презентираат. Иако агентите на промената често се обидуваат да креираат промена преку зголемување на една или повеќе сили за промена, тоа не е најефикасна тактика. Моделот на промената покажува дека примарно внимание треба да се посвети на намалување на силите за стабилност.

Во третиот дел е обработен организацискиот принцип едношалтерско давање услуги на клиентите преку: структурата на поставеност на административните услуги, организирање на работата за усовршување на услугите, рамка на фазите на развој, менаџмент според целите, утврдување на потребите за обука и балансирани скоркарти. Во процесот на имплементирање и развој на едношалтерскиот систем мошне е значајно да се разгледа и процени „здравјето" на организацијата и да се овозможи да се одредат приоритети за подобрување. Менаџерот треба да гледа на неговиот тим како водач во однос на играчите во оркестарот, отколку како индивидуа чии посебни вештини придонесуваат за успех на организацијата. Што треба да се промени во одредена организација за да се подобрат процесите со цел да се даваат квалитетни и навремени услуги на корисниците? На ова прашање кандидатот одговара преку теоретска елаборација на балансирана скоркарта и нејзина практична реализација во конкретна локална самоуправа.

Во четвртиот дел кандидатот презентира сопствен модел на едношалтерско работење кој претставува основна шема на активности што треба да се преземат како и можните ризици при имплементација на едношалтерското давање услуги. Даден е преглед на моделот, неговите практични ефекти, анализа на целните области, анализа на критичните фактори на успех и критериуми за оценување на резултатите, потенцијални

ризици кои влијаат на реализацијата на крајните цели (опфатени се целните области: процеси, човечки ресурси, технологии и раководење со дејноста). Во процесот на фазно дизајнирање на промената, кандидатот ја избира и применува СКИТОП - методологијата која се темели на три основни премиси: интегралност на организациските промени, трансфер и спиралност. Преку креирање блок дијаграм на мапирање на патувањето низ промените се прикажани фазите и чекорите кои кандидатот ги презентира и детално ги елаборира со користење на теоретски и практични научни достигнувања од повеќе автори и сопствени научни истражувања (теоретски и практични).

Петтиот дел се однесува на приказот на применетата истражувачка методологија. Во истражувањето е користена истражувачката постапка анкетирање, кадешто како мерен инструмент е употребен анкетен прашалник. Анкетните прашалници се однесуваат на менаџментот, администрацијата и корисниците на услуги. Истражувањето е спроведено во шест (6) единици на локална самоуправа во Македонија. Нивниот избор е направен да може да даде реална слика на сите локални самоуправи: рурални и урбани и општини кадешто е воспоставено или воопшто нема едношалтерско работење.

Во текот на истражувањето добиени се релевантни податоци кои потоа квантитативно и квалитативно се обработени.

Статистичката обработка на податоците е извршена мошне коректно со примена на хи-квадратот како соодветен статистички параметар за проверка на хипотезите. Добиените резултати се прегледно табеларно прикажани и соодветно интерпретирани. Тие резултати (преку преглед на сумирани вредности) примарно се искористени за индуктивно проверување на поставениот хипотетски систем со соодветна квалитативна интерпретација, но исто така кандидатот од тие податоци изведува систем на завршни констатации и предлог-мерки за примена на овие сознанија во непосредната практика.

Кандидатот дава посебен завршен синтетички коментар на добиените резултати, како сознанија од теоретското истражување, и дава свое видување на влијанието на едношалтерскиот систем врз ефективното функционирање на општинската администрација, проверка на хипотезите но и нивно поопшто значење и врз таа основа изведува мошне значајни завршни констатации кои се однесуваат на влијанието на едношалтерското работење врз ефективноста, улогата на водството како и на останатите фактори кои во себе имплицитно содржат и предлог-мерки.

## 3. Оцена и предлог за трудот

Врз основа на претходното, како и врз основа на посебните мислења на секој член на Комисијата, слободни сме да констатираме дека приложениот ракопис на трудот претставува значаен прилог кон теоријата и практиката на клиентскиот пристап во менаџментот на јавниот сектор,

особено актуелното прашање на поефикасно услужување на граѓаните преку едношалтерскиот систем. Во трудот е урамнотежено прикажано теориското гледање на предметот на проучувањето, особено од аспект на менаџирањето на воведување нови системски решенија, проектирањето и имплементирањето на едношалтерскиот систем и конечно емпириските согледувања од имплементацијата на едношалтерскиот систем. Со тоа кандидатот покажал дека продлабочено ја познава современата теоретска мисла во оваа област, може критички и синтетички да ги прикаже своите наоди и да спроведе соодветно емпириско истражување на ефикасноста на системски промени и врз основа на тоа да изведе соодветни научни воопштувања. Со тоа овој труд ги исполнува критериумите за докторска дисертација и Комисијата има чест на Советот на ИСППИ да му предложи да го усвои овој извештај и да ја закаже неговата јавна одбрана.

Во Скопје, **Комисија**

20 април 2010

Проф. д-р Цветко Смилевски с.р.

Проф. д-р Тодор Кралев с.р.

Проф. д-р Васил Поповски с.р.

Проф. д-р Јорде Јакимовски с.р.

Проф. д-р Мирјана Сланинка Динева с.р.

**Република Македонија**
**Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје**
**Факултет за музичка уметност - Скопје**

ПРЕГЛЕД
на одобрени наслови на теми и програми за изработка на докторска дисертација
на Факултетот за музичка уметност во Скопје

| *Кандидат* | *Ментори* | *Програма за изработка на докторска дисертација*<br>*Наслов на тема за изработка на научен труд* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| 1. М-р Емилија Потевска | Проф.м-р Стела Слејанска<br>Проф.д-р Димитрије Бузаровски | *Програма:*<br>- Бела Барток – *Соната за пијано*<br>- Леош Јаначек – *Соната за пијано 1.10.1905*<br>- Албан Берг – *Соната за пијано оп.1*<br>- Димитрије Бужаровски – *All That Dance* (стилски варијации за две пијана) оп.39<br>- Бела Барток – *Концерт за пијано и оркестар бр.3*<br>*Наслов на тема:*<br>"Пијанистичко-интерпретациски аспекти на концертот за пијано и оркестар бр.3 од Бела Барток" | проф.д-р Димитрије Бужаровски<br>проф.м-р Стела Слејанска<br>проф.м-р Тодор Светиев |
| 2. М-р Татјана Џорлева | Проф.м-р Стела Слејанска<br>Проф.д-р Димитрије Бузаровски | *Програма:*<br>- Olivier Messiaen "Дваесет погледи кон детето Исус", бр.VII, XI, XIV, XVII, XX;<br>- Димитрије Бужаровски "All that dance for two pianos"<br>- Игор Стравински "Капричо за пијано и оркестар"<br>*Наслов на тема:*<br>"Пијанизмот во делото *Дваесетте погледи кон детето Исус* од Оливие Месиан" | проф.д-р Димитрије Бужаровски<br>проф.м-р Стела Слејанска<br>проф.м-р Тодор Светиев |

**Република Македонија**
**Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје**
**Факултет за музичка уметност - Скопје**

ПРЕГЛЕД
на прифатени магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд,
на Факултетот за музичка уметност – Скопје

| *Кандидат* | *Ментор* | *Магистерска програма/Наслов на тема за изработка на магистерски труд* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| 1. Бојан Станковиќ | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Хармонските особености на композициите на Љубица Мариќ од 80-те години на XX-от век. | Проф. Ж.Глишиќ<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска |
| 2. Анѓелија Мијовиќ | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Хармонските особености на делото „Музика Октоиха бр.3" од Љубица Мариќ. | Проф. Ж.Глишиќ<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска |
| 3. Андријана Јаневска | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Субјективниот наспроти објективниот метод за испитување на музичките способности кај учениците од прво одделение на основните училишта во Куманово. | Проф.д-р Д.Бужаровски<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Проф.м-р Т.Светиев |
| 4. Лејла Алими | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Одредници на концертниот живот во Тетово во првата деценија на XXI-от век. | Проф.д-р Д.Бужаровски<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Вонр.проф.д-р Б.Ортаков |
| 5. Сандра Зојчевска | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Примена на наставни ливчиња по предметот солфеж со елементарна теорија во I година на ОМУ „Панче Пешев" во Куманово. | Проф.д-р Д.Бужаровски<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Проф.м-р Т.Светиев |
| 6. Јордан Митев | Проф. Живојин Глишиќ | „Сликите од изложба" на М.П.Мусоргски во оркестарските бои на М.Равел. | Проф.д-р Т.Манчев<br>Проф. Ж.Глишиќ<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Марија Милосављевиќ | Проф. Живојин Глишиќ | Полифонијата во дел од творештвото на Рајко Максимовиќ | Проф.д-р Т.Манчев<br>Проф. Ж.Глишиќ<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска |
| 8. Стојанче Иванов | Проф. Живојин Глишиќ | Хармонските особености на сонатата за две пијана од Томислав Зографски. | Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Проф. Ж.Глишиќ<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска |
| 9. Јован Јованов | Проф.д-р Димитрије Бужаровски | Студијата за снимање музика во 2010 година во Република Македонија-програмски и технички аспекти. | Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја<br>Проф.д-р Д.Бужаровски<br>Вонр.проф.д-р Б.Ортаков |
| 10. Трајче Малинов | Доц.д-р Александар Димитријевски | „Ало Тончов – бардот на велешката чалгија" | Проф.д-р Т.Манчев<br>Доц.д-р А.Димитријевски<br>Вонр.проф.д-р Б.Ортаков |
| 11. Кендрим Љутфиу | Вонр.проф.м-р Јана Андреевска | Особеностите на минимализмот во композиторскиот јазик на „Прелудиумот" за гудачки оркестар и три скриени инструменти од Сони Петровски. | Проф.д-р Т.Манчев<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска<br>Проф. Ж.Глишиќ |
| 12. Слаѓана Буклијаш | Проф.м-р Тодор Светиев | Анализа на етапите од подготовката за јавен настап на музичарот-пијанист. | Проф.м-р Е.Елезовиќ<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја |
| 13. Милена Рајковиќ | Проф.м-р Тодор Светиев | Почетните учебници по пијано во музичко-образовниот систем на Србија. | Проф.м-р Е.Елезовиќ<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.д-р<br>В. Коларовска-Гмирја |
| 14. Резе Криезиу | Доц.д-р Стефанија Лешкова | Првото оперско дело во уметничката музика кај Албанците на Косово на композиторот Рауф Доми – естетско-социолошки аспект | Вонр.проф.д-р Б.Ортаков<br>Доц.д-р С.Лешкова<br>Вонр.проф.м-р Ј.Андреевска |
| 15. Драгана Лалиќ | Доц.м-р Весна Ѓиновска-Илкова | V.Bellini: Malinconia,Nimfa gentile; Bella Nice che d'amore; Almen se non passio; Per pieta bell'idol mio; Ma rendi pur contento;<br>G.F.Handel: Lascia ch'io pianga-Арија од операта „Риналдо"<br>П.И.Чајковски: Снова, как прежде адин<br>E.Grieg: Ein Traum<br>G.Verdi: 6 Romanze<br>G.Caccini: Ave Maria<br>H.Wolf: Nimmersatte liebe<br>R.Schumann: Du meine seele<br>F.Schubert: Du bist die Ruh<br>P.Mascagni: Aria Santuce od „Cavalleria Rusticana"<br>A.Panchielli: Aria Giaconde-Suicidio<br>G.Bizet: Aria Michaela od "Carmen"<br>П.И.Чајковски: Арија на Лиза од операта „Пикова дама" | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Доц.м-р В.Ѓиновска-Илкова<br>Проф.м-р М.Наумовска |
| 16. Нинослава Стаменковиќ | Проф.м-р Марија Наумовска | A.Scarlatti: Son tutta duolo<br>A.Caldara: Selve amiche<br>A.Stradella: Region sempre addita | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц.м-р С.Петровска-Галиќ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | A.Scarlatti: Spesso vibra per suo gioco<br>D.Freschi: Aria di Nicea<br>P.D.Paradies: Quel ruscelletto<br>J.B.Weckerlin: Chantons les amours de jean; Bergere legere; Jeunes fillettes<br>F.Gasparini: Caro laccio<br>B.Marcello: Non m'e grave<br>P.D.Paradies: M'ha preso alla sua ragna<br>G.Legrenzi: Che fiero costume<br>T.Traetta: Ombra cara, amorosa; Ma che vi costa;<br>D.Sarri: Sen corre...<br>L.Cherubini: Ach, che forza<br>A.Stradella: Se nel ben<br>D.Cimarosa: Nel lasciarti, o prence amato | |
| 17. Аделина Тачи | Проф.м-р Марија Наумовска | F.Gasparini: Lasciar d'amorti<br>G.B.Pergolesi: Se tu m'ami<br>F.Cavalli: Dolce amor<br>C.W.Gluck: O del mio dolce ardor<br>A.Scarlatti: Le Wiolette<br>M.A.Cesti: Intorno all'idol mio<br>A.Caldara: Se ben crudele<br>Ѓ.Пучини: Арија на Лиу "Signore ascolta" од операта „Турандот"<br>Ѓ.Пучини: Арија на Мими "Si, mi chiamano Mimi" од операта „Боеми"<br>К.В.Глук: Арија "Divinites du Styx" од операта „Алчеста"<br>Ѓ.Пучини: Арија на Батерфлај "Un bel di vedremo"<br>Ѓ.Пучини: Арија на Лаурета<br>А.Дворжак: Арија на Русалка<br>A.Stradella: Sei miei sospiri<br>Paisiello: Il mio ben<br>П.Јакова: Арија на Мрика | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц.м-р С.Петровска-Галиќ |
| 18. Бојан Погрмиловиќ | Проф.м-р Марија Наумовска | Ј.Готовац: Арија од операта „Еро од оној свет"<br>И.Зајц: Арија од операта „Никола Шубиќ Зрински"<br>Е.Косето: „Шпански циклус" од 7 композиции<br>А.Дворжак: Циклус „Библиски песни" – 10 композиции<br>А.Дворжак: „Цигански циклус" – 7 композиции | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц.м-р С.Петровска-Галиќ |
| 19. Хусај Еликоне | Проф.м-р Марија Наумовска | G.Rossini: "La regata veneziana"<br>L.Arditi: Il bacio<br>P.Tosti: Non t'amo piu<br>F.Schubert: Gretchen am Spinnrade<br>P.I.Tchaikovsky: Solovei<br>P.I.Tchaikovsky: Adieu forest | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц.м-р С.Петровска-Галиќ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | E.Grieg: Vaaren<br>G.Faure: Au bord de l'eau<br>G.Faure: Les berceaux<br>C.Debussy: Nuit d'Etoiles<br>J.Brahms: Zigeunerlieder op.103<br>A.Dargomyzhsky: Romane<br>S.Rachmaninoff:"The soldier's wife"op.8No4<br>A.Verstovsky: "Stari muzh..."<br>G.Bizet: Pastorale | |
| 20. Ана Ројдева | Доц.м-р Славица Петровска-Галиќ | J.Brahms: Sonntag<br>R.Schumann: Singet nicht in Travertones<br>F.Schubert: Die Wetterfahne<br>J.Brahms: O liebliche Wangen<br>H.Wolf: Der Gartner<br>F.Schubert: Als ich sie Errothen sah<br>R.Schumann: In's Freie<br>F.Schubert: Lambertine<br>J.Brahms: Botschaft<br>Г.Доницети: Главната улога на Адина од операта „Љубовен напиток" | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Доц.м-р С.Петровска-Галиќ<br>Проф.м-р М.Наумовска |
| 21. Пранвера Хоџа | Проф.м-р Тодор Светиев | С.Прокофјев: Соната бр.1 оп.1<br>Ц.Франк: Прелудиум,ариа и финале<br>Ј.Брамс: 6 пиеси оп.118<br>Ф.Пуланк: Концерт за пијано | Проф. Ј.Каровски<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.м-р З.Пехчевски |
| 22. Срѓан Ѓорѓевиќ | Проф.м-р Тодор Светиев | Р.Шуман: Соната оп.22 ге-мол<br>А.Скрјабин: Соната бр.2 гис-мол<br>Е.Григ: Свита „Холберг" оп.40<br>Ј.Брамс: Рапсодија ха-мол<br>Ф.Лист: Концерт бр.2 А-дур | Проф. Ј.Каровски<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.м-р З.Пехчевски |
| 23. Пула Лирика | Проф.м-р Тодор Светиев | М.П.Мусоргски: „Слики од изложба"<br>Ј.Брамс: Три интермеца оп.117<br>В.А.Моцарт: Концерт де-мол KV 466 | Проф. Ј.Каровски<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.м-р З.Пехчевски |
| 24. Шкељзен Бафтиари | Вонр.проф. Симон Трпчески | Ф.Шопен: 4 Скерца<br>Ф.Шопен: Полонеза-фантазија оп.61<br>Ф.Лист: Концерт бр.1 Ес-дур | Проф. Ј.Каровски<br>Вонр.проф.м-р С.Трпчески<br>Вонр.проф.м-р З.Пехчевски |
| 25. Њомза Кастрати | Вонр.проф.м-р Рита Поповиќ | Ј.С.Бах: Партита Бе-дур<br>Ф.Шуберт: Соната А-дур<br>К.Дебиси: „За пијано"<br>Ф.Шопен: Балада бр.1 во ге-мол оп.23<br>Ф.Лист: "Танц на мртвите" | Проф. Ј.Каровски<br>Вонр.проф.м-р Р.Поповиќ<br>Вонр.проф.м-р З.Пехчевски |
| 26. Кире Костов | Проф.м-р Саша Николовски-Ѓумар | Ј.Хајдн/арр.К.Костов: Концерт за обоа и оркестар во Це-дур<br>Ј.С.Бах/арр.К.Костов: Арија<br>Е.Мориконе: „Обоата на Габриел"<br>К.Костов: „Рум, дум, дум"<br>Традиционални песни и ора (арр.К.Костов/Д.Даутовски/Т.Спасов):<br>„Јовка Кумановка"<br>„Елено"<br>„Цигански танц"<br>„Не си го продавај Коњо" | Проф. Ж.Глишиќ<br>Проф.м-р С.Николовски-Ѓумар<br>Доц.м-р С.Татарчевски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | „Ој ти Пацо"<br>„Си заљубив едно моме"<br>„Со маки сум се родила"<br>„Кумановски оро"<br>„Сплет" | |
| 27. Вула Пељумб | Вонр.проф.м-р Стојан Димов | C.M.Weber: Concerto in Es-dur<br>B.Kovacz: Hommage to Z.Kodaly<br>A.Gangebin: Andante et Allegro<br>L.Cahuzac: Variations<br>H.Busser: Aragon<br>C.Saint-Saens: Sonata | Проф.м-р Г.Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м- С.Димов<br>Вонр.проф.м-р С.Темков |
| 28. Павел Ренцов | Вонр.проф.м-р Мојца Седеу | J.S.Bach: Concerto a-moll<br>A.Russell: Sonate<br>E.Bozza: Rytmic op.70<br>A.Piazzolla: Bordel 1900, Café 1930, Nightclub 1960, Concert d' aujourd hui<br>Pat Metheny: Phase dance<br>M.Santamaria: Afro Blue | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Вонр.проф.м-р М.Седеу<br>Вонр.проф.м-р В.Ристов |
| 29. Иван Бејков | Проф.м-р Велко Тодевски | Ф.Шуберт: Соната Арпеџоне<br>Ф.Прот: Соната<br>В.А.Моцарт: Турски марш<br>Е.Тубин: Концерт за контрабас | Вонр.проф.м-р Ж.Фирфов<br>Проф.м-р В.Тодевски<br>Вонр.проф.м-р Ф.Балова |
| 30. Верица Шотаровска | Проф.м-р Ј.Чакар | Ф.Менделсон: Сериозни варијации<br>Л.В.Бетовен: 32 варијации WO 80 це-мол<br>Д.Шостакович: Концерт за пијано оп.102 Еф-дур | Проф.м-р Е.Елезовиќ<br>Проф.м-р Ј.Чакар<br>Проф.м-р Т.Светиев |
| 31. Нита Лумани | Проф.м-р Марија Наумовска | Ф.Лехар: Ариа на Вилата (од оперета „Веселата вдовица")<br>Ѓ.Пучини: Ариа на Мими (од опeрата „Боеми")<br>П.Маскањи: Арија на Сантуца (од опeрата "Кавалериа Рустикана")<br>Ѓ.Пучини: Ариа на Батерфлај (од опeрата "Мадам Батерфлај")<br>Ѓ.Верди: Ариа на Дездемона (од опeрата "Отело")<br>Ѓ.Пучини: Ариа на Лиу (од опeрата "Турандот"<br>Л.В.Бетовен: Концерт-Ариа "Ah! Perfido,spergiuro"<br>Ѓ.Верди: Ариа на Амелиа (од опeрата "Бал под маски")<br>Ѓ.Пучини: Ариа на Лиу "Signore, ascolta"<br>Ѓ.Пучини: Ариа на Тоска (од опeрата "Тоска")<br>Ѓ.Пучини: Ариа на Манон (од опeрата "Манон Леско") | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М Наумовска<br>Доц.м-р С.Петровска-Галиќ |
| 32. Дуња Иванова | Проф.Т.Светиев | В.А.Моцарт – Концерт за пијано и оркестар, бр.21 Ц-Дур;<br>Ј.С.Бах – Партита бр.1, Б-Дур;<br>Ј.Хајдн – Соната бр.2, е-мол; | Проф. Т.Светиев<br>Проф. м-р Е.Елезовиќ<br>Проф. Ј.Каровски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | З.Кодај – Медитација на мотив на Клод Дебиси;<br>А.Копланд – Three moods (Три расположенија);<br>А.Цинастера – Три аргентински танци;<br>Б.Бритн – Ноктурно. | |
| 33. Ваљон Адеми | Проф. м-р М.Куфојанакис | М. Брух – Концерт за виолина и оркестар оп.26;<br>С.Прокофјев – Соната за виолина и пијано, оп.94 (втора);<br>Е.Григ – Соната за виолина и клавир, оп.13, бр.2;<br>А.Перт – "Огледало во огледало". | Проф. м-р М.Куфојанакис<br>Вонр. проф. м-р Љ.Кировски<br>Вонр.проф. м-р О.Кондратенко |
| 34. Хусни Клинаку | Проф. м-р М.Наумовска | C.Zadeja – Еј вие планини<br>R.Dhomi – Бандил во спиење<br>L.Dizdari – Канаринец<br>Непознат автор – Ти, убавата Море<br>P.Jakova – Денеска полета на не<br>M.Kaqinari – Покрај река ти е домот<br>L.Dizdari – Елегија<br>R.Dhomi – Есен<br>V.Nova – Ти убавице покрај изворот<br>L.Dizdari – За трендафилот<br>V.Ramazoti – Ќе те чекам на ова место<br>Z.Coba – Замислувајќи ја убавината<br>V.Nova – За тие две очи<br>M.Mengiqi – Јас, твојот син<br>A.Stradella - Pieta' signore<br>C.A.Frank – Panis Angelicus<br>B.Britten – The Salley gardens<br>A.Williams – Vidalita'<br>M.de Falla – Nana de Sevilla<br>V.Bellini – ciklus – Tre ariette:<br>- Il fervid desiderio<br>- Dolente imagine di figlie mie<br>- Vaga luna che inargenti | Проф. м-р М.Наумовска<br>Проф. м-р Б.Јакимовска<br>Доц. С.Галиќ - Петровска |
| 35. Марина Арсова | Проф. м-р Г.Јосифова – Неделковска | В.А.Моцарт – Соната<br>А.Понкиели – Капричо<br>Р.Шуман – Три романси<br>Ј.Риц – Концертна пиеса:<br>- Andante sostenuto<br>- Allegretto con moto<br>- Allegretto animato<br>Ф.Хидас – Концерт за обоа. | Проф. м-р Г.Јосифова – Неделковска<br>Вонр. проф. м-р С.Темков<br>Проф. м-р Б.Јакимовска |
| 36. Гордана Тренчева | Вонр. проф. м-р Р.Поповиќ | (кларинет)<br>Ф.Л.Шпор – Концерт бр.1, оп.26;<br>В.Лутославски – Прелудиум и данс;<br>А.Гањебин – Анданте и Алегро;<br>Е.Казалини – Серенада;<br>(виолина)<br>Е.Григ – Соната за виолина и пијано, оп.45, | Вонр. проф. м-р Р.Поповиќ<br>Вонр. проф. м-р З.Пехчевски<br>Вонр. проф. м-р Љ.Кировски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | бр.3;<br>Ј.Брамс – Соната за виолина и пијано, оп.78, бр.1. | |
| 37. Вељко Шкорвага | Вонр. проф. м-р Д.Даутовски | Џ.Тартини/ аранжман В.В.Шкорвага – Соната Г-Дур за виолина и пијано;<br>Ф.Шопен - Четири варијации за флејта – тема андантино;<br>В.А.Моцарт – Соната Д- Дур КВ 381 први став;<br>В.В.Шкорвага - Славонска свита<br>Ј.Андриќ – Концерт за брач и тамбурашки оркестар, а – мол, оп.259 | Вонр. проф. м-р Д.Даутовски<br>Проф. Ж.Глишиќ<br>Проф. В.Тодевски |

Со почит,
Секретар на ФМУ
Михаило Малевски

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА КОНСТРУКТИВНОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата 15-та седница одржана на 1 јули 2010 година, нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на конструктивното инженерство на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Дневник" на 19 јуни 2010 година се пријави кандидатката д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, дипл. град. инж., асистент на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет.

Комисијата констатира дека кандидатката ја доставила бараната документација согласно со конкурсот и врз основа на увидот во документацијата на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Ана Тромбева-Гаврилоска е родена на 30 јануари 1977 година во Битола.

На Градежниот факултет во Скопје се запишала во учебната 1995/ 96 година, на конструктивната насока, а дипломирала на 22 мај 2001 година со највисока оценка. Студиите ги завршила со просечна оценка 8,75.

Во 2001 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за градежништво и геодезија, на Универзитетот во Љубљана, на конструктивна насока. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,14, а магистрирала на 30 август 2004 година.

Од март до декември 2005 година работела во специјализираното друштво за статичко и асеизмичко проектирање објекти „Статика" во Скопје.

Во декември 2005 година кандидатката била избрана за асистент по предметите механика, јакост на материјалите и дрвени конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет. Работата и постигнувањата на кандидатката до нејзиниот избор за асистент се рецензирани и објавени во Универзитетскиот билтен бр. 886 од 12 декември 2005 година.

Кандидатката, во мај 2008 година, ја пријавила својата докторска дисертација под наслов „Определување на јакосни и термофизички карактеристики на FRP сендвич плочи" на Градежниот факултет во Скопје.

Во 2009 година кандидатката била повторно избрана за асистент во областа на конструктивното инженерство на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет. Работата и постигнувањата на кандидатката од нејзиниот избор па сè до нејзиниот повторен избор за асистент се рецензирани и објавени во Универзитетскиот билтен бр. 964 од 15 мај 2009 година.

Кандидатката д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, во периодот од 2008 до 2010 година, активно работела на изготвување на својата докторска дисертација. Дисертацијата „Определување на јакосни и термофизички карактеристики на FRP сендвич плочи" успешно ја одбранила на 16 јуни 2010 година, на Градежниот факултет во Скопје.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Од изборот за асистент па сè до денес, кандидатката д-р Ана Тромбева-Гаврилоска активно е вклучена во наставно-образовниот процес. Таа континуирано учествува во подготвување и реализација на вежбите на повеќе наставни дисциплини од областа на конструктивното инженерство. Во текот на нејзиниот работен ангажман, кандидатката ги изведувала вежбите по предметите: механика, принципи на статиката, јакост на материјалите и дрвени конструкции.

Освен на овие предмети, како соработник учествувала во изведување на продлабочената настава на проектот „Од барака до зграда: зграда за традиционални танци со апартмани", под раководство на проф. м-р Гоце Аџи Митрески, во зимскиот семестар на учебната 2006/2007 година. Исто така, учествувала и во изведување на настава во Архитектонско студио III, во зимскиот семестар на учебната 2008/2009 година.

Ангажманот на д-р Ана Тромбева-Гаврилоска во наставно-образовниот процес се одликува со посветеност, компетентност и иницијативност. Низ својата работа кандидатката покажува способност своите знаења на соодветен начин да им ги пренесе на студентите. Треба да се истакне завидното познавање на кандидатката на наставната проблематика и коректниот однос кон студентите.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатката од областа на наставно-образовната дејност.

### 2.2. Научноистражувачка дејност

Како што може да се види од приложените научни трудови, научноистражувачката работа на кандидатката д-р Ана Тромбева-Гаврилоска е доминантно насочена кон проучување на влакнесто армираните полимери, односно композитните материјали и нивната примена во градежните конструкции.

Може да се констатира дека кандидатката посебно внимание посветува на проучување на издржливоста и одржливоста на постојните конструкции, преку нивна санација и зајакнување со употреба на композитни материјали.

Кандидатката, во нејзината магистерска работа, како и во поголем дел од научноистражувачките трудови, ја разгледува примената на композитните материјали за зајакнување и санирање на постојните армиранобетонски конструкции. Посебно внимание посветува на проучување на однесувањето на армиранобетонските конструкции зајакнати со надворешно додадена арматура со прекин на врзниот слој. Кандидатката во трудовите детално го анализира влијанието на прекинатиот врзен слој врз јакосните карактеристики на зајакнатите армиранобетонски конструкции, во зависност од повеќе параметри.

Голем дел од публикуваните реферати, од областа на зајакнување и санација на армиранобетонските конструкции, кандидатката д-р Ана Тромбева-Гаврилоска јавно ги презентирала на различни симпозиуми и конференции.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следников

## ИЗВЕШТАЈ
## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**М-р Валентина Божиновска** е родена на 13. IV 1967 година во Скопје.

Во 1990 година дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, Оддел за драмски актери кај ред.проф. Владимир Милчин. Од 1990 до 1993 година работи како соработник во Македонската радио-телевизија.

Во 1993 година се вработила како актер во Македонскиот народен театар. До 1999 година е вработена како актер во овој театар и има реализирано голем број улоги со што печатените и електронските медиуми ја вбројуваат како актер со посебен сензибилитет на актерска игра и гласовни можности.

Од 20. XII 1999 година е помлад асистент на Факултетот за драмски уметности кај проф. Илија Милчин по предметот ПРАВОГОВОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК.

Во 2002 година е реизбрана по звањето асистент по истиот предмет, а на 21. VI 2006 година е именувана за насловен доцент за предметот МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК СО ПРАВОГОВОР.

Како актер во Македонскиот народен театар, театарската критичарка Л. Мазева во една од нејзините критики ќе потврди дека Божиновска е со ретка рафинираност и ретка форма на гест и игра во театарот.

Мишел Павловски во печатените медиуми за нејзиниот лик Марин Станин во „Крик" на Блаже Миновски, во режија на В. Милчин ќе ја забележи како ретка ролја, каде што она што се говори и играта и говорот на телото ја заокружуваат нејзината посебна игра.

Во 1998 година, Друштвото на писателите ја награди со престижната награда „ВОСКРЕВАЊЕ НА ЗБОРОТ" за нејзините ставови околу зачувување

на стандардниот литературен македонски јазик и промотивните активности на поезијата.

Во 2008 година магистрира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ бранејќи ја темата „Стилот на говорот и стилот на изговорот“ и се стекна со звање магистер на филолошки науки. Истата година, книгоиздавачката куќа „Менора“ го објави нејзиниот магистерски труд.

Од 2008 до 2010 година е ангажирана на тригодишниот циклус на студии при Медицинскиот факултет на Одделот за логопедија каде што го предава предметот јавно говорење.

Во 2010 година го има пријавено за одбрана нејзиниот докторски труд „Реториката на обредната книжевност од 19 и 20 век“, под менторство на акад. Катица Ќулавкова.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од нејзиното дипломирање во 1990 година, кандидатката работи како актер во Македонскиот народен театар, а од 1999 година се занимава со пеагошка дејнсот на Факултетот за драмски уметности.

Позначајни уметнички достигнувања:

I Претстави во кои остварувала ролји:

- „РЕВИЗОР“ од Гогољ, режија: Б. Ставрев
- „КРИК“ од Б. Миневски, режија: В. Милчин
- „БААЛ“ од Б. Брехт, режија: В. Милчин
- „ЛУЛКА“ од Б. Миневски, режија: В. Милчин
- „МРТВИ ДУШИ“ од Гогољ, режија: В. Милчин
- „ВЕЈКА НА ВЕТРОТ“ од К. Чашуле, режија: М. Јовановски
- „ЈАНУАРИ“ од Радичков, режија: Допчев
- „ЖАБИ“ од Аристофан, режија: Б. Ставрев
- „МАГЛА“ од И. Чаповски, режија: А. Алексов
- „ПОЕТСКА ПРЕТСТАВА“ на Ив Бон Фуа, режија: Б. Ставрев
- „НИЕ“, поетски театар „Скрб и утеха“ од Т. Стојановски.

II Филмови:

- „ ТРЕТО ДОБА“ од Р. Богданосвки, режија: И. Митевски
- „ САМОУНИШТУВАЊЕ“, режија: Ј. Михајловски
- „СОНОТ НА МАРИЈА“, режија: М. Јовановски.

III Документарни филмови:

- „МАЈКА ТЕРЕЗА“, сценарио и режија: Љ. Цветановски
- „ОТВОРЕНИ ГРОБОВИ“ од Б. Миневскии В. Божиновска, режија: Д. Савевски
- „ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА“ од М. Ѓоргиевски, режија: К. Новковски.

IV Телевизиски емисии (серијали):

- „ПОЕТСКИ ЛИРИКИ“ од поезијата на Хусто Хорхе Падрон, режија: В. Цолева

- „ПОЕТСКИ ЛИРИКИ“ од поезијата на Петре М. Андреевски, режија: В. Џолева
- „ПОЕТСКИ ЛИРИКИ“ од поезијата на Светлана Ристова Јоциќ, режија: В. Џолева
- „ПОЕТСКИ ЛИРИКИ“ од поезијата на Катица Ќулавкова, режија: В. Џолева
- „ШАРАМ БАРАМ“- детска образовна емисија.

V Сценарио:

- „СУДЕН ДЕН“ од „Псалмите“ на Михаил Ренџов, режисер и сценарист на завршен испит со класата на проф. Кирил Ристоски, премиера во Македонски народен театар (посветено на проф. Илија Милчин)
- „СЈАЈОТ И БЕДАТА НА ПРЕСПА“- еколошко документарен филм, сценарист, „Еврокулт“ продукција
- „МАЈСТОРОТ ЈАЗИЧАР“ -детска образовна емисија во 30 епизоди, ко-сценарист
- „МАКЕДОНСКИ БАЛАДИ“ -играна серија во 7 епизоди, косценарист, продукција „Еврокулт“
- „ВАРДАРСКИ РИД“ -археолошки документарен филм, сценарист
- „ПАТОТ НА ГОЛЕМАТА МАЈКА“-археолошки документарен серијал, сценарист
- „АЛО ДЕДО МРАЗ“-детска театарска претстава, сценарист и режисер

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Со нејзината педагошка дејност од 1999 година до денес ја вбројуваат како редок познавач на македонскиот јазик, во негувањето на стандардниот литературен јазик и неговите дијалектни форми. Нејзината ретка реторика и лексика се и систем во предавањето и методологијата на нејзината педагошка дејност. Од особено значење е што со македонскиот јазик и правоговор се запознаваат и студентите од албанската и турската класа на драмски актери.

Со современ сензибилитет на предавање, Божиновска на студентите им ги открива тајните на гестот, говорот на телото преточен во стилот на изговорот.

Како визитинг-наставник на Одделот за логопедија на Медицинскиот факултет по предметот јавно говорење, на катедрата е оценета како најдобар предавач со процесот за евалуација со оценка 4,99.

Кандидатката м-р Валентина Божиновска последен пат е избрана во звањето насловен доцент на 21.6.2006 година по предметот МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК СО ПРАВОГОВОР.

# ЗАКЛУЧОК

Од претходно кажаното се заклучува дека м-р Валентина Божиновска, ценејќи ги нејзините особености како педагог и уметник кој се залага за врвни достигнувања во реториката на сценскиот израз, преку стилот на говорот и изговорот, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, кандидатката м-р насл. доц. Валентина Божиновска да биде избрана во звањето доцент по предметот македонски јазик со правоговор.

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. Данчо Чевреески с.р.**

**Ред. проф. Кирил Ристоски с.р.**

**Ред. проф. Владимир Милчин с.р.**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Валентина Зоре Божиновска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности –Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **македонски јазик со правоговор**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик со правоговор (зимски семестар 2003) часа 3 x 15 x 0,04 | 1,8 |
| 2. | Македонски јазик со правоговор (летен семестар 2003) часа 3 x 15 x 0,04 | 1,8 |
| 3. | Македонски јазик со правоговор (зимски семестар 2004) часа 9 x 15 x 0,04 | 5,4 |
| 4. | Македонски јазик со правоговор (летен семестар 2004) часа 3 x 15 x 0,04 | 1,8 |
| 5. | Македонски јазик со правоговор (зимски семестар 2005) часа 5 x 15 x 0,04 | 3,0 |
| 6. | Македонски јазик со правоговор (летен семестар 2005) часа 9 x 15 x 0,04 | 5,4 |
| 7. | Македонски јазик со правоговор (зимски семестар 2003) часа 1 x 15 x 0,03 | 0,45 |
| 8. | Македонски јазик со правоговор (зимски семестар 2004) часа 2 x 15 x 0,03 | 0,9 |
| 9. | Македонски јазик со правоговор (летен семестар 2004) часа 1 x 15 x 0,03 | 0,45 |
| 10. | Македонски јазик со правоговор (зимски семестар 2005) часа 5 x 15 x 0,03 | 2,25 |
| 11. | Македонски јазик со правоговор (летен семестар 2005) часа 3 x 15 x 0,03 | 1,35 |
| | **Вкупно** | 24,6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбрана на магистерска работа<br>Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, 2008,<br>тема: „Стилот на говорот и изговорот". | 4 |
| 2 | 2003- превод на делото „Марија Магдалена" од Фридрих Хебл | 2 |
| 3 | 2005-истражување на начин на лирско и епско говорење и примена во подготовката, обликувањето и изведбата на аудио ЦД „Јагленари", избор од македонската современа поезија. | 2 |
| | **Вкупно** | 8 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста- продуцент, сценарио, режија (јавно публикувано дело) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2003-главна улога во документарецот „Мајка Тереза од Скопје", сценарио и режија: Љубе Цветановски | 4 |
| 2 | 2004-„Суден ден" од „Псалмите" на Михаил Ренџов, режисер и сценарист на завршен испит со класата на проф. Кирил Ристоски, премиера во Македонски народен театар (посветено на Илија Милчин) | 4 |
| 3 | 2003-еколошко документарен филм „Сјајот и бедата на Преспа" сценарист, „Еврокулт" продукција | 2 |
| 4 | 2003-детска образовна емисија во 30 епизоди-„Мајсторот јазичар" косценарист | 2 |
| 5 | 2003-играна серија во 7 епизоди-„Македонски балади", ко-сценарист, продукција „Еврокулт" | 2 |
| 6 | 2003-археолошки документарен филм „Вардарски рид", сценарист | 2 |
| 7 | 2005-археолошки документарен серијал „Патот на Големата Мајка", сценарист | 2 |
| 8 | 2005-детска театарска претстава „Ало Дедо Мраз", сценарист и режисер | 4 |
| | **Вкупно** | 22 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Учество на семинари, рецензент и промотор на книги | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2004- учество во работилница на тема „Сценски говор" на Нов софиски универзитет со проф. д-р Мирослава Кортенска | 2 |
| 2 | 2005 - предавач на семинар за „Житието за Кирил и Методиј" по покана од Културен центар „Пела" | 2 |
| 3 | 2005 - рецензент на книгата „Денески од Македонија", во Марибор и Љубљана, Словенија | 1 |
| 4 | 2006 - промотор на книгата „Крв на еукалиптусот " од Иван Чаповски | 1 |
| 5 | 2005-Промотор на книгата „Големата удолница" од Петре Накоски | 1 |
| 6 | 2005 - промотор на книгата „Песни од минатиот век " од Братислав Ташковски | 1 |
| | **Вкупно** | 8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 24,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 8 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 22 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 8 |
| **Вкупно** | 62,6 |

**Членови на Комисијата**

**Ред. проф. Данчо Чеврески с.р.**

**Ред. проф. Кирил Ристоски с.р.**

**Ред. проф. Владимир Милчин с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА АКТЕРСКА ИГРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 18.VI 2010 година, со одлука бр.0202-341/2-4 избра Рецензентска комисија во состав: проф. Кирил Ристоски проф. Данчо Чевреска и проф. Слободан Унковски, за избор на еден наставник по предметот актерска игра.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 21.VI 2010 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по дисциплината актерска игра, се пријави само Зоја Бузалковска, насловен доцент по предметот актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

**Зоја Бузалковска** е родена во 1971 година во Скопје.

Дипломирала **новинарство** на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1997 година и **театарска режија** на Факултетот за драмски уметности во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1998 година, во класата на проф. Слободан Унковски, со просечен успех 9, 65 и дипломска работа 10 (десет). Од 2000 година волонтирала на Факултетот за драмски уметности по предметот АКТЕРСКА ИГРА, а во 2003 година се вработила во звањето помлад асистент и напредувала во звањето асистент и насловен доцент. Денес предава во звањето насловен доцент по АКТЕРСКА ИГРА и насловен доцент по ОСНОВИ НА ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА. Од своето дипломирање во 1998 година до денес, режирала 17 театарски претстави во повеќе театри низ Македонија и една претстава во Театарот на Камбурова во Москва, Русија.

Нејзините претстави учествувале на повеќе значајни фестивали како во државата, така и во странство (НЕТ фестивалот во Москва, Русија; Московскиот театарски фестивал; фестивалот „Златен Витез“, Москва; Балканскиот млад меѓународен фестивал во Софија, Бугарија; МЕСС – Сараево, БиХ; Меѓународниот фестивал на актерот во Никшиќ, Црна Гора; Третиот меѓународен фестивал во Пазарџик, Бугарија; МОТ, Скопје; Охридско лето; МТФ „Војдан Чернодрински“; ФКТ „Ристо Шишков“; Фестивалот на античка драма, Стоби). Претставата „Ојдипус Тиранос“ е првата претстава одиграна на македонски јазик во Грција по осамостојувањето на Македонија, преку културна размена, во театарот НОТОС во Атина.

Исто така, нејзините претстави се високо вреднувани од театарската критика, домашна и странска. Повеќе актери кои играле во нејзините претстави се наградувани за врвни актерски остварувања.

Повеќе пати учествувала на меѓународни средби, семинари и работилници, од кои ги издвојуваме: Меѓународните средби на театарските факултети OLIVE, одржани во Букурешт, Софија, Тел Авив, Корзика; семинарот „Достоевски и Вајда“ во Санкт Петерсбург, Русија; семинарот „Новите технологии и театарот“, БЕЛЕФ 2000, Белград, Србија; Интернационалниот семинар за млади режисери „Словенски пазар 101“, НЕТ Фестивал, Москва, Русија и други.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од нејзиното дипломирање во 1998 година до денес, кандидатката работи како театарски режисер, а од 2000 година се занимава и со педагошка дејност.

Ги режирала следниве театарски претстави:

- СПИНОЗА – Г.Смилевски, Мал драмски театар, Битола, ДТС - Скопје, МНТ;
- www.norveshka.denes.com.mk – И. Бауершима, Албански театар, Скопје;
- ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ СУМ БИЛ – Ж. Мирчевска, НТ-Прилеп;
- МОМЧЕТО СО КУФЕР – М. Кени, Детски театарски центар, Скопје;
- МОСТОТ – Ј. Незирај, Детски театарски центар, Скопје;
- ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! – Г. Горин, НТ „ЈХК- Џинот“, Велес;
- ХЕНРИ ПЕТТИ – И. Корнелисен, Детски театарски центар, Скопје;

- СРЕЌНИ ПАТИШТА – според А.С. Пушкин, Театар на Камбурова, Москва;

- ПОРУЧНИКОТ ОД ИНИШМОР – М. Мекдонах, Драмски театар, Скопје;

- КАКО СЕ СТАНУВА ЦАР – А. Кирјаковска, Драмски театар, Скопје,

- КРОТКА – Ф.М.Достоевски, ПРОАРТС, Скопје;

- ЕЛИН – Т. Димова, Детски театарски центар, Скопје/НТ-Куманово;

- АРТ – Ј. Реза, ПРОАРТС/Културен центар ТОЧКА;

- РОМЕО & ЈУЛИЈА СЕГА – според В. Шекспир и Е. Ростан, НТ-Куманово;

- МК – ЗОНА НА САМРАКОТ – според текстови на Д. Ајвс, НТ-Битола;

- ПЕСОЧНА СЛОЖУВАЛКА – Ј. Добрева, МНТ-Скопје;

- ТХЕ ЛОВЕР – според Х. Пинтер, Д. Ајвс и К. Черчил, Драмски театар, Скопје;

- ОЈДИПУС ТИРАНОС СОФОКЛЕУС –според Софокле, Драмски театар, Скопје.

Критиката ја нотира како режисер со модерен сензибилитет, со истражувачки дух, со аналитичност и негување на специфична, само за неа препознатлива естетика.

Ги издвојуваме следниве награди:

- **Гран-при за најдобра претстава, најдобра режија и најдобра главна машка улога** на Меѓународниот фестивал на античка драма во Стоби, Македонија, во 2007 година, за претставата ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! – Театар Ј. Х-К. Џинот, Велес;

- **ЗЛАТНА ДИПЛОМА за најдобро режисерско деби на московските театарски сцени** на Московскиот театарски фестивал во Русија за претставата СРЕЌНИ ПАТИШТА, Театар на Е. Камбурова, Москва. За истата претстава, актерката Љубов Матјушина доби **награда за најдобра споредна улога** на фестивалот „Златен витез“ во Москва, Русија;

- претставата АРТ беше прогласена за **настан на годината** според „Дневник“, за 2002 година.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Нејзината аскетска посветеност и истражувачки дух кон театарската уметност, кои ги демонстрира во нејзините режии (претстави), ги бара и од своите студенти во процесот на едукација. Комуникацијата со студентите се одликува од една страна со заемна доверба, принципиелност, неопходна строгост, дисциплина, обострано почитување и од друга страна со блискост (карактеристично за овој вид студии), обидувајќи се од секој студент поединечно да ги открие и извлече креативните потенцијали, приспособувајќи се на нивните индивидуални потреби. И во педагошката работа не им робува на стереотипите и постојано е во потрага по новите, светски релевантни искуства. Како резултат на тоа, неколку генерации од нејзините студенти со истата таква ревносност и вљубеност во професијата се наметнуваат во театарска средина, а некои и го водат репертоарот во повеќе театри.

Исто така, неколку генерации студенти по соло-пеење при ФМУ го учеле актерскиот занает под нејзино менторство, а во рамките на предметот ОСНОВИ НА АКТЕРСКА ИГРА.

Кандидатката м-р Зоја Бузалковска последен пат е избрана во звањето НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ во 2006 година.

## ЗАКЛУЧОК

Ценејќи ги овие особености на м-р Зоја Бузалковска како режисер и педагог, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, кандидатката м-р насл. доц. Зоја Бузалковска да биде избрана во звањето **доцент** по наставната дисциплина актерска игра на Катедрата за драмски актери.

**Рецензентска комисија**

**1. Проф. Кирил Ристоски с.р.**

**2. Проф. Данчо Чеврески с.р.**

**3. Проф. Слободан Унковски с.р.**

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Зоја Миодраг Бузалковска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **актерска игра**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Актерска игра 3 (летен семестар 2003) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 2. | Актерска игра 4 (зимски семестар 2003) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 3. | Актерска игра 5 (летен семестар 2004) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 4. | Актерска игра 6 (зимски семестар 2004) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 5. | Актерска игра 7 (летен семестар 2005) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 6. | Актерска игра 8 (зимски семестар 2005) часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 7. | Актерска игра 3 (лет. сем. вежби 2003) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 8. | Актерска игра 4 (зим. сем. вежби 2003) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 9. | Актерска игра 5 (лет. сем. вежби 2004) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 10. | Актерска игра 6 (зим. сем. вежби 2004) часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 11. | Актерска игра 7 (лет. сем. вежби 2005) часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 12. | Актерска игра 8 (зим. сем. вежби 2005) часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| | **Вкупно** | 41, 40 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа, Институт за македонска литература – Скопје, 2010, тема: „Редефинирање на границите на културата во практиката на Cirque Du Soleil". | 4 |
| 2. | Автор и приредувач на поглавјето „Траги", коавтор на поглавјето „Семејство Стојановски" и автор на текстот „Ангел – чувар", за поглавјето „Пораки", за монографијата „НЕНАД СТОЈАНОВСКИ – споменар", О – продукција, Скопје, 2005. | 2 |
| | **Вкупно** | 6 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – режирани театарски претстави | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2003 – ЕЛИН – Т. Димова – ДТЦ Скопје / НТ-Куманово | 4 |
| 2. | 2003 – КРОТКА – Ф. М. Достоевски – ПРОАРТС, Скопје | 4 |
| 3. | 2003 – КАКО СЕ СТАНУВА ЦАР–А.Кирјаковска – ДТ-Скопје | 4 |
| 4. | 2005 – ПОРУЧНИКОТ ОД ИНИШМОР-М.Мекдонах-ДТС | 4 |
| 5. | 2005–СРЕЌНИ ПАТИШТА-А.С.Пушкин-Камбурова, Москва | 4 |
| | **Вкупно** | 20 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Гостувања на фестивали, жири и дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2003 - гостување на Третиот меѓународен фестивал, Пазарџик, Бугарија, со претставата КРОТКА | 2 |
| 2. | 2004 – претседател на жири за off програмата, МТФ-Прилеп | 1 |
| 3. | 2004/2005 - претседател на Управен одбор на МКЦ-Скопје | 1 |
| 4. | 2005 – учество на меѓународните работни средби на | |

| | | |
|---|---|---|
| | студенти и професори од факултети за драмски уметности од 12 земји од светот-„OLIVE 05", одржан во Корте, Корзика | 2 |
| 5. | 2005 – учество на фестивалот БАРСКИ ЉЕТОПИС во Црна Гора, со испитната претстава за трета година „Орестија" на студентите по актерска игра | 1 |
| | **Вкупно** | 7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 41,40 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 6,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 20,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7,00 |
| **Вкупно** | 74,40 |

**Рецензентска комисија**

**1. Проф. Кирил Ристоски с.р.**

**2. Проф. Данчо Чевревски с.р.**

**3. Проф. Слободан Унковски с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА АКТЕРСКА ИГРА НА

## ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 18.VI 2010 година, со одлука бр.0202-341/2-4 избра Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Владо Цветановски, проф. Слободан Унковски и проф. Кирил Ристоски за избор на еден наставник по предметот актерска игра.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 21.VI 2010 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по дисциплината актерска игра, се пријави само Мими Т. Србиновска, насловен доцент по предметот актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

**Мими Таневска Србиновска** Е родена на 17 март 1956 год. во Скопје. Во 1984 дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, па одделот актерска игра во класата на проф. Љубиша Георгиевски. По дипломирањето, во 1985 год. се вработила во Македонскиот народен театар, каде што е редовно вработена до 1999 год.

Од 1999 до денес е во редовен работен однос на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Примена е како помлад асистент по АКТЕРСКА ИГРА, а понатаму напредува во звањата асистент и насловен доцент. Денес работи на Факултетот за драмски уметности во Скопје како насловен доцент.

Од нејзиното вработување до денес одиграла над педесетина ролји од светската и од домашната драматургија, од кои најголемиот број се главни.Во овој период, покрај тоа што го води репероарот во матичната куќа, настапува како гостин и во повеќе театри низ Македонија. Освен во театарот, има повеќе значајни остварувања во филмската и телевизиската продукција.

Нејзините претстави учествувале на многу значајни фестивали (Стеријино позорје-Нови Сад, МЕСС-Сараево, Елбасан-Албанија, Корча-Албанија, Богота-Колумбија, Војдан Чернодрински-Прилеп, Охридско лето-Охрид итн.), каде што нејзините ролји биле највисоко вреднувани. На овие фестивали, исто така е наградувана за врвни актерски остварувања.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од нејзиното дипломирање во 1984 год. до денес, кандидатката работи како актер, а од 1999 год. се занимава и со педагошка дејност.
Одиграни претстави ( селектирана листа):
- Љубов Андреевна во „Вишнова градина" од А.П. Чехов-МНТ-Скопје;
- Аркадина во „Галеб" од А.П. Чехов - Народен театар-Куманово;
- Бароницата Кастели-Глембај во „Глембаеви" од М. Крлежа- МНТ-Скопје;
- Дорина во „Тартиф" од Молиер-МНТ-Скопје;
- Филимена во „Учени жени" од Молиер-МНТ-Скопје;
- Естела во „Зад затворени врати" од Ж.П.Сартр- Талија Скопје;
- Ема во „Неверство" од Х.Пинтер-Талија Скопје;
- Флејтистката во „Кланица" од С.Мрожек-МНТ-Скопје;
- Алисон во „Обѕрни се во гнев" од Џ.Озборн- МНТ-Скопје;
- Меј во „Луди за љубов" од С. Шепард- МНТ-Скопје;
- Пепа во „Полковник-птица" од Х. Бојчев-Народен театар-Прилеп;
- Кресида во „Троил и Кресида" од В. Шекспир- МНТ-Скопје;
- Адријана во „Комедија на забуни" од В. Шекспир-МНТ-Скопје;
- Милена во „Семејни приказни" од Биљана Србљановиќ- Народен театар-Битола;
- Цвета во „Црна дупка" од Г. Стефановски-МНТ-Скопје;
- Рајна во „Лет во место" од Г. Стефановски – Самостојна театарска заедница-Скопје;
- Бабушка во „Четвртата сестра" од Ј. Гловацки- Народен театар-Прилеп;
- Невена во „Женски прилог на ноќта" од Б. Миневски- МНТ-Скопје;
- Грета Зонтаг во „Мацедонише цуштенде" од Ј. Плевнеш-МНТ-Скопје;
- Неда во „Мартолозот" од Г. Прличев – МНТ-Скопје.

Нејзините улоги биле високо вреднувани од македонската и светската театарска критика како комплексни актерски остварувања. За нејзините врвни актерски остварувања ги добила следниве награди:
- наградата „Млад борец" (1983), за улогата Грета Зонтаг во „Мацедонише цуштенде"–Ј. Плевнеш-МНТ-Скопје;
- Стеријина награда(1988), за Цвета во „Црна дупка" – Г.Стефановски-МНТ-Скопје;
- наградата „Војдан Чернодрински" (1993), за Невена во „Женски прилог во ноќта"-Б.Миневски-МНТ-Скопје;

- наградата „Војдан Чернодрински“ (1998), за Пепа во „Полковник-птица„-Х. Бојчев- НТ-Прилеп;

Кандидатката остварила студиски престој (2008) -International Performers Village 08- во Латвија. Одржала повеќе работилници на ФААТ- Кочани. Била член на жири на повеќе значајни фестивали. Од 2007 до 2010 год. е член и претседател на Управниот одбор на ФААТ-Кочани.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во нејзината посветена педагошка дејност од 1999 до денес излегле бројни генерации на актери, кои успешно го водат репероарот во македонските театри, играле главни улоги во значајни филмови од македонската и светската продукција, и биле високо вреднувани и наградувани од критиката и од публиката. Кандидатката особено се истакнува со нејзиниот иновативен и современ методолошки пристап во педагошката дејност. На Катедрата за театарска режија на студентите по режија им предава основи на актерска игра. Во 2006 год. беше избрана во звањето насловен доцент по предметот актерска игра.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид успешните ангажмани, во уметничката, научната и педагошката сфера на кандидатката Мими Таневска-Србиновска, Комисијата високо ги вреднува постигнатите резултати и едногласно му препорачува на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, да ја избере м-р Мими Таневска-Србиновска, за наставник по актерска игра во звањето доцент.

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. м-р Владо Цветановски с.р.**
2. **Проф. Слободан Унковски с.р.**
3. **Проф. Кирил Ристоски с.р.**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Мими Таневска-Србиновска**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за драмски уметности - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: актерска игра**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Актерска игра1 (летен семестар 2003) часа 8 *15 * 0,04 | 4,80 |
| 2 | Актерска игра2 (зимски семестар 2003) часа 8*15* 0,04 | 4,80 |
| 3 | Актерска игра 3 (летен семестар 2004) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 4 | Актерска игра 4 (зимски семестар 2004) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 5 | Актерска игра 5 (летем семестар 2005) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 6 | Актерска игра 6 (зимски семестар 2005) часа 8*15* 0,04 | 4,80 |
| 7 | Актерска игра 1 (лет. сем. вежби 2003) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 8 | Актерска игра 2 ( зим. сем.вежби 2003) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 9 | Актерска игра 3 (лет. сем. вежби 2004) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 10 | Актерска игра 4 ( зим сем. вежби 2004) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 11 | Актерска игра 5 (лет. сем. вежби 2005) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 12 | Актерска игра 6 (зим. сем. вежби 2005) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| | **Вкупно** | 39,60 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета магистерска работа<br>Институт за македонска литература-Скопје,2010.<br>Тема: „Средбата актер-гледач во интеркултурниот театар на Гротовски". | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста-играни ролји во театарски претставии на филм и телевизија. (2003 до 2006) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2003- „Семејни приказни„-Б.Србљановиќ-НТ-Битола | 4 |
| 2 | 2004- „Галеб“-А.П.Чехов-НТ-Куманово | 4 |
| 3 | 2004- „Случајот Маркиз Де Сад...“-Ј.Мишима НТ-Прилеп | 2 |
| 4 | 2005-„Совршенство или смрт“-Б.Миневски-НТ-Прилеп | 2 |
| 5 | 2006-„Учени жени“-Молиер-МНТ-Скопје | 4 |
| | **Вкупно** | 16 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Член на меѓународно и на домашно жири | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** **Учество на нејзините студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави** | | |
| 1 | 2003-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ | 0,5 |
| 2 | 2005-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ | 0,5 |
| 3 | 2005- ФААТ-Кочани | 0,5 |
| Учество на нејзините претстави и филмови во кои играла на национални и на интернационални манифестации | | |
| 1 | „Семејни приказни“ - на интернационален фестивал во Корча-Албанија | 2 |
| 2 | „Галеб“ - на МТФ-Прилеп | 1 |
| 3 | „Учени жени“ - на фестивалот „Охридско лето“ | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | 6,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 39,60 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 16,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 6,50 |
| **Вкупно** | 66,10 |

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. м-р Владо Цветановски с.р.**
2. **Проф. Слободан Унковски с.р.**
3. **Проф. Кирил Ристоски с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 18.VI 2010 година, со одлука бр.0202-341/2-4 избра Рецензентска комисија во состав: проф. Слободан Унковски, проф. м-р Владо Цветановски и проф. Кирил Ристоски за избор на еден наставник по предметот театарска режија.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 21.VI 2010 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по дисциплината театарска режија, се пријави само Златко Славенски, насловен доцент по предметот театарска режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**Златко Славенски** роден е 1966 година во Скопје.

Во 1990 година дипломирал на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 1989/90 година студира една академска година на London Internacional Film School во Лондон.

Во 1994 година дипломирал на Одделот за театарска и филмска режија на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 1997 година се вработил на Факултетот за драмски уметности како помлад асистент, потоа напредувал во асистент, а во 2006 година го добива звањето насловен доцент по театарска режија на Катедрата за театарска режија.

Денес работи на Факултетот за драмски уметности во звањето насловен доцент на истата Катедра.

Од студентските денови до денес режирал околу 30-тина театарски претстави, направил драматизација на повеќе текстови, режирал два краткометражни играни и два долгометражни документарни филмови.

Од неговото дипломирање на ФДУ во 1994 година до денес, неговите претстави учествувале на престижни фестивали каде што повеќепати биле наградувани за најдобри во целина. Исто така, негови учесници и соработници во претставите добиле 20-тина награди.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

*Селекција на позначајни професионални театарски претстави работени во перодот 1988 - 2010 година:*

- **„3327“ (2010)**, исто така и автор на текстот, продукција ДКУС;
- **„Едип“ (2009)**, исто така и автор на текстот според истоименото дело на Софокле и „Космос“ на К.Саган, во продукција на „Планет-прес“ (при МПМ);
- **„Супернова“ (2008)**, исто така и автор на текстот (во соработка со Лори Андерсон), Драмски театар - Скопје;
- **„Соларис“ (2007)**, исто така и автор на текстот, МНТ;
- **„Војацер“ (2006)**, исто така и автор на текстот, продуцирано од дневниот весник „Дневник“ (при МПМ);
- **„Папокот на светот“ (2004)**, исто така и автор на драматизацијата (според истоимениот роман од В.Андоновски); МНТ;
- **„Собрани дела на Вилијам Шекспир“ (2002)**, исто така и автор на адаптацијата, ДТС;
- **„Пер Гинт“ (2001 г.)**, од Х.Ибзен, МНТ;
- **„Будење на пролетта 2000“**, исто така и автор на адаптацијата според делото на Ф.Ведекинд, МНТ;
- **„Казабалкан“ (1998)**, од Г.Стефановски, Битолски театар;
- **„Амадеус“ (1996)**, од П.Шефер, ДТС;
- **„Розенкранц и Гилденстерн се мртви“ (1994)**, од Т.Стопард, ДТС и Moving Theatre London;
- **„Троил и Кресида“ (1993)**, од В.Шекспир, МНТ;
- **„Време за ...“ (1993)**, од Ж.Мирчевска, МКЦ;
- **„Време за сонување“ (1993)**, исто така и автор на текстот, Велешки театар;
- **„Спиро Пирчев-Царо“**, од С.Насев, МКЦ;
- **„Пречистување“ (1990)**, од С.Насев, Велешки театар;
- **„Фауст“ (1989)**, од Ј.В.Гете, продукција на фестивалот „Скопско лето“;
- **„Трилогија“ (1988)**, од С.Насев, МКЦ.

*Селекција на ангажмани како филмски или ТВ-режисер:*

- **„Blind Date“ (1989)**, краткометражен игран филм, L.I.F.S.-production, England;
- **„Носталгија“ (1992)**, долгометражен документарен филм, МТВ;
- **„Уште еден ден“ (1994)**, краткометражен игран филм МТВ-ФДУ;
- **„Ама Деус – човек сакан од Бога“ (1996)**, долгометражен документарен филм, МТВ.

*Книга:*

- **„Папокот на светот" – драматизација (2004),** издавачка куќа „Култура".

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

- „Најдобра претстава во целина" (1995) на фестивалот „Војдан Чернодрински", за претставата „Розенкранц и Гилденстерн се мртви" (ДТС);
- „Награда Климент Охридски за најдобра претстава", на фестивалот „Охридско лето" (2001), за претставата „Пер Гинт" (МНТ);
- „Настан на годината 1996", во избор на весникот „Вечер", за претставата „Амадеус" (ДТС);
- „Најдобра претстава за годината 1996", во избор на неделникот „Екран", за претставата „Амадеус";
- „Најдобра претстава за годината 1994", во избор на неделникот „Екран", за претставата „Розенкранц и Гилденстерн се мртви".

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Златко Славенски, во тек на четиригодишниот циклус на студирање театарска режија, предава осум сегменти од наставната програма. Тоа го прави со посветеност и со значајно практично искуство во наставната област. Неговите предавања со фокус на супервизија на подготовките и работа врз студентските театарски вежби, претстави и други практични активности во областа на театарската режија, во периодот 2003-2010, беа изведувани на време, со висок степен на професионализам, во хармонија и со едукативна поддршка за сите учесници. Во наведениот период, кандидатот м-р Златко Славенски водел, супервизирал и анализирал, по завршениот процес, околу шеесет студентски претстави со траење од 10 до 60 минути секоја, кои биле јавно изведени на сцената на ФДУ и на фестивали во Македонија и во регионот.

Кандидатот м-р Златко Славенски последен пат е избран во звањето насловен доцент на 9.10.2006 година.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наведените податоци, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Златко Славенски и во периодот меѓу двата избора продолжил со континуиран напредок како во педагошката работа, така и во своите уметнички активности значајни за унапредување на сознанијата за областа во која предава и тој претставува пример за студентите од областа на театарската режија на ФДУ.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности, кандидатот **м-р Златко Славенски** да биде избран во звањето **доцент**, по наставната дисциплина театарска режија на Катедрата за театарска режија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. Проф. Слободан Унковски с.р.**

**2. Проф. м-р Владо Цветановски с.р.**

**3. Проф. Кирил Ристоски с.р.**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **театарска режија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Театарска режија 3 (летен семестар 2003)часа 8 x 15 x 0,04 | 4,80 |
| 2. | Театарска режија 4 (зимски семестар 2003)часа 8 x 15 x 0,04 | 4,80 |
| 3. | Театарска режија 5 (летен семестар 2004)часа 8 x 15 x0,04 | 4,80 |
| 4. | Театарска режија 6 (зимски семестар 2004)часа 8 x 15 x 0,04 | 4,80 |
| 5. | Театарска режија 7 (летен семестар 2005)часа 10 x 15 x 0,04 | 6,00 |
| 6. | Театарска режија 8 (зимски семестар 2005)часа 8 x 15 x 0,04 | 4,80 |
| 1. | Театарска режија 3 (лет.сем. вежби 2003)часа 7 x 15 x 0,03 | 3,15 |
| 2. | Театарска режија 4 (зим.сем. вежби 2003)часа 7 x 15 x 0,03 | 3,15 |
| 3. | Театарска режија 5 (лет.сем. вежби 2004)часа 12 x 15 x 0,03 | 5,40 |
| 4. | Театарска режија 6 (зим.сем. вежби 2004)часа 12 x 15 x 0,03 | 5,40 |
| 5. | Театарска режија 7 (лет.сем. вежби 2005)часа 10 x 15 x 0,03 | 4,50 |
| 6. | Театарска режија 8 (зим.сем. вежби 2005)часа 12 x 15 x 0,03 | 5,40 |
| | **Вкупно** | 57 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа<br>Институт за македонска литература при УКИМ<br>Тема: **„Контактот на театарот со сајбер културата и со современата технологија“.** | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2002/03, „Собрани дела на В.Шекспир“, Драмски театар-Ск. | 4 |
| 2. | Автор на адаптацијата за истата претстава. | 2 |
| 3. | 2004, „Папокот на светот“, МНТ | 4 |
| 4. | Автор на драматизацијата за истата претстава. | 2 |
| 5. | 2005/06, „Војџер“ при МПМ | 4 |
| 6. | Автор на истиот текст | 4 |
| | **Вкупно** | 20 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: **Учество на неговите претстави на национални и на меѓународни манифестации** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2003, „Собрани дела на В.Шекспир“ ДТ-Ск. (Охридско лето) | 2 |
| 2. | 2004, „Папокот на светот“, МНТ (МТФ В.Чернодрински) | 1 |
| | **Вкупно** | 3,00 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,00 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 20,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 3,00 |
| **Вкупно** | 84,00 |

**Членови на Комисијата**

**1. Проф. Слободан Унковски с.р.**

**2. Проф. м-р Владо Цветановски с.р.**

**3. Проф. Кирил Ристоски с.р.**

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО НАСТАВНИТЕ ДИСЦИПЛИНИ ФИЛМСКО И ТВ-СНИМАЊЕ И ФОТОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје број 0202-341/2-4 од 18.6.2010 година, назначени сме за рецензенти за избор на еден наставник во сите звања по наставните дисциплини филмско и ТВ-снимање и фотографија.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 21.6.2010 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по дисциплините филмско и ТВ-снимање и фотографија, се пријави само Горан Трпчевски, насловен доцент по предметот филмско и ТВ-снимање на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Кандидатот **ГОРАН ТРПЧЕВСКИ** е роден на 11. XII 1971 година во Скопје.

Во 1996 година се запишал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на Одделот за филмска и телевизиска камера, кој редовно го заврши и дипломираше во 2000 година, во класата на проф. Апостол Трпески, со просечен успех - одличен (9,61). Како студент се одликуваше со својата енергија, со беспрекорната дисциплина, со несекојдневниот талент и со огромната љубов кон својата идна професија. Се наметнуваше со забележителниот успех при совладувањето на наставата и изработката на тековните и испитните вежби. Неговиот извонреден просек од оценките по главниот стручно-уметнички предмет филмска и телевизиска камера (10), како и дипломскиот испит (10), сведочат за неговите успешно остварени стремежи кон подлабоки сознанија, постојано барајќи нови вредности, како креативни така и технички, кои ќе одговараат на современото снимателство. Како логична последица беше и завршувањето на вториот циклус академски студии од областа на теоријата на драмските уметности и медиумите на Универзитетот за уметности - Факултет за драмски уметности во

Белград, Република Србија, со просечна оценка 9,12 и одличната одбрана на завршната актерска теза со оценка 10.

2. Покрај проектите од наставната продукција на Факултетот за драмски уметности: 1997 – „Миле Сирма"- документарен филм - сценарио, камера и режија; - „Есенска приказна"- краток игран филм - камера; 1998 – „Црвена зона"- краток игран филм - сценарио, камера и режија; -„По карпите на Метеора"- документарен филм - сценарио, камера и режија; 1999 – „И на сон и на јаве"- краток игран филм - сценарио, камера и режија; „Судбина"- краток игран филм - сценарио, камера и режија; 2000 – „Засекогаш заедно"- краток игран филм - сценарио, камера и режија; „Опседнатост"- краток игран филм - директор на фотографија, итн., во текот на студиите, паралелно, активно работеше и во професијата. Во 1998, од приватно продуцентско студио од Тајван, беше ангажиран како сниматeл на неколку документарци за Македонија. Наредната 1999 година, беше ангажиран како сниматeл на два документарни филма за бегалците од Косово во Македонија, во продукција на германската телевизија ZDF. Во истиот период, како и во 2001 година, следеа многу ангажмани во тимовите на повеќе странски телевизии во Македонија, Deutsche Welle, ZDF, PRO7, ARD од Германија, ORF од Австрија, ЕРТ од Грција итн. Во 2000 година беше ангажиран на проектите од посебен интерес, финансирани од Советот за радиодифузија на Република Македонија, за традиционалните музички инструменти: „Ќемане", „Кавал", „Македонска тамбура", како и во играната серија „Агенција за скршени срца".

Во периодот од последниве десетина години, Горан Трпчевски насловен доцент по предметот филмска и телевизиска камера на Факултетот за драмски уметности во Скопје, имаше повеќе професионални ангажмани како директор на фотографија, сниматeл и реализатор, и тоа на кратките и ТВ-филмови: „Портрет за Владимир"- 2002, „Чекор пред времето" - 2003, „Under" - 2004, „Девет пораки" - 2005, „Нави" - 2006, „Искушение" - 2008, „Бунило" - 2009, документарните филмови „Божествената литургија на св. Јован Златоуст" - 2001, „Една година потоа" - 2002, „Каменот тежи на своето место" - 2002, „На ваша страна" - 2003, „Белоглавиот орел" - 2006, „Преку крстот до спасението" - 2007, на наменските филмови „Народен правобранител" - 2003, „Транзицијата во Република Македонија" - 2004, „Охрид" - 2004, „Винариите во Македонија" - 2007, „Преку различноста до еднаквост во општеството" - 2007, како и на повеќе музички и комерцијални видеа.

Во мај 2002 година, во рамките на студентскиот филмски фестивал "ŠTUKFESTfilm" во Марибор, Република Словенија, беше гостин - модератор и предавач на семинарот на тема: „Филозофија на бојата во филмската фотографија", а во 2003 година на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" во Битола беше член на жирито за студентската програма. А во 2008 година, од USAID беше ангажиран како предавач на Семинарот за обука на локалните телевизии во Република Македонија.

3. Следејќи ја неговата работа, може да се забележи дека кандидатот Горан Трпчевски, на секој проект му пристапува со внимание и сериозност. Многу одговорно и студиозно им приоѓа на проблемите и задачите што му се поставуваат. Желбата за усовршување, образование и педагошка работа ниту во еден момент не го напушта. Афинитетот кон визуелизацијата и творечкиот порив се обидува да им го пренесе и на студентите, интензивно учествувајќи во наставата по предметот филмско и ТВ-снимање. Остварува добар контакт со студентите, што говори за неговата посветеност на педагошката работа. Во тој контекст, па студентите и им асистира при реализацијата на испитните работи. Активен е во контактите со институциите од областа, што придонесува за поуспешно одвивање на задолжителната практика на студентите. Од учебната 2005-2006 година, со успех, самостојно држи блокови предавања на студентите од студиските програми за монтажа, режија, продукција и драматургија, со што ја потврдува подготвеноста за самостојна работа на Факултетот, а стручноста, креативноста, како и човечките особини што ги поседува, се квалитети кои се доблесни за занимавање со педагошка работа.

**ЗАКЛУЧОК**

Според горенаведеното, на Наставно-научниот и уметнички совет му предлагаме, кандидатот Горан Трпчевски да биде избран во звањето доцент по предметите филмско и телевизиско снимање и фотографија на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**1. Ред. проф. Апостол Трпески с.р.**
**2. Ред. проф. Данчо Чеврески с.р.**
**3. Доц. Лазар Секуловски с.р.**

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Горан Илија Трпчевски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **филм и телевизија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Филмско и ТВ-снимање 6 (летен сем. 2003), часа 6 x 15 x 0,04 | 3,60 |
| 2 | Филмско и ТВ-снимање 7 (зим. сем. 2003), часа 6 x 15 x 0,04 | 3,60 |
| 3 | Филмско и ТВ-снимање 8 (летен сем. 2004), часа 6 x 15 x 0,04 | 3,60 |
| 4 | Филмско и ТВ-снимање 1 (зим. сем. 2004), часа 6 x 15 x 0,04 | 3,60 |
| 5 | Филмско и ТВ-снимање 2 (летен сем. 2005), часа 6 x 15 x 0,04 | 3,60 |
| 6 | Филмско иТВ-снимање 3 (зим. сем. 2005), часа 6 x 15 x 0,04 | 3,60 |
| 7 | Филмско и ТВ-снимање 6 (лет. сем. 2003), часа 10 x 15 x 0,03 | 4,50 |
| 8 | Филмско и ТВ-снимање 7 (зим. сем. 2003), часа 12 x 15 x 0,03 | 5,40 |
| 9 | Филмско и ТВ-снимање 8 (лет. сем. 2003), часа 12 x 15 x 0,03 | 5,40 |
| 10 | Филмско и ТВ-снимање 1 (зим. сем. 2004), часа 6 x 15 x 0,03 | 2,70 |
| 11 | Филмско и ТВ-снимање 2 (летен сем. 2005), часа 6 x 15 x 0,03 | 2,70 |
| 12 | Филмско и ТВ-снимање 3 (зим. сем. 2005), часа 8 x 15 x 0,03 | 3,60 |
| | **Вкупно** | **45,90** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета магистерска работа на Универзитетот за уметности во Белград, Факултет за драмски уметности – 2010. Тема: „Сличности и разлики меѓу филмската и дигиталната слика“. | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – реализирани филмски и телевизиски проекти | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2003 - „На ваша страна“ | 4 |
| 2 | 2003 - „Одгледување јагоди“ | 4 |
| 3 | 2003 - „Бројлери“ | 4 |
| 4 | 2003 - „Одгледување сорти пипер “ | 4 |
| 5 | 2003 - „Пластеник и капка по капка“ | 4 |
| 6 | 2003 - „Чекор пред времето“ | 2 |
| 7 | 2003 - „Дали сонувам“ | 2 |
| 8 | 2004 - „Андер“ | 2 |
| 9 | 2004 - „Охрид“ | 2 |
| 10 | 2004 - „Колку долго“ | 2 |
| 11 | 2005 - „Девет пораки“ | 4 |
| 12 | 2006 - „Нави“ | 2 |
| 13 | 2006 - „Белоглавиот орел“ | 4 |
| | **Вкупно** | **40** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Член на меѓународна жири - комисија | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2003 - жири на Интернационалниот филмски фестивал „Браќа Манаки“ - Студентска програма | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес** Учество на неговите студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни филмови | |
| 1 | 2003 - Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 2 | 2003 - Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ - Студентска програма | 0,5 |
| 3 | 2004 - Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 4 | 2004 - Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ - Студентска програма | 0,5 |
| 5 | 2005 - Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 6 | 2005 - Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ - Студентска програма | 0,5 |
| 7 | 2006 - Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 8 | 2006 - Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ - Студентска програма | 0,5 |
| | **Учество на неговите дела (филмови) на национални и на интернационални манифестации** | |
| 1 | 2005- „Андер“ - Фестивал во Москва | 1 |
| | **Вкупно** | 7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **45,90** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **4,00** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **40,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **7,00** |
| **Вкупно** | **96,90** |

**Членови на Комисијата**

**1. Ред. проф. Апостол Трпески, претседател с.р.**

**2. Ред. проф. Данчо Чевpески, член с.р.**

**3. Доцент Лазар Секуловски, член с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МОЛЕКУЛАРНА БИОЛОГИЈА, МОЛЕКУЛАРНА ГЕНЕТИКА И ГЕНЕТСКИ ИНЖЕНЕРИНГ НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-1314/3 од 1.7.2010 година на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", донесена на седницата одржана на 24.6.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања по предмети од областите *молекуларна биологија*, *молекуларна генетика* и *генетски инженеринг*, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Гордана Димеска, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Мирјана Кочова, редовен професор на Медицинскиот факултет и д-р Џоко Кунгуловски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, сите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ја разгледа пријавата и доставената документација од единствениот пријавен кандидат д-р Сашо Панов на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 8.6.2010 година и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

Д-р Сашо Панов е роден на 18.11.1967 година во Скопје, каде што со одличен успех го завршил основното и средното образование. Дипломирал на студиите по биологија, биохемиско-физиолошка насока, на Природно-математичкиот факултет во Скопје во 1994 година со среден успех 9,32, со одбрана на дипломската работа: „Присуство на автоимуни антитела за фактор VIII/von Willebrand фактор кај тромботични заболувања". Во текот, и по студиите, волонтирал или престојувал во повеќе реномирани институции во земјава и во странство.

Од 1997 година се вработил како стручен соработник на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет и бил ангажиран во практичната настава по предметите *молекуларна биологија* и *цитологија* за студиите по биологија и *биологија со хумана генетика* за студиите на Медицинскиот факултет во Скопје. Покрај тоа, учествувал во основањето и организирањето на Лабораторијата за молекуларна биологија и во научноистражувачката работа. Постдипломските студии ги завршил со просек 10 во 1999 година со одбрана на магистерскиот труд од областа на молекуларната туморска биологија под наслов „Детекција на специфични мутации на *H-ras* онкогенот кај уротелни неоплазми". Во 2000 година е избран за асистент по група предмети од областа на молекуларната биологија и цитологијата на Институтот за биологија.

Докторската дисертација под наслов „Ефекти од потиснувањето на *bcl-2* и *hTERT* гените со примена на RNA интерференција кај клеточни линии на белодробен карцином" ја одбранил во 2005 година. Истата година е избран е за доцент по група предмети од областа на молекуларната биологија на Институтот за биологија, а на ова работно место се наоѓа и денес. Раководи со Лабораторијата за молекуларна биологија која е во состав на Заводот за молекуларна биологија, генетика и микробиологија при Институтот за биологија.

Наставната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Сашо Панов до неговиот избор за доцент е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 883 од 15.11.2005 година. Во натамошниот текст од извештајот е даден критички осврт кон активностите на д-р Панов по изборот во звањето доцент.

## II. Наставно-образовна дејност

Од изборот во звањето доцент, д-р Панов бил ангажиран во теоретската настава по следниве предмети:

1. *молекуларна биологија*, за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока во 2009/2010 година (со седмичен фонд: 2 часа);
2. *основи на молекуларната биологија*, за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2009/2010 година (со седмичен фонд: 3 часа);
3. *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2009/2010 година (со седмичен фонд: 2 часа);
4. *молекуларна биологија*, за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (со седмичен фонд: 2 часа). Наставата е реализирана по соодветни барања од страна на Технолошко-металуршкиот факултет и одобрени со одлуки од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет на почетокот на секоја академска година;
5. *молекуларна генетика* (задолжителен предмет), за студиската програма од втор циклус (постдипломски) студии по биологија-насока молекуларна биологија (вкупно 30 часа во академска година);
6. *генетски инженеринг* (задолжителен предмет), за студиската програма од втор циклус (постдипломски) студии по биологија-насока молекуларна биологија (вкупно 30 часа во академска година);
7. *најнови достигнувања од молекуларната генетика* (изборен предмет), за студиската програма од втор циклус (постдипломски) студии по биологија-насока молекуларна биологија.

Покрај тоа, колегата д-р Панов бил вклучен и во осмислувањето и, делумно, во реализацијата на практичната настава по наведените предмети.

Д-р Панов е автор на универзитетскиот учебник „Основи на молекуларната биологија и молекуларната генетика", позитивно рецензиран (со меѓународна рецензија објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје) кој е прв од оваа област на македонски јазик. Покрај теоретската материја за областите кои ги покрива, овој учебник ја етаблира и ја воведува стручната терминологија, за која авторот обемно и долготрајно се консултирал со повеќе експерти и лингвисти. Д-р Сашо Панов е автор и на четири интерни скрипти од предавањата по соодветните предмети на првиот циклус (додипломски) студии, на скрипта од предавањата за предметот *молекуларна генетика* на вториот циклус (постдипломски) студии, лабораториски практикум за преметот *молекуларна генетика* на вториот циклус (постдипломски) студии по форензика, како и на практикум-скрипта за вежби по *молекуларна биологија*.

Како важен наставен-образовен ангажман на д-р Панов може да се истакне неговото учество во изработката на елаборатот за новата студиска програма од прв циклус (додипломски четиригодишни студии) по молекуларна биологија, како и на елаборатот за новата студиска програма од втор циклус (постдипломски едногодишни студии) на Институтот за биологија при Факултетот. Во рамките на тие елаборати, колегата д-р Панов ги има изработено и наставните програми за предметите од соодветните наставно-научни области за кои е избран.

## III. Научноистражувачка дејност

Потесната научна преокупација на д-р Панов е молекуларната генетика на човечкиот канцер, потиснувањето на прекумерно експресираните гени со помош на RNA-интерференција, индукција на апоптоза кај малигните клетки во *in vitro* услови, стратегии за локус-специфична генска замена, *in vitro* модели за генска терапија на хуманиот канцер, истражување на матичните малигни клетки и други сродни теми.

Во текот на последниот изборен период, д-р Сашо Панов бил главен истражувач на меѓународниот (македонско-хрватски) билатерален проект: „Засилување на ефектите

на цитостатиците со потиснување на целните гени во туморските клетки" (Enhancement of chemotherapy drugs effects by silencing of target genes in tumor cells) во текот на 2006 и 2007 година. Бил супкоординатор (за биолошкиот модул) на меѓународниот едукативен проект: „Education System in Forensic Sciences for the Republic of Macedonia (EDU_FOR_MK), спонзориран од TEMPUS-PHARE при Европската комисија (во периодот 2007-2009 година), а учествувал и во FP7-проектот (CPCTAS): Центар за претклиничко испитување на активните супстанции (Centre for Pre-Clinical Testing of Active Substances) спонзориран од Европската комисија, во периодот 2008-2009 година.

Д-р Сашо Панов досега бил ментор на една успешно одбранета докторска дисертација:

1. „Популациско-генетска структура на видовите од родот Barbus (*Pisces, Cyprinidae*) во Република Македонија определена со алоензимски и молекуларни (RAPD) маркери" (одбранета од кандидатката д-р Лидија Велкова-Јордановска во 2009 година).

Под негово менторство, во тек е изработката на следниве докторски дисертации:

2. „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните гени *NF-κB*, сурвивин и *bcl-2* во култури на малигни клетки" (пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од кандидатот м-р Игор Есмеров);
3. „Влијание на тироидниот статус врз оксидативниот стрес и атерогенезата кај дислипидемични аполипопротеин Е дефицитни хомозиготни глувци (*ApoE KO*$^{-/-}$)" (пријавена на Природно-математичкиот факултет од кандидатот м-р Тони Трипуноски);
4. „Влијание на полиморфизмите во гените за матрикс металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните процеси и акутните одонтогени инфекции" (во својство на коментор; пријавена на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од кандидатката м-р Биљана Андоновска).

Д-р Панов бил ментор на три успешно одбранети магистерски работи на Природно-математичкиот факултет:

1. „Детекција и типизација на хуман папилома вирусот (HPV) со PCR-RFLP техника кај цервикални лезии" (одбранета од кандидатката м-р Валентина Стојановска во 2006 година);
2. „PCR-базирана детекција на делецијата ΔmtDNA$^{4977}$ во митохондрискиот геном кај цервикален карцином" (одбранета од кандидатката Ленче Величкова-Ацевска во 2007 година) и
3. „Компаративна анализа на микросателитска DNA кај изворно и изворно-селектирано шарпланинско куче" (одбранета од кандидатот м-р Игор Есмеров во 2007 година).

Под негово менторство, во тек е изработката на магистерската работа:

4. „Флуоресцентна *in situ* хибридизација во детекцијата на хуманиот папилома вирус кај цервикалните лезии" (пријавена на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од кандидатката Јована Андоновска).

Под стручно раководство и супервизија на д-р Панов (за молекуларно-биолошкиот и генетскиот дел) се изведуваат следниве докторски дисертации пријавени на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. „Поврзаност на коронарната артериска болест полиморфизми и мутации во гените за липопротеин липаза и аполипопротеините" (одбранета од кандидатот д-р Антонио Георгиев во 2009 година);
2. „Поврзаност на прекумерната експресија на гените *UHRF1*, *p53* и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур" (пријавена од кандидатот Сендер Саиди);
3. „Клинички и генетски наоди кај болни со идиопатска Паркинсонова болест" (пријавена од кандидатот Арбен Тараваpи);
4. „Клиничко-неврофизиолошка и генетска студија кај пациенти со Јувенилна миоклонусна епилепсија" (пријавена од кандидатката Емилија Цветковска);

5. „Васкуларна деменција: клиничко-генетска студија" (пријавена од кандидатот Иван Барбов).

За наведените докторски дисертации, д-р Панов бил член на Рецензентската комисија за подобност на темата и кандидатите, односно за оценка и одбрана на дисертацијата.

Во тековниот петгодишен мандат, д-р Сашо Панов бил автор или коавтор на повеќе оригинални научни трудови, од кои досега се испечатени следниве:

1. Cvetkovska E., Vasilevska K., Panov S., Vaskov T., Kuzmanovski I. Are there any clinical and eeg features associated with occurrence of executive dysfunctions in patients with JME? *Contributions, MASA*; 31(1): 113-23, 2010.

   Целта на оваа студија била определување на можната врска меѓу различни клинички и електроенцефалографски наоди и егзекутивните функции кај пациенти со јувенилна миоклонусна епилепсија (JME). Кај пациентите биле анализирани повеќе клиничко-лабораториски параметри, а егзекутивните функции биле евалуирани со Висконсин тестот на сортирање на карти. Авторите наведуваат дека кај сите пациенти биле регистрирани миоклонии, доминантно билатерални, а кај некои со унилатерална доминантност. Истражувањето е од интерес за кандидатот поради тековното истражување на присуството на мутации во генот *EFHC1* кај пациентите со овој клинички ентитет.

2. Стојановска В., Панов С., Башеска Н., Јосифовска С., Димитров Г., Петановски З., Стојковски Ј., Хаџи-Лега М. Преваленција и дистрибуција на human papilloma virus кај клинички суспектни цервикални лезии. *Mak. Med. Pregled*, 63 (1): 17-24, 2009.

   Објавената студија се однесува на молекуларно детектирање на хуманиот папилома вирус (HPV) кај пациентки со цервикални лезии, испитување на корелациите меѓу HPV-инфекцијата и цитолошките или хистопатолошките дијагнози, како и корелациите според возрасните групи на пациентките. Со испитувањето, авторите анализирале речиси 7000 примероци со PCR-RFLP техниката. Фреквенцијата на HPV кај прекурсорните лезии се движела од: 51% кај лесната 75% кај умерената, 91% кај тешката дисплазија и 93%кај *in situ* карцином. Најзастапени HPV-типови по опаѓачки редослед биле: HPV 16, 31, 53, 18 итн. Највисока фреквенција на инфекцијата е најдена кај пациентките до 19 години. Според авторите, овие резултати ја оправдуваат потребата за вклучување на HPV-анализата како суплемент во примарното скринирање за цервикалните лезии, а резултатите можат да послужат во националната стратегија против цервикалниот карцином, како и за навремена HPV-вакцинација на младата популација.

3. Stojanovska V., Gligorov D., Dimitrov G., Basheska N., Panov S. Age distribution of Human Papillomavirus infection among Macedonian females with cervical lesions. *Biol. Macedonica*, 61: 107-114, 2008.

   Во овој труд е опишано истражувањето на корелацијата меѓу HPV-инфекцијата и возраста на пациентките. Во работната група биле анализирани вкупно 4421 пациентка со клинички утврдени цервикални лезии. За детекција и типизација на HPV била користена PCR-RFLP техниката. Со молекуларната анализа, HPV-инфекција била детектирана кај 41,14% од пациентките, а најзастапени HPV типови по опаѓачки редослед биле: HPV 16, 31, 53, 18, 45 итн. Нависока фреквенција на HPV-инфекцијата е најдена кај пациентките до 19 години. Детектирани се 169 (13%) мултипни инфекции од вкупно 1252 типизации. Авторите на трудот сугерираат дека овие податоци за преваленцијата и дистибуцијата на HPV-инфекцијата кај македонските жени ја потврдува потребата за воведување на организирана скрининг програма и развој на специфични вакцини.

4. Velichkova-Acevska L., Dimeska G., Stojanovska V., Kochova M., Dimitrov G., Panov S. Common ΔmtDNA[4977] deletion in mitochondrial DNA in Macedonian patients with cervical carcinoma *in situ*. *Biol. Macedonica*, 61: 115-126, 2008.

   Во овој научен труд, авторите ги опишуваат резултатите од испитувањето на застапеноста на честата делеција на 4977bp регион од митохондријалниата DNA

(mtDNA) кај примероци од цервикални лезии. Методолошки, анализата била вршена со вгнездена PCR-амплификација на регион од mtDNA и била определувана фреквенцијата на делецијата $\Delta mtDNA^{4977}$ кај пациентки со цервикален *Carcinoma in situ* и кај контролна група на испитанички, како и одредување на корелацијата на $\Delta mtDNA^{4977}$ со одделни HPV-типови и возраста на испитаничките. Делецијата $\Delta mtDNA^{4977}$ била детектирана кај 59,57% примероци од испитаничките со цервикален карцином и кај 40,74% испитанички од контролната група. Во однос на испитуваните HPV-типови, најниска фреквенција била забележана при инфекцијата предизвикана со HPV-тип 16, додека највисока кај инфекцијата со HPV-тип 31. Со добиените резултати била најдена досега необјавена асоцираност на делецијата $\Delta mtDNA^{4977}$ со инфекција со различни HPV-типови кај пациентки со цервикален карцином *in situ*.

5. Marceska M., Soljakova M., Gjorgoski I., Panov S., Hristova J. The influence of the pharmacological pre-treatment on the post-ischemia neurological deficit. *Biol. Macedonica*, 61: 183-191, 2008.

   Целта на оваа публикација е да се евалуира влијанието на преттретманот со макролидниот антибиотик еритромицин како толеранца-индуцирачки агенс врз невролошкиот дефицит што е во тесна врска со нарушувањата кои настануваат по мозочните исхемии. Мозочната исхемија била предизвикана со лигирање на каротидните артерии кај бели лабораториски стаорци кои биле претходно третирани со еритромицин. Невролошкиот дефицит е помалку изразен кај животните кои се претходно третирани со еритромицин. Авторите заклучуваат дека преттретманот со еритромицин ги подобрува невролошките функции и невролошкото преживување по индуцираната глобална мозочна исхемија кај лабораториските стаорци. Резултатите од студијата се во насока на клиничка примена на фармакопрофилаксата.

6. Андоновска Б., Димова Ц., Панов С. Концентрации на матрикс-металопротеиназите кај хроничи периапикални лезии. *Apolonia*, 11(21): 33-44, 2008.

   Авторите во оваа студија ја испитувале зависноста меѓу концентрациите на матрикс-металопротеиназите (MMP-1,-8,-13) и степенот на ткивната деструкција од испитуваниот материјал (хроничното периапикално ткиво), како и карактерот и разликите меѓу периапикалните лезии. Највисоки вредности на концентрацијата на MMP биле регистрирани кај случаите со дијагноза Parodontitis periapicalis chronica diffusa. Авторите заклучуваат дека со овој труд се покажува можноста за користење на воведената метода во дијагностицирањето на хроничните воспалителни периапикални процеси и следење на воспалителната активност на ткивото, базирани врз деструктивната улога на: MMP-1, -8 и -13 во состав на воспалителниот процес, кој е директно зависен од концентрацијата на MMP во патолошки променетото периапикално ткиво.

7. Andonovska B, Dimova C, Panov S. Matrix metalloproteinases (MMP-1, -8, -13) in chronic periapical lesions. *Vojnosanit Pregl.*; 65(12):882-6, 2008.

   Во студијата е вршено квантитативно определување на ткивните колагенази (матрикс-металопротеинази 1, 8 и 13) во оперативни примероци од хронични периапикални лезии. Концентрациите на овие ензими се определувани со имуноензимска микрометода, додека степенот на ткивна деструкција пред оперативниот зафат е определуван со софтверска анализа на рендгенографски снимки. Најдена била позитивна и статистички сигнификантна корелација меѓу концентрацијата на колагеназите во ткивата и димензиите на периапикалната лезија. Резултатите од оваа студија ја потврдуваат протеолитичката и ткивно-деструктивна улога на испитуваните колагенази во патогенезата на периапикалните процеси.

8. Georgiev A, Panov S, Sadikario S. Association of *PvuII* polymorphism in the lipoprotein lipase gene with the coronary artery disease in Macedonian population. *Contributions, MASA*; 29(2): 213-26, 2008.

   Трудот се однесува на застапеноста на *LPL-PvuII* полиморфизмот во генот за липопротеин липаза (LPL) кај пациентите со коронарна артериска болест (КАБ). За

молекуларна идентификација на *LPL-PvuII* полиморфизмот била вршена амплификација на регион од LPL-генот со PCR и последователна рестрикциска дигестија. Фреквенциите на алелот *PvuII⁻* била со слични вредности и кај испитуваната и кај контролната група, па *LPL-PvuII* полиморфизмот не бил идентифициран како независен ризик-фактор за појавата на КАБ. Сепак, присуството на хомозиготен генотип (*PvuII* ⁻/⁻) било повисоко кај пациентите со документирана КАБ (22,9%), отколку кај контролната група (15,6%).

9. Георгиев А., Панов С., Садикарио С., Бошков Б. Поврзаност на *LPL-Mnl*II полиморфизмот со коронарната артериска болест. *Мак. мед. преглед*, 62 (1): 55-65, 2008.

   Во оваа студија е испитувана поврзаноста на *LPL-MnlI* полиморфизмот кај македонската популација во појавата на атеросклероза и коронарна артериска болест. Користена била амплификација на регион од генот за липопротеин липазата (LPL) со PCR и последователна рестрикциска дигестија за да се детектира MnlI полиморфизмот. Биле испитувани примероци од DNA кај испитуваната и кај контролната група пациенти. Била најдена поврзаност на *LPL-MnlI* полиморфизмот со нивото на серумските липиди и сигнификантна корелација со нивоата на триглицеридите во плазмата.

10. Marceska M., Soljakova M., Panov S., Cvetkovska B., Stefanovski I., Kartalov A. Effects of the pharmacological pre-treatment and global brain ischemia on the body temperature in experimental rats. *Maced J Med Sci.*; 1(2): 31-35, 2008.

    Истражувањето опишано во овој труд било насочено кон ефектот на преттретманот со еритромицин при експериментално-индуцираната мозочна исхемија во однос на телесната температура на лабораториските животни. За таа цел била предизвикана експериментална мозочна исхемија кај бели стаорци подложени на преттретман со еритромицин (испитувана група) или со физиолошки раствор (контролна група). Забележан бил пораст на телесната температура непосредно по анестезијата кај животните, додека по индукцијата на глобалната мозочна исхемија следело намалување на температурата. Значаен пораст бил забележан околу 18 часа по индукцијата на исхемијата, но не била најдена сигнификантна разлика меѓу испитуваната и контролната група.

11. Andonovska B., Dimova C., Velickovski B., Panov S. Matrix metalloproteinase levels in chronic periapical lesions and inflamed dental pulps. *Balk J Stom*, 12: 20-25, 2008.

    Целта на истражувањето опишано во овој труд била да се определи корелацијата меѓу концентрациите на ткивните колагенази (матрикс-металопротеинази 1, 8 и 13) во хомогенизирани примероци од пациенти со хронични периапикални лезии и инфламирана забна пулпа, во однос на степенот на ткивна деструкција пред оперативниот зафат. Квантитативното определување на концентрациите на овие ензими е вршено со имуноензимска метода (ELISA). Авторите идентифицирале директна пропорционалност меѓу концентрациите на испитуваните протеолитички ензими во ткивото со степенот на оштетување и интензитетот на инфламаторниот процес.

12. Georgiev A., Panov S., Sadikario S. Association of APOCIII-*Sst*I polymorphism with coronary artery disease. *Mak. Med. Pregled*, 61: 97-101, 2007.

    Во овој труд е презентирана студијата за утврдување на поврзаноста на *apoCIII-SstI* полиморфизмот и појавата на атеросклероза и коронарна артериска болест (КАБ) кај македонската популација. Во студијата е применета амплификација со PCR и последователна рестрикциска ензимска дигестија за да се детектира *apoCIII-SstI* полиморфизмот кај ангиографски селектираните испитувана и контролна група испитаници. Резултатите од истражувањето укажуваат дека *apoCIII-SstI* полиморфизмот не е независен ризик-фактор за појава на КАБ, но најдена била асоцираност со вредностите на липидните фракции во серумот на испитаниците.

Од изборот во звањето доцент во декември 2005 година, д-р Панов досега учествувал со следниве конгресни презентации и апстракти:

1. Panov S. Pre-clinical research of using RNA interference in the cancer gene therapy. The Second Workshop: Pre-clinical testing of active substances on cancer and various model systems, FP7 Research Potential Programme CPCTAS, 12-17 October 2009. Supplementary Material.
2. Miova B., Dinevska-Kovkarovska S., Mithieux G. Rajas F., Mitev S., Panov S. Zitoun C. Altered glucose metabolism and gene expression in nicotinamide/streptozotocin heat-acclimated diabetic rats. *Balkan Journal of Clinical Laboratory*, XVII, 09, 1, p. 132, 2009.
3. Georgieva D., Zafiroski G., Poposka A., Panov S., Georgiev A., Dzoleva-Tolevska R. Molecular aspects of orthopedic diseases. Third International Congress of Macedonian Association of Orthopedics and Traumatology. Abstract Book, pp. 42-43, 2009.
4. Panov S. and Osmak M. RNA interference-mediated silencing of *bcl-2* and *hTERT* genes increases the sensitivity of human lung adenocarcinoma cells to cisplatin. *50 years of molecular biology in Croatia*. Zagreb. Abstract book. 20-21th November 2008.
5. Panov S. Molecular biology of the cervical cancer. Perspectives in Gynecological Oncology, *Meeting in* Ohrid, Book of Lectures, pp. 95-115, 2007.

**IV. Стручно-апликативна дејност**

Во рамките на апликативната активност на Лабораторијата за молекуларна биологија на Институтот за биологија при ПМФ, под раководство и супервизија на д-р Панов, досега се изработени околу 18000 молекуларни анализи за детекција и типизација на хуманиот папилома вирус (HPV) во дијагностички цели. Вовел и оптимизирал повеќе модификации на биомедицински методи во рамките на апликативната дејност на Лабораторијата која ја раководи.

По покана, д-р Панов одржал повеќе стручни и научни предавања во медицински институции. Назначен е за консултативен експерт и супервизор на молекуларно-биолошките анализи во Институтот за јавно здравство на Република Македонија. Д-р Панов е избран член на Европското здружение за хумана генетика (European Society of Human Genetics), избран член е на меѓународната Организација за човековиот геном (Human Genome Organisation - HUGO) и на Друштвото на биолозите на Република Македонија, како и на невладината Организација за поддршка на научни истражувања во Република Македонија, која функционира под патронат на Светската федерација на научници со седиште во Лозана, Швајцарија.

Д-р Панов е коавтор на поглавје во стручната книга објавена во САД: Milanova E., Trajkova K., Panov S., and Stojanovska V. Human Papilloma Virus Typisation by Polymerase Chain Reaction, Made on an Infected Tissue of the Uterine Cervix-Our Experience. 2007. In: Harold V. Vliet (Ed.) *Cancer Research*, Trends Nova Science Publishers. ISBN: 1-60021-522-X (9781600216480).

Сашо Панов е координатор на студиската програма од прв циклус (додипломски студии) по молекуларна биологија и раководител на постдипломските студии при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет. Учествувал во повеќе факултетски комисии и тела, а бил член и на уредувачкиот одбор на научното списание *Biologia Macedonica*. Значајно е да се истакне дека по покана, д-р Панов е избран рецензент на меѓународното научно списание *Toxicology In Vitro* (импакт фактор: 2,473 за 2008 год.) од потесното подрачје на испитувањата на цитотоксичните ефекти врз малигните клетки. Член е на Националната комисија за учебници, а учествувал во работата или е член на повеќе стручни комисии и тимови при органите на Министерството за образование и наука, како и во други институции.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна дејност, како и ангажманите од поширок општествен интерес, може да се заклучи дека д-р Сашо Панов имал забележителни активности и постигнал значајни резултати. Рецензентската комисија е едногласна во оценатa дека д-р Панов во извештајниот период има мошне обемна и успешна активност во сите сфери на академската работа и се оформи како солиден наставнонаучен работник.

Д-р Панов е автор на повеќе рецензирани универзитетски учебници, интерни практикуми и теориски скрипти, а вовел и нови содржини по предметите кои ги предава, што е резултат на долгогодишната активна работа во повеќе дисциплини. Успешно реализира настава на повеќе студиски групи и факултети, под негово менторство се изработени и одбранети повеќе докторски дисертации, магистерски и дипломски работи.

Научната активност на д-р Панов резултира со печатени трудови во домашни и странски списанија, учество на бројни научни собири со пленарни и секциски предавања, реализирани научноистражувачки проекти, воведување и оптимизирање на повеќе лабораториски методи, како и бројни ангажмани како супервизор и експерт за молекуларно-биолошки техники.

Д-р Панов се карактеризира со исклучителна инвентивност, креативност, педантност и професионалност. Со својот принципиелен и конструктивен однос во решавањето на задачите дава особен придонес во работата на Факултетот и пошироко. Покажа забележителна и мошне корисна општествена активност ангажирајќи се во бројни комисии, здруженија и издавачки совети во земјата и во странство.

Со оглед на сето погоре изнесено, како и според личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да го избере **д-р Сашо Панов** во звањето **вонреден професор** по предмети од наставно-научните области **молекуларна биологија**, **молекуларна генетика** и **генетски инженеринг** на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Гордана Димеска, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет с.р.

Д-р Мирјана Кочова, редовен професор на Медицинскиот факултет с.р.

Д-р Џоко Кунгуловски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Сашо Зоран Панов**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Природно-математички факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: биологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Автор на позитивно рецензиран универзитетски учебник „Основи на молекуларната биологија и молекуларната генетика" (со меѓународна рецензија објавена во Билтенот на УКИМ бр. 917 од 16.04.2007 година). | 8 |
| 2 | Предавања по предметот *молекуларна биологија* за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока во 2005/2006 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 3 | Предавања по предметот *основи на молекуларнаша биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2005/2006 година (3 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,8 |
| 4 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2005/2006 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 5 | Вежби по предметот *основи на молекуларнаша биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2005/2006 година (2 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 0,9 |
| 6 | Вежби по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по по хемија-насока аналитичка хемија во 2005/2006 година (3 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 1,35 |
| 7 | Предавања по предметот *молекуларна биологија* за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока во 2006/2007 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 8 | Предавања по предметот *основи на молекуларнаша биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2006/2007 година (3 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,8 |
| 9 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2006/2007 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 10 | Предавања по предметот *основи на молекуларнаша биологија* за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во 2006/2007 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 11 | Вежби по предметот *основи на молекуларнаша биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2006/2007 година (2 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 0,9 |
| 12 | Вежби по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по по хемија-насока аналитичка хемија во 2006/2007 година (3 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 1,35 |
| 13 | Предавања по предметот *молекуларна биологија* за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока во 2007/2008 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Предавања по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2007/2008 година (3 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,8 |
| 15 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2007/2008 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 16 | Предавања по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во 2007/2008 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 17 | Вежби по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2007/2008 година (3 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 1,35 |
| 18 | Вежби по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во 2007/2008 година (2 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 0,9 |
| 19 | Предавања по предметот *молекуларна биологија* за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока во 2008/2009 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 20 | Предавања по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2008/2009 година (3 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,8 |
| 21 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2008/2009 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 22 | Предавања по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во 2008/2009 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 23 | Вежби по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2008/2009 година (3 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 1,35 |
| 24 | Вежби по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во 2008/2009 година (2 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 0,9 |
| 25 | Предавања по предметот *молекуларна биологија* за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока во 2009/2010 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 26 | Предавања по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2009/2010 година (3 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,8 |
| 27 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2009/2010 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 28 | Предавања по предметот *основи на молекуларната биологија* за студиската програма од прв циклус на насоката биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во 2009/2010 година (2 часа x 15 недели x 0,04 бода) | 1,2 |
| 29 | Вежби по предметот *молекуларна генетика* за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија во 2009/2010 година (3 часа x 15 недели x 0,03 бода) | 1,35 |
| 30 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | молекуларна биологија во 2006/2007 година (30 часа x 0,05 бода) | |
| 31 | Предавања по предметот *генетски инженеринг* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2006/2007 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 32 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2007/2007 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 33 | Предавања по предметот *генетски инженеринг* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2007/2008 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 34 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2008/2009 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 34 | Предавања по предметот *генетски инженеринг* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2008/2009 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 36 | Предавања по предметот *молекуларна генетика* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2009/2010 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 37 | Предавања по предметот *генетски инженеринг* (задолжителен) за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија во 2009/2010 година (30 часа x 0,05 бода) | 1,5 |
| 38 | Автор на лабораториски практикум „Молекуларна генетика" за студиската програма од втор циклус по форензика-модул биологија | 3 |
| 39 | Автор на интерна скрипта од предавања „Молекуларна биологија“ за студиската програма од прв циклус по биологија-наставна насока | 4 |
| 40 | Автор на интерна скрипта од предавања „Основи на молекуларната биологија“ за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија | 4 |
| 41 | Автор на интерна скрипта од предавања „Молекуларна генетика" за студиската програма од прв циклус по хемија-насока аналитичка хемија | 4 |
| 42 | Автор на интерна скрипта од предавања „Основи на молекуларната биологија“ за студиската програма од прв циклус по биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет | 4 |
| 43 | Автор на интерна скрипта од предавања „Молекуларна генетика“ за студиската програма од втор циклус по биологија-насока молекуларна биологија | 4 |
| 44 | Автор на интерна скрипта за вежби „Молекуларна биологија“ за студиската програма од прв циклус по биологија-биохемиско-физиолошка насока | 3 |
| 45 | Ментор на дипломски работи (5 кандидати x 0,2 бода) | 1 |
| 46 | Член на комисии за одбрана на дипломски работи (3 канидати x 0,1 бод) | 0,3 |
| 47 | Член на Комисија за оцена и одбрана на специјалистичката работа „Корелација на менталната субнормалност со хромозомските аберации“. | 0,2 |
| | **Вкупно** | **80,65** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Cvetkovska E., Vasilevska K., Panov S., Vaskov T., Kuzmanovski I. Are there any clinical and eeg features associated with occurrence of executive dysfunctions in patients with JME? *Contributions, MASA*; 30(2): 213-26, 2010. (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 2 | Стојановска В., Панов С., Башеска Н., Јосифовска С., Димитров Г., Петановски З., Стојковски Ј., Хаџи-Лега М. Преваленција и дистрибуција на хуман папилома вирус кај клинички суспектни цервикални лезии. *Mak. Med. Pregled*, 63 (1): 17-24, 2009. (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 3 | Stojanovska V., Gligorov D., Dimitrov G., Basheska N., Panov S.* Age distribution of Human Papillomavirus infection among Macedonian females with cervical lesions. *Biol. Macedonica*, 61: 107-114, 2008. *=главен автор (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 4 | Velichkova-Acevska I., Dimeska G., Stojanovska V., Kochova M., Dimitrov G., Panov S.* Common $\Delta mtDNA^{4977}$ deletion in mitochondrial DNA in Macedonian patients with cervical carcinoma *in situ*. *Biol. Macedonica*, 61: 115-126, 2008. *=главен автор (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 5 | Marceska M., Soljakova M., Gjorgoski I., Panov S., Hristova J. The influence of the pharmacological pre-treatment on the post-ischemia neurological deficit. *Biol. Macedonica*, 61: 183-191, 2008. (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 6 | Андоновска Б., Димова Ц., Панов С. Концентрации на матрикс-металопротеиназите кај хронични периапикални лезии. *Apolonia*, 11(21): 33-44, 2008. (80% од 4 поени) | 3,2 |
| 7 | Andonovska B, Dimova C, Panov S. Matrix metalloproteinases (MMP-1, -8, -13) in chronic periapical lesions. *Vojnosanit Pregl.*; 65(12):882-6, 2008. (80% од 4 поени) | 3,2 |
| 8 | Georgiev A, Panov S, Sadikario S. Association of PvuII polymorphism in the lipoprotein lipase gene with the coronary artery disease in Macedonian population. *Contributions, MASA*; 29(2): 213-26, 2008. (80% од 4 поени) | 3,2 |
| 9 | Георгиев А., Панов С., Садикарио С., Бошков Б. Поврзаност на *LPL-MnlII* полиморфизмот со коронарната артериска болест. *Мак. мед. преглед*, 62 (1): 55-65, 2008. (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 10 | Marceska M., Soljakova M., Panov S., Cvetkovska B., Stefanovski I., Kartalov A. Effects of the pharmacological pre-treatment and global brain ischemia on the body temperature in experimental rats. *Maced J Med Sci.*; 1(2): 31-35, 2008. (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 11 | Andonovska B., Dimova C., Velickovski B., Panov S. Matrix metalloproteinase levels in chronic periapical lesions and inflamed dental pulps. *Balk J Stom*, 12: 20-25, 2008. (60% од 4 поени) | 2,4 |
| 12 | Georgiev A., Panov S., Sadikario S. Association of APOCIII-SstI polymorphism with coronary artery disease. *Mak. Med. Pregled*, 61: 97-101, 2007. (80% од 4 поени) | 3,2 |
| 13 | Труд објавен во зборник од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: Panov S. Molecular biology of the cervical cancer. Perspectives in Gynecological Oncology, *Meeting in* Ohrid, Book of Lectures, pp. 95-115, 2007. | 3 |
| 14 | Учество на научен собир со реферат: Panov S. Pre-clinical research of u16sing RNA interference in the cancer gene therapy. The Second Workshop: Pre-clinical testing of active substances on cancer and various model systems, FP7 Research Potential Programme CPCTAS. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Supplementary Material.12-17 October 2009. | |
| 15 | Учество на научен собир со реферат: Miova B., Dinevska-Kovkarovska S., Mithieux G. Rajas F., Mitev S., Panov S. Zitoun C. Altered glucose metabolism and gene expression in nicotinamide/streptozotocin heat-acclimated diabetic rats. *Balkan Journal of Clinical Laboratory*, XVII, 09, 1, p. 132, 2009. | 1 |
| 16 | Учество на научен собир со реферат: Georgieva D., Zafiroski G., Poposka A., Panov S., Georgiev A., Dzoleva-Tolevska R. Molecular aspects of orthopedic diseases. Third International Congress of Macedonian Association of Orthopedics and Traumatology. Abstract Book, pp. 42-43, 2009. | 1 |
| 17 | Учество на научен собир со реферат: Panov S. and Osmak M. RNA interference-mediated silencing of *bcl-2* and *hTERT* genes increases the sensitivity of human lung adenocarcinoma cells to cisplatin. *50 years of molecular biology in Croatia*. Zagreb. Abstract book. 20-21$^{th}$ Nov 2008. | 1 |
| 18 | Раководител на меѓународниот (македонско-хрватски) билатерален проект: „Засилување на ефектите на цитостатиците со потиснување на целните гени во туморските клетки (Enhancement of chemotherapy drugs effects by silencing of target genes in tumor cells), 2006-2007. | 9 |
| 19 | Учесник на меѓународниот FP7-проект (CPCTAS): „Центар за претклиничко испитување на активните супстанции“ (Centre for Pre-Clinical Testing of Active Substances) од Европската комисија. | 5 |
| 20 | Учесник и супкоординатор за модулот форензичка биологија на меѓународниот TEMPUS JEP-проект „Образовен систем од областа на форензиката (науката за материјалните докази) во Република Македонија“ (Education System in Forensic Sciences for the Republic of Macedonia - EDU_FOR_MK). | 5 |
| 21 | Ментор на докторската дисертација „Популациско-генетска структура на видовите од родот Barbus (*Pisces, Cyprinidae*) во Република Македонија определена со алоензимски и молекуларни (RAPD) маркери“ (одбранета) | 3 |
| 22 | Ментор на докторската дисертација „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните гени *NF-κB*, сурвивин и *bcl-2* во култури на малигни клетки“ (изработката е во тек) | 3 |
| 23 | Ментор на докторската дисертација „Влијание на тироидниот статус врз оксидативниот стрес и атерогенезата кај дислипидемични аполипопротеин Е дефицитни хомозиготни глувци ($ApoE\ KO^{-/-}$)“ (изработката е во тек) | 3 |
| 24 | Коментор на докторската дисертација „Влијание на полиморфизмите во гените за матрикс металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните процеси и акутните одонтогени инфекции“ (изработката е во тек) | 1,5 |
| 25 | Ментор на магистерската работа „Детекција и типизација на хуман папилома вирусот (HPV) со PCR-RFLP техника кај цервикални лезии“ (одбранета) | 1 |
| 26 | Ментор на магистерската работа „PCR-базирана детекција на делецијата $\Delta mtDNA^{4977}$ во митохондрискиот геном кај цервикален карцином“ (одбранета) | 1 |
| 27 | Ментор на магистерската работа „Компаративна анализа на микросателитска DNA кај изворно и изворно-селектирано шарпланинско куче“ (одбранета) | 1 |
| 28 | Ментор на магистерската работа „Флуоресцентна *in situ* хибридизација во детекцијата на хуманиот папилома вирус кај | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | цервикалните лезии" (изработката е во тек) | |
| 29 | Пленарно предавање: „RNA interference in cancer research на меѓународниот симпозиум: Current Advances in Chemosensitivity Testing in Cancer, Солун, Република Грција. | 3 |
| 30 | Пленарно предавање: „Molecular biology of the cervical cancer" на симпозиумот со меѓународно учество: Perspectives of Gynecological Oncology, во Охрид. | 3 |
| 31 | Предавање одржано по покана: „Use of the RNA interference in the cancer research" на Институтот Руѓер Бошковиќ во Загреб, Република Хрватска. | 1 |
| 32 | Секциско предавање: „Pre-clinical research of using RNA interference in the cancer gene therapy", на втората работилница: Претклинички испитувања на активните супстанции кај канцерот и други моделни системи (активност во рамките на CPCTAS FP7-проектот) на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот во Крагујевац, Република Србија. | 1 |
| 33 | Секциско предавање: „Современи сознанија за гениталната и за екстрагениталната инфекција со хуман папилома вирусот (HPV)" на годишниот состанок на Македонското здружение за колпоскопија и цервикална патологија, Скопје, декември 2008. | 1 |
| | **Вкупно** | **69,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности: воведување, оптимизација и супервизија на дијагностичките анализи за PCR-базирана детекција и RFLP-базирана генотипизација на хуман папилома вирусот (HPV) во повеќе од 18000 цервикални брисеви од гинеколошки пациенти. | 1 |
| 2 | Експертски активности: избран експерт и консултативен супервизор за молекуларно-биолошките и имунолошките техники за контрола на вакцините, интравенските течности и крвните продукти на Одделението за контрола на лекови при Институтот за јавно здравје на Република Македонија во Скопје. | 1 |
| 3 | Коавтор на поглавје во книга: Milanova E., Trajkova K., Panov S., and Stojanovska V. Human Papilloma Virus Typisation by Polymerase Chain Reaction, Made on an Infected Tissue of the Uterine Cervix-Our Experience. 2007. In: Harold V. Vliet (Ed.) *Cancer Research*, Trends Nova Science Publishers. ISBN: 1-60021-522-X (9781600216480). | 2 |
| 4 | Воведување и оптимизирање на лабораториска метода-модификација на флуоресцентна *in situ* хибридизација (FISH) за детекција на хуманиот папилома вирус во цервикални лезии | 4 |
| 5 | Воведување и оптимизирање на лабораториска метода-модификација на PCR-базирана детекција на *Chlamydia trachomatis* во брисеви и cytobrush-препарати | 4 |
| 6 | Воведување и оптимизирање на лабораториска метода-модификација на PCR-базирана детекција на *Trichomonas vaginalis* во брисеви и cytobrush-препарати | 4 |
| 7 | Воведување и оптимизирање на лабораториска метода-модификација на PCR-базирана детекција на *Ureaplasma urealyticum* во брисеви и cytobrush-препарати | 4 |
| 8 | Воведување и оптимизирање на лабораториска метода-модификација на PCR-базирана детекција на *Mycoplasma sp.* во брисеви и cytobrush-препарати | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 9 | Член на уредувачкиот одбор на научното списание *Biologia Macedonica* | 0,5 |
| 10 | Раководител на постдипломските студии при Институтот за биологија на ПМФ | 2 |
| 11 | Раководител на Зоолошкиот завод при Институтот за биологија на ПМФ (2006-2007) | 3 |
| 12 | Координатор на студиската програма од прв циклус (додипломски студии) по молекуларна биологија при Институтот за биологија на ПМФ | 1 |
| 13 | Член на комисија за избор во звање-научен соработник во Одделението за молекуларна биологија при ЈНУ Хидробиолошки институт во Охрид (д-р Лидија Велкова-Јордановска) | 0,2 |
| 14 | Претставник во Комисијата за Научниот комитет за управување со генетски модифицирани организми при Министерството за животна средина и просторно планирање | 1 |
| 15 | Учество во работната група за изготвување на Концепцијата за гимназиското образование и Концепцијата за општообразовните предмети во средното стручно образование | 2 |
| 16 | Член на Националната комисија за учебници | 1 |
| 17 | Член на рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот *биологија* за шесто одделение во основното осумгодишно образование | 1 |
| 18 | Член на стручниот тим за изработка на нова наставна програма по природа за IV одделение во деветгодишното образование | 1 |
| 19 | Член на стручниот тим за изработка на нова наставна програма по природни науки за V одделение во деветгодишното образование | 1 |
| 20 | Член на стручниот тим за изработка на нови наставни програми по биологија за VII, VIII и IX одделение во основно деветгодишно образование | 1 |
| 21 | Претседател на факултетската Комисија за спроведување на постапката за избор на декан на ПМФ (2007 год.) | 0,5 |
| 22 | Член на факултетската Комисија за изготвување на Правилник за внатрешната организација и работа на ПМФ | 0,5 |
| 23 | Член на факултетската Комисија за вработување на технички персонал | 0,5 |
| 24 | Член на факултетската Комисија за евалуација на високото образование (за студиските програми по биологија) | 0,5 |
| 25 | Учесник во проектот за подготовка на *Методологијата за изработка на учебници* (заеднички проект на Бирото за развој на образованието при МОН и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија) | 2 |
| | **Вкупно** | **42,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 80,65 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 69,50 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 42,70 |
| **Вкупно** | **192,85** |

**Членови на комисијата**

1. Проф. д-р Гордана Димеска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Мирјана Кочова, член с.р.
3. Проф. д-р Џоко Кунгуловски, член с.р.

# ПРЕГЛЕД

**на одобрена тема за изработка на специјалистички труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 24.06.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Силвана Илиоска-Златановиќ, дипломиран професор по биологија | „ВАЛИДАЦИЈА НА ПРОЦЕС НА ДЕПИРОГЕНИЗАЦИЈА СО СУВА ТОПЛИНА НА ОПРЕМА ЗА СТЕРИЛНО ПРОИЗВОДСТВО“ | - д-р Цоко Кунгуловски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Даниела Капушевска | Претприемништвото и лидерството во процесот на раст и развој на малите и средни претпријатија (МСП) | Д-р Дејан Пенџев |
| 2. | Џејхун Селим | Развојот на финансиски конгломерати кај старите и новите земји - членки на Европската унија | Д-р Неда Петроска-Ангеловска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АВТОРСКОТО ПРАВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДИГИТАЛНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАЈА КАМБОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 26.4.2010 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Камбовска под наслов „Авторското право во Европската унија и во Република Македонија: предизвици во дигиталното опкружување", во состав: д-р Гале Галев, редовен професор, д-р Арсен Јаневски, редовен професор, д-р Родна Живковска, редовен професор, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор и д-р Тони Дескоски, вонреден професор.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Содржина на трудот

Докторскиот труд „Авторското право во Европската унија и во Република Македонија: предизвици во дигиталното опкружување" содржи четири дела поделени на 11 глави и заклучни констатации, разработени на 305 страници текст со 749 фусноти, при што се користени 142 странски библиографски извори и 8

домашни библиографски извори, 43 прописи и придружни документи, 54 судски и други одлуки, 20 други документи (студии, извештаи и сл.) и 34 интернет-извори.

Основниот проблем кој е дефиниран како **предмет** на докторската дисертација е влијанието на дигиталните технологии врз авторското право во рамките на Европската унија и во Република Македонија. Во рамките на ова предметно определување, трудот се фокусира на влијанието на интернетот и новите технологии во насока на предефинирање на исклучивите права и ограничувањата на авторското право во дигиталниот простор, преку анализа на законодавната рамка на меѓународно, европско и национално рамниште, и нејзините практични импликации. Прашања кои се анализирани во рамките на дефинираниот предмет се аспектите на зајакнување на правата преку воведувањето технолошки мерки на заштита, ограничување на примената на исклучоците, мерките за зајакнување на спроведувањето на правата, како и импликациите од аспект на слободната трговија во рамките на ЕУ и правилата на конкуренција, зголеменото ниво на одговорност како резултат на зачестените дигитални повреди на правата, и промените во начинот на остварување на правата.

Главната **хипотеза** од која тргнува кандидатката е дека симбиозата на извршените реформи во авторското право, како одговор на новите технологии, не е најоптимално решение на долг рок бидејќи не ги балансира на соодветен начин сите засегнати интереси кои авторското право треба да ги промовира. Кандидатката, во елаборирањето на тезата, посочува дека спроведените законодавни реформи даваат поширока заштита на авторите и носителите на права. Преку стеснување на просторот на јавен интерес за пристап до делата, особено преку користењето електронски лиценци и технолошки мерки на заштита, дигиталното авторско право во значителна мера го намалува опсегот на законски дозволените ограничувања на исклучивите права. Ова во практиката ги доведува авторско-правните правила во конфликт со правилата на слободната конкуренција, и го ограничува правото на пристап на јавноста. Од друга страна, брзиот развој на технологиите е пречка за ефикасно и долгорочно спроведување на новите правила,

што доведува до чести повреди на авторското право на интернет, и до подложување на одговорност и сè построги санкции на корисниците, но и на провајдерите на технологии. Отежнато е и остварувањето на правата што го спречува создавањето на вистински заеднички дигитален пазар во Европа. Како реакција на ваквиот развој се појавуваат алтернативни начини на лиценцирање на делата, и нови и динамични модели на творештво и пласирање на авторски содржини.

**Цели** на истражувањето се да се појасни и елаборира правната рамка на ЕУ и во Македонија која се однесува на новините во авторското право во дигиталното опкружување; да се идентификуваат слабите точки во законската рамка; да се анализираат главните точки на судир меѓу технологиите и важечките авторско-правни норми; да се извлечат заклучоци и да се дадат препораки во однос на идниот тек на авторско-правното приспособување кон еволуирачките технологии; да се понудат конкретни забелешки и решенија за македонското законодавство, а воедно и да се разјаснат одредени нови концепти заради нивна полесна практична примена од институциите вклучени во заштита и спроведување на правата, но и заради нивно разбирање од страна на самите учесници во креативниот процес.

**Првиот дел** на докторската дисертација е наречен „Основни карактеристики на авторското право во дигиталното опкружување" и се состои од 2 глави. Воведот го позиционира проблемот на истражувањето, ги поставува централната теза, целите и структурата на истражувањето, го изложува користениот методолошки пристап, како и потребата и оправданоста на трудот. Во продолжение, кандидатката дава историски преглед на интеракцијата меѓу авторското право и новите технологии. Потоа е прикажана појавата и развојот на дигиталните технологии, нивните особености и главните предизвици кои тие ги поставуваат за авторското право. Во продолжение на овој дел се дадени основните економски концепти применливи на авторското право и промените во економиката на дигиталното авторско право заради намалените трошоци на репродукција и дистрибуција на делата.

**Вториот дел,** „Законодавните реформи на авторското право", претставува синтеза на извршените модификации на правната рамка на меѓународно ниво, на нивно на ЕУ, и на национално ниво. Посебно се анализирани двата „интернет-договори" на СОИС, директивата 2001/29 на ЕУ, и македонскиот Закон за авторското право и сродните права. Во овој дел е даден осврт на најзначајните реформи во однос на исклучивите права, со анализа особено на правото на репродукција и правото на јавно соопштување во чии рамки е воведено новото право на ставање на располагање на јавноста. Понатаму, кандидатката ги анализира технолошките мерки на заштита како средство предвидено за дигитална заштита и спроведување на исклучивите права, преку нивно дефинирање, објаснување на основните видови, правната рамка и проблемите кои произлегуваат од примена на мерките. Во продолжение се анализирани ограничувањата на материјалните права и нивната примена во дигиталното опкружување. Опфатен е тестот од три чекори, како и поважните ограничувања кои се најзасегнати со дигиталните технологии - новововедениот исклучок за привремени репродукции како дел од технолошки процес, приватното копирање, ограничувањата од јавен интерес во дигиталната средина, исклучокот за интероперабилност. Во овој дел кандидатката го испитува и влијанието на технолошките мерки на заштита врз исклучоците во дигитални услови.

**Третиот дел** на докторската дисертација е насловен „Предизвици за дигиталното авторско право". Во овој дел кандидатката подлабоко навлегува во истражување на проблемите во примена на воспоставената авторско-правна рамка. Преку анализа на Договорот за функционирање на ЕУ и судската практика се истакнуваат тешкотиите со функционирањето на внатрешниот пазар на ЕУ заради територијалноста на авторското право. Натаму, кандидатката го испитува односот меѓу авторското право, правото на конкуренција и положбата на крајните корисници од аспект на дигиталните договорни практики за користење авторски дела на интернет. Како зачестена појава со развојот на дигиталните технологии се истражува и одговорноста за повреда на правото, како на корисниците така и на софтверските провајдери, а во тој контекст е анализирана и улогата на интернет-сервис провајдерите како субјекти кои имаат специфична улога на посредници во

дигиталниот простор. На крајот од овој дел е даден осврт на остварувањето во дигиталното опкружување. Посочена е зголемената ефикасност на индивидуалното остварување и проблемите околу колективното остварување, и појавата на Creative commons-лиценците.

**Четвртиот дел** на трудот е наречен „Иднината на авторското право во дигиталната ера". Во овој дел кандидатката најнапред ги посочува новите појавни трендови на колаборативно творештво кои се развиваат со помош на информатичката технологија. Анализата најпрво се осврнува на open source-софтверот, а потоа ги опфаќа и разните дигитални форми на творештво и пласирање содржини. Испитани се можностите за остварување на правата преку разните модели за лиценцирање на делата, чија примарна цел е да се предефинира балансот на интереси. Во контекст на перспективите, кандидатката ги антиципира и правците на развој на улогата на посредниците - интернет-сервис провајдерите и носителите на сродни права кои се јавуваат како дистрибутери на авторските содржини. Во продолжение, кандидатката ги резимира актуелните трендови на законодавната хармонизација во ЕУ и во Република Македонија, кои главно се фокусираат на зајакнато спроведување и остварување на правата, и дава сугестии за идните насоки на развој кои претпоставуваат поголема флексибилност на правната рамка и подобро балансирање на различните интереси. На крајот на овој дел кандидатката ги дава и своите заклучни согледувања и предлози. Кандидатката дава резиме на докторската дисертација, со забелешки и согледувања за поставените проблеми, со акцент на потребата од коригирање на правната рамка заради нејзино приспособување на пазарната и технолошка реалност на интернет-просторот. Кандидатката согледува дека во рамките на Европската унија постои проблем да се воспостави внатрешен пазар на дигитални добра и услуги. Натаму, укажува дека силната авторско-правна заштита и мерките на заштита ја попречуваат конкуренцијата и ги отежнуваат можностите за создавање нови производи и за пласирање на авторски дела на пазарот. Кандидатката констатира дека брзиот развој на технологиите е пречка за ефикасно спроведување на новите правила, што резултира со чести повреди на авторското право на интернет и зголемен степен на одговорност и построги санкции. Во однос на остварувањето,

заклучокот е дека во дигиталната средина индивидуалното остварување е полесно заради примената на технолошки мерки на заштита и директната комуникација на креаторите со публиката. Кандидатката, генерално, основите за надминување на дигиталниот јаз меѓу правото и технологијата ги лоцира во подигнување на општата свест и промовирање на економскиот потенцијал на авторското право, поефикасна практична имплементација на законските норми, а се истакнува и потребата од користење на правото на конкуренција како коректив во одредени ситуации. На крајот, кандидатката дава и конкретни предлози во насока на унапредување на законската рамка и примена и толкување на одредени нови концепти, како и долгорочни препораки кои треба да се земат предвид во креирање на општата авторско-правна политика.

**Оцена и предлог**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Камбовска под наслов „Авторското право во Европската унија и во Република Македонија: предизвици во дигиталното опкружување" обработува една вонредно интересна и интердисциплинарна проблематика и тема, која веруваме дека ќе наиде на слух кај научната и стручната јавност во соодветните научни подрачја во Република Македонија.

Во трудот мошне успешно се акцентира влијанието на дигиталните технологии врз авторското право во рамките на Европската унија и во Република Македонија, како и влијанието на интернетот и новите технологии во насока на предефинирање на исклучивите права и ограничувањата на авторското право во дигиталниот простор, преку анализа на законодавната рамка на меѓународно, европско и национално рамниште, и нејзините практични импликации. Во оваа дисертација мошне успешно се идентифицира тезата на кандидатката, односно дека

симбиозата на извршените реформи во авторското право, како одговор на новите технологии, не е најоптимално решение на долг рок бидејќи не ги балансира на соодветен начин сите засегнати интереси што авторското право треба да ги промовира. Имено, кандидатката на мошне прегнантен начин посочува дека спроведените законодавни реформи даваат поширока заштита на авторите и носителите на права. Од особено значење е заклучокот на кандидатката дека ваквиот пристап, во практиката, ги доведува авторско-правните правила во конфликт со правилата на слободната конкуренција, и го ограничува правото на пристап на јавноста. Дотолку повеќе, според кандидатката, отежнато е и остварувањето на правата, што го спречува создавањето на вистински заеднички дигитален пазар во Европа.

Резултатите од истражувачките активности на кандидатката се интерпретирани на достапен и популарен начин и се сублимирани во текст кој обезбедува теоретска и практична свиденција на посочените проблеми. Од особено значење се посочувањата на кандидатката на алтернативните начини на лиценцирање на делата и новите и динамични модели на творештво и пласирање на авторски содржини. Притоа, кандидатката ги идентификува слабите точки во законската рамка, вршејќи притоа темелна анализа на главните точки на судир меѓу појавата и ефектуирањето на новите технологии и важечките авторско-правни норми, извлекува суштествени заклучоци и дава препораки во однос на идниот тек на авторско-правното приспособување кон еволуирачките технологии, нуди конкретни забелешки и решенија за македонското законодавство, а воедно и разјаснува одредени нови концепти со цел нивна полесна практична примена од институциите вклучени во заштита и спроведување на правата, но и заради нивно разбирање од страна на самите учесници во креативниот процес.

Врз основа на изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај и позитивната оцена на трудот и да ѝ овозможи на кандидатката **м-р Маја Камбовска** јавно да ја одбрани докторската дисертација под наслов **„Авторското право во Европската унија и во Република Македонија: предизвици во дигиталното опкружување“.**

**Комисија:**

**Д-р Гале Галев, редовен професор, с.р.**

**Д-р Арсен Јаневски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Родна Живковска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Тони Дескоски, вонреден професор, с.р.**

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ана Колиќ | Криминолошки аспекти на фудбалскиот хулиганизам во Република Македонија | Д-р Г.Бужаровска |
| Маријана Талевска | Меѓународна политика на животната средина | Д-р Д.Малески |
| Наташа Стаменковиќ | Критериумот за соработка со Меѓународниот Кривичен трибунал за Поранешна Југославија, како ретрибутивен елемент на транзиционата правда и политиката на проширување на Европската унија | Д-р Т.Петрушевска |
| Ивана Петрова | Гласање на доверба и недоверба на Владата како облик на остварување на политичка одговорност на носителите на политички функции | Д-р Б.Давитковски |
| Владо Алексиески | Жалба како редовен правен лек во управно-судската постапка | Д-р Б.Давитковски |
| Христина Јоноска | Регрутирање на кадри во јавната и државна администрација | Д-р А.Павловска Данева |
| Марија Стојкоска | Институтот молчење на администрацијата, негово правно регулирање во Република Македонија и компаративно | Д-р А.Павловска Данева |
| Николина Китановска | Облици на остварување на политичка одговорност | Д-р А.Павловска Данева |
| Илија Руменов | Хашката конвенција за граѓанско правните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година наспроти универзалните и | Д-р Н.Гавроска |

| | | |
|---|---|---|
| | регионални предизвици | |
| Елена Мујоска | Кривично правни аспекти на производството и дистрибуцијата на детската порнографија | Д-р В.Камбовски |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
на седницата одржана на 1.7.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јовица Стефановски | Оптимизација на параметрите на апаратите за сеидба кај земјоделската механизација | Доц. д-р Виктор Стојмановски |
| Валентина Цупиќ Нешовска | Аудит на информациски системи | Проф. д-р Роберт Миновски |
| Бојана Трајаноска | Нумеричко моделирање и анализа на заварени врски | Вон. проф. д-р Зоран Богатиноски |
| Бојан Јовановски | Анализа на индикаторите кои ја определуваат иновативноста на ниво на држава/регион | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Никола Бендевски | Примена на принципите на современиот проектен менаџмент при планирање и имплементација на техничка опрема на сихронизирана производна линија | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Трајче Велковски | Анализа на професионалните компетенции согласно барањата на стопанството | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Бранко Чурилов | Конкурентно инженерство преку примена на нови технологии и процеси на македонските компании | Вон. проф. д-р Атанас Кочов |
| Џалева Ана | Анализа на перформансите на логистичките процеси во рамките на менаџирањето на снабдувачките синџири | Вон. проф. д-р Атанас Кочов |

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРАЛНА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и 26/09) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по предлог на Кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 8. редовна седница одржана на 25.5.2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на 2 асистента по група предмети од областа орална хирургија на Катедрата за орална хирургија, во состав:

1. проф. д-р Борис Величковски
2. проф. д-р Елена Петкова
3. проф. д-р Алберто Бенедети

На конкурсот објавен во весникот „Вечер" на 13. 4. 2010 година, се пријавија ас. д-р Љуба Симјановска и ас. д-р Марина Кацарска, асистенти на Клиниката за орална хирургија при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар во Скопје.

Рецензентската комисија, откако ја разгледа приложената документација и врз основа на повеќегодишната соработка со кандидатките, го презентира следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ас. д-р Љуба Симјановска е родена на 16. IV 1961 година во с.Борово-Крива Паланка. Основното образование го завршила во родното место, а понатамошното школување го продолжила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје.

На Стоматолошкиот факултет се запишала во 1980/81 година, а во 1985 година дипломирала.

Во 1989 година се вработила на Стоматолошките клиники во Скопје, на Одделот за орална хирургија, каде што добила и специјализација по специјалноста орална хирургија во 1992 година и ја завршила во 1996 година.

За помлад асистент на оваа Клиника е избрана во 1997 година, а во 2000 година е реизбрана во истото звање.

Постдипломските студии ги завршила во 1999 година, а во април 2002 година го одбранила магистерскиот труд со наслов: „Рационална процена на можните алергиски и псевдоалергиски реакции на локалните анестетици при оралнохирушки интервенции".

Во 2003 година е избрана за асистент на оваа Клиника, а во 2006 година е реизбрана во истото звање.

Активно го познава францускиот јазик.

Во текот на работата има учествувано како автор или коавтор на повеќе (75) научни теми на стручно-научни конгреси во земјата и надвор од неа.

Исто така била ментор на повеќе студентски теми во земјата и на една во странство.

На постедукативниот курс по орална хирургија во Скопје, во Декември 1995 година зела активно учество, како и активно учество во работата на 1. Конгрес на стоматолозите на Македонија. За учеството на 2. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество се здобила со диплома. На Третиот конгрес на стоматолозите на Македонија покрај активното учество, има добиено Благодарница во знак на придонес во научната програма на Конгресот.

Добитник е на Пофалница по повод 40-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет во знак на признание за успешно извршување на задачите на Стоматолошкиот факултет.

Досега има учествувано на неколку семинари и конгреси, како и на орално-хируршка секција во Републиката на кои има учествувано со свои предавања.

Исто така има добиено Диплома од Македонското лекарско друштво по повод 7 Април Светскиот ден на здравјето.

Има реализирано стручен престој на Стоматолошкиот факултет во Белград во 2003 година. Исто така има учествувано на повеќе курсеви и семинари за различна проблематика, меѓу кои и за професионалните алергиски заболувања. Во 2008 година учествувала на курсот за употреба на ласерот во стоматологијата во Љубљана-Словенија, каде што има добиено и сертификат за него.

Во 2006 и 2007 година била одликувана со Признаница за најдобар работник на Клиниката за орална хирургија од работната организација.

Својата докторска дисертација под наслов **„Рационална дијагностичка и прогностичка проценка на можните алергиски реакции на локални анестетици – in vivo и in vitro тестирања-** ја одбранила во 2009 година.

## СТРУЧНА НАСТАВНА И НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката ас. д-р Симјановска покажува перманентен подем како на стручен план во решавањето на оралнохируршката проблематика, било од амбулантно-клиничката или од клиничко-оперативната процедура, така и во научноистражувачката работа. Активно е вклучена во изведувањето на клиничко-студентските вежби, како и едукација на идните специјалисти по орална хирургија, демонстрирајќи притоа препознатлива тактичност, стручност, трпеливост, педагошки осет и прифатлива апликативност, давајќи го на тој начин својот личен придонес во севкупното настојување за што поквалитетна едукација на идните млади доктори и специјалисти-стоматолози. Своите работни обврски ги извршува успешно и навремено, а афинитетот за научноистражувачка работа го финализира со одбрана на докторска дисертација, со изработка на повеќе трудови и со активно учество на повеќе конгреси и постедукативни семинари во земјата и надвор од неа (како автор или коавтор).

## СПИСОК НА ПЕЧАТЕНИ ТРУДОВИ

Од последниот реизбор за асистент со магистериум во 2006 година, кандидатката ги има изработено следниве трудови:

**1. PENICILLIN ALLERY IN ASTHMATIC AND NONASTHMATIC SUBJECTS.**
Z Stojanovski, J. Minov, Lj. Simjanovska.
Healt Center, Skopje, Fakulty of Dentistry Skopje,RM.
1st Congress of the Association doctors GP/FM South-East Europe (AGP/FM SEE) Ohrid, June 2006. Republic of Macedonia. (Abstract book);105.
Во трудот се анализирани две групи на пациенти (вкупно 130): астматичари и неастматичари, кај кои е испитувана преваленцата кон алергија на пеницилин. Резултатите кои се добиени укажуваат на тоа дека кожните промени кои се јавуваат при алергија на пеницилин кај астматичните пациенти не покажуваат некои сигнификантни разлики во однос на истите промени кај неастматичните пациенти. Тоа укажува на фактот дека одредена превалентност кон алергија на пеницилин не е забележана помеѓу двете групи на испитаници (астматичарите и неастматичарите).

**2. ДЕНТОГЕНИ ФОКУСИ И НИВНО РЕШАВАЊЕ**
Симјановска Љ, Јакимовик-Тасевска К, Симјановски С, Спиров В.
3. Конгрес за превентивна медицина на Македонија - со меѓународно учество, октомври 2006, Охрид, Република Македонија (Зборник на резимеа);47.
Во трудот се истакнува значењето на меѓусебната поврзаност на дентогените фокуси кои настануваат како последица од некое општо заболување , а се рефлектираат во максило-фацијалната регија. Исто така објаснети се можностите за нивно решавање со цел и забот причинител да биде сочуван во забниот низ. Во случај кога сите можност за зачувување на забот се исцрпени, постапката завршува со негова екстракција, секако, лекување и на основното заболување.

**3. C-РЕАКТИВНИОТ ПРОТЕИН (C-RP) И ЗДРАВЈЕТО**
Јакимовиќ- Тасевска К, Симјановска Љ, Симјановски С.
3. Конгрес за превентивна медицина на Македонија - со меѓународно учество, октомври 2006 Охрид, Република Македонија (Зборник на резимеа);47.
Во овој труд авторите ја истакнуваат значајноста на C-RP кој има големо влијание во превенција на инфекциите во стоматологијата, како и нивно третирање. Наведени се методите со помош на кои е мерена количината на C-RP во крвта и кај кои пациенти, па според добиените резултати од мерењето е извршена превенција од постојната или последователна инфекција. Резултатите го потврдуваат значењето на C-RP во превенција на потенцијалните инфекции кои на првиот преглед прелиминарно не постојат.

**4. ЗАПЕЧАТУВАЊЕ НА ФИСУРИ НА МОЛАРИ И ПРЕМОЛАРИ КАЈ ДЕЦАТА**
Тодоровска Г, Симјановска Љ.
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006 (Зборник на апстракти); 14.
Покрај другите методи во превенирање и третман на кариес во детската возраст, секако и залевањето на фисури кај премоларните и моларните заби е метода која е препорачлива и прифатлива. Средствата кои се користат се со многу добар квалитет, немаат иритативен ефект, децата не се изложени на болка, ја прифаќаат без страв, а со тоа се стекнуваат и со добра навика за чување на своето здравје. Можноста за кариес по залевањето на фисури е

минимална, благодарение на раната превенција и на самите материјали за залевање.

## 5. РАДИОГРАФСКА ПРОЦЕНКА НА ЕРУПЦИЈА НА МАКСИЛАРНИТЕ КАНИНИ

Ќурчиева-Чучкова Г, Поп Стефанов-Трповска М, Манева М, Симјановска Љ.
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006 (Зборник на апстракти); 32.
Радиографската проценка на ерупцијата на канините е многу битен фактор во понатамошната ортодонтска терапија. За да се одреди нивната позиционираност, потребно е да се направат и други РТГ- снимки, како и нивна анализа што е наведено во трудот. Според позиционираноста, резултатите од 100 испитаници покажаа дека најчеста локализација на канините е од палатиналната страна. Во зависност од нивната позиција/ поставеност во максилата, како и перзистенција на нивните претходници се планира понатамошниот тек на само ортодонтска или комбинирана ортодонтско-хируршка терапија. Наведени се и неколку примери кога РТГ-анализата оди во прилог на ретенција на забот во коска и кога е неопходно дополнително решение (хируршка терапија).

## 6.УЛТРАСТРУКТУРАТА НА АТХЕЗИВНАТА ПОВРШИНА ПОД АТХЕЗИВНИОТ СИСТЕМ ПРИ УПОТРБА НА ПОДЛОГА ОД КАЛЦИУМ ХИДРОКСИД

Стојановска В, Поповска Л, Муратовска И, Ренџова В, Симјановска Љ, Кипровски М.
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006 (Зборник на апстракти); 40-41.
Во трудот авторите го истакнуваат значењето на калциум хидроксидот пред поставување на атхезивните средства кај подлабоките кавитети. Целта на трудот е да се истакне значењето на морфолошките промени на дентинот под композитните полнења со и без подлога од калциум хидроксид. По ин витро спроведените испитувања кај 20 заби кои се анализирани со СЕМ, резултатите покажаат дека ултраструктурата кај забите каде што е поставена заштитна подлога отсаствува на хибриден слој и атхезивната врска.

## 7. ОРТОДОНТСКО-ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ИМПАКТИРАН МАКСИЛАРЕН КАНИН - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Манева М, Зужелова М, Симјановска Љ, Манев И
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006 (Зборник на абстракти); 33.
Комбинираниот ортодонтско-хируршки третман на импактираните максиларни канини придружен со хипердонтичен заб во пределот на импакцијата, како и перзистенцијата на млечните втори молари е од исклучителна важност. За да се одреди точната локализација, направени се неколку РТГ анализи кои се опишани во овој труд, како и студио модели и дефинитивен терапевтски план за решавање на овој случај. Во трудот е прикажан целосно случајот од почетокот на неговото дијагностицирање преку неговите фази на третман се до негово успешно решавање.

## 8. ХИПЕРДОНЦИЈА И НИКНУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИТЕ ЗАБИ

Јакимовиќ- Тасевска К, Симјановски С, Апостолова Г, Симјановска Љ, Манева М
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006 (Зборник на апстракти); 45.
Во трудот се истакнува значајноста на прекубројните заби кои имаат големо влијание во нормалното никнење на постојаните заби и кои можат да бидат

директни причинители за импактираност. Исто така, авторите прикажуваат една ретроспектива на нивна застапеност како во процентуален соодност, каде што хипердонцијата е со поголема процентуална застапеност во горната вилица во однос на долната вилица, така и во однос на полот. Опишани се и различни хируршки техники на решавање во зависност од случајот, како неопходни и единствени решенија без кои не би можело успешно да се реши постојната хипердонција и да му се дозволи нормално никнење на забот во забниот низ.

**9. ХИПЕРПЛАЗИИТЕ И НИВНОТО ОРАЛНО-ПРОТЕТСКО ЗГРИЖУВАЊЕ**

Симјановска Љ, Бајевска Ј, Стојановска В, Симјановски С, Пеева М, Ќурчиева Г.

IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006 (Зборник на апстракти); 46.

Покрај разните етиолошки фактори за предизвикување на хиперплазиите во усната празнина, авторите го наведуваат и долгото носење на мобилните помагала или нивната несоодветна изработка како најчест причинител. Опишани се хируршките и дијагностичките методи, при што на патохистолошката веригикација и се дава најголемо значење како најсофицистирана метода со која се потврдува промената. Во трудот се напоменува дека, за терапијата да биде успешна, покрај хируршкото отстранување на хиперплазијата мора да се изработи и ново протетско помагало.

**10. ОДОНТОГЕНАТА ИНФЕКЦИЈА И МАКРОЛИДИТЕ КАКО ЛЕК НА ИЗБОР КАЈ ПАЦИЕНТИ АЛЕРГИЧНИ НА ПЕНИЦИЛИН**

Јакимовиќ- Тасевска К, Симјановска Љ, Марковска - Арсовска М,Симјановски С, Арсовски З.

IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006 (Зборник на апстракти); 46.

Одонтогените инфекции, како и нивните форми кои се доста чести во стоматолошката практика и кои успешно се решаваат со давање на антибиотска терапија, се наведени во овој труд. Проблем при избор на антибиотска терапија кај одонтогените инфекции претставуваат пациентите кои се алергични на пеницилин. Кај овие пациенти како лек на избор се макролидите, кои покажале добар резултат во санирање на инфекцијата кај 22 пациента кај кои е ординиран ваков тип на терапија. Во однос на добиените резултати по давањето на макролидите, споредена со пациенти третирани со Penicillin, нема некоја драстична разлика во однос на смирување на симптомите од инфекцијата.

**11. PREPROSTHETIC SOLVING A TORUS MANDIBULARIS**

Simjanovska Lj, Jankulovska E, Jakimovik-Tasevska K, Simjanovski S, Markovska M.

11$^{th}$ Congres of the BaSS, Saraevo, May 2006. (Abstract book);125

Иако торус мандибуларис се среќава многу поретко, тој претставува проблем во решавањето на протетската конструкција. Во конкретниот случај прикажан е случај кај кој се среќава билатерален torus mandibularis и каде што е индицирана хируршка интервенција, а претходно се направени и останатите неопходни подготовки и план на терапија во консултација со протетичар, кои се наведени од страна на авторите во трудот. Единствено можно решение со успешено изработен протетски надоместок е секако првично извршена хируршка интервенција.

**12. УЛОГАТА НА ФЕМ 7 (хормонска терапија) ВО САНАЦИЈА НА КОСКЕНИТЕ ДЕФЕКТИ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗАЛНИ ЖЕНИ: РЕНДГЕНОЛОШКА И КОМПЈУТЕРСКА АНАЛИЗА.**

Симјановска Љ., Антовска В., Симјановски С.

Македонски стоматолошки преглед, број 2, Скопје, 2006;202-208 **(in extenso)**

Во трудот е истакнато значењето на хормонската терапија во зараснување на рани по оралнохируршките интервенции кај жени по менопауза, бидејќи во постменопаузалната фаза доаѓа до забрзување на коскениот „турновер" зголемување на бројот на единиците на ремоделирање, а со тоа доаѓа и до зголемување на коскената загуба. Оваријалните хормони се важни регулатори на коскениот метаболизам, кој регулатор се губи во постменопаузата. Испитувањето направено кај 30 пациентки е проследено со РТГ- наоди и компјутерски наоди- Auto cad map. Половината од овие пациентки се во постменопауза и се третирани со ХЗТ, а другата половина се генеративни (не се во постменопауза) и не се третирани со ХЗТ. Компаративната анализа меѓу овие две групи укажува дека резултатите не покажуваат на некоја сигнификантна разлика меѓу испитаничките. Врз основа на добиените резултати доаѓаме до заклучок дека ХЗТ има позитивно влијание врз зараснувањето на коскените дефекти, зараснувањето на раните во усната празнина, и има позитивно влијание и врз другите проследувачки субјективни тешкотии и мачнини со кои се среќаваат пациентките.

**13. ОПШТА АНЕСТЕЗИЈА И ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ.**

Симјановска Љ., Јаќимовиќ- Тасевска К.

Македонски стоматолошки преглед, број 2, Скопје 2006;219-224 **(in extenso)**

Употребата на општа анестезија во стоматологијата е повеќе застапена (особено во земјите на западниот свет), а во контекст на тој факт се и различните состојби кај кои е индицирана нејзината употреба и предностите кои се постигнуваат во исто време и авторите извршиле една ретроспективна анализа за употребата на општата анестезија и извршените орално хируршки интервенции во стоматолошката практика. При оваа анализа, предмет на испитување се само орално хируршките интервенции кои се извршени во општа анестезија при што другите стоматолошки интервенции не се предмет на ова студија. Специфичноста на примената на општата анестезија за извршување на стоматолошките хируршки интервенции е во тоа што, стоматологот хирург и анестезиологот делат исто работно поле, а ваквите интервенции не можат да се извршат без тимска работа.

**14. EPULIS GIGANTOCELLULARIS- A CASE REPORT**

Popovska-Gdorovska M., Kacarska M., Simjanovska Lj., Spirov V., Jovanovski I.

First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia.

Во овој труд е презентиран случај на epulis gigantocellularis кај младо момче од 10 -годишна возраст. Авторите ги наведуваат можните причини за неговата појава, како и неговите микроскопски и патохистолошки одлики. Презентирана е и хируршката техника за in toto отстранување на туморот, а како заклучок на целиот случај е дадена препорака дека здравствената хигиена и грижата за забите мора да биде на високо ниво.

**15. EPULIS FIBROMATOSUM (CASE REPORT)**

Simjanovska LJ., Jaćimović-Tasevska K., Simjanovski S., Popovska M., Gerasimova S.

First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia.

Авторите во овој труд прикажуваат многу интересен случај на епулис фиброматозум, чија етиологија најверојатно е иритативна, имајќи ги предвид анамнестичките податоци, направените патохистолошки иследувања и

секако, клиничкиот преглед. Објаснета е исто така и хируршката техника со која е отстранета оваа промена, при што се потенцира важноста од патохистолошкиот преглед на промената.

**16. LOKAL COMPLICATION CAUSED BY IMPACTED LOWER SECOND MOLAR**
Gerasimova S., Peeva M., Simjanovska LJ., Pisevka N., Josifov D.
First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia.
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945 од 1.7.2008 година на Универзитетот „св Кирил и Методиј" во Скопје.

**17. AUTOLOGOUS PLATELET RICH PLASMA FOR LOKAL APPLICATION IN JAW BONE REGENERATION**
Peeva M., Janeva V., Gerasimova S., Simjanovska Lj., Grnčarovski A.
First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia.
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945 од 1.7.2008 година на Универзитетот „св Кирил и Методиј" во Скопје.

**18. INADEQUATE AND WRONG TIMED THERAPY-REASON FOR EXTRACTION OF IMPACTED TEETH (CASE REPORT)**
Jaćimović-Tasevska K., Simjanovska LJ., Simjanovski S.,Popovski D.
First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia.
Целта на трудот е да се прикаже еден многу интересен случај на импакција во долната вилица и негово хируршко третирање. Разјаснет е самиот поим на импакција, застапеноста, можните причинители и можноста за решавање. Даден е осврт на раното дијагностицирање на импактираноста со цел да се избегнат последиците кои се нејзин придружен елемент. Во сите случаи каде е неопходна хируршка интервенција, пожелно би било, таа да не се пролонгира.

**19. THE USAGE OF SURGIPLASTER G170 MATHERIAL IN THE TREATMENT OF MAXILLARY RESIDUAL CYST (CASE REPORT)**
Apostolova G., Velevska D., Simjanovska Lj.
First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia
Во трудот авторите прикажуваат случај на резидуална циста кај 46- годишна пациентка, која е решена по хируршки пат со апликација на алопластичен материјал. Наведени се позитивните својства на алопластичниот материјал: остеокондуктивно дејство, способност за ремоделирање на коска и затворање на коскениот кавитет и добра биокомпатибилност, кои својства се евидентни по направената РТГ-снимка, една година по извршената интервенција.

**20. ORAL SURGERY-PROSTODONTIC TREATMENT DURING BRIDGE-CONSTRUCTION FABRIKATION**
J. Bajevska, Lj Simjanovska
12th Congres of the BaSS Istanbul, Turkiye 12-14 April 2007
Претпротетската хирургија има големо значење во понатамошното фиксно протетско згрижување кај пациентите кај кои постои можност да се коригира алвеоларниот гребен и да се постави идната мостова конструкција. Авторите се осврнуваат на повеќе примери од нивната практика каде што била индицирана хируршка постапка со цел да се овозможи доволна висина и ширина на алвеоларниот гребен, а исто така да се остранат и причините

поради кои пациентите се принудени често да ја посетуваат стоматолошката ординација. Опишани се и хируршките процедури со кои се направени корекциите на гребенот и е постигната една совршена оклузално гингивална висина и добра естетика и функција на идната мостова конструкција.

**21.ЛОКАЛНИТЕ АНЕСТЕТИЦИ КАКО МОЖЕН ФАКТОР ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА ( LOKAL ANESTHETICS AS POSSIBLE ETIOLOGICAL FACTOR CAUSING AN ALERGICAL REACTION)**

Lj. Simjanovska ,S. Simjanovski.

Internacional Congres "Dentistri Today. 18,19,20 April 2008 Struga,Macedonia.

Иако за локалните анестетици се смета дека се ретки причинители за предизвикување на алергиска реакција, сепак такви реакции се случуваат. Во трудот се изнесени некои од кожните тестирања со кои можат да се потврдат тие на неколку типа анестетици кои се користат во стоматолошката практика. Интересен е фактот дека при prick-тестирањето се добиени позитивни алерготестови, и тоа на Lidocain-от. А како заклучок се наметнува фактот дека кај високоризичните пациенти потребно е да се направи алерголошко тестирање.

**22. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РИЗИК ОД АНАФИЛАКСА (ИР) СО ИНКРИМИНИРАНИОТ АГЕНС (RISK EVALUATION OF ANAFILAXA-RISK INDEX) WITH THE INCREMENT AGENCE)**

Lj. Simjanovska, K. Jacimovic-Tasevska, S. Simjanovski, M Markovska-Arsovska.

Internacional Congres "Dentistri Today. 18,19,20 April 2008 Struga,Macedonia.

Ризикот на анафилакса би можело и да се предвиди кога анамнестичките податоци ќе се земат детално, а исто така и ќе се пресметаат и бодираат во посебно изготвена шема за наша употреба. Таа шема е детално разработена и претставена со цел пациентите правилно да бидат тријажирани за понатамошно кожно тестирање. Пациентите според овој индекс на ризик се поделени во четири групи, при што најризична е четвртата група, каде што и кожното тестирање е со голем ризик за изведување и секогаш при рака мора да се има антишок- терапија.

**23. ОДОНТОГЕНАТА ИНФЕКЦИЈА И МАКРОЛИДИТЕ КАКО ЛЕК НА ИЗБОР КАЈ ПАЦИЕНТИ АЛЕРГИЧНИ НА ПЕНИЦИЛИН (ODONTOGENIC INFECTION AND MACROLIDES SUCH AS SHOSE DRUG BY PATIENTS ALLERGIC ON PENICILLINE**

K. Jacimovic-Tasevska, Lj. Simjanovska, M. Markovska-arsovska, S. Simjanovski.

Internacional Congres "Dentistri Today. 18,19,20 April 2008 Struga,Macedonia.

Во овој труд е истакнато дека макролидите се повеќе се користат во стоматолошката практика, а особено ако пациентите се со алергија на пеницилин. Исто така, начинот на нивната администрација, како и сигнатурата се поприфатливи за пациентот. Аземидот и Еритромицинот се претставници на макролидите кои се користени кај 22 пациента, а добиените резултати се задоволувачки во однос на третманот од инфекција.

**24. ИНЦИДЕНЦА НА ПОЈАВА НА АЛВЕОЛИТИС СИКА КАЈ ПУШАЧИ (THE INCIDENCE OF ALVEOLITIS SICCA TO THE SMOCERS)**

M. Markovska-Arsovska, Lj. Simjanovska, Z. Arsovski, S.Simjanovski, K. Jacimovic-Tasevska

Internacional Congres "Dentistri Today. 18,19,20 April 2008 Struga,Macedonia.

Често во практиката се јавуваат компликации од тип на алвеолити. Една од нивните етиолошки причини е и пушењето. Во трудот се анализирани 63 пациенти, од кои 40 пушачи и 23 непушачи, при што е следен текот на зараснување на екстракционите рани. Кај сите пациенти се дадени истите

соодветни постапки на посекстракционен третман, но резултатите укажуваат дека преваленцата за појава на алвеолитот е поголема и почеста кај пушачите за разлика од непушачите.

## 25. ХРТ (ХОРМОНСКА ЗАМЕСТИТЕЛНА ТЕРАПИЈА) И ЗАРАСНУВАЊЕТО НА ОРАЛНО ХИРУРШКИТЕ РАНИ КАЈ ЖЕНИ ВО ПОСТМЕНОПАУЗА (HRT-HORMON REPLESEMENT TERAPY) OF ORAL HIRURGIC WOUNDS AT WOMEN IN MENOPAUSE

Lj. Simjanovska, S. Simjanovski

Internacional Congres "Dentistri Today. 18,19,20 April 2008 Struga,Macedonia.

Авторите во овој труд истакнуваат дека оваријалните хормони се важни фактори во регулација на коскениот метаболизам. Опишани се современи методи на следење на коскената репарација по оралнохируршка интервенција и улогата на хормонската терапија во зараснување на коскените дефекти кај жените во постменопауза третирани со ХЗТ, во споредба со оние што не се подложени на истата терапија. Резултатите се евидентни во полза на жените кај кои е аплицирана оваа терапија.

## 26. THE ORTODONTIC-SURGICAL APPROACH IN REINPLANTING IMPACTED MAXILLARY CANINES

Saliu F, Gjorgova J, Simjanovska Lj, Mehmeti B, Aleksova P, Rexhepi A.

Shoqata e Stomatologeve te Kosoves. Libri i AAbstrakteve. 2008.

Дека интерклиничката соработка е битен елемент во успешното решавање на импакциите е истакнато во овој труд кој има за цел да се презентира случај на успешно решена импакција на хоризонтално поставен максиларен канин од палатиналната страна. Не секогаш и лошо поставените (хоризонтални) канини мора да завршат со екстракција. Овој случај е решен со реимплантација на забот, а самиот тек на планирањето, хируршката интервенција и по ортодонтскиот третман авторите ги презентираат во трудот.

## 27. ХРТ (ХОРМОН- ЗАМЕСТУВАЧКА ТЕРАПИЈА) И ЗАРАСНУВАЊЕТО НА ОРАЛНОХИРУРШКИТЕ РАНИ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗАЛНИ ЖЕНИ

Lj. Simjanovska, S. Simjanovski.

Apolonija Jurnal of Dentistry. Jubilar number- November 2008. 91-99 **(in extenso)**

Во трудот е направена анализа на зараснувањето на коскените дефекти кај пациентки кај кои е користена ХРТ со помош на РТГ- графија и современа компјутерска техника со математичко пресметување на коскениот дефект веднаш по направената интервенција, по десет дена, месец дена и три месеци. Според добиените резултати кои се евидентни кај третираните пациентки, доаѓаме до заклучок дека хормонската терапија и тоа како има удел во коскеното репарирање, за кое досега се гледало со резерва.

## 28. ЛОКАЛНИТЕ АНЕСТЕТИЦИ КАКО МОЖЕН ЕТИОЛОШКИ ФАКТОР ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА

Љ. Симјановска, С. Симјановски

Apolonija Jurnal of dentistry. November 2009. 35-45 **(in extenso)**

Иако најчести од несаканите реакции на локални анестетици се вазовагални реакции, токсични, side-ефект од епинефринот или психомоторни одговори вклучувајќи ја хипервентилацијата за која се мисли (од страна на пациентот) дека се работи за алергија, сепак алергиски реакции на локални анестетици се јавуваат. Целта на авторите во трудот е да се определи реалната застапеност на хиперсензитивните реакции на локалните анестетици врз основа на извршените алерголошки тестирања, каде што се опишани начините на изведување на сите кожни тестови со сите свои позитивни и негативни страни, а резултатите укажуваат дека кај женскиот пол тие се со

поголема застапеност, како и кај пациентите кои се со атопична дијатеза и поливалентна алергија.

## 29. NOVOCOR PLUS ВЕШТАЧКА КОСКА ЗА САНАЦИЈА НА КОСКЕНИТЕ ДЕФЕКТИ

Симјановска Љ., Симјановски С.,Димитровски О., Јачимович-Тасевска Кристина
Зборник на апстракти. V. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
Големите коскени дефекти успешно се решаваат со апликација на новиот алопластични материјали-NOVOKOR PLUS кој е од растително потекло (корали). Изнесени се сите позитивни и негативни особености на овој материјал, како и начинот на негова апликација, при што се демонстрирани и повеќе случаи кај кои со одлични резултати е користен овој тип на материјал.

## 30. СОВРЕМЕНИ ДИЈАГНОСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АЛЕРГИСКИ РЕАКЦИИ ОД ЛОКАЛНИ АНЕСТЕТИЦИ

Симјановска Љ., Симјановски С., Пеова С., Марковска Арсовска М.
Зборник на апстракти. V. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
За верифицирање на можноста еден анестетик да предизвика алергиска реакција, денес се користат високо специфични iv vitro -тестирања кои не можат директно да го доведат до сензибилизација организмот. Изнесени се предностите на овие тестирања, кои се особено погодни кај високоризичните пациенти за анафилакса, како кај пациентите кои земаат антихистаминска терапија бидејќи тестирањето се спроведува со мерење на нивото на специфични JгЕ.

## 31. ФЛУОРИДИ ВАЖЕН ФАКТОР ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРИЕС КАЈ ДЕЦАТА

Д. Влатковиќ, Г. Тодоровска, Љ. Симјановска, В. Стошиќ, Е. Гелева
Зборник на апстракти. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
Навремената грижа за забите кај децата и нивната флуоризација се битен елемент во превенирањето на кариесот истакнуваат авторите во овој труд. Во рамките на Националната стратегија, превенцијата е спроведена кај 1301 дете во двегодишен период, при што кај некои се залеани длабоките фисури и дадени се флуоридни препарати во консултација со родителите. По комплетно спроведената терапија, КЕП- вредностите на забите се намалени.

## 32. МЕЗИОДЕНС КАКО ПРИЧИНА ЗА ПОЈАВА НА МЕДИЈАЛНА ДИЈАСТЕМА (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ)

М. Марковска Арсовска, З. Арсовски, Љ. Симјановска,С. Симјановски.
Зборник на апстракти. V. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
Дека и хипердонцијата во конкретниот случај двата мезиоденси, може да биде причина за дијастема ја посочуваат самите автори кои се осврнуваат на причините за појава на мезиоденси, нивната локализација, и секако, нивното ефикасно решавање. Со нивното отстранување се овозможува и експулзијата на постојаните заби.

## 33. ЛАСЕРСКИ ТРЕТМАН НА ПРОТЕТСКИ ИНДИЦИРАНА ФИБРОЗНА ХИПЕРПЛАЗИЈА

Поповска М., Кацарска М., Симјановска Љ.

Зборник на апстракти. V. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
Во овој труд авторите презентираат една современа метода која може со успех да се користи при решавање на мекоткивните промени во усната празнина. Самите параметри за користење на ласерот и начинот на работа се презентирани во трудот. Клиничките резултати се на високо задоволително ниово.

**34. МИКРОБИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА РАДИКУЛАРНИТЕ ЦИСТИ**

О.Димитровски, Љ. Симјановска, С.Стефановски
Зборник на апстракти. V. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
Бидејќи етиологијата на создавање на цистите е се уште неразрешен проблем, микробиолошкото испитување е поставено како основен проблем во ова иследување. Најчестите причинители, според добиените резултати од 50 испитаници укажуваат на фактот дека најзастапени се стрептококите, па редоследно според процентуалната застапеност се наведени и другите микроорганизми. Се смета дека тие можеби се и главниот причинител во разорување на коскеното ткиво околу забот околу кој е формирана радикуларната циста.

**35. УПОТРЕБА НА FOTONA LASER-ОТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА**

Симјановска Љ, Миновска А, Симјановски С, Поповска М, Ќурчиева Г.
Зборник на апстракти. V. конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид.
Меѓу најсовремените методи кои се користат во стоматологијата е употребата на ласерскиот зрак, кој на перфектен начин ги заменува конвенционалните методи во устата. Позитивниот бенефит од ваквиот вид на користена технологија е повеќе од евидентен. Кај ова техника, нема сутурурање, нема крваво работно поле, анестетикот кој се користи е со минимална количина, а конфорот на пациентот е задоволителен.

**36. РАЦИОНАЛНА ДИЈАГНОСТИЧКА И ПРОГНОСТИЧКА ПРОЦЕНКА НА МОЖНИТЕ АЛЕРГИСКИ РЕАКЦИИ НА ЛОКАЛНИ АНЕСТЕТИЦИ - IN VIVO И IN VITRO ТЕСТИРАЊА-**

Љ. Симјановска
Докторска дисертација, Скопје, 2009, која е рецензирана во Билтен бр. 968 од 15 јули 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**37. FOLLICULAR CYST OF MANDIBULE PREMOLAR-CASE REPORT**

Lj Simjanovska, M Maneva, G Curcieva-Cuckova, S simjanovski
1[st] Congres of the orthodontic society. 21-24 May 2009. Ohrid.
Специфичностите на настанување, независниот раст и сите збиднувања кои се случуваат во цистичниот ѕид се изнесени во самиот труд , при што е прикажан еден интересен случај на фоликуларна циста кај перманентен долен премолар во детската возраст. Во трудот, исто така е опишана и тераписката постапка која се состои од екстракција на забот и екстирпација на самата циста.

**38. TRETMENT OF IMPACTED MAXILLARY CENTRAL INCISORS-CASE REPORTS**

M Maneva, Lj Simjanovska, G Curcieva- Cuckova, I Manev, G Kovacevska
1[st] Congres of the orthodontic society. 21-24 May 2009. Ohrid.

Дека импактираноста не е предодредена за одделни заби, се истакнува и во овој труд каде што се презентираат два случаја на импактирани максиларни инцизиви кај две деветогодишни деца. Во трудот се изнесени постапките на нивното решавање каде што е извршена хируршка интервенција за отстранување на механичката пречка и поставување на ортодонтски апарат. Исто така, во едниот случај е применета нова современа метода (затворен систем) на третман- цементирање на брикети и поставување на жичана лигатура.

## 39. RADIOGRAPHIC EVALUATION OF DENTAL AGE DETERMINE THE ECTOPIC POSITION OF MAXILLARY CANINES

G Curcieva- Cuckova, M Maneva, Lj Simjanovska, I Kirovski, Lj jolevski.

1st Congres of the orthodontic society. 21-24 May 2009. Ohrid.

Радиографијата е многу значајна во одредувањето на позицијата на максиларните канини и нивното доведување и правилно поставување во забниот низ. При ова иследување кај 30 деца на возраст од 8 до14 годишна возраст направени се и мерења на вестибуларната страна на канините според медијалната линија, при што се користени ортопантомограмскии снимки. Според добиените резултати од мерењата, направен е и понатамошниот план на терапија, која најчесто е комбинирана/ оралнохируршка со ортодонтска.

## 40. APPLYING LASER IN ORAL SURGERY

Simjanovska Lj, Simjanovski S, Sadiku A.

Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi.

Во овој труд е презентиран еден нов современ и софицистиран начин на терапија во оралната хирургија, при што се презентирани неколку случаи каде што е користен FOTONA LASEROT Fidelis III. Истакнати се позитивните придобивки на самата техника, особено кога е индицирана работа за претпротетска подготовка, бидејќи апликативниот бенефит од ласерскиот зрак е евидентен; нема крварење, нема сутура, минимална количина на анестезија и комфор.

## 41. EXAMININ CRP AND PREVENTION OF INFECTIOUS DISEASES

Simjanovska Lj, Simjanovski S, Sadiku A.

Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi

Во овој труд авторите ја истакнуваат апликативноста на испитување на C-RP. Целта за одредување на C-RP во трудот е можност за превенирање и дијагностицирање на инфекција и кога не постојат видливи знаци за инфекција во нашата практика. Со примена на C-RP може да се дијагностицира моментално постоење на бактериска инфекција и навремено да се спроведе соодветна терапија. Исто така може да се користи и како мониторинг за одговор на дадената терапија.

## 42. MACROLIDE ANTIBIOTICS AS DRUG OF CHOICE IN PATIENTS ALLERGIC TO PENICILLIN

Simjanovska Lj, Simjanovski S, Rexhepi A.

Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi

Иако примарно место во терапијата на одонтогените инфекции заземаат пеницилинските препарати,основен проблем претставуваат пациентите со преосетливост на овие препарати. Во тој случај, како алтернативни лекови се макролидните препарати кои се набројани во трудот со сите нивни позитивни и негативни особености. Резултатите кои се добиени по примената на овие антибиотици кај 45 третирани пациенти не даваат големи драстични разлики во однос на подобрувањето на клиничката слика. Заради начинот на

администрација, лесната соработка со пациентот, добрата толеранција кон нив, се мошне погодни за амбулантен третман.

## 43. SOFT TISSUE SHANGE AFTER EXTRACTION AND NON EXTRACTION II/2 TRETEMENT

Rexhepi S, Rexhepi A, Ismani A, Simjanovska Lj.
Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi
За да се реализира овој труд направена е Arnet analiza при II/2, при што се следени промените на меките ткива кај 17 пациенти при ортодонтска терапија со екстракција на заби и без екстракција на заби. Во оваа лонгитудинална студија интересен е податокот кој е добиен при оваа анализа. Групата на испитувани деца со екстракција покажале намалена долна вилица за разлика од оние кај кои не се естрахирани заби. Во однос на горната и долната вилица и нивната вертикална големина не се евидентирани сигнификантни разлики.

## 44. DPT (DOSE PROVOCATIVE TEST) TEST FOR PROVING ALLERGIC REACTIONS TO LOCAL ANAESTHETICS

Simjanovska Lj., Marsenić M., Simjanovski S.
Makedonian Akademy of Scientes and Arts. Section of Biological and Medical sciences. Cited in Index Medicus @ Medline- Skopje 2009. **(in extenso)**
Локалните анестетици припаѓаат во групата на хаптени и се соединенија со мала молекулска тежина и сами по себе не можат да предизвикаат алергиска реакција. Начинот на предизвикување на алергиската реакција, типовите на хиперсензитивност, како и формите во кои можат да се јават тие реакции се опишани во трудот. Даден е посебен осврт на ДПТ како еден од најверодостојните алерголошки тестови-„тест на златен стандард", на кој можеме да се потпреме при тестирањето на анестетичките средства. Опишан е и начинот на изведување на самиот тест, што оди во прилог дека овој труд, покрај апликативна, има и научна вредност во стоматологијата.

Биографија

**Д-р Марина Кацарска** е родена на 15.9.1965 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование со одличен успех.

Како лична и професионална определба, студиите по стоматологија ги започнала во 1983 година и ги завршила во определениот рок, 1988 година, со просечен успех 9,09. По дипломирањето, задолжителниот лекарски стаж го реализирала и стручниот испит го положила во 1991 година.

На 1.3.1991 година стапила во редовен работен однос на Клиниката за орална хирургија. Постдиплимските студии од областа на оралната хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје ги завршила со просечен успех 9,85.

На 1 април 1992 година на кандидатката и била одобрена специјализација по орална хирургија.

Во 1993 година д-р Кацарска била избрана за помлад асистент на Клиниката за орална хирургија, а во 1996 е реизбрана во истото звање.

Специјалистичкиот испит по орална хирургија го положила со одличен успех во 1997 година и се стекнала со звањето специјалист по орална хирургија.

Д-р Кацарска во 2007 година била раководител на Одделот за инфективни заболувања, при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар.

**Наставна дејност**

Д-р Кацарска Марина е повеќегодишен асистент на Клиниката за орална хирургија.

Севкупната едуцираност на д-р Кацарска и овозможува во теоретско - пропедевтичката и практичната настава своите знаења најнепосредно да им ги пренесе на студентите.

Нејзиниот професионален и методички приод кон наставните обврски ги анимира студентите, правејќи ги студентските вежби корисни и ефикасни. Таа учествува и во спроведувањето на практичниот дел на студентските испити, како и во профилирањето и техничкото осовременување на наставната програма.

Ментор е на повеќе студентски теми, презентирани на студентските конгреси по стоматологија со меѓународно учество.

**Стручно-научна дејност**

Нејзината евидентна стручна и научна ангажираност е во перманентен подем. Од моментот на вработувањето како клинички лекар, брзо и непосредно се вклучила во разре шувањето на орално хируршката казуистика на својата Клиника, насочувајќи го своето ангажирање кон што поефикасен, поквалитетен одговор на предизвикот што произлегува од потребите за перманентен стручно - научен растеж.

На 26.5.2003 година го одбранила својот магистерски труд од областа на оралната хирургија, под наслов *Морфолошка диспозиција на апикалниот канален систем кај хуманите максиларни премолари, ендодонтско-орално хируршки тераписки проблем,* и се стекнала со звањето магистер на стоматолошки науки.

По одбраната на магистерскиот труд, на 24.3.2004 година била промовирана во звањето асистент по орална хирургија, а во 2007 година била реизбрана во истото звање.

По повод Денот на здравјето, на 7.4.2005 учествувала во

свечената манифестација како предавач на тема: „Оро-антрални комуникации: превентивни аспекти", под покровителство на СКЦ „Св. Пантелејмон".

Запазувајќи го во континуитет својот интерес - хируршко-ендодонтските процедури, д-р Кацарска во 2005 година реализирала едномесечен стручен престој на Стоматолошкиот факултет во Женева, Швајцарија, на Клиниката за орална хирургија, под менторство на Prof. d-r. Jacky Samson и Prof.d-r Jean Paul Bertrand.

Во 2006 година поднела пријава за изработка на докторска дисертација со наслов „*Валоризација на клиничко - тераписките атрибути на ултрасоничната наспроти класичната ретро препарација*". Неа успешно ја одбранила на 4.2.2010 година и се стекнала со звањето доктор на стоматоло шки науки.

Познавањата од оралната имплантологија д-р Кацарска ги збогатила со посета на Ankylos, hands on курсот, во Скопје, 2008 година, а подоцна ги надградила со напредниот курс, одржан на 20.6.2008 година во Starnberg, Германија.

Д-р Кацарска е активен учесник на бројни домашни и меѓународни конгреси со научни и стручни трудови во својство на автор, со усни презентации. Поради својата лична ангажираност и личниот придонес во извршувањето на целите и задачите најтесно поврзани со работата на Клиниката за орална хирургија, Македонското лекарско друштво во 2000 година и додели Благодарница, а следната година и Диплома.

Присутна е на постедукативните семинари и собири на Здружението на орални хирурзи, кои регуларно се одржуваат.

Активно го познава англискиот јазик, а се служи и со германскиот, и францускиот.

Од изборот за асистент, ас. д-р Кацарска Марина ги изработила следниве трудови:

Трудови објавени од последниот избор:

- *Кацарска М*

Докторат: „Валоризација на клиничко - тераписките атрибути на ултрасоничната наспроти класичната ретропрепарација".

Одбранет на 4.2.2009. Рецензиран во Билтен бр.953/декември 2008 година.

- Поповска М, *Кацарска М*, Симјановска Љ:

„Ласерски третман на протетски индуцирана фиброзна хиперплазија"

Трудот е презентиран на V конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид , септември 2009 година.

Во овој труд авторите прикажале современа мекоткивна хирургија, изведена со Fidelis, Fotona III ласер. Презентирани се два клинички случаја со протетски индуцирана фиброзна хиперплазија. По инфилтрирањето на минимална количина локален анестетик, била изведена хируршката интервенција.Од посебна клиничка важност се презентираните ласерски модалитети (mode, frequency, energy) потребни за успешно отстанување на мекоткивните промени. Интервенциите поминале безболно, а постоперативниот период бил без едем и знаци на инфламација,што ја потврдува предноста на ласерски изведените хируршки мекоткивни интервенции.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид информациите од приложената документација, како и личното познавање на кандидатките, нивната ажурност, стручност и педантност, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот, ас. Д-р Љуба Симјановска и ас. Д-р Марина Кацарска да бидат повторно избрани во звањето асистент по предметот орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф.д-р Борис Величковски, ср

Проф.д-р Елена Петкова, ср

Проф. д-р Алберто Бенедети, ср

Република Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03 - 467/2
12.07 2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "РАЗВОЈ, МОДИФИКАЦИЈА И ВАЛИДАЦИЈА НА HPLC - МЕТОДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НЕКОИ ЛЕКОВИ ВО ХУМАНА ПЛАЗМА И НИВНА ПРИМЕНА ВО БИОЕКВИВАЛЕНТНИ СТУДИИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АДНАН БОЗАЛИЈА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 1. 6 2010 година, определи Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација „Развој, модификација и валидација на HPLC-методи за определување на некои лекови во хумана плазма и нивна примена во биоеквивалентни студии", доставена од м-р Аднан Бозалија.

По разгледувањето на поднесената дисертација, Комисијата во состав:

1. проф. д-р Анета Димитровска
2. доц. д-р Кристина Младеновска
3. доц. д-р Руменка Петковска
4. проф. д-р Никола Лабачевски
5. проф. д-р Станислав Јанев,

го изготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов "Развој, модификација и валидација на HPLC - методи за определување на некои лекови во хумана плазма и нивна примена во биоеквивалентни студии" претставува самостоен, оригинален и актуелен труд на м-р Аднан Бозалија, изработен на: Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи при Фармацевтскиот факултет во Скопје, Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија и токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје и на Институтот за физиологија при Бугарската академија на науки, Софија, Бугарија. Трудот е презентиран на 91 страница со 104 посочени референци, 55 табели и 19 слики. Ги содржи сите елементи на добро осмислен и изработен истражувачки проект, изнесен концизно и јасно во 6 поглавја.

Во **воведниот дел** е објаснета неопходноста од спроведување на студиите на биоеквивалентност како значаен фармакокинетички параметар за клиничките студии кои се спроведуваат при воведувањето на нови лекови, како и улогата на фармакокинетиката во развојот на нови лекови. Нагласено е дека развојот на фармакокинетиката, особено во последниве 20 години, се должи на интензивниот развој на современи биоаналитички методи и техники за следење на концентрацијата на лековите и нивните метаболити во биолошки материјал, а еден од најважните фармакокинетички параметри е биолошката расположливост. Објаснети се постапките за испитување на биолошка расположливост и биолошка

еквивалентност на лекови преку мерење-следење на една од следниве четири групи на податоци: мерење на концентрацијата на лекот во крв (плазма) во функција од време, по апликација на еднократна доза или по повторено дозирање; следење на кумулативното излачување на лекот во урина; фармакодинамски ефект или со клинички податоци. Нагласена е неопходноста од испитување на биолошката еквивалентност на два препарата со оглед на големата експанзија на фармацевтската индустрија, а со тоа и развивање на нови биоаналитички методи за определување на лекови во биолошки материјал, од кои најголем дел се со примена на високо ефективната течна хроматографија (HPLC). Мотивот за изведување на студијата кандидатот го поврзува со литературните податоци од оваа област, во кои е констатирано дека појдовна основа за развој на аналитички метод за одредување на концентрацијата на некој лек и/или активен метаболит во плазма е добро познавање на фармакокинетиката на лекот, односно очекуваните минимални и максимални концентрации на лекот и/или метаболитот кои се добиваат по еднократна или повеќекратна апликација, како и потребното време за постигнување на максималните плазматски концентрации и полуживотот на елиминација на лекот.
Развивањето, оптимизацијата и валидацијата на селективни, точни, прецизни, репродуцибилни и робусни HPLC-аналитички методи за прецизно и точно определување на концентрациите на лекот и/или метаболитот во биолошкиот материјал (плазма, серум, крв) овозможуваат одредување на фармакокинетските параметри на испитуваните лекови.

**Целите** на студијата се јасно дефинирани и се однесуваат на развој, модификација и валидација на биоаналитички методи со примена на високо ефикасна течна хроматографија (HPLC) за определување на некои терапевтски активни супстанции и/или нивните метаболити во биолошки материјал (плазма) и примена на валидираните аналитички методи во студии на биоеквивалентност. Врз основа на научните сознанија за примена на аналитички методи во студии на биоеквивалентност, предвидено е утврдување на стабилноста на испитуваните терапевтски активни супстанции (лековитите супстанции и нивните метаболити) во плазмата, развој и валидација на HPLC-методи за нивно квантитативно определување, определување на концентрацијата на испитуваните супстанции во плазма земена од здрави доброволци, како и пресметување на фармакокинетички параметри значајни за утврдување на биорасположливоста на испитуваните лекови.

За реализација на поставените цели, користени се соодветни **Материјали и методи**. Истражувањето е спроведено на четири терапевтски активни супстанции: валсартан, клопидрогел, односно неговиот неактивен метаболит-клопидогрел карбоксилна киселина; лизиноприл и фосиноприл, односно неговиот терапевтски активен-метаболит фосиноприлат. Валидацијата на HPLC-биоаналитичките методи за наведените терапевтски активни супстанции е извршена во согласност со барањата на FDA-водичот за валидација на биоаналитички методи (FDA Guidance for Industry; Bioanalytical Method Validation, 2001). Валидираните HPLC методи се применети за определување на концентрацијата на две терапевтски активни супстанции (валсартан и лизиноприл) во плазма земена од здрави доброволци третирани со испитуван и референтен лек. Добиените резултати се применети за пресметување на фармакокинетски параметри значајни за нивната

биоеквивалентност. Анализите се извршени на високоефективен течен хроматограф (HPLC, Waters). За подготовката на примероците од хумана плазма и серум од зајак користен е систем за цврсто-фазна екстракција Varian CEDEX, со примена на Phenomenex Strata X-C 30mg/ml, колона за цврсто-фазна екстракција. За дизајнирање на хемиските експерименти во тек на утврдувањето на робусност на методите користен е Desing Expert 7.1 софтвер.

Во поглавјата **Резултати и дискусија** се прикажани резултатите од валидацијата на четири HPLC-методи, резултатите од определувањето на концентрацијата на валсартан и лизиноприл во плазма земена од здрави доброволци третирани со испитуван и референтен лек, добиени со примената на валидираните HPLC-методи, како и вредностите на фармакокинетските параметри значајни за нивната биоеквивалентност. Резултатите од сопствените истражувања се објаснети концизно и јасно во контекст на истражуваната проблематика, споредени се со литературните податоци и јасно се нагласени совпаѓањето и разликите во податоците. Резултатите од валидацијата за секој поединечен метод се систематизирани во повеќе делови, кои се соодветни на предвидените активности во тек на истражувањето. Тие обезбедуваат информации за тоа како низ различни пристапи на подготовка на примерокот и анализи се постигнува доволна сензитивност и селективност на методите. Од друга страна, анализите ги решаваат проблемите во однос на барањата за детерминирање на биоеквивалентноста на два лека. Исто така, третирано е и прашањето дали метаболитите на лекот можат да ни дадат оцена за неговата биорасположивост. Практичната примена на методите за одредување на концентрациите на валсартан и лизиноприл е докажана преку изведените испитувања за биоеквивалентност на тестиран и референтен лек кај здрави доброволци. Валидираните аналитички методи за валсартан и лизиноприл овозможуваат одредување на концентрациите на испитуваните лекови во хуманата плазма земена од здравите доброволци во опсег кој дозволува определување на фармакокинетичките параметри значајни во испитувањата на биоеквивалентност (Cmax, Tmax, $AUC_{0-t}$ и $AUC_{0-\infty}$), како и извлекување на релевантни заклучоци во однос на биоеквивалентноста на тестираниот и референтниот лек. Од добиените плазматски концентрации за валсартан и лизиноприл пресметани се и други фармакокинетички параметри кои не се значајни за биоеквивалентноста на тестираниот и референтниот лек (Kel, T/2el, Cltot, MRT), од каде што произлегува дека валидираните аналитички методи, освен за испитување на биоеквивалентност, можат да се користат и во други испитувања на фармакокинетиката на лекови.

Поглавјето **Заклучоци** содржи констатации кои се во согласност со поставените цели на истражувањето и произлегуваат од добиените резултати. Притоа е јасно нагласено дека резултатите од истражувањата во рамките на оваа докторска дисертација се прилог кон разработка на селективни, точни, прецизни, репродуцибилни и робусни HPLC-методи за определување на терапевтски активни супстанции во хумана плазма и нивна примена при изведување на студии за испитување на биоеквивалентност на два препарата.

Литературата е цитирана коректно, според редослед на цитирање во текстот и содржи 104 релевантни референци, базични и оригинални. Во најголем дел од цитираните студии се презентирани скорешни научни сознанија.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација „Развој, модификација и валидација на HPLC-методи за определување на некои лекови во хумана плазма и нивна примена во биоеквивалентни студии", доставена од м-р Аднан Бозалија, претставува оригинален, самостоен труд што обработува актуелен проблем со практична важност. Методот на работа е современ, издржан и рационален. Целите се јасно дефинирани, материјалот и методите се прецизно изложени, а резултатите се експлицитно презентирани и споредени со релевантни податоци од соодветната област. Заклучоците се темелат врз оригинални резултати.

Докторската дисертација во целост ги исполнува потребните критериуми и претставува придонес во научноистражувачката дејност во областа на фармацевтските науки.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја усвои рецензијата на поднесениот труд и да овозможи понатамошна постапка за негова јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Анета Димитровска с.р.

_______________________

2. Доц. д-р Кристина Младеновска с.р.

_______________________

3. Доц. д-р Руменка Петковска с.р.

_______________________

4. Проф. д-р Никола Лабачевски с.р.

_______________________

5. Проф. д-р Станислав Јанев с.р.

_______________________

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИЛОГ КОН НЕКОИ ОСОБИНИ НА ДОБРИТЕ КОДОВИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДЕЈАН СПАСОВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 29 април 2010 година, со одлука бр. 07-4990/9 нè избра за рецензенти за оцена на докторската дисертација под наслов „Прилог кон некои особини на добрите кодови“, поднесена од Дејан Спасов, магистер по инженерство во компјутерски системи. Комисијата ја прегледа дисертацијата и го поднесува следниов

## Извештај

### 1. Композиција на дисертацијата

Докторската дисертација „Некои особини на добрите кодови“ е изработена на 95 страници. Основниот текст на дисертацијата содржи 10 слики, 8 табели, 25 теореми, 3 леми, 3 дефиниции, 8 алгоритми и 54 референцирани публикации.

Дисертацијата е организирана во 5 глави, при што покрај основниот текст, во дисертацијата се вклучени: резиме на македонски јазик, резиме на англиски јазик, кратка содржина, содржина, библиографија и превод на англиски јазик. Содржината се состои од следниве глави: Вовед во теоријата за кодови, Алчни алгоритми за генерирање на добри кодови, Оцена на параметрите на оптималните кодови, Примена на алчните алгоритми и Заклучок и отворени проблеми.

Во библиографијата се цитираат 54 статии, меѓу кои и 3 статии од конференции и 1 меѓународен симпозиум на кои авторот ги промовирал своите резултати.

### 2. Преглед на содржината на деловите

Пошироката област на дисертацијата е теоријата за кодови, со посебен акцент на алчните кодови. Алчните кодови се познати во теоријата за кодовите уште од самиот нејзин почеток. Меѓутоа не постојат доволно истражувања за овие кодови, поради распространетото мислење дека немаат „структура“. Спротивно на општоприфатеното мислење, главниот заклучок во оваа дисертација е дека алчните кодови сепак имаат интересни структурни особини.

Во првото поглавје се даваат основните дефиниции потребни како вовед во дисертацијата. Се прикажуваат и неколку комбинаторни изрази кои подоцна се користат во останатите поглавја.

Второто поглавје се посветува на алчните алгоритми за генерирање на кодови. Алчните алгоритми најчесто се карактеризираат според критериумот за донесување на одлука. Меѓутоа, во анализата на алчните алгоритми во дисертацијата, се потенцираат временските и просторните ресурси потребни за алгоритамот при генерирањето на код.

Поглавјето 3 се посветува на долната граница Гилберт-Варшамов. Оваа граница, во одредена смисла, асимптотски се подобрува од страна на Цианг и Варди, но за нелинеарни кодови.

Во Поглавјето 4 се покажуваат неколку апликативни примени на алчните алгоритми. На почеток се презентира нов алгоритам за генерирање на добри кодови со чија помош се добиваат нови кватернарни кодови $[92,75,8]_4$, $[68,50,9]_4$ и $[67,49,9]_4$. Во продолжение се анализира примената на алчните алгоритми во т.н. конкатенирани кодови, кај кои како внатрешен код се користи алчен код. На крајот се воведуваат два нови алгоритми за декодирање на алчните кодови изведени од тривијалниот случај за испитување на сите можни случаи.

## 3. Оцена на трудот

Во Поглавјето 1 се презентира Лема 1.1. во која се одредува **максималниот член во конволуцијата на Вандермонде**. Оваа лема се користи во третото поглавје за докажување на некои асимптотски тенденции на добиените резултати. Сè уште немаме потврда дека претходно била публикувана.

Во Поглавјето 2 се даваат пет алчни алгоритми: на Гилберт, на Варшамов, exp-Варшамов, на Џенкинс и лексикографска конструкција. Алгоритмите на Гилберт и Варшамов се добро познати и етаблирани во теоријата за кодовите. Новина е варијантата на алгоритмот Варшамов, **алгоритамот наречен exp-Варшамов**, кој ги користи просторните ресурси со експоненцијално темпо за да постигне временско забрзување. Сличен алгоритам публикувале Басалига, Зјаблов и Пинскер, меѓутоа нивниот алгоритам има $m$-пати поголема просторна комплексност, каде што $m$ е кодимензијата на кодот. Авторски придонес кон алгоритмите на Варшамов се дава и со **изразите за комплексност**, односно со Теоремите 2.2 и 2.3.

Во оваа дисертација, за првпат се издвојува алгоритамот на Џенкинс како посебен алчен алгоритам. Карактеристично за овој алгоритам е подобрата временска комплексност во однос на **алгоритамот на Варшамов**. Во рамките на дисертацијата, овој алгоритам **се генерализира** над произволно поле и во имплементацијата се искористува т.н. мултипликативна особина на алчните кодови. Придонес на дисертацијата е и изразот за **временска комплексност** прикажан со Теорема 2.4.

Во рамките на дисертацијата, се дава **генерализација** и концизно објаснување на **алгоритамот наречен лексикографска конструкција**, според дизајн-принципите направени во магистерската работа на авторот. Во Теорема 2.8. се даваат подобрени изрази за **временската комплексност** на лексикографската конструкција.

Во втората половина од Поглавјето 2 се дава рамка за **анализа на перформансите на алчните алгоритми**, преку анализа на најлош, просечен и најдобар случај. Бидејќи кодната рата е всушност излезен параметар, во анализата на најлош случај се употребува асимптотската граница на Гилберт-Варшамов со цел да се ослободат изразите за комплексност од зависност од кодната рата, сумарно презентирани во Табела 2-5 и графички на Слика 2.1. Доколку како критериум за споредба се земе производот помеѓу временската и просторната комплексност, тогаш како најдобар алгоритам се издвојува алгоритамот на Џенкинс, според Табела 2-6.

Во анализата на просечен случај се изведуваат некои хипотетички заклучоци врз база на резултатите од симулациите на алчните алгоритми. Во оваа дисертација се дефинира **комплексност во најдобар случај**. Со споредување на комплексноста во најлош случај на еден алгоритам со комплексноста во најдобар случај на друг, се добиваат компаративни информации за тоа кој алгоритам е подобар. Споредбата помеѓу лексикографската конструкција и алгоритамот на Џенкинс се прикажува на Слика 2.2.

Главна мотивација за докторската дисертација беше **да се најде конструкција на кодови** со параметри кои лежат на границата на Цианг и Варди. Во решавање на проблемот најпрвин со Лема 3.1. се овозможуваат услови за постоење на код. Потоа во Теорема 3.4. се покажува дека границата на Варшамов е тривијална оцена на Лема 3.1., за со Теоремите 3.6.-3.11. да се покаже постоење на нови нетривијални оцени на Лема 3.1. Овие резултати се подобри од границата на Варшамов.

Придонесот во Поглавјето 3 се концентрира преку 6 теореми и 2 својства. Накратко, во Теорема 3.6. се **гарантира постоење на кодна димензија** поголема за еден од границата на Варшамов, но само во случај кога минималното растојание е парен број. Иако Теорема 3.7. претходно била публикувана, **рекурентниот начин на нејзино решавање е автентичен** за дисертацијата. Во Својството 2 се покажува дека Теорема 3.7. не ја подобрува асимптотската граница на Гилберт-Варшамов, дури и, хипотетички, почетниот $[n,k,d]$ код да е подобар од границата на Варшамов. Теорема 3.8. е симетрична на Теорема 3.7., додека во Теорема 3.9. се развива механизам на броење со кој се отстрануваат двојните броења на некои линеарни комбинации. Најдобри резултати се постигаат со теоремите 3.10. и 3.11. кои меѓусебно се надополнуваат за различни вредности на минималното растојание $d$. Симулациите укажуваат дека овие теореми се подобри и од границата на Цианг-Варди, но поради очигледната комплексност на изразите, ова не е потврдено теоретски. Дадени се и 2 **последици** на Теорема 3.7. кои **ги подобруваат резултатите** на Елиа и на Барг, Гуритман и Симонис.

Користејќи ги алгоритамот на Ценкинс и лексикографската конструкција, во Поглавјето 4 се развива алгоритам за генерирање на добри кодови со чија помош се добиваат **нови кватернарни кодови** $[92,75,8]_4$, $[68,50,9]_4$ и $[67,49,9]_4$. Карактеристично е тоа што за дадените кодни параметри $[92,75]_4$, $[68,50]_4$ и $[67,49]_4$, овие кодови имаат најдобро познато минимално растојание еднакво на 8 и 9, соодветно. Овие кодови се регистрирани во он-лајн базата на М. Грасл на најдобри кодови.

Понатаму, во вториот дел на Поглавјето 4 се анализира примената на алчните алгоритми во т.н. конкатенирани кодови, кај кои како внатрешен код се користи алчен код. Параметрите на овие кодни конструкции ја формираат границата на Зјаблов, и во неколку предавања М. Судан сугерира дека најдобра временска комплексност се постигнува доколку како внатрешен код се земе најдобриот код во ансамблот на Возенкрафт. Во оваа дисертација се укажува дека алгоритамот на Ценкинс ја има истата комплексност како и **наоѓањето на најдобриот код во ансамблот на Возенкрафт**, притоа **предноста на алгоритамот на Ценкинс** е во тоа што има флексибилна кодна рата и во тоа што се избегнати операциите множење над поле со конечен број елементи.

Во третиот дел на Поглавјето 4 се воведуваат **два алгоритми за декодирање на алчните кодови** изведени од тривијалниот случај за испитување на сите можни случаи. Карактеристично за овие алгоритми е тоа што со нив може да се декодира кој било линеарен код со генераторна матрица во систематска форма. Познато е дека за даден коден збор со должина од $n$-бити, може да се изврши декодирање доколку се испитаат сите комбинации на грешки со тежина помала од минималното растојание на кодот. Во новите алгоритми за декодирање повторно се испитуваат сите можни комбинации на грешки, но во $k$-те информациони бити од пораката, при што $k<n$. Докажано е дека ова е доволно за да се оствари декодирањето. Алгоритамот наречен уникатно_декодирање ги испитува сите комбинации на грешки со тежина $d/2$ во информационите бити, додека

алгоритамот МДД_декодирање го постигнува капацитетот на ML декодирањето со испитување на сите грешки со тежина <d во информациониот дел од кодниот збор.

Во Поглавјето 5 се сместени заклучокот и отворените проблеми. Во ова поглавје се дискутираат проблемите и ограничувањата на алчните алгоритми, како и можностите за нивно понатамошно подобрување. Внимателно се одбрани неколку отворени проблеми чиешто решавање би претставувало значаен успех во оваа проблематика, и за крај посебно внимание се посветува на егзактноста на границата на Гилберт-Варшамов.

## Заклучок и предлог

Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација „Прилог кон некои особини на добрите кодови", изработена од кандидатот м-р Дејан Спасов, констатира дека дисертацијата претставува оригинален научен труд од областа на информатичките науки и во целост одговара на поставената цел на научното истражување. Според Комисијата, главниот авторски придонес може да се сумаризира низ следниве резултати:

Од 8 алгоритми, 4 се нови алгоритми и 2 се генерализација на веќе познати алгоритми. Еден од овие 2 генерализирани алгоритми за првпат во овој труд се издвојува како засебен алчен алгоритам.

Од 21 теорема и 4 својства, како нови резултати се сметаат 9 теореми и 3 својства, 2 теореми се генерализација на веќе познати теореми за бинарниот алфабет, и 2 теореми со ново толкување на веќе познати резултати. Изведени се и две последици со кои се подобрени резултатите од други автори. Од 3 леми, една лема претставува реинтерпретација на Теорема 1.1., една лема генерализира резултат од бинарни во произволни полиња и една лема е комбинаторен израз за кој немаме информација дека претходно бил публикуван.

Врз основа на овој извештај, Комисијата заклучува дека трудот претставува успешен научен труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна усна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 26.5.2010

Членови на Рецензентската комисија

Д-р Марјан Гушев, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија

с.р.

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија

с.р.

Академик д-р Љупчо Коцарев, редовен професор на ФЕИТ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија

с.р.

Д-р Данило Глигороски, професор на Департманот за телематика, Норвешки универзитет за наука и технологија, Трондхајм, Норвешка

с.р.

Д-р Верица Бакева, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија

с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 365 седница на Наставно – научниот совет одржана на 01.07.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1 | Енвер Нурески, дипл. геод. инж. | Дефинирање и анализа на локални ГНСС трансформациски параметри | Проф. д-р Златко Србиноски |
| 2 | Томче Јаневски, дипл. град. инж. | Определување на влијанието на геометриските и физичките фактори врз модулот на реакција со помош на нумеричко моделирање на темелната подлога | Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски |
| 3 | Зоран Јосифовски, дипл. град. инж. | Нумеричко моделирање на интеракција плитки темели - подлога | Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски |
| 4 | Дијана Индовски, дипл.арх.инж. | Избор на пожарна заштита во обликување на внатрешниот простор кај челичните конструкции | Проф. д-р Петар Цветановски |
| 5 | Кристина Маневска, дипл.град.инж. | Распределба на напречно натоварување при PUSHOVER анализа на објекти од високоградба | Проф. д-р Лилјана Денковска |
| 6 | Симона Марковска, дипл.град.инж. | Компаративна анализа за димензионирање на силоси според актуелни прописи и Еврокодови | Доц. д-р Грозде Алексовски |
| 7 | Александар Богоевски, дипл.град.инж. | Модели за анализа на прснатини кај армиранобетонските елементи | Проф. д-р Горан Марковски |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на специјалистички труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 24.06.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Силвана Илиоска-Златановиќ, дипломиран професор по биологија | „ВАЛИДАЦИЈА НА ПРОЦЕС НА ДЕПИРОГЕНИЗАЦИЈА СО СУВА ТОПЛИНА НА ОПРЕМА ЗА СТЕРИЛНО ПРОИЗВОДСТВО“ | - д-р Џоко Кунгуловски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ФУДБАЛ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, на својата 114-та седница од 28.5.2010 година, донесе одлука број 0201372/4 со која не определи за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Небојша Марковски на конкурсот објавен во весникот „Дневник", од 4. 5. 2010 година, за избор на 1 (еден) наставник во сите звања по предметите: теорија и методика на фудбал 1, теорија и методика на фудбал 2, фудбал, техника и тактика на фудбал 1, техника и тактика на фудбал 2, теорија на фудбал, физичка подготовка на фудбал, методика на фудбал, техника на фудбал и тактика на фудбал.

Во врска со тоа, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го преиложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1. Биографски податоци за кандидатот**

Д-р Небојша Марковски е роден на 7.1.1958 година во Скопје. Основно училиште завршил во Скопје, а средно образование во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски-Брицо" исто така во Скопје. Во 1982 година, дипломирал на Факултетот за физичка култура во Скопје со просечен успех 8,33.Последипломски студии запишал во учебната1988/89 година на ФФК во Белград, кои ги продолжил и успешно ги завршил во Скопје, со просечен успех 9,34. Магистрирал во 1996 година на тема **ВЛИЈАНИЕТО НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, БАЗИЧНИТЕ-МОТОРИЧКИ, СПЕЦИФИЧНИТЕ МОТОРИЧКИ И КОГНИТИВНИТЕ СПОСОБНОСТИ ВРЗ УСПЕШНОСТА ВО СОВЛАДУВАЊЕТО НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ОД ФУДБАЛСКАТА ИГРА.**

На 23. 6.2000 година, на Факултетот за физичка култура во Скопје, успешно ја одбранил својата докторска дисертација под наслов: **СТРУКТУРА И РАЗЛИКИ**

**ВО НЕКОИ СЕГМЕНТИ ОД АНТРОПОЛОШКИОТ СТАТУС КАЈ МЛАДИ ФУДБАЛЕРИ ОД РАЗЛИЧНИ ВОЗРАСНИ КАТЕГОРИИ .**

Д-р Небојша Марковски работи на Факултетот за физичка култура од 1988 година како помлад асистент, од 1992 како асистент, од 2000 година како насловен доцент, а од 2005 како вонреден професор по предметот фудбал.

По изборот за вонреден професор ја изведува наставата по предметите: теорија и методика на фудбал 1, теорија и методика на фудбал 2, фудбал, техника и тактика на фудбал 1, техника и тактика на фудбал 2, теорија на фудбал, физичка подготовка на фудбал, методика на фудбал, техника на фудбал, тактика на фудбал.

Д-р Небојша Марковски покажува коректен однос во работата со студентите и особено внимание посветува на нивното усовршување.

**2. Наставна активност**

Д-р Небојша Марковски е добро подготвен и стручен во својата област, што мошне позитивно се одразува во неговата теоретско – практична работа со студентите на Факултетот за физичка култура. Паралелно со неговото стручно и научно усовршување и созревање, најголем дел од своите сознанија ги вградува во теоретско-практичната работа со студентите, со цел нивно што поуспешно совладување на наставните содржини по предметите кои ги предава на Факултетот.

По изборот во звањето вонреден професор, покрај предметот на кои е избран, исто така е ангажиран од страна на Наставно – научниот совет за изведување настава на:

- постдипломските студии;
- Вишата тренерска школа;
- насоката физичко воспитание и
- насоката спорт.

Во овој период е ментор на две докторски дисертации и на една магистерска теза од областа на фудбалот. Истовремено е член на голем број комисии за одбрана на дипломски работи, магистерски трудови и докторски дисертации.

Во перодот по последниот избор, како долгогодишен член на органите на Фудбалската федерација на Македонија, одговорен е за развојот на младинскиот фудбал во Р. Македонија. Вон. проф. д-р Небојша Марковски е одговорен во Тренерската организација на Р. Македонија во одделот за едукација на тренерскиот кадар во Републиката како национален координатор и негов раководител. Тој е одговорен за имплементација на единствената програма за едукација на тренери на ниво на Европа (UEFA-JIRA project).

Во овој период, учесник е и предавач на повеќе семинари и предавања, во и надвор од земјата, кои се тесно поврзани со развојот на фудбалот.

**3. Учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои:**

-УЕФА-семинар, Фиренца, 12-16 април 2010;
-УЕФА-семинар, Мадрид, 5-9 април 2010;
-УЕФА-семинар, Атина, 21-23 септември 2009;
-УЕФА-семинар, Париз, 26-28 јануари 2009;
-УЕФА –семинар, Лисабон, 7-11 април 2008;
-УЕФА-семинар, Лондон, 24-26 септември 2007;
-ФИФА - УЕФА-семинар, Берлин 11-13 септември 2006;
-УЕФА-семиар, Фиренца, 23-27 октомври 2006;
-УЕФА-семинар, Осло, 1 – 5 мај 2006;
-УЕФА-семинар, Даблин, 27-29 септември 2005;
-УЕФА-семинар, Амстердам, 30 мај-3 јуни 2005;
-семинар - Копенхаген, 2000.
Компјутерски вештини Windows, Office, Internet ,

Странски јазик: активно зборува англиски јазик.

Во 2006 година под негово раководство, Р. Македонија, т.е. Фудбалската федерација на Македонија, стекнува право да школува кадри за највисоката УЕФА „ПРО" диплома, што воедно значи и полноправно членство на Р. Македонија и ФФМ во структурите на УЕФА во делот на едукацијата. Истовремено зема учество на семинари надвор од Македонија за сите нивоа на школување за стекнување УЕФА „Б", „А" и „ПРО" Диплома (БиХ, Хрватска и др.)

Во периодот по последниот избор, напоредно со наставата на Факултетот, се појавува и како предавач на семинарите за добивање УЕФА-диплома на сите нивоа (УЕФА „Б", „А" и „ПРО"), како во земјата така и во странство.

**4. Стручно-научна активност**

Како резултат на досегашната научно истражувачка работа, како автор или коавтор има објавено повеќе стручни и научни трудови од областа на фудбалот и физичката култура воопшто.

По последниот избор во звањето вонреден професор, како автор или коавтор има презентирано и објавено 28 труда.

**5. Заклучок и предлог**

Врз основа на доставените конкурсни материјали на кандидатот вонр.проф. д-р Небојша Марковски, како и врз основа на следењето на текот на неговата работа како предметен наставник по предметот фудбал, неговата педагошка, стручна, издавачка и научна работа, можеме слободно да кажеме дека вонр.проф д-р Небојша Марковски се разви во извонредно квалитетен стручњак од областа на фудбалот и физичката култура воопшто.

Од тие причини, чест ни е и задоволство на Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје да му предложиме кандидатот вонр.проф. д-р Небојша Марковски да биде избран во наставно-научното звање-РЕДОВЕН ПРОФЕСОР по предметите: теорија и методика на фудбал 1, теорија и методика на фудбал 2, фудбал, техника и тактика на фудбал 1, техника и тактика на фудбал 2, теорија на фудбал, физичка подготовка на фудбал, методика на фудбал, техника на фудбал и тактика на фудбал на неопределено време.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Гино Стрезовски, претседател с.р.

____________________________________

2. Проф. д-р Вујица Живковиќ, член с.р.

____________________________________

3. Проф. д-р Милан Наумовски, член с.р.

____________________________________

2o1

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Небојша Марковски

**Институција:** Факултет за физичка култура - Скопје

**Научна област:** општествени науки – кинезиологија

член 2

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава | |
| 2. | - од прв циклус студии<br><br>**НАСОКА ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**<br><br>Ги предава предметите: фудбал 1 и фудбал 2, во периодот 2006-20010 година, во два семестра (V и VI) со две групи студенти што носи **=30 бода**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** (стар наставен план)<br><br>Предава 4 предмети и тоа: теорија и методика на фудбалот 1 теорија и методика на фудбалот 2, техника и тактика на фудбалот 1 и техника и тактика на фудбалот 2. Тие се слушаат V-VIII семестар за период од 2006 до 2010 година, со една група студенти, со фонд 2+2, што вкупно носи **=48 бода**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** (нов наставен план)<br><br>Предава 2 предмета, и тоа: теорија на фудбалот со фонд 2+0 и физичка подготовка во фудбалот со фонд 2+2. Тие се слушаат во I семестар во 2009/2010 година, со една група студенти, што вкупно носи **=3.6 бода** | 81,6 |
| 3. | - од втор циклус студии | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Настава во летни школи и **работилници – учесник** | |
| | -УЕФА – семинар, Фиренца ( Коверчано), 12-16 април 2010; | 1 |
| | -УЕФА – семинар, Мадрид, 3-9 април 2010; | 1 |
| | -УЕФА – семинар, Атина, 21-23 септември 2009; | 1 |
| | -УЕФА – семинар, Париз; | 1 |
| | -УЕФА – семинар, Лисабон, 7-11 април 2008; | 1 |
| | -УЕФА – семинар, Лондон, 24-26 септември 2007; | 1 |
| | -ФИФА - УЕФА –семинар, Берлин, 11-13 септември 2006; | 1 |
| | -УЕФА - Семиар Фиренца (Kovercano) 23-27 октомври 2006; | 1 |
| | -УЕФА –Семинар, Осло, 1 – 5 мај 2006; | 1 |
| | -УЕФА – Семинар, Даблин, 27-29 септември 2005; | 1 |
| | -УЕФА – Семинар, Амстердам, 30 мај-3јуни 2005. | 1 |
| 5. | Одржување на теренска настава | 6 |
| 6. | Одржување на вежби | 64,80 |
| 7. | Консултации со студенти | 2,40 |
| 8. | Ментор на дипломска работа | 11 |
| 9. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 3 |
| 10. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 0,6 |
| 11. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 5 |
| | **ВКУПНО** | 187,65 |

член 3

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одбрана на докторска теза | 0 |
| 2. | Одбрана на магистерска работа | 0 |
| 3. | Ментор на докторска дисертација<br><br>- Прељевиќ А. (2008): Структура на антропометрискиот, моторичкиот и специфично-моторичкиот простор кај млади фудбалери со различна хронолошка возраст од западна Србија.<br>- Ганиу В. (2010): Разлики во антропометриските карактеристики, биомоторичките, специфично-моторичките и когнитивните способности кај два различни модела на тренажен процес применет кај млади возрасни категории на фудбалери. | 6 |
| 4. | Ментор на магистерска работа<br>- Ганиу В. (2007): Основни карактеристики и способности на фудбалерите по позиции. | 1 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание | 8,8 |

203

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 43 |
| | Марковски Н., Живковиќ В.: Структура на фудбалскиот тренинг. Семинар за УЕФА „Б" лиценца. Билтен на Фудбалската Федерација на Македонија. Дојран, 2006 год. | 1,80 |
| | Марковски Н., Живковиќ В.: Периодизација на спортски тренинг. Семинар за УЕФА „Б" лиценца. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Дојран, 2006 год. | 1,80 |
| | Марковски Н. :Холандска визија за добро тренирање. Семинар за УЕФА "Б" лиценца. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Дојран, 2006. | 2 |
| | Марковски Н. :Структура на фудбалски натпревар. Семинар за УЕФА "А" лиценца. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Дојран, 2006. | 2 |
| | Марковски Н. : Карактеристики на системот 4-4-2 со осврт на Светскиот куп, Кореја-Јапонија 2002. Семинар за УЕФА "А" лиценца. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Дојран, 2005. | 2 |
| | Марковски Н. :Читање на играта. Семинар за УЕФА "А" лиценца. Билтен на Фудбалската федерација на Босна и Херцеговина, Јабланица, 2005. | 2 |
| | Марковски Н. Живковиќ В. :ЕУРО 2004, Анализа. Семинар за лиценцирање на тренерите Скопје. Март 2005. | 1,80 |
| | Марковски Н. „Стилови на игра-напаѓачки стратегии" Семинар за УЕФА „ПРО" Диплома. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Скопје, 2006. | 2 |
| | Марковски Н. „Анализа на фудбалски натпревар" Семинар за УЕФА „ПРО" Диплома. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Скопје, 2006. | 2 |
| | Марковски Н.:Системи на игра. УЕФА „ПРО" семинар. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија, Скопје, 2006 | 2 |
| | Марковски Н.:Тимска адаптација на промените во четирите моменти на играта. УЕФА „ПРО" семинар. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија, Скопје, 2006 . | 2 |
| | Марковски Н.:Идентификација на проблемите во играта. УЕФА „ПРО" семинар. Билтен на Фудбалска федерација на Македонија, Скопје, 2006 . | 2 |
| | Марковски Н., Ганиу В., Аслани И.: Релации на некои морфолошки карактеристики со експлозивната сила на долните екстремитети (скочноста) кај 17-годишни фудбалери. Физичка култура бр.1, стр.46-48, Скопје, 2007. | 1,60 |
| | Марковски Н., Ганиу В.: Квантитативни меѓугрупни разлики во ситуационо моторичкиот простор кај 17-годишни фудбалери по позиции на играње. Физичка култура бр.2, стр. 211-214, Скопје, 2007. | 1,80 |
| | Марковски Н., Ганиу В.: Квантитативни меѓугрупни разлики во антропометрискиот простор кај 17-годишни фудбалери по позиции на играње. Стручно-научен симпозиум, Виница 2007. | 1,80 |
| | Ганиу В., Марковски Н., Ѓонбалај. М., Аслани И: Разлики во ситуационо-моторичкиот простор со парцијализација на некои антропометриски мерки кај млади фудбалери. Физичка култура, бр.1, стр. 186-188, Скопје, 2008. | 1,20 |

| | | |
|---|---|---|
| | Марковски Н., Ганиу В., Живковиќ В.:Разлики во ситуационо-моторичкиот простор по позиции на играње кај фудбалери (јуниори) . Зборник на трудови од Втората меѓународна конференција „Кинезиологија 2007", Велико Трново, Р. Бугарија, 2007. | 1,60 |
| | Марковски Н., Ганиу В., Ѓонбалај. М.., Аслани И.: Разлики во биомоторичкиот простор со фиксна коваријација на антропометриските мерки кај млади фудбалери. Физичка култура, бр.1, стр. 90-92, Скопје, 2008. | 1,20 |
| | Алексовска-Величковска Л., Живковиќ В., Марковски Н.: Мултиваријантни и униваријантни разлики во варијаблите за проценка на психолошката структура на личноста помеѓу спортисти - фудбалери и неспортисти во Р. Македонија. Зборник на трудови од стручно - научниот собир „Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт", Пелистер, 2007. | 1,60 |
| | Марковски Н.: Модел за тренирање со млади категории. УЕФА „Б" семинар, Билтен на Фудбалската федерација на Македонија, Скопје, 2007. | 2 |
| | Марковски Н.: Процес на учење фудбал. УЕФА „Б" семинар, Билтен на Фудбалската федерација на Македонија, Скопје, 2007. | 2 |
| | Марковски Н.: Младински фудбал во Р. Македонија-визија. УЕФА „Б" семинар. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија, Скопје, 2007. | 2 |
| | Марковски Н., Живковиќ В.:. Основи на кондициски тренинг. Семинар за УЕФА „А" лиценца. Билтен на Фудбалската федерација на Македонија. Дојран, 2007. | 1,80 |
| | Живковиќ В., Георгиев Г., Марковски Н., Телаи Б.: Влијание на проприорецепцијата во спортскиот тренинг и кинезитерапијата. Спорт и наука, број 1/2008, Софија, 2008. | 1,20 |
| | Марковски Н.: Put do UEFA PRO diplome. UEFA „PRO" seminar, Zagreb, Hrvatska. | 2 |
| | Markovski N.: "Fudbalski igri na skraten prostor, UEFA "B+A", Nogometni savez Bosne i Hercegovine, Jablanica, 2009. | 2 |
| | Марковски Н.: Анализа на ЕУРО 2008. Прв симпозиум на Тренерската организација на Р. Македонија, Скопје, 2009. | 2 |
| | Марковски Н.: Водење на натпревар-стилови. УЕФА ПРО диплома, Билтен на Фудбалската федерација на Македонија, Скопје, 2009. | 2 |
| 7. | Учество на научен/стручен собир со реферат | 9 |
| 8. | Одржано предавање на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации | 19 |
| | **ВКУПНО** | 86,80 |

205

член 5

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | 2,5 |
| 2. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | 5 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 2,5 |
| 4. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 5 |
| 5. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник | 5 |
| 6. | Член на факултетска комисија | 5 |
| 7. | Национален координатор за одредена стручна област | 20 |
| | **ВКУПНО** | 45,00 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 187,65 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 86,80 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 45,00 |
| **ВКУПНО** | 31,.45 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Гино Стрезовски, претседател с.р.

____________________________

2. Проф. д-р Вујица Живковиќ, член с.р.

____________________________

3. Проф. д-р Милан Наумовски, член с.р.

____________________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-671/1
13.07.2010 год.
СКОПЈЕ



*РЕФЕРАТ*

*ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КРИМИНОЛОГИЈА И ПЕНОЛОГИЈА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ*

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 30 јуни 2010 година, бевме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област криминологија и пенологија.

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област криминологија и пенологија, објавен во весникот „Дневник", година XV, број 4286 од 11 јуни 2010 година, се пријави д-р Александра Груевска-Дракулевски, асистент на научната област криминологија и пенологија на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Кон пријавата кандидатката достави: одлука за стекнат научен степен доктор на правни науки; кратка биографија (CV); список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите; со напомена дека останатите документи во оригинал се наоѓаат во персоналното досие на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

***И З В Е Ш Т А Ј***

*I. Биографски податоци*

Кандидатката д-р Александра Груевска-Дракулевски е родена во Скопје на 8 мај 1978 година. Основно и средно училиште завршила во Скопје со одличен успех. Била неколку пати избрана за најдобар ученик во генерацијата.

Во учебната 1996/97 година се запишала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Студиите ги завршила во февруари 2001 година со одличен просечен успех од 9,88, и се стекнала со право на стручен назив дипломиран правник. На промоцијата на дипломирани правници на 24 мај 2001 година на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, добила златна статуетка „Цицерон" за најдобар постигнат успех во генерацијата, како и пофалница од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на 24.5.2002 година за најдобар постигнат успех во генерацијата.

За време на студиите во учебната 1999/00 година активно учествувала во Клиничката програма на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Во периодот 1992-2003, била стипендист на Министерството за образование и наука на Република Македонија за талентирани ученици/студенти.

Во учебната 2001/02 година се запишала на постдипломските студии по казнено право и криминологија на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Ги слушала предавањата и ги положила испитите по првиот и по

вториот семестар. Во меѓувреме добила здружена стипендија од Cambridge Trust, British Council, SOROS Foundation & Foreign and Commonwealth Office, за постдипломски студии за учебната 2003/04 година, на Универзитетот во Кембриџ, Правен факултет, Институт за криминологија. На 17 јули 2004 година се стекнала со звањето магистер по криминологија. Дипломата е нострифицирана со Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство на Министерството за образование и наука.

Во јули 2006 година ја пријавила докторската дисертација на тема „Влијанието на казната затвор врз рецидивизмот“, која е успешно одбранета на 10.2.2010 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнала со научен степен доктор на правни науки.

Активно го владее англискиот јазик, за што како потврда ги има сертификатите IELTS, TOEFEL-CB, FCE. Има завршено напредно ниво на германски јазик, како и основно ниво за француски јазик, како дел од програмата CULP (Cambridge University Language Proggrame). Се служи со Windows (Word, Power Point, Excel, Internet Explorer).

Поставена е за постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно во Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

*Работно искуство*

Со одлуки на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје од октомври 2001, 2002, 2004, 2005 година, избирана е за демонстратор на Институтот за казнено право за учебните 2001/02, 2002/03, 2004/05 и 2005/06 година. Била ангажирана во изведувањето на вежби по предметите казнено право, казнено право-применета програма, криминологија и пенологија.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 27.1.2006 година, избрана е за асистент на научната област криминологија и пенологија. Ангажирана е во изведувањето на настава/вежби по предметите криминологија, пенологија, казнено право-применета програма, казнено право-посебен дел, социјална патологија и малолетничко казнено право на вториот циклус студии по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како и по предметот казнено право на првиот циклус студии. Секретар е на постдипломските студии по казнено право и криминологија на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Од мај 2005 до март 2006 година била ангажирана во Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија (MACInvest) како правен советник.

Во периодот 1994-1998 била член на Здружението за заштита на правата на детето на Република Македонија (Save the Children of Macedonia), а во периодот 2005-2007 била член на Lions New Century Macedonia Club на позициите прв претседател и менаџер за односи со јавност.

Член е на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија. Секретар е на Уредувачкиот одбор на Македонската ревија за кривично право и криминологија на Македонија од септември 2008 година. Член е и на Cambridge Overseas Society, Alumni Open Society Institute, Институтот за стратешки истражувања и едукација.

*II. Објавени научни и стручни трудови:*

Д-р Александра Груевска-Дракулевски е автор на повеќе научни и стручни трудови од областа на казненото право, криминологијата и пенологијата (наведени во Образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање).

Во продолжение е даден кус приказ на трудовите објавени по последниот реизбор.

- „Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике" (2008) во Zbornik Radova Dvadesetiprvog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2008, godina LVII, knjiga 520, str.125-137;

Во овој труд авторката се занимава со прашањето на рецидивизмот кај малолетничкиот криминалитет во Република Македонија, како индикатор за (не)ефикасност на казнената политика. Притоа, меѓу другото, констатира дека високата стапка на малолетничкиот криминалитет неминовно упатува на потребата од редовно следење и благовремено откривање на малолетниците со ризично однесување, како и превенција на малолетничкиот криминалитет. Авторката заклучува дека регистрираната висока стапка на рецидивизам кај малолетничкиот криминалитет ја наметнува потребата од корекција на мерките кои се применуваат спрема малолетниците и имплементирање на најдобрите практики за превенција и сузбивање на малолетничкиот криминалитет.

- „Поступак о споразумевању у нацрту Закона о кривичном поступку у Републици Македонији" (коавтор) (2009) u Zbornik Radova Dvadesetidrugog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2009, godina LVIII, knjiga 530, str.381-401.

Во овој труд авторите го обработуваат прашањето за постапката за спогодување на јавниот обвинител и осомничениот за видот и висината на кривичната санкција, како и можноста за признавање на вината во различни фази од постапката, одредби што се содржани во предлогот на Законот за кривичната постапка, со што за прв пат во македонското казнено-процесно законодавство се предвидува уредување на оваа постапка. Во овој труд се елаборирани можните улоги што процесните субјекти можат да ги добијат во текот на постапката за спогодување, како и самата постапка низ одредбите од Нацрт-законот за кривична постапка. Во трудот се разгледани искуствата на американскиот модел, потоа англискиот, германскиот и италијанскиот модел на постапката за спогодување за вината. Исто така, во трудот се презентирани предностите од воведувањето на постапката за спогодување за вината тргнувајќи пред сè од искуствата на државите кои имаат долга традиција на примена, како на пример, случајот со Англија која со Crime (Sentences) Act 1997 вовела 'plea before vanue', при што се проценува дека стапката на затворската пренатрупаност се намалила

за околу 500; всушност проблемот со затворската пренатрупаност е реална тешкотија со која се соочуваат скоро сите европски држави, како и САД, вклучувајќи ја и Република Македонија.

- „Примена на методот на набљудување во криминолошките истражувања: предности и недостатоци“ (во печат), Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје посветен на проф. д-р Томислав Чокревски.

Во овој труд авторката се осврнува на предностите и слабостите на методот на набљудување, како еден од најефективните и најчесто применувани квалитативни методи од страна на криминолозите, кој се практикува, меѓу другото, и за проучување на „успешните" криминалци, т.е. оние што не биле откриени. Притоа, авторката заклучува дека ниедна теоретска елаборација за тоа како да се спроведе едно истражување со примена на методот на набљудување не е адекватна замена за искуството што истражувачот ќе го стекне кога самиот практично ќе го примени овој метод.

### *III. Учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои*

Кандидатката со реферати или друг придонес учествувала на голем број научни и стручни семинари и конференции во земјата и во странство (наведени во Образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање).

### *IV. Заклучна оцена и предлог*

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област криминологија и пенологија од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се пријави единствено кандидатката д-р Александра Груевска-Дракулевски. Комисијата за оцена на кандидатката во состав проф. д-р Љупчо Арнаудовски, акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Методија Каневчев, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува рецензентскиот извештај со следнава заклучна оцена и предлог.

Рецензентската комисија во составот наведен погоре, со интерес и внимание ги проучи документите што кандидатката д-р Александра Груевска-Дракулевски ги поднесе кон пријавата за избор за наставник во сите наставно-научни звања на научната област криминологија и пенологија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и оцени дека во случајов се работи за кандидат, млад научен работник кој своето образување, учење и усовршување ги остварува во еден многу нормален процес минувајќи од фаза во фаза во своето формирање како иден наставник, истражувач и научен работник. По изборот за асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје како магистер, подоцна како докторанд се вклучува во наставниот процес успешно извршувајќи ја својата функција на асистент. Но, тоа е и период во кој ја подготвува и

успешно ја одбранува докторската дисертација на нашиот Факултет и се стекнува со звањето доктор на правни науки од кривичноправната и криминолошката научна област. Истовремено, во тој период објавува повеќе стручни и научни трудови во домашни и странски списанија преку кои покажува дека сериозно навлегува во научната област во која работи и покажува познавање на научната методологија што се применува во овие научни области. Исто така, објавува и неколку стручни трудови (прикази и критички анализи) преку кои покажува способност за критичка анализа и оценка на научни и стручни трудови од овие научни области.

Од приложената документација кон пријавата постанува очигледно е дека кандидатката д-р Александра Груевска-Дракулевски не останува надвор од научноистражувачката работа. Таа учествува во реализацијата на неколку научноистражувачки проекти што се реализираат на Факултетот и надвор од него како член на истражувачки тим. На тој начин таа работи на унапредување, усовршување, збогатување на теоретските и научните познавања од областа на кривичноправните, криминолошките, пенолошките и други научни сознанија и ги усовршува и ги збогатува своите методолошки познавања и искуства во примената на методологијата на истражување во овие области.

На подрачјето на наставната дејност од приложениот образец кон извештајот за нејзината работа на Факултетот, сосема е јасно дека таа успешно ја извршува својата работа како асистент преку одржување вежби, консултации, оцена на семинарски работи, есеи и други облици на работа со студентите. Таа во својата наставна работа напредува кон повисоки степени на оваа дејност настапувајќи на семинари, советувања, дискусии, обука на студенти и други лица од научната област на кои има сопствени настапувања со предавања и излагања. Овие нејзини настапи се оценуваат како стручни на нивото на превземените активности, професионални, со познавање на проблематиката за која говори (излага) со јасност, разговетност и разбирање. На тој начин, таа ги покажува и ги потврдува своите способности за настава. Во овој домен од нејзините активности не изостануваат ниту оние облици на ангажман на домашни и странски семинари, летни школи, тренинзи преку кои и самата учи, стручно се изградува навлегувајќи длабоко во областите во кои работи.

Во согласност со сè што е понапред речено во рецензентскиот извештај, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љупчо Арнаудовски, акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Методија Каневчев, има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, **да му предложи д-р Александра Груевска-Дракулевски, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да биде изберана во наставно-научното звање доцент на научната област криминологија и пенологија** и да ѝ доверат извршување на наставно-научната дејност по предметите од оваа научна област.

Скопје, 9.7.2010 година **Рецензентска комисија**

Проф. д-р Љупчо Арнаудовски, с.р.

Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

Проф. д-р Методија Каневчев, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Александра Томе Груевска-Дракулевски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје
**Научна област:** криминологија и пенологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени | Вк. поени |
|---|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава**[1] | | |
| 2. | **од прв циклус студии**<br>• казнено право 2 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = 1,2<br>2006/07:1,2 * 3 (групи) = **3,6**;<br>2007/08: 1,2 * 3 (групи) = **3,6**;<br>2008/09: 1,2 * 2 (групи) = **2,4**;<br>2009/10: 1,2 * 2 (групи) = **2,4**.<br>Забелешка: за академските години 2006/07, 2007/08, 2008/09 и 2009/10. | 0,04 | **12** |
| 3. | **од втор циклус студии**<br>• криминологија: 2008/09: 3 (групи) * 1.66 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **3,75**; 2009/10: 1 (група) * 1,66 (часа) * 15 (недели) * 0.05 = **1,25**;<br>• пенологија: 2008/09: 3 (групи) * 1,16 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **2.625**; 2009/10: 1 (група) * 1,16 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **0,875**;<br>• малолетничко казнено право: 2009/10: 2 (групи) * 2 (часа) * 4 (недели) *0,05 = **0.8**;<br>• казнено право – посебен дел: 2008/09: 1 (група) * 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**; 2009/10: 1 (група) * 2 (часа) * 4,5 (недели) * 0,05 = **0.45**;<br>• казнено право – применета програма: 2008/09: 1 (група) * 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**; 2009/10: 1 (група) * 2 (часа) * 4,5 (недели) * 0,05 = **0,45**;<br>• социјална патологија: 1 (група) * 3,5 (часа) * 2 (недели) * 0,05 = **0,35**.<br>Забелешка: за академските години 2008/09 и 2009/10. | 0,05 | **13,55** |
| 4. | **Настава во летни школи и работилници** | | |
| 5. | **- раководител**<br>• Семинар со работен наслов „Темната страна на љубовта" во рамки на проектот „Насилство во адолесцентска врска“, проект-координатор и предавач, Open Society Foundation, Network Scholarship Programs (Охрид, 20 - 23 март 2008). | 1,5 | **1,5** |
| 6. | **- учесник**<br>• работилница на тема „Усогласеност на домашното законодавство со Конвенцијата за правата на детето“, во организација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје (х.„Арка“, 5 ноември 2009 година).<br>• Светска здравствена организација - регионална канцеларија за Европа, Канцеларија Скопје, Работилница за обука за обучувачи за превенција на насилство, Скопје, 3-5 ноември 2009 година. | 1 | **12** |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Десетто редовно советувањето на тема: „Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и истражните центри на јавното обвинителство и економскиот криминалитет во стечајните постапки", во организација на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Министерството за правда, Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија и Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (х. „Парк", Охрид, 17-18 септември 2009).<br>• Обука за полагање правосуден испит во организација на Јуридика од Скопје, предавач (Скопје, 5 април 2008).<br>• Седмо редовно советувањето на тема: „10 години од примената на Кривичниот законик на Република Македонија", во организација на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, ОПДАТ - Амбасада на САД и ОБСЕ во Скопје, Оддел за владеење на правото (х. „Гранит", Охрид, 28-30 септември 2006).<br>• Стручна работилница на тема „Имплементација на алтернативните мерки кај малолетниците", во организација на Канцеларија на УНИЦЕФ во Скопје и Здружението за кривично право и криминологија на Македонија (х. „Дрим", Струга, 16-18 јуни 2006).<br>• Стручна работилница на тема „Нов модел на малолетничка казнена правда и нејзините импликации врз постојниот систем", во организација на Канцеларија на УНИЦЕФ во Скопје и Здружението за кривично право и криминологија на Македонија (х. „Епинал", Битола, 12 до 14 април 2006).<br>• семинари на тема „Странски директни инвестиции" (организирање и учество), (октомври 2005 – март 2006) („Странските директни инвестиции и нивното значење за развојот на приватните компании и општините" – одржани во 13 општини), „Мапирање на инвестиционите и развојните можности на општините во Република Македонија").<br>• Трет семинар за правници, Сојуз на студентите, Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје (Охрид, 17-19 декември 2004).<br>• Семинари на теми од областа на криминологијата (Велика Британија, 2003-2004).<br>• Центар за клиничка програма на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, во соработка со Колумбија - универзитетот – САД, (Охрид, октомври 2000).<br>• семинари на тема „Правата на детето во земјата" (РМ и Закопане, Полска, 1994 – 2000). | | |
| 7. | **Одржување на теренска настава**[2]<br>- посета со студенти на КПД Идризово (9);<br>- посета со студенти на Затвор Скопје (2);<br>- посета со студенти на Затвор Штип (1);<br>- посета со студенти на Прва детска амбасада во светот Меѓаши (1);<br>- посета со студенти на домот за деца ЈУ „Завод Ранка Милановиќ" (1);<br>- посета со студенти на ЈЗУ Психијатриска болница, Центар за зависности - Кисела Вода (1);<br>- посета со студенти на ЈЗУ Психијатриска болница, Бардовци (1); | 0,04 | **0,64** |
| 8. | **Одржување на вежби** (лабараториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)[3] | 0,03 | **23,1** |

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за предавања од теренска настава) = поени.

[3] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,03). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,03 (поени за часови вежби) = поени.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - казнено право: 2001/02, 2002/03, 2004/05: 3 (акад.години) * 3 (групи) * 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **8,1**);<br>- изработка на семинарски труд (2001-2010): 500 * 0,03 = **15.** | | |
| 9. | **Консултации со студенти**[4]<br>- 2001-2010: 100 (студенти на прв циклус студии) * 8 (години) * 0,002 = **1,6**;<br>- 2008/09 и 2009/10: 300 (студенти на втор циклус студии) * 0,002 = **0,6.** | 0,002 | **2,2** |
| 10. | **Пакет материјали за одреден предмет (превод)**<br>• „Избор текстови од Филозофија на право" (2007), Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје;<br>• „Избор текстови од Криминалистика" (2009), Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје;<br>• превод на повеќе материјали од англиски, српски и хрватски на македонски и обратно што се објавени во Македонската ревија за кривично право и криминологија во издание на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија. | 1 | 3 |
| | **Вкупно** | | **67,99** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени | Вк. поени |
|---|---|---|---|
| | **Одбранета докторска теза:**<br>„Влијанието на казната затвор врз рецидивизмот" (10.2.2010), Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје. | 8 | **8** |
| | **Одбранета магистерска работа:**<br>"Recidivism: Etiology, Prediction, Prevention and Reduction" (17.7.2004), Cambridge University, Law Faculty, Institute of Criminology. | 4 | **4** |
| | **Учесник во национален научен проект**<br>„Усогласеност на домашното законодавство со Конвенцијата за правата на детето", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, (2009 година). | 3 | **3** |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**[5]<br>• „Намалување на стапката на рецидивизам во земјите на ЕУ и на Комонвелтот" (2004), во: ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, бр.7, Скопје: Студентски збор, стр.65-78; (4)<br>• „Судско одмерување на казна: од теорија до практика - компаративен преглед" (2005), во: Македонска ревија за казнено право и криминологија ISSN 1409-5327 (год. 12, бр. 1, 2005), Казнена политика во Република Македонија, Материјали за VI советување на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, 2-ри Август С-Штип, стр.105-123; (4)<br>• „Можност за прогноза на рецидивизмот" (2007), во Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и на Правниот факултет во Загреб посветен на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Скопје: Академски печат - Скопје, стр.472-483; (4)<br>• „Казненоправните аспекти на интелектуалната сопственост во Република Македонија" (2007), (коавтор), Зборник на трудови на | 4 | **23,2** |

[4] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

[5] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора-секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје посветен на проф. д-р Панта Марина; **(3.2)**<br>• „Примена на методот на набљудување во криминолошките истражувања: предности и недостатоци" (во печат), Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје посветен на проф. д-р Томислав Чокревски; **(4)**<br>• „Рецидивизам кај економскиот криминалитет во Република Македонија", во: Македонска ревија за казнено право и криминологија (год.15, бр.2-3, 2008), Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје: 2-ри Август С-Штип, стр.615-631; **(4)** | | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**[6]<br>• "Theories of desistance that explain the finding that marriage and desistance are correlated: strengths and limitations of each view" (2005) in Zbornik Radova Osamnaestog susreta na tema: Pravo i univerzalne vrednosti, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.9-2005, godina LIV, knjiga 493, Beograd, str.1283-1291; **(6)**<br>• „Krivično-pravna zaštita intelektualne svojine u Makedoniji" (2006) (koautor) u Zbornik Radova Devetnaestog susreta na tema: Pravo i humana budućnost, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.11/2006, godina LV, knjiga 503, Beograd, str.917-931; **(4.8)**<br>• „Važnost porodičnih faktora kao uzroci delinkvencije" (2007), u Zbornik Radova Dvadesetog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije; **(6)**<br>• „Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике" (2008) во Zbornik Radova Dvadesetiprvog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2008, godina LVII, knjiga 520, str.125-137; **(6)**<br>• „Поступак о споразумевању у нацрту Закона о кривичном поступку у Републици Македонији" (коавтор) (2009) u Zbornik Radova Dvadesetidrugog susreta na tema: Pravo i sloboda, Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Kopaonička škola prirodnog prava Udruženja pravnika Srbije, br.10-2009, godina LVIII, knjiga 530, str.381-401; **(4.8)** | 6+и.ф. | **27,6** |
| | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание**<br>• „Сугестии за подобрување на Предлог-националната програма за усвојување на правото на Европската унија" (март-јуни 2006) (коавтор), во: „Борба против организираниот криминал во Република Македонија", Билтен бр.1, Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје, стр. 37-66. | 2 | **1,2** |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>• Копаоничка школа природног права, XXI сусрет на тема: Право и слобода, Удружења правника Србије (учествувала со реферат на тема: „Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици | 1 | 6 |

[6] Меѓународен уредувачки одбор е одбор во кој учествуваат експерти од соодветната научна област од најмалку 5 земји, при што бројот на учесниците од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број членови.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике"), (Копаоник, 12-17 декември 2008).<br>• Деветто редовно советувањето на тема: „Економски криминалитет и актуелната реформа на казненото материјално и процесно законодавство", во организација на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, ОПДАТ - Амбасада на САД и ОБСЕ во Скопје, Оддел за владеење на правото (х. „Гранит", Охрид, 25-27 септември 2008).<br>• Копаоничка школа природног права, XIX сусрет на тема: Право и слобода, Удружења правника Србије, (учествувала со реферат на тема: „Važnost porodičnih faktora kao uzroci delinkvencije"), (Копаоник, 12-17 декември 2007).<br>• Копаоничка школа за природно право на Здружението на правници на Србија, XIX средба на тема: Право и универзални вредности, труд на тема "Krivično-pravna zaštita intelektualne svojine u Makedoniji" (koautor) (Копаоник, 12-17 декември 2006).<br>• Копаоничка школа природног права, 18 средба на тема: Право и универзалне вредности, Удружења правника Србије, труд на тема: "Theories of desistance that explain the finding that marriage and desistance are correlated: strengths and limitations of each view", (Копаоник, 12-17 декември 2005).<br>• Шесто редовно советување на тема „Казнената политика во Република Македонија", Здружение за кривично право и криминологија на Македонија (учествувала со реферат на тема „Судско одмерување на казна: од теорија до практика - компаративен преглед), (Охрид, 21-24 септември 2005). | | |
| | **Вкупно** | | 73 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени | Вк. поени |
|---|---|---|---|
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**<br>- евалуација на постдипломски студии по казнено право и криминологија (2008/09 и 2009/2010) | 1 | 2 |
| | **Студија**<br>• **одговорен проектант**<br>• "Frequently Asked Questions for Investing in Macedonia" (2005), MacInvest: Agency for Foreign Investments of the Republic of Macedonia and GTZ. | 2 | 2 |
| | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**<br>- Денови на образованието во Република Македонија (2007 и 2008) | 0,5 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | | |
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**<br>• Македонска ревија за кривично право и криминологија;<br>• Зборник трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Правниот факултет во Загреб, во чест на проф. д-р Фрањо Бачиќ (2007).<br>• Зборник трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. д-р Панта Марина (2008). | 0,5 | 1,5 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на** | 0,5 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **научен/стручен собир**<br>• работилници, семинари, советувања во организација на ЗКПКМ;<br>• семинари во организација на Mac Invest Агенција за странски инвестиции на РМ. | | |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | | |
| | • **самостоен**<br>• златна статуетка "Цицерон" за најдобар постигнат успех во генерацијата од Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (2001);<br>• пофалница од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на 24.5.2002 година за најдобар постигнат успех во генерацијата. | 3 | 6 |
| | **Студиски престој во странство**<br>- повеќе од 6 месеци,<br>Универзитет во Кембриџ, Правен факултет, Институт за криминологија (октомври 2003- октомври 2004) | 2 | 2 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**<br>- соработник – асистент-истражувач во рамките на проектот „Национален институционален консалтинг за компаративен преглед на македонското законодавство и Конвенцијата за правата на детето", УНИЦЕФ, 2009. | 0,5 | **0,5** |
| | **Член на факултетска комисија**[7]<br>• член на Комисијата за попис и утврдување на парични и други форми на побарувања и обврски (2007);<br>• член на Комисијата за прием на студенти на Правниот факултет во Скопје (2008);<br>• член на Комисијата за прием на студенти на Правниот факултет на втор циклус студии (2009). | 0,5 | **1,5** |
| | **Вкупно** | | **17,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **67,99** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **73** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **17,5** |
| **Вкупно** | **158,49** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Љупчо Арнаудовски, претседател, с.р.
2. Акад. проф. д-р Владо Камбовски , член, с.р.
3. Проф. д-р Методија Каневчев, член, с.р.

[7] Поените се однесуваат за еден мандатен период.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-1774/5 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, донесена на неговата редовна седница одржана на 23.6.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област телекомуникации, во врска со распишаниот конкурс објавен во весникот „Дневник" на 10.6.2010 година.

На објавениот конкурс се пријавил кандидатот д-р Венцеслав Кафеџиски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии, кој конкурира за наставно-научното звање редовен професор. Врз основа на поднесените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Венцеслав Кафеџиски е роден на 21 април 1958 година во Скопје, Република Македонија. Основно и средно училиште завршил во Скопје со континуиран одличен успех по сите предмети и бил прогласуван за најдобар ученик во генерацијата.

Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје, насока: електроника, во мај 1982 година со највисока средна оценка од предметите од неговата и сите претходни генерации до неговото завршување од 9,83 и дипломска работа со наслов „Нелинеарни изобличувања при пренос на аголно модулирани сигнали преку системи со меморија". Постдипломски студии завршил на Електротехничкиот факултет во Скопје, насока: телекомуникации, во мај 1989 година со просечен успех од предметите 10,0 и магистерски труд со наслов „Методи за пресметка на веројатноста на испад заради селективен фединг кај дигитални радиорелејни системи со QAM модулациони постапки". Докторски студии завршил на Департманот по електротехника на Државниот универзитет на Аризона, насока: телекомуникации и процесирање на сигналите. Положил поголем број испити (14) од потребниот број (10) според докторската програма на студии, сите со највисок успех. Докторската дисертација со наслов „Капацитет и заедничко кодирање на изворот и каналот кај канали со конечен импулсен одзив со ергодични коефициенти" ја одбранил на 29 јуни 2000 година. Дипломата за докторат на науки е нострифицирана од Министерството за образование и наука на Република Македонија со решение број 19-792 од 28.2.2001 година.

Во периодот од февруари 1983 до декември 1989 година, д-р Венцеслав Кафеџиски бил вработен како помлад асистент во Заводот за телекомуникации при Електротехничкиот факултет во Скопје, а во декември 1989 година бил избран во звањето асистент. Од 1990 до 2000 година престојувал на Департманот по електротехника на Државниот универзитет на Аризона, на почетокот како корисник на стипендија, а подоцна бил и вработен како соработник-истражувач на истиот Департман.

Во јуни 2001 година, д-р Кафеџиски бил избран во звањето доцент, а во декември 2005 година во звањето вонреден професор по група предмети од областа телекомуникации на Електротехничкиот факултет во Скопје.

Во 2003 и 2004 кандидатот аплицирал и добил Tempus IMG-грантови, во рамките на кои престојувал на универзитетите Politecnico di Torino во Торино, Италија и Institute Eurecom во Софија Антиполис, Франција. Во текот на летото 2008 година престојувал на Факултетот за електротехника и компјутерски науки на Универзитетот во Марибор, Р. Словенија, во рамките на EU TEMPUS-проектот CD_JEP-41048-2006 DSPBLEND "Master studies in DSP based on Blended Learning Approach".

Член е на организацијата IEEE од 1989 година, и тоа во друштвата за теорија на информации, за телекомуникации, и за процесирање на сигналите. Течно ги зборува англискиот и српскиот јазик, а разбира бугарски, руски и француски. Почесен член е во друштвото Phi Kappa Phi за извонредни достигнувања на докторските студии во САД.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 1983 до 1990 година, д-р В. Кафеџиски учествувал во наставната дејност на Електротехничкиот факултет во Скопје како помлад асистент и асистент преку одржување аудиториски и/или лабораториски вежби по предметите: основи на телекомуникациите 1, основи на телекомуникациите 2, телекомуникациона техника, мултиплексни системи, телекомуникациони системи и физика.

Во периодот 2001-2005 година учествувал во изведување на наставата на додипломските студии, и тоа предавања, аудиториски и лабораториски вежби од предметите основи на телекомуникациите 1, основи на телекомуникациите 2, мултиплексни системи, како и во наставата на студиите од прв степен, насока: електроника, и тоа од предметите техника на врски 1 и техника на врски 2. Го вовел и во периодот 2005-2008 година изведувал настава од нов изборен предмет во 9 семестар на насоката електроника и телекомуникации, со назив модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжичните комуникации. Во рамките на постдипломските студии на ЕТФ по стара наставна програма вовел три нови предмети на насоката телекомуникации, и тоа: безжични комуникации, статистичко процесирање на сигналите и компресија на сигналите.

Во рамките на воведувањето и спроведувањето на европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) на Електротехничкиот факултет во Скопје, ги вовел и изведувал настава од следниве предмети на додипломските студии: дигитални телекомуникации 1, безжични комуникации, основи на дигитални телекомуникации, процесирање и пренос на мултимедиски сигнали, процесирање на сигнали во телекомуникациите. Исто така, ги вовел и изведувал настава од следниве предмети на магистерските студии - втор циклус на студии според ЕКТ-системот: статистичко процесирање на сигналите, напредни безжични комуникации, теорија на информации, ОФДМ: теорија и примена. Ги конципирал и изготвил наставни програми од следниве предмети на докторски студии - трет циклус на студии според ЕКТ-системот: одбрани поглавја од безжични комуникации и повеќекорисничка теорија на информации.

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор бил ментор на околу четириесет студенти за изработка на дипломски работи. Бил или е ментор на седум студенти на постдипломски студии.

Во летото 2007 година бил предавач на краток курс за OFDMA-воздушниот интерфејс за вработените од Т-Мобиле, како и предавач на меѓународниот академски курс "Be a broadband expert in smart technologies" во организација на BEST (Board of European Students of Technology).

Д-р В. Кафециски има напишано скрипти предавања за предметите основи на телекомуникации 1, основи на дигитални телекомуникации, дигитални телекомуникации 1 и безжични телекомуникации.

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Д-р В. Кафециски има објавено преку педесет научни и стручни трудови од областите безжични комуникации, дигитални телекомуникации, процесирање на сигнали во телекомуникациите, теорија на информации, теорија на естимација, од кои поголемиот број во зборници од истакнати меѓународни конференции и списанија во овие области. Овие научни трудови се цитирани од реномирани автори во престижни списанија и во зборници од престижни конференции од овие области.

Бил поканет предавач на четири работилници организирани од ITU (Интернационалната унија за телекомуникации), и тоа во 2004, 2008, 2009 и 2010 година.

Бил претседател на Работната група на Агенцијата за електронски комуникации на Р. Македонија, која во 2006 година ги изготви документите: „Насоки за технички и експлоатациски услови за користење на радиофреквенции во радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz за фиксен безжичен пристап" и „Насоки за воведување на системи за фиксен безжичен пристап во фреквенцискиот опсег 3400-3600 MHz во Република Македонија", во кои се дадени основните технички, економски и регулаторни аспекти за воведување на широкопојасните безжични пристапни системи во Р. Македонија.

Во 2007 година, како член на експертски тим учествувал во изработката на документот "SCADA Design Concept for Hydro System Zletovica", во кој е даден идеен проект за SCADA-системот за далечинско управување на хидросистемот Злетовица и врз основа на кој се одвива реализацијата на овој проект. Поконкретно, д-р В. Кафециски го изработи идејното решение за телекомуникацискиот дел од системот за далечинско управување. Учествувал во бројни комисии за технички прием на телекомуникациска радио, мултиплексна, комутациска и линиска опрема за дигитален пренос и во проектот за воведување на ISDN во поранешна Југославија.

Во периодот од претходниот избор, д-р В. Кафециски учествувал во два научноистражувачки проекта финансирани од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, во еден развојно-истражувачки проект финансиран од истото Министерство и во еден TEMPUS-проект, финансиран од Европската унија. На крајот на 2009 и во почетокот на 2010 година има предложено еден развојно-истражувачки проект, еден научноистражувачки проект, како и нова лабораторија за процесирање на сигналите во телекомуникациите, сите до Министерството за образование и наука на Р. Македонија, и сите во својство на раководител, а кои се во моментов во процес на рецензирање.

До изборот во звањето вонреден професор, д-р Венцеслав Кафециски има публикувано 36 научни и стручни трудови, магистерски труд и докторска дисертација, кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот при претходните избори (Билтен бр. 779 од мај 2001 и Билтен бр. 884 од 1 декември 2005).

По изборот во звањето вонреден професор, д-р В. Кафециски има публикувано 17 научни и 3 стручни трудови, групирани како што следува: трудови од областа на теоријата на информации, односно моделирање на безжични канали, капацитет на фединг-канали и линеарно кодирање на извор и канал (4 труда), трудови од областа компресија и пренос на видео и аудио сигнали (5 труда), трудови од областа на безжичните и мобилните системи (6 труда), трудови од аквизиција на видеосигнали за медицински апликации (1 труд), едукативни трудови (1 труд) и стручни трудови (3 труда).

Во дел од трудовите се обработени проблеми од областа на теоријата на информации. Користен е напреден математички апарат на гранични дистрибуции на сопствените вредности на корелациски матрици на изворот на информации и на каналски матрици. Во [2] е пресметан Шенонов капацитет на блок фединг фреквенциски селективни канали, кај кои постои корелација помеѓу коефициентите

на дискретниот каналски модел. Покажано е дека корелацијата може да доведе до зголемување на капацитетот при ниски односи сигнал-шум, и дека при високи односи сигнал-шум постои губење во капацитетот. Особен придонес е даден во проценката на добивката на капацитетот при низок однос сигнал-шум и на губењето на капацитетот при висок однос сигнал-шум. Во [8] е извршено проширување на резултатите од [2] на случај кога се користи MIMO-канал. Слични заклучоци се донесени како и во случајот со една предавателна и приемна антена, иако математичкиот апарат е значително посложен. Во [9] е изведена асимптотска граница на оптимално линеарно кодирање, како заедничко кодирање на извор и канал, при што се разгледани различни модели на извори и канали, и тоа авторегресивни извори со фиксни и променливи коефициенти и FIR-канали со фиксни и променливи коефициенти, при што промената на коефициентите во двата случаја е опишана со стационарни и ергодични процеси. Резултатите се од особено значење за евалуација на асимптотското поведение на постапката на линеарно кодирање за специфични извори и канали. Во [7] е опишана постапката како од физички мобилен канал со фиксни скетерери се доаѓа до FIR-модел на канал со стационарни и ергодични коефициенти, кој е многу корисен модел за истражување на проблемите на пресметка на капацитет или кодирање на овој тип на канали.

Во дел од трудовите е разгледано заедничко кодирање на извор и канал со примена кај безжичниот пренос на видеосигнали. Предложени се поголем број на оригинални алгоритми за определување на параметрите на видеокодерот и каналскиот кодер, односно само на видеокодерот, при што се минимизира средната квадратна грешка на пренесениот видеосигнал, која ги вклучува изобличувањето од квантизацијата и изобличувањето заради грешките при пренос. Така, во [16] е прикажана оптимизација на безжичен пренос на видеосигнали, и тоа на кодерот на извор и каналскиот кодер (тип на модулација, кодна брзина на заштитно кодирање, моќност), во случај кога предавателот има целосна информација за сите состојби на каналот во текот на една видеорамка на почетокот на преносот на видеорамката. Утврдено е влијанието на промената на различните параметри на поведението, при што е покажано дека најголемо влијание има променливата модулациска постапка. Претпоставката за познавање на каналот е релаксирана во случај кога предавателот има каузална информација за состојбата на каналот, имено го познава каналот само за соодветниот каналски интервал во моментот на пренесување [10]. На овој начин се овозможува дизајн на реализибилен систем, по цена на извесно намалување на перформансите. Во случај, пак, кога предавателот има само статистичка информација за каналот, извршена е оптимизација на видеокодерот со користење на веројатност на испад, при што за подобрување на поведението се користи и каналскиот временски диверзитет [5]. Утврдено е дека користењето на диверзитетот значително го подобрува поведението на системот. Проширување на овие резултати е извршено со вклучување во оптимизацијата на бројот на симболите и моќноста доделена на секој видеопакет, со што се постигнуваат супериорни резултати, особено во регионите на низок однос сигнал шум [11].

Во [3] е дизајниран систем за LPC-кодирање на аудиосигнали, чија основна намена е за примена во едукативни цели. Реализиран е LPC-кодер со интуитивен графички интерфејс за полесна комуникација со корисникот.

Во низа трудови се разгледани различни аспекти на безжичните и мобилните системи. Во [4] и [12] е даден преглед на следната генерација на мобилни системи (WiMAX и LTE), кој вклучува анализа на техничките, економските и регулаторните аспекти на воведувањето на овие системи, со посебен осврт на Р. Македонија. Овие трудови нудат експертска анализа за воведување на мобилните системи од следната генерација, како и насоки за најефикасно искористување на расположливите фреквенциски опсези, од аспект на покривање и капацитет, вклучувајќи предлози за зголемена флексибилност во управувањето со спектарот, користење на дигиталната дивиденда, пренамена на спектарот, како и тргување со спектарот. Детален осврт на технологиите на WiMAX-физичкото ниво е даден во [13], вклучувајќи ги OFDM, OFDMA, смарт антени и MIMO технологиите. LTE-физичкото ниво е анализирано во [15], со посебен акцент на техниките на повеќекратен пристап OFDMA и SC-FDMA, а дополнително се разгледани и техниките на адаптација на линк и доделување на

ресурси, како и фреквенциските опсези наменети за LTE. Во [6] е разгледано влијанието на променливото растојание помеѓу подносителите кај WiMAX DL-FUSC на поведението, при што за споредба се користени неколку теоретски модели за моделирање на растојанието помеѓу подносителите. Покажано е дека променливото растојание помеѓу подносителите нема значително влијание на поведението на системот. Во [14] е разгледана конвергенцијата на телекомуникациите и медиумите од технички и економски аспект и нејзиното влијание на регулативата. Поконкретно, разгледана е примената на широкопојасните телекомуникациски системи (жичани и безжични) за воведување на дигиталната телевизија, како и различните пристапи за имплементација на мобилната телевизија од страна на радиодифузерите или мобилните оператори.

Остатокот на трудовите вклучува и други области на интересирање на кандидатот. Во [1] е разгледан систем за аквизиција, меморирање и управување со видеозаписи од флуороскопија. Со овој систем се овозможува приклучување на традиционални рендгенски апарати кои се опремени со аналогна камера на систем за А/Д конверзија кој овозможува меморирање на видеозаписите во компјутер, како и натамошно користење на податоците за дијагностички цели. На тој начин се овозможува зголемување на безбедноста при користење на рендгенските апарати, како и значителна заштеда на материјални средства. Во [17] е направена споредба на двата модела на ЕКТС-двоциклусни студии, и тоа на студиите 3+2 и 4+1, при што се анализирани предностите и недостатоците на секој од нив.

## 4. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р В. Кафеџиски бил рецензент на повеќе домашни и меѓународни конференции, како и на врвни научни списанија, и тоа: IEEE Transactions on Information Theory, IEEE Transactions on Wireless Communications, IEEE Transactions on Vehicular Technology. Бил член на технички и научни одбори на повеќе конференции (ТЕЛФОР, ЕТАИ). Член е на факултетската Комисија за самоевалуација на ФЕИТ во мандатниот период 2006-2011 година. Во периодот 2008-2009 година бил координатор на студиската програма безжични и мобилни комуникации на магистерските студии (втор циклус на студии според ЕКТС).

Во 2007 година учествувал во изработката на Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии, а во 2008 година учествувал во изработката на Националната стратегија за широкопојасен интернет.

Во 2006 година бил претседател на работната група на Агенцијата за електронски комуникации, која изработи неколку документи значајни за работата на Агенцијата и од пошироко значење за развојот на широкопојасните безжични пристапни системи во Р. Македонија. Во моментов ја врши функцијата претседател на Техничкиот комитет за електронски комуникации при Институтот за стандардизација на Република Македонија. Во периодот 2004-2008 година бил член на Управниот одбор на организацијата на електроинженери од слаба струја од Македонија - ЕТАИ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според сето претходно изнесено, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Венцеслав Кафеџиски во изминатиов период постигнал значајни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Во наставниот процес д-р Венцеслав Кафеџиски покажа извонредно залагање со иновирањето на наставните програми на предметите кои ги држел, и особено со воведувањето на поголем број нови предмети со современи содржини, во рамките на сите три циклуси на студии според ЕКТС (5 на додипломските, 4 на магистерските и 2 на докторките студии). Има напишано поголем број на скрипти предавања по предметите на додипломските студии. Придонел во оспособувањето на помлади соработници на Институтот за телекомуникации при ФЕИТ, а бил и ментор на изработен магистерски труд на еден од овие соработници. Бил координатор на

студиската програма безжични и мобилни комуникации, на магистерските студии според ЕКТС.

По изборот во звањето вонреден професор, кандидатот има објавено 20 научни и стручни трудови. Во дел од објавените трудови, кандидатот решава проблеми од фундаментална теоретска природа од областите теорија на информации и безжични комуникации, со користење на напреден математички апарат, со што покажува голема длабочина и темелност во својата научноистражувачка работа. Во значителен број на научни и стручни трудови кандидатот покажува експертиза во анализата на техничките, економските и регулаторните аспекти на модерните широкопојасни безжични системи, со што дава придонес во нивното воведување во Р. Македонија.

Д-р В. Кафеџиски во периодот по изборот во звањето вонреден професор учествувал во два национални научноистражувачки проекта, еден национален развојно-истражувачки проект и еден TEMPUS-проект, финансиран од Европската унија.

Кандидатот учествувал во креирањето на повеќе документи и национални стратегии значајни за развојот на електронските комуникации во Р. Македонија. Бил претседател на работна група на Агенцијата за електронски комуникации, а во моментов е претседател на Техничкиот комитет за електронски комуникации при Институтот за стандардизација на Р. Македонија.

Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот ги исполнува сите формални и суштински услови за избор во звањето редовен професор, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе предлог-одлука за избор на д-р Венцеслав Кафеџиски во звањето редовен професор од наставно-научната област телекомуникации.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Лилјана Гавриловска, член, с.р.

3. Проф. д-р Борислав Поповски, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** __________**Венцеслав Гаврил Кафеџиски**________________
(име, татково име и презиме)
**Институција:** _____**Факултет за електротехника и информациски технологии**_
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: телекомуникации**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

| | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **36,6** |
| | - Основи на телекомуникации 1 (4ч.), зимски 2005/2006 | 2,4 |
| | - Модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжични комуникации (3ч.), зимски 2005/2006 | 1,8 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (3 ч.), летен 2005/2006 | 1,8 |
| | - Основи на телекомуникации 2 (3 ч.), летен 2005/2006 | 1,8 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (3 ч.), зимски 2006/2007 | 1,8 |
| | - Модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжични комуникации (3ч.), зимски 2006/2007 | 1,8 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (3 ч.), летен 2006/2007 | 1,8 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (3 ч.), зимски 2007/2008 | 1,8 |
| | - Безжични комуникации (3ч.), зимски 2007/2008 | 1,8 |
| | - Модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжични комуникации (3ч.), зимски 2007/2008 | 1,8 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (3 ч.), летен 2007/2008 | 1,8 |
| | - Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (3ч.), летен 2007/2008 | 1,8 |
| | - Процесирање на сигнали во телекомуникациите (3ч.), летен 2007/2008 | 1,8 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (3 ч.), зимски 2008/2009 | 1,8 |
| | - Безжични комуникации (3ч.), зимски 2008/2009 | 1,8 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (3 ч.), летен 2008/2009 | 1,8 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (3 ч.), зимски 2009/2010 | 1,8 |
| | - Безжични комуникации (3ч.), зимски 2009/2010 | 1,8 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (3 ч.), летен 2009/2010 | 1,8 |
| | - Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (3ч.), летен 2009/2010 | 1,8 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии** | **18** |
| | - Напредни безжични комуникации (3 ч.), зимски 2008/2009 | 2,25 |
| | - Статистичко процесирање на сигнали (3 ч.), зимски 2008/2009 | 2,25 |
| | - Теорија на информации (3 ч.), летен 2008/2009 | 2,25 |
| | - ОФДМ: теорија и примена (3 ч.), летен 2009/2010 | 2,25 |
| | - Напредни безжични комуникации (3 ч.), зимски 2009/2010 | 2,25 |
| | - Статистичко процесирање на сигнали (3 ч.), зимски 2009/2010 | 2,25 |
| | - Теорија на информации (3 ч.), летен 2009/2010 | 2,25 |
| | - ОФДМ: теорија и примена (3 ч.), летен 2009/2010 | 2,25 |
| 3 | **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | **5,4** |
| | - Основи на телекомуникации 1 (2+4 ч.), зимски 2005/2006 | 2,7 |
| | - Модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжични комуникации (1 ч.), зимски 2005/2006 | 0,45 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (1 ч.), летен 2005/06 | 0,45 |
| | - Основи на телекомуникации 2 (2 ч.), летен 2005/2006 | 0,9 |
| | - Модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжични комуникации (1ч.), зимски 2006/2007 | 0,45 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (1 ч.), летен 2006/2007 | 0,45 |
| 4 | **Консултации со студенти** | **2,084** |
| | - Зимски 2005/2006 (106 студенти) и летен 2005/2006 (107 студенти) | 0,426 |
| | - Зимски 2006/2007 (113 студенти) и летен 2006/2007 (38 студенти) | 0,302 |
| | - Зимски 2007/2008 (191 студенти) и летен 2007/2008 (47 студенти) | 0,476 |
| | - Зимски 2008/2009 (197) и летен 2008/2009 (23 студенти) | 0,44 |
| | - Зимски 2009/2010 (173 студенти) и летен 2009/2010 (47 студенти) | 0,44 |
| 5 | **Ментор на дипломска работа (36)** | **7,2** |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (43)** | **4,3** |
| 7 | **Интерна скрипта од предавања за предметот основи на дигитални комуникациии** | **4** |
| 8 | **Интерна скрипта од предавања за предметот дигитални телекомуникации 1** | **4** |
| 9 | **Интерна скрипта од предавања за предметот безжични комуникации** | **4** |
| 10 | **Настава во летни школи и работилници:** | **2** |
| | - меѓународен академски курс "Be a broadband expert in smart technologies" во организација на BEST (Board of European Students of Technology), јули 2007, Скопје, (учесник); | 1 |
| | - В. Кафеџиски, "OFDMA Air Interface", курс одржан за вработените од Т-Мобиле, 13-14 јуни 2007, Скопје. | 1 |
| | **Вкупно** | **87,584** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска работа (2)** | **2** |
| 2 | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5** |
| | "Master studies in DSP based on Blended Learning Approach", европски проект финансиран од Европската тренинг фондација TEMPUS JEP CD_JEP-41048-2006 DSPBLEND со партнери од Словенија (University of Maribor), Полска (Poznan University of Technology), 2007-2009 (раководител: проф. д-р Софија Богданова) | 5,0 |
| 3 | **Учесник во национален научен проект** | **9** |
| | „Обезбедување на услови за надежна ад хок комуникација во вонредни ситуации", научно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2006 - 2009 (раководител: проф. д-р Лилјана Гавриловска). | 3,0 |
| | „Моделирање и оптимизација на мултигигабитни оптички интерконекции", научно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2006 - 2009 (раководител: вон. проф. д-р Александар Ристески). | 3,0 |
| | „Систем за аквизиција, меморирање и управување со видео записи од флуроскопија", развојно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2005 - 2006 (раководител: проф. д-р Сузана Лошковска). | 3,0 |
| 4 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание** | **3,2** |
| | 1. В. Кафеџиски, И. Димитровски, С. Лошковска, „Систем за аквизиција, меморирање и управување со видео записи од флуороскопија", Physioacta, Vol.3 – No.2, 2009, pp. 111-124. | 3,2 |
| 5 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **40,2** |
| | 2. V. Kafedziski, "Capacity of Frequency Selective Slowly Fading Channels with Correlated Coefficients", Proc. 7th International ITG Conference on Source and Channel Coding, January 2008, Ulm. | 3,0 |
| | 3. B. Gerazov, V. Kafedziski, G. Shutinoski, "A Tool for Teaching Linear Predictive Coding", Proc. Electronics 2008, September 2008, Sozopol, pp.175-180. | 2,4 |
| | 4. V. Kafedziski, "Next Generation Mobile Systems", invited paper, Proceedings of 16th Telecommunications Forum, November 2008, Belgrade. | 3,0 |
| | 5. S. Pejoski, V. Kafedziski, "Video Transmission on Slowly Fading Channels using Diversity", Proceedings of 17th Telecommunications Forum, November 2009, Belgrade. | 2,7 |
| | 6. V. Kafedziski, S. Kolev, "The Impact of Subcarrier Spacing on Performance of WiMAX DL-FUSC in the Nonergodic Case", Proceedings of 17th Telecommunications Forum, November 2009, Belgrade. | 2,7 |
| | 7. V. Kafedziski, "From Physical Mobile Channel to FIR Channel with Stationary, Ergodic Coefficients", Proceedings of 17th Telecommunications Forum, November 2009, Belgrade. | 3,0 |
| | 8. V. Kafedziski, "Ergodic Capacity of Frequency Selective Block Fading MIMO Channels", Proc. 8th International ITG Conference on Source and Channel Coding, January 2010, | 3,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Siegen. | |
| | 9. V. Kafedziski, "Asymptotic Performance Limit of Optimal Linear Coding", Proc. 8th International ITG Conference on Source and Channel Coding, January 2010, Siegen. | 3,0 |
| | 10. S. Pejoski, V. Kafedziski, "Realizable Video Transmission Over Fading Channels with Full Channel State Information", XLV International Scientific Conference on Information Communication and Energy Systems and Technologies ICEST 2010, June 2010, Ohrid. | 2,7 |
| | 11. S. Pejoski, V. Kafedziski, "Video Transmission Over Slowly Fading Channels Using Diversity and Symbol or Power Adaptation", XLV International Scientific Conference on Information Communication and Energy Systems and Technologies ICEST 2010, June 2010, Ohrid. | 2,7 |
| | 12. V. Kafedziski, "Mobile Broadband - Technical and Regulatory Aspects", invited paper, 7th SEEITA Conference, 18-20 November 2009, Ohrid, Macedonia. | 3,0 |
| | 13. V. Kafedziski, "Modern Technologies in WiMAX Physical Layer", invited lecture, ITU Workshop on "WiMAX - a New Broadband Wireless Access Solution", 13-15 February 2008, Skopje, Republic of Macedonia. | 3,0 |
| | 14. V. Kafedziski, "Broadband Communications Systems – Impact on Media", invited lecture, ITU Centers of Excellence Workshop on Telecommunication and Media Sectors Convergence, 14-16 December 2009, Skopje, Republic of Macedonia. | 3,0 |
| | 15. V. Kafedziski, "LTE Physical Layer", invited lecture, ITU Centers of Excellence Workshop on 3G-HSPA and LTE: Towards the Next Generation of Mobile Networks, 3-5 February 2010, Skopje, Republic of Macedonia. | 3,0 |
| 6 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **3,6** |
| | 16. С. Пејоски, В. Кафеџиски, „Безжичен пренос на видеосигнали отпорен на грешки", IX национална конференција со меѓународно учество, ЕТАИ 2009, 26-29 септември 2009, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| | 17. S. Loskovska, V. Kafedziski, "ECTS dvociklusne studije: 3+2 ili 4+1?", XIV Skup TRENDOVI RAZVOJA:"EFIKASNOST I KVALITET BOLONJSKIH STUDIJA", TREND 2008, Kopaonik, mart 2008, str. 136-139. | 1,8 |
| 7 | **Учество на научен/стручен собир со меѓународно учество со реферат** | |
| 8 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | **Вкупно** | **63,0** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Студија** | **4** |
| | 1. Работна група на АЕК (претседател: В. Кафеџиски), „Насоки за воведување на фиксни безжични системи (FWA) во фреквенцискиот опсег 3400-3600 MHz во Република Македонија", јули 2006, Скопје. | 2 |
| | 2. Работна група на АЕК (претседател: В. Кафеџиски), „Насоки за технички и експлоатациски услови за користење на радиофреквенции во радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz за фиксен безжичен пристап", април 2006, Скопје. | 2 |
| 2 | **Идеен проект** | **1** |
| | 1. Експертски тим под раководство на проф. М. Станковски (член: В. Кафеџиски), "SCADA Design Concept for Hydro System Zletovica", август 2007. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (TELFOR 2009)** | 1 |
| 2 | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (ETAI 2007, ETAI 2009)** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Студиски престој во странство до 3 месеци:** | **0,5** |
| | - Јули 2008 - Марибор, Р. Словенија, University of Maribor, FERI. | 0.5 |
| 4 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - носител:** | **3** |
| | 1. Развојно-истражувачки проект пријавен во Министерството за образование и наука на Р. Македонија во декември 2009, „Систем за надгледување на исправувачи преку Ethernet и TCP/UDP IP мрежа со помош на SNMP протоколот и HMI/SCADA софтвер со SNMP-OPC сервер", (раководител: вонр. проф. В. Кафеџиски). | 1 |
| | 2. Научноистражувачка лабораторија пријавена во Министерство за образование и наука на Р. Македонија во јануари 2010, „Лабораторија за процесирање на сигнали во телекомуникациите", (раководител: вонр. проф. В. Кафеџиски). | 1 |
| | 3. Научноистражувачки проект пријавен во Министерство за образование и наука на Р. Македонија во февруари 2010, „Заедничко кодирање на извор и канал за повеќекориснички и кооперативни телекомуникациски системи со примена кај безжичен пренос на видео", (раководител: вонр. проф. В. Кафеџиски). | 1 |
| 5 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – соработник:** | **0,5** |
| | Научноистражувачки проект пријавен во Министерството за образование и наука на Р. Македонија во февруари 2010, „Енергетска ефикасност и сигурност на ИКТ системи", (раководител: вонр. проф. Александар Ристески). | 0,5 |
| 6 | **Член на факултетска комисија** | **0,5** |
| | - Комисија за самоевалуација на ФЕИТ, мандатен период 2006-2011 | 0,5 |
| 7 | **Координатор на студиска програма** | **1** |
| | - Студиска програма на втор циклус на студии според ЕКТС – Безжични и мобилни комуникации | 1 |
| 8 | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | **4** |
| | - Национална стратегија за електронски комуникации со информатички технологии<br>- Национална стратегија за широкопојасен интернет | 2<br>2 |
| 9 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:** | **3** |
| | - Претседател на работна група на Агенцијата за електронски комуникации (2007)<br>- Претседател на Техничкиот комитет за електронски комуникации при Институтот за стандардизација на Р. Македонија (2008-)<br>- Член на Управниот одбор на ЕТАИ (2004-2009) | 1<br>1<br><br>1 |
| | **Вкупно** | **19,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **87,584** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **63,0** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **19,5** |
| **Вкупно** | **170,08** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Лилјана Гавриловска, член, с.р.

3. Проф. д-р Борислав Поповски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-1774/4, донесена на својата редовна седница одржана на 23.6.2010 година, određени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област телекомуникации според конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 10.6.2010 година.

На објавениот конкурс се пријавил кандидатот д-р Тони Јаневски, вонреден професор по телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии, кој конкурира за наставно-научното звање редовен професор. Врз основа на поднесените документи, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Тони Јаневски е роден на 15 октомври 1972 година во Скопје, Р. Македонија.

Во 1991 година се запишал на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката електроника и телекомуникации. Дипломирал во 1996 година со просечен успех во текот на студиите 9,79.

Истата година се запишал на постдипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката компјутерска техника и информатика. Постдипломските студии ги завршил со просечен успех 10, а магистерскиот труд со наслов „Обработка на MPEG видеоинформации во компјутерски системи и ATM мрежи" го одбранил во 1999 година.

Во периодот од јули 1996 до октомври 1999 година работел во АД „Македонски телекомуникации", во Центарот за мобилна телефонија (денес Т-Мобиле), на работното место главен инженер. Во тој период на професионална активност, учествувал во идејната поставеност, планирањето, имплементацијата и развојот на GSM-мрежата за мобилна телефонија во Република Македонија, од самиот почеток на нејзиното создавање. Потесна област на која работел е планирањето на радиомобилната мрежа, базните станици и контролерот на базни станици, како и на системот за поддршка и управување со целата GSM-мрежа.

Во периодот од јануари до март 1997 година бил 2 месеца на стручно усовршување од областа на GSM 900 системот за мобилна телефонија во Центарот за обука на Ericsson во Стокхолм, Шведска.

Во 1999 година ги започнал докторските студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, од областа на телекомуникациите. Докторската дисертација со наслов „Анализа на перформансите и развој на нов концепт за обезбедување квалитет на сервисот (QoS) во мобилни IP мрежи со повеќе сообраќајни класи" ја одбранил во 2001 година.

Од октомври 1999 година д-р Тони Јаневски е вработен на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во Институтот за телекомуникации. Во септември 1999 бил избран за асистент, во мај 2001 година бил избран за доцент, а во декември 2005 година бил избран во звањето вонреден професор по предметите од наставно-научната област телекомуникации.

Во периодот од јули до ноември 2001 година престојувал во научноистражувачкиот центар на IBM во Њујорк, САД, каде што работел на истражување за 10 Gbps оптички етернет.

Има публикувано повеќе од 100 научни и стручни трудови. Автор е на книгата "Traffic Analysis and Design of Wireless IP Networks", Artech House Inc, Бостон, САД, 2003. Раководел со повеќе научноистражувачки и апликативни проекти.

Во периодот од мај 2005 до октомври 2008 година бил избран за член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации. Во мај 2008 година е избран за член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со четиригодишен мандат до 2012 година. Во јуни 2009 година го воспоставил International Telecommunication Union – ITU центарот на одличност на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, при што ITU

е најголемата институција за телекомуникации во светот и е дел од Организацијата на Обединетите нации.

Член е на најголемата организација на електроинженери IEEE од 1996 година, а во јануари 2005 година е избран за IEEE Senior Member.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Тони Јаневски, како вонреден професор, во рамките на наставната дејност држел предавања на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, по предметите: мултиплексни системи, дигитален пренос на информации, комутација и рутирање, дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи и безжични IP мрежи, во рамките на редовните додипломски студии, од кои последните три се нови предмети од областа телекомуникации кои ги вовел кандидатот. Како наставник на додипломските студии, по изборот во звањето вонреден професор бил ментор на 233 одбранети дипломски работи. За потребите на предавањата по предметите според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), д-р Тони Јаневски како вонреден професор има напишано позитивно рецензиран учебник „Комутација и рутирање" по истоимениот предмет, како и скрипти предавања по предметите интернет технологии, дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи, и безжични IP мрежи.

Во рамките на постдипломските студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, д-р Тони Јаневски има воведено и предава три нови предмети на студиските програми комуникациски и информациски технологии и безжични и мобилни комуникации, во рамките на вториот циклус ЕКТ-студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии, и тоа: напредни интернет технологии, дизајн на телекомуникациски мрежи и безжични мултимедиски мрежи. Бил ментор на 6 успешно одбранети магистерски тези, а исто така е ментор на поголем број запишани постдипломци. Бил член и на 4 комисии за одбрана или оцена на магистерска теза, како и на една комисија за оценка или одбрана на докторат. Д-р Тони Јаневски е тековен координатор на студиската програма комуникациски и информациски технологии на магистерските студии од 2008 година наваму.

Во рамките на третиот циклус на студии во изминатиов период кај д-р Тони Јаневски како ментор успешно се пријавени 7 теми за докторски дисертации од областа телекомуникации.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

До изборот во звањето вонреден професор, кандидатот д-р Тони Јаневски има објавено 1 книга од меѓународна издавачка куќа (Artech House, Бостон, САД), 49 научни трудови, од кои 1 е објавен во списание, 35 се објавени на меѓународни конференции, а 13 се објавени на домашни конференции. Тие се рецензирани во Билтенот на Универзитетот при претходните избори (бр. 738 од 3.IX 1999 година, бр. 778 од 3.V 2001 година и бр. 884 од 1.XII.2005 година). Од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Тони Јаневски има објавено 53 научноистражувачки трудови, од кои во 33 е прв автор на трудот (прилог: Анекс 2). Во изминатиов период, кандидатот д-р Тони Јаневски, бил раководител на еден успешно завршен научноистражувачки проект во периодот 2006-2009.

### Публикувани научноистражувачки трудови по изборот во звањето вонреден професор

Во трудот [1] е предложен нов алгоритам за избор на радио-пристапна мрежа во хетерогена безжична средина кој ги зема предвид ресурсите во мрежата, квалитетот на сервисот, задоволството на корисникот од добиената услуга, со користење на комбинирана фузи-логика и генетски алгоритми. Компаративна анализа на пакетските распределувачи во третата генерација мобилни мрежи со зголемени битски брзини HSDPA (High Speed Downlink Packet Access) е преставена во трудот [2], при што целта е определување на оптимален распределувач за да се задоволи бараниот квалитет на сервисот од мобилниот корисник. Во [3] авторите придонесуваат со своите резултати во димензионирањето на сообраќајот и планирањето на WCDMA-базираните мобилни мрежи преку оптимален избор на параметрите во радио-пристапната мрежа на страната на базните станици. Трудот [4] дава решение за меѓумрежно поврзување на безжичните локални мрежи и целуларните мрежи од 2.5 и 3-та генерација, преку користење на унифициран делен начин на автентикација, авторизација и тарифирање на корисниците.

Во трудот [5] е направена детална анализа на говор преку IP при вертикални хендовери меѓу 3G-HSPA, WiMAX и WLAN безжични мрежи, при што се анализирани перформансите како

што се пакетските загуби и доцнењето. Конкретен систем за автоматска контрола со користење на кратки пораки во мобилни мрежи е опишан во трудот [6]. Трудот [7] дава придонес преку дефинирање на концептуален модел за управување со околината со модули за процесирање и пренос на податоците, кој е имплементиран за мониторинг на Преспанското Езеро. Во трудот [8] е направена симулациска анализа на протокот на различните видови TCP-транспортни протоколи во интернет во безжичните локални мрежи IEEE 802.11. Трудот [9] предлага конкретно решение за поддршка на квалитетот на сервисот и подобрување на квалитетот на корисничката перцепција на IPTV-сообраќајот преку статистичка обработка на емпириски добиени мерни резултати од реална мрежа за дистрибуција на IPTV. Во [10] е даден придонес со нумеричка и статистичка анализа на биолошки инспирираните рутирачки алгоритми во мобилните ад-хок мрежи, преку концепт на меѓунивовска оптимизација за обезбедување на квалитет на сервисот. Трудот [11] опфаќа анализа на перформансите на говорниот и видеосообраќајот при имплементација на IEEE 802.21 стандардот за поддршка на вертикални хендовери во хетерогена безжична средина при различни брзини на подвижност на мобилните корисници. Нов модул за контрола на пристап базиран на генетски алгоритам наменет за интелигентно доделување на системски ресурси е предложен во [12]. Во трудот [13] е направена оптимизација на радиомрежите од третата генерација преку избор на оптимален тилт на антените и оптимален број на сектори по базна станица за овозможување на максимален број на активни мобилни корисници во мрежата. Моделирање на критичните сигнализациски интерфејси во мобилна мрежа, врз основа на мерења од активна мобилна мрежа, е реализирано во трудот [14]. Во [15] е даден придонес преку анализа на моделот на баферирање со различни приоритети во мрежен јазел во однос на доцнењето на пакетите, џитерот и загубите на пакети.

Во трудот [16] е направена оптимизација на мобилните мрежи со големи битски брзини од третата генерација кои пренесуваат мултимедиски сообраќај, при што е покажано дека изборот на ширината на снопот и тилтот на антените се суштински за подобрување на перформансите во радиомрежата. Меѓунивовска анализа на параметрите на податочното ниво кај IEEE 802.11 безжичните мрежи и нивното влијание во корелација со транспортните протоколи е прикажана во [17]. Во [18] е направена споредба на различните механизми на пакетски распределувачи во HSDPA-мобилните мрежи во однос на нивните перформанси како што се битскиот проток и доцнењето на пакетите во зависност од растојанието од базната станица. Евалуација на перформансите на сервисите во реално време во мобилна WiMAX-мрежа е направена во трудот [19]. Во [20] е прикажан нов развиен систем за собирање на податоци и алармирање за состојбата во Преспанското Езеро со користење на телекомуникациски мрежи. Понатаму, анализа на перформансите на TCP-протоколите во безжична IP-средина е направена во трудот [21], при што е утврден оптималниот број на ретрансмисии на податочно ниво за максимален проток на транспортното ниво. Во трудот [22] е направено истражување на безжичните меш-мрежи од аспект на доделување на ресурсите, поддршката на квалитетот на сервисот и опслужувањето на пакетите. Анализа на перформансите на сообраќајот во реално време во IEEE 802.16e безжичните мрежи е реализирано во [23]. Во трудот [24] е направена оптимизација на TCP/IP преку безжични локални мрежи во однос на големината на баферот на безжичниот интерфејс, ретрансмисиите и типот на TCP. Во [25] е даден придонес со нов алгоритам за адаптивно распределување на пакетите во мултимедиски мрежи со применети диференцирани сервиси преку динамичко менување на тежинските коефициенти на сообраќајните потоци. Анализата на перформансите на TCP и UDP-сообраќајот во IEEE 802.11g безжични мрежи е елаборирана во трудот [27]. Во [28] е направена анализа на применливоста на GPS (General Processor Sharing) моделот за димензионирање при поголеми сообраќајни оптоварувања во мрежата, при што е утврдено дека применливоста зависи од големината на баферите. Во [29] е направена нумеричка и статистичка анализа на распределбата на ресурсите на пакетско ниво во безжични меш-мрежи. Квалитетот на сервисот за IPTV е анализиран во [30], со користење на емпириски мерења од реална мрежа, при што е анализиран и објективниот и субјективниот квалитет на услугата при различни оптоварувања на линкот со заднински интернет сообраќај. Во трудот [31] е опишан оригинално развиен систем со потребните мрежни елементи за тестирање во реално време на квалитетот на сервисите од крај до крај во целуларни пакетски мрежи. Во [32] е направена статистичка анализа на уникаст и мултикаст IPTV-сообраќајот со користење на реални мерни секвенци. Трудот [33] опишува анализа на квалитетот на сервисот на различни пакетски распределувачи во HSDPA-мобилни мрежи во зависност од радиусот на ќелиите, бројот и мобилноста на корисниците. Трудот [34] воведува комплетно нов концепт за дизајн на мобилните терминали од идните генерации на мобилни мрежи (5G), во кој контролата за избор и комбинирање на пристапот до безжичните и мобилните мрежи е лоцирана во мобилниот терминал, а протоколните нивоа се отворени. Во [35] е направена споредба на квалитетот на сервисот во мобилни мрежи при користење на цикличен

распределувач, распределувач со максимален однос на сигнал/интерференција и фер распределувач зависен од каналот. Трудот [36] дава придонес со статистичка анализа на мултикаст IPTV во споредба со уникаст IPTV со моментална промена на каналот, при што е покажано дека мултикаст е помалку на себе сличен. Симулациска анализа на Mobile IP-протоколот во безжична средина е предмет на трудот [37]. Во [38] е воведено детално планирање на WCDMA-мобилни мрежи со статички симулации, како и оптимизација на мобилната мрежа. Во [39] е опишан нов реализиран систем за анализа на квалитетот на податочните сервиси во мобилни мрежи, како што се HTTP, FTP, WAP, SMS, MMS и други, преку користење на дистрибуиран систем на мерни станици во мобилната мрежа и централен систем за автоматско архивирање на резултатите, прикажување и алармирање. Напредното планирање на 3G-мобилните радиомрежи и влијанието на параметрите на радиомрежата на сообраќајот во нагорна и во надолна насока е предмет на трудот [40]. Во [41] авторите даваат придонес преку дефинирање на системските компоненти и мрежната архитектура за применливо решение за контрола на квалитетот на податочните сервиси. Понатаму, во [42] е иницијално креирано решение за следење на клучните индикатори за перформансите на IP-базираните сервиси во мобилните мрежи. Во [43] преку статички симулации е направена анализа и оптимизација на WCDMA-мобилни мрежи во нагорниот линк. Трудот [44] опфаќа анализа на перформансите на интернет, видео и говорниот сообраќај преку IP, со примена на диференцирани сервиси. Во [45] е направена претоперативна оптимизација на радиомобилната мрежа, при што е покажано дека оптималниот антенски тилт е меѓу седум и десет степени. Трудот [46] дефинира нов аналитички модел за сигнализацијата во GSM-мобилна мрежа врз основа на емпириски мерења. Во [47] е направена анализа на перформансите во однос на баферирањето во сообраќајно оптоварен IP-јазел со користење на приоритети. Имплементирано ново решение за ефективно воведување на безжичните локални мрежи како дополнителен сервис во мобилна мрежа е предмет во [48]. Во [49] е воведен нов SDL-базиран модел за анализа на перформансите и за планирање на IEEE 802.11a безжични мрежи. Решенија за интеграција на UMTS-мобилните мрежи и WLAN се елаборирани во [50]. Во [51] е воведен нов SDL-модел за безжични локални мрежи кој е верификуван преку симулациски анализи. Трудот [52] воведува системско решение за интегрирање на мобилните мрежи и WLAN преку унифициран систем за тарифирање на сервисите. Во [53] е дефиниран нов симулатор за анализа на IEEE 802.11 безжичните мрежи кој е потврден преку симулациски анализи на перформансите на физичкото и податочното ниво.

Покрај научноистражувачките трудови, кандидатот д-р Тони Јаневски одржал и 9 секциски предавања на ITU-меѓународни собири (наведени во Анекс 2 во прилог).

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Согласно со Анекс 2, во изминатиов период кандидатот д-р Тони Јаневски бил раководител на еден успешно завршен апликативен проект реализиран во периодот 2007-2008. Покрај тоа, има изработено две студии од областа на телекомуникациите во 2007 и 2008 година, соодветно. Подготвил и апликации за уште еден научноистражувачки проект и за еден меѓународен образовен проект во 2010 и 2008 година, соодветно.

Во рамките на дејноста од поширок интерес, кандидатот д-р Тони Јаневски, бил избран од Собранието на Р. Македонија за член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, 2005-2008. Како нејзин член во изминатиов период учествувал во донесувањето на поголем број национални документи (15) со кои се регулирале електронските комуникации во Р. Македонија, поконкретно за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги, за користење на радиофреквенции, за референтните понуди за интерконекција, за преносливост на броеви, за вршење на универзална услуга, за користење на радиофреквенции за трет оператор на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги, за избор на оператор и предизбор на оператор и други, како и за воведување на WiMAX-безжичните и 3G-мобилните мрежи во Р. Македонија.

Во периодот 2004-2006 година бил член на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев" и претседател на Комисијата за дадената награда за технички, информатички и природно-математички науки во истиот период. Од 2008 година до денес е координатор на студиската програма комуникациски и информациски технологии на магистерските студии на ФЕИТ. Исто така, од 2008 е член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Во јуни 2009 година го воспоставил и го раководи ITU Center of Excellence на ФЕИТ, како петти од таков вид во регионот на Европа. Како дел од активностите на овој Центар, кандидатот д-р Тони Јаневски организирал меѓународна ITU-работилница на тема „3G-HSPA & LTE: Towards the Next Generation of Mobile Networks", одржана во Скопје во периодот 3-5 февруари 2010 година.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според сето претходно изнесено, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Тони Јаневски, во периодот по изборот во звањето вонреден професор, постигнал значајни резултати и имал богата активност како во научноистражувачката и стручна дејност, така и во наставно-образовниот процес.

Во наставно-образовниот процес во периодот од изборот за вонреден професор, како наставник д-р Тони Јаневски покажал извонредно залагање. Во рамките на ЕКТС-студиите вовел три нови предмети на додипломските студии и три нови предмети од областа телекомуникации на постдипломските студии, со што се обезбеди следење на технолошкиот развој на телекомуникациите во наставниот процес на Факултетот. Има напишано еден рецензиран учебник и три скрипти предавања за предметите на додипломските студии. Покрај тоа, покажал посебно голема ангажираност во наставата, а и како ментор на голем број дипломци, постдипломци и докторанди на Факултетот, давајќи придонес и во оспособувањето на младите соработници.

Како резултат на научноистражувачката работа досега има вкупно објавено 102 научни труда. По изборот во звањето вонреден професор, во изминатите 5 години, и ма објавено 53 научни труда, од кои 4 научни трудови во меѓународни списанија, 38 научни трудови на меѓународни конференции и 11 научни трудови на национални конференции. Д-р Тони Јаневски раководел со два научноистражувачки проекта, од кои еден е по изборот во звањето вонреден професор. Исто така, раководел и со два апликативни проекта, од кои еден е по изборот во звањето вонреден професор, а учествувал и во изработка на повеќе студии. Покрај тоа, одржал поголем број тематски предавања на меѓународни собири. Тоа покажува дека кандидатот д-р Тони Јаневски со голема енергија, инвентивност и трудољубивост дал значаен придонес во науката и практиката со решавањето на суптилни научни и стручни проблеми во областа на телекомуникациите.

Во рамките на пошироката стручно-апликативна дејност, по изборот во звањето вонреден професор, д-р Тони Јаневски имал богата активност. Како член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во периодот 2005-2008 учествувал во донесувањето на поголем број национални документи со кој се либерализирале електронските комуникации во Република Македонија и се воведе нови технологии од областа на телекомуникациите. Исто така, го воспоставил ITU-центарот на одличност на Факултетот. Покрај тоа, д-р Тони Јаневски е координатор на студиската програма комуникациски и информациски технологии на Факултетот, а во 2008 година е избран за член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Врз основа на погоре изнесенето, Рецензентската комисија е на мислење дека кандидатот ги исполнува сите формални и суштински услови за избор во звањето за кое конкурира. Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, да донесе предлог-одлука за избор на д-р Тони Јаневски во звањето редовен професор по предметите од наставно-научната област телекомуникации.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Лилјана Гавриловска, член, с.р.

3. Проф. д-р Борислав Поповски, член, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Тони (Борис) Јаневски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **телекомуникации**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус** | **39,6** |
| | - Мултиплексни системи (3 часа), зимски семестар 2005 | 1,8 |
| | - Дигитален пренос на информации 1 (3 часа), летен семестар 2006 | 1,8 |
| | - Мултиплексни системи (3 часа), зимски семестар 2006 | 1,8 |
| | - Комутација и рутирање (3 часа), зимски семестар 2006 | 1,8 |
| | - Дигитален пренос на информации (3 часа), летен семестар 2007 | 1,8 |
| | - Интернет технологии (3 часа), летен семестар 2007 | 1,8 |
| | - Мултиплексни системи (3 часа), зимски семестар 2007 | 1,8 |
| | - Комутација и рутирање (3 часа), зимски семестар 2007 | 1,8 |
| | - Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи (3 часа), зимски семестар 2007 | 1,8 |
| | - Дигитален пренос на информации (3 часа), летен семестар 2008 | 1,8 |
| | - Интернет технологии (3 часа), летен семестар 2008 | 1,8 |
| | - Безжични IP мрежи (3 часа), летен семестар 2008 | 1,8 |
| | - Комутација и рутирање (3 часа), зимски семестар 2008 | 1,8 |
| | - Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи (3 часа), зимски семестар 2008 | 1,8 |
| | - Дигитален пренос на информации (3 часа), летен семестар 2009 | 1,8 |
| | - Интернет технологии (3 часа), летен семестар 2009 | 1,8 |
| | - Безжични IP мрежи (3 часа), летен семестар 2009 | 1,8 |
| | - Комутација и рутирање (3 часа), зимски семестар 2009 | 1,8 |
| | - Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи (3 часа), зимски семестар 2009 | 1,8 |
| | - Дигитален пренос на информации (3 часа), летен семестар 2010 | 1,8 |
| | - Интернет технологии (3 часа), летен семестар 2010 | 1,8 |
| | - Безжични IP мрежи (3 часа), летен семестар 2010 | 1,8 |
| 2. | **Одржување на настава од втор циклус** | **13,5** |
| | Напредни интернет технологии (3 часа), зимски семестар 2008 | 2,25 |
| | Дизајн на телекомуникациски мрежи (3 часа), зимски семестар 2008 | 2,25 |
| | Безжични мултимедиски мрежи (3 часа), зимски семестар 2009 | 2,25 |
| | Напредни интернет технологии (3 часа), зимски семестар 2009 | 2,25 |
| | Дизајн на телекомуникациски мрежи (3 часа), зимски семестар 2009 | 2,25 |
| | Безжични мултимедиски мрежи (3 часа), зимски семестар 2010 | 2,25 |
| 3. | **Одржување на вежби** | **1,35** |
| | Мултиплексни системи (1 час), зимски семестар 2005 | 0,45 |
| | Мултиплексни системи (1 час), зимски семестар 2006 | 0,45 |
- *Theatre and Identity Conference,* Faculty of Dramatic Art: Skopje, 2006
- *The Balkan Peninsula as a Musical Crossroad Conference,* SOKOM, Struga, 2006
- ICTM Study Group on Music and Dance in South Eastern Europe, Izmir, Turkey, 2010

The candidate Zdravkova – Dzeparoska has received the State Prize for Academic Research *Goce Delcev,* 2003.

As a pedagogue, along with her students she has achieved the following results:

- Testimonial at the International Ballet Contest *Mia Arbatova,* Tel Aviv, Israel (15.05.2000) for the student Ivana Kocevska
- Ensemble Prize at the IV International Children's Festival *Plovdiv,* (01 – 04.06.2005)
- Duet award at the V International Children's Ballet Festival *Plovdiv,* (01 – 04.06.2007)

## CONCLUSION

On the basis of the enclosed materials, as well as the personal insight in the scientific research and pedagogical achievements, we kindly suggest to the Academic, Teaching and Artistic Council of the Faculty of Music Art in Skopje to select Sonja Zdravkova – Dzeparoska, PhD, as a professor in the teaching subjects History and Analysis of Contemporary Dance, Composition of Modern and Contemporary Dance, and Character Dances with Piano Accompaniment, at the Faculty of Music Art in Skopje, with the title docent.

Reviewer's Committee

Professor Gordana Josifova – Nedelkovska, MA

Professor Tarasova Olga Georgievna, PhD

Professor Tucnina Tamara Nikolaevna

**CONCLUSION**

On the basis of the enclosed materials, as well as the personal insight in the scientific research and pedagogical achievements, we kindly suggest to the Academic, Teaching and Artistic Council of the Faculty of Music Art in Skopje to select Sonja Zdravkova – Dzeparoska, PhD, as a professor in the teaching subjects History and Analysis of Contemporary Dance, Composition of Modern and Contemporary Dance, and Character Dances with Piano Accompaniment, at the Faculty of Music Art in Skopje, with the title docent.

Reviewer's Committee

Professor Gordana Josifova – Nedelkovska, MA

Professor Tarasova Olga Georgievna, PhD

Professor Tucnina Tamara Nikolaevna

ANNEX 2

**A FORM**
**ACCOMPANYING THE REPORT ON THE SELECTION TO TEACHING-RESEARCH, ACADEMIC, TEACHING-PROFESSIONAL AND ASSOCIATE TITLE**

**Candidate:** Sonja Slobodan Zdravkova - Dzeparoska
**Institution:** Ss Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Music Art in Skopje
**Scientific domain:** Ballet Pedagogy

**TEACHING-EDUCATIONAL ACTIVITY**

| No. | Name of the activity: | Points |
|---|---|---|
| | **Total** | 0 |

**SCIENTIFIC RESEARCH ACTIVITY**

| No. | Name of the activity: | Points |
|---|---|---|
| 1. | Approved doctoral thesis | 8 |
| 2. | Approved master thesis | 4 |
| 3. | *Discourses of the Dancing Art in the 20 Century,* 2001, Skopje: Jugoreklam | 8 |
| 4. | *History and Theory of Ballet Art,* 2006, Skopje: MI-AN | 8 |
| 5. | *Ballet Dramaturgy,* 2003, Skopje: Faculty of Dramatic Art | 8 |
| 6. | *Character Dances,* 1998, Skopje: Magnat | 8 |
| 7. | Participation in the national scientific research project: *The Theatre on Macedonian Soil,* Faculty of Dramatic Art, Skopje, 2002-2003 | 3 |
| 8. | Participation in the national scientific research project: *The Macedonian Theatre in the Context of the Balkan Theatre Sphere,* Theatre Institute, Faculty of Dramatic Art, Skopje, 2003-2006 | 3 |
| 9. | Part of the research team for the book *The Theatre on Macedonian Soil, 20 Century* | 3 |
| 10. | Participation in the national scientific research project: *History of the Culture in Macedonia,* presenting the subject *The Theatre on Macedonian Soil,* Macedonian Academy of Arts and Sciences, 2004-2006 | 3 |
| 11. | Participation in the national scientific research project: *Extracurricular Activities at Schools of Mixed Ethnic Groups,* European Agency for Reconstruction and Development, 2004-2006 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | A lecture at the academic meeting *The Macedonian Theatre in the Context of the Balkan Theatre Sphere* Theatre Institute, Faculty of Dramatic Art, Skopje, 2003-2006 | 2 |
| 13. | A lecture at the congress *Dance Today*, Skopje: UNESCO, 2003 | 2 |
| | A lecture at the academic meeting *Interculturalism and Dance* in *Intercultural theatre* (2005), Skopje, Faculty of Dramatic Art | 2 |
| 14. | A lecture at the academic meeting *Building Cultural Identity Through Theatrical Dance Form* in *Theatre and Identity* (2006), Skopje, Faculty of Dramatic Art | 2 |
| | **Total** | 67 |

**PROFESSIONAL ARTISTIC ACTIVITY**

| No. | Name of the activity: | Points |
|---|---|---|
| | **Total** | 0 |

**PROFESSIONAL APPLIED ACTIVITY**

| No. | Name of the activity: | Points |
|---|---|---|
| 1. | *Mianova General and Macedonian Encyclopaedia,* author of the ballet chapter, 2006, skopje: MI-AN | 3 |
| 2. | *Music, Opera, Ballet*: author of the ballet chapter, 2009, Skopje: MI-AN | 3 |
| 3. | Preparation of the ballet part of the CD-ROM *The Theatre on Macedonian Soil* | 3 |
| 4. | State Prize for Academic Research *Goce Delcev* in 2003. | 5 |
| 5. | Responsible educator in the realisation of the ballet performance *The Children from Our Street (Decata od nasata ulica)* (2006), released as CD-ROM, Skopje: EKAP/State Music and Ballet School Centre (DMBUC) | 2 |
| | **Вкупно** | **16** |

| PROFESSIONAL REFERENCE OF THE CANDIDATE FOR THE SELECTION IN TITLE | Поени |
|---|---|
| **TEACHING-EDUCATIONAL ACTIVITY** | 0 |
| **SCIENTIFIC RESEARCH ACTIVITY** | 67 |
| **PROFESSIONAL ARTISTIC ACTIVITY** | |
| **PROFESSIONAL APPLIED ACTIVITY** | 16 |
| **Total** | **83** |

Reviewer's Committee:

Professor Gordana Josifova – Nedelkovska, MA

Professor Tarasova Olga Georgievna, PhD

Professor Tucnina Tamara Nikolaevna

| PROFESSIONAL REFERENCE OF THE CANDIDATE FOR THE SELECTION IN TITLE | Поени |
|---|---|
| **TEACHING-EDUCATIONAL ACTIVITY** | 0 |
| **SCIENTIFIC RESEARCH ACTIVITY** | 67 |
| **PROFESSIONAL ARTISTIC ACTIVITY** | |
| **PROFESSIONAL APPLIED ACTIVITY** | 16 |
| **Total** | **83** |

Reviewer's Committee:

Professor Gordana Josifova – Nedelkovska, MA

Professor Tarasova Olga Georgievna, PhD

Professor Tucnina Tamara Nikolaevna

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН УМЕТНИЧКИ СОРАБОТНИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност-Скопје објавен на 5.6.2010 во дневните весници „Дневник" и „Лајм", се пријави ум.сор.м-р Татјана Огнаноска.

За оцена на кандидатката пријавена на конкурсот, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, на седницата одржана на 15.6.2010 година , донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- проф. м-р Гордана Јосифова – Неделковска
- проф. м-р Билјана Јакимовска
- вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски

По увидот во доставената документација, Рецензентската комисија за кандидатката м-р Татјана Огнаноска го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

М-р Татјана Огнаноска е родена на 1 јули 1958 год. во Санкт Петербург (Русија). Основното и средното музичко образование го оформила во својот роден град. Дипломирала во 1982 год. со висок просек на Санкпетербуршкиот конзерваториум „Н.Римски Корсаков" во класата на проф. Олег Малов и се здобила со звањето концертен пијанист - пијано придружник, солист во камерни состави и пијанист-педагог". По завршувањето на студиите извесно време работела како корепетитор во Операта на Хрватското народно казалиште во Сплит, соработувајќи со врвни југословенски оперски уметници, а по доаѓањето во Македонија со истите работни обврски продолжува и во Операта на Македонскиот народен театар во Скопје, работејќи посветено и со голема заложба со солистичкиот состав на овој ансамбл. По краток период, како наставник во Музичко-балетскиот училиштен центар во Скопје, во 1990 год. добива постојан работен ангажман на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како уметнички соработник, којашто функција ја врши и денес. Во меѓувреме, во 2010 год. на истиот Факултет магистрира во класата на проф. Евушка Трпкова-Елезовиќ.

Во 1986 г., како пијано-придружник учествувала на конкурсот „Чајковски" во Москва, а исто така е избрана и зела учество како член на жири-комисијата на Меѓународниот конкурс на студенти и педагози-изведувачи на педагошките факултети во Санкт Петербург (20-23. 11. 2002).

За својата уметничка дејност добитник е на повеќе признанија, меѓу кои:

- Признание од Здружението на музичките педагози на Словенија во 1988 год;
- Благодарница од ISIK – универзитетот во Истанбул – Турција во 2000 год;
- Благодарница од Ректоратот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во 2007 год.

Потврда за вредноста и угледот на м-р Татјана Огнаноска е и поканата од Федералната агенција за култура и кинематографија на Руската Федерација за активно учество со свое излагање на IV меѓународна конференција „Модернизација на високото музичко образование и реализација на принципите на болоњскиот процес во Русија и Европа“, што ќе се одржи од 26 до 28 септември 2010 година на Државниот конзерваториум "Н.Римски-Корсаков" во Санкт Петерсбург.

Педагошка дејност

Иако не спаѓа во нејзините конкретни работни обврски како уметнички соработник, со своето богато искуство добиено низ долгогодишната соработка како пијано-придружник на многу познати и истакнати уметници од оперската сцена и концертниот подиум, во заедничка работа со наставниците – професори на Факултетот низ наставниот процес, како и на многубројните класни часови, продукции и концерти, м-р Татјана Огнаноска дала и продолжува да дава свој вреден придонес во професионалното воспитување на многу генерации студенти – идни уметници-исполнители и педагози.

Уметничка дејност

М-р Татјана Огнаноска без сомнение спаѓа во редот на нашите најистакнати камерни музичари – пијано - соработници. Солидното професионално образование добиено на еден од најпознатите и врвни конзерваториуми во светот со повеќевековна традиција, ѝ овозможува со успех и на високо уметничко ниво да ги исполнува своите обврски. Одличната техничка подготвеност, извонредната музикалност, непогрешливото чувство за стил и форма, естрадната сигурност во настапите, како и способноста како рамноправен соработник да се приспособи и без да го наметнува своето видување да ја почитува индивидуалноста на солистот што го придружува, без разлика дали се работи за студент-почетник или истакнат уметник со потврдено реноме, ја прави м-р Татјана Огнаноска секогаш посакуван и ценет партнер во музичкото исполнителство.

Голема по обем, богата и разновидна е уметничката активност на м-р Татјана Огнаноска, како пијано - придружник на огромен број истакнати уметници, но и студенти – вокални уметници и исполнители на гудачки и дувачки инструменти. Во својата уметничка актива, во периодот до 2005 година, Татјана Огнаноска бележи над стотина настапи – целовечерни - самостојни и заедно со други пијано- придружници. Од нив, 45 се помали настапи со по неколку точки или полурецитали, а 46 се целовечерни концерти-рецитали – дипломски и магистерски испити, продукции и класни концерти на студенти на ФМУ, но и концерти со уметници од земјата и од странство кои имаат висока уметничка вредност.

М-р Татјана Огнаноска настапувала во повеќе земји во Европа: Хрватска, Италија, Турција, Романија, Србија, Австрија и Русија.

Во Македонија имала настапи во голем број градови - Скопје, Куманово, Струмица, Тетово, Битола, Кавадарци, Охрид, Велес, Струга, како и настапи на повеќе значајни музички манифестации и фестивали – Охридско лето (1996, 1999 - два пати, 2000, 2001 - два пати и 2002 г.), Скопско културно лето (1999, 2000 г.), "Интерфест"-Битола (1993, 1994, 1995 г.), Кавадаречко културно лето, Хераклејски вечери ( 2000, 2001 г.) и Денови на македонската музика (1993, 1994, 1995, 1996, 1998 г). Во периодот 1989-1991 год., Т.Огнаноска настапувала и како пијано-придружник на повеќе студенти од Факултетот за музичка уметност – Скопје кои освоиле бројни први награди и признанија на сојузните натпревари и средби во поранешна Југославија – Сараево, Херцег-Нови и Љубљана.

Во наредниот прилог ќе бидат наведени позначајните настапи во периодот од 2005 година до денес:

- 26.10.2005 год., концерт со Гордана Јосифова-Неделковска (обоа) во Тетово;
- 4.10.2006 год., настап со Гордана Јосифова-Неделковска (англиски рог) на фестивалот "Интерфест" во Битола;
- 27.10.2006 год., концерт со Гордана Јосифова-Неделковска (англиски рог) во Кавадарци;
- 4.12.2006 год. концерт со Гордана Јосифова-Неделковска (обоа, англиски рог) во фоајето на МОБ во Скопје;
- 23.5.2007 год., настап со Гонце Богоромова (сопран) на одбележувањето на патрониот празник на УКИМ во салата на МОБ во Скопје;
- 22.6.2007 год., концерт (рецитал) со Гонце Богоромова (сопран) во Струмица;
- 13.11.2008 год., донаторски концерт со студенти на ФМУ-Скопје, во католичката катедрала во Скопје;
- 11.3.2009 год., концерт во чест на проф. Коста Трпков, со студентите по соло - пеење, во концертната сала на ФМУ во Скопје;
- 15.4.2009 год., концерт во чест на проф. Коста Трпков, со студентите по соло - пеење, во Големата сала на ФМУ во Ниш, Р.Србија;
- 14.11.2009 год., концерт со студентите по соло - пеење од класата на проф. Билјана Јакимовска во Кавадарци;
- 17.12.2009 год., концерт со студентите по соло - пеење од класите на доц. В.Ѓиновска-Илкова и доц. С.Петровска-Галиќ во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 5.2.2010 год., к онцерт со Ивана Андоновска-Свилар (мецосопран) во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 19.2.2010 год., концерт со Ристе Велков (баритон) во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 14.4.2010 год., концерт (рецитал) со Симона Јовчевска (сопран) и Диме Петров (бас-баритон) во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 22.4.2010 год., концерт на класата по соло - пеење на доц. Славица Петровска-Галиќ во концертната сала на ФМУ-Скопје;

- 4.5.2010 год., концерт на класата по соло - пеење на доц. Весна Ѓиновска-Илкова во концертната сала на ФМУ-Скопје.

Неколку кратки изводи од критики и написи во печатот:

„.....Пијанистката Татјана Огнаноска беше активен, прецизен и темпераментен соработник со изграден и култивиран однос кон солистот".
„.....Т. Огнаноска умее многу суптилно да го приспособи звукот на пијаното на гласот на пејачот".
„.....Пијанистката Т.Огнаноска се покажа како извонреден соработник на вокалните уметници - сигурна, но без претензии на биде во главна ролја".

ЗАКЛУЧОК

Имајќи ја предвид доставената документација, од која се гледа богатата концертна дејност, соработката со врвни музички институции, како и успешната педагошка работа во рамките на Факултетот за музичка уметност во Скопје, истовремено и лично познавајќи ја кандидатката и нејзините досегашни постигнувања, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, м-р Татјана Огнаноска да биде избрана за уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. м-р Гордана Јосифова-Неделковска с.р

Проф. м-р Билјана Јакимовска с.р.

Вонр. проф. м-р Зоран Пехчевски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПРЕДВРЕМЕН ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА МЕХАНИКА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 09-1097/1 од 30.VI 2010 година, одредени сме за Рецензентска комисија за предвремен избор на редовен професор по предметот експериментална механика.

Врз основа на расположивата документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс од УКИМ во весникот „Дневник" и „КОНА ЕRЕ" од 3.VI 2010 година за предвремен избор на редовен професор по предметот експериментална механика, се пријави д-р Лидија Крстевска, вработена како вонреден професор по предметот експериментална механика во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Вонр. проф. д-р Лидија Крстевска е родена во Тетово на 23.1.1956 година. Основно и средно училиште (Гимназија „Јосип Броз Тито") завршила во Скопје, со одличен успех. Дипломирала на Градежниот факултет во Скопје на 6.10.1980 година, одбранувајќи ја дипломската работа од предметот масивни конструкции - преднапрегнат бетон со оценка 10, со што се стекнала со звањето дипломиран градежен инженер. На 1.3.1981 година се вработила во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како стручен соработник во Лабораторијата за динамички испитувања. Постдипломските студии од областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија при ИЗИИС успешно ги завршила со полагањето на испитите и со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Анализа на однесувањето на фибер бетон во услови на различни динамички дејства, базирана на резултати од експериментални испитувања", на 23.12.1992 година, со што се стекнала со звањето магистер на технички науки.

Во 1993 година е избрана во звањето асистент во областа на земјотресното инженерство во Лабораторијата за динамички испитувања во ИЗИИС, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 597 од 31.5.1993 година, а реизбрана е во звањето асистент во 1996 година, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 663 од 28.6.1996 година.

Докторската дисертација под наслов „Развој и примена на нелинеарни микромодели за евалуација на сеизмичкото однесување на армиранобетонските рамковни конструкции со исполна од неармирана и армирана ѕидарија" ја одбранила на 26.4.2002 година, со што се стекнала со звањето доктор на технички науки.

Со одлука на Советот на ИЗИИС бр. 02-780/1 од 22.4.2003, избрана е во звањето доцент по предметот експериментална механика (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 824 од 14.3.2003 година).

Со одлука на Советот на ИЗИИС бр. 02-2013/1 од 19.10.2007 избрана е во звањето вонреден професор по предметот експериментална механика (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 924 од 13 јули 2007 година).

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

**1. Одржување на настава**

Во периодот од изборот за вонреден професор до денес (2007-2010), вонр. проф. д-р Лидија Крстевска активно учествувала во наставата од втор циклус - магистерски студии и трет циклус (предавања, вежби и испити) по предметите експериментална механика и динамика на конструкции, како и на интернационалниот CADAC - курс кој се одржува во ИЗИИС. На Градежниот факултет во Скопје, во 2007, 2008 и 2009 година има одржано поканети предавања на теми од експериментална механика и од динамика на конструкциите, на студенти од прв и втор циклус. Во табеларниот преглед за наставна дејност се дадени бројот на часови реализирани во периодот 2007-2010 година и стекнатите поени по тој основ.

**2. Настава во летни школи и работилници**

На овој план, вонр. проф. д-р Лидија Крстевска покажува особено плодна и успешна активност, како на домашен, така и на меѓународен план. Така, во мај 2009, во рамките на европскиот проект COST C26& C25 Action, учествувала на летната школа на млади истражувачи во Солун, во својство на предавач, на тема: Примена на експериментални методи во земјотресното инженерство. Исто така, во септември 2009 учествувала на Иновационата колонија SYSTEM DC 90-Белград, со покането предавање. Во мај 2010 учествувала на семинар во Универзитетот Пескара, Италија, во својство на предавач, а во рамките на COST-мисијата која се реализираше под нејзино водство во периодот од 13 до 28 мај 2010. Оваа мисија е од големо значење за воспоставување на соработка со три Универзитети од Италија: Универзитетот во Пескара, Универзитетот во Неапол и Универзитетот во Аквила, а се однесува на истражување на последиците од катастрофалниот земјотрес во регионот Абруцо во април 2009 година.

Вредно за истакнување е нејзиното долгогодишно искуство во презентирање на активностите на Институтот и особено на активностите и можностите на Лабораторијата за динамички испитувања при посетата на странски делегации од разни меѓународни институции и универзитети, како и на студенти и ученици од образовните институции, чиј број во овој период изнесува повеќе од 500.

Во табеларниот преглед за настава во летни школи и работилници се дадени бројот на поени стекнати по тој основ.

**3. Консултации со студенти**

Консултациите со студенти, кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска ги вршеше во рамките на постдипломските и докторските студии во периодот 2007-2010 година, како и на меѓународниот курс CADAC. Пресметаните поени се дадени во табеларниот преглед.

**4 и 5. Членство во комисија за оцена или одбрана на магистратура и докторат**

Кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска била активно вклучена во комисиите за оцена и/или одбрана на магистратура и докторат, како и во водење на кандидати за магистерски тези. Во изминатиот период од 2007 до 2010 година била член на Комисија за оцена на подобност и тема на кандидат за докторат и член во 6 комисии за оцена и одбрана на магистратура. Пресметаните поени се дадени во табеларниот преглед.

**6 и 7. Интерни скрипти од предавања и вежби**

Кандидатката вонр. проф. д-р. Лидија Крстевска има подготвено интерна скрипта од предавања по предметот експериментална механика за постдипломски студии, како и 2 интерни скрипти од вежби по предметите експериментална механика и динамика на конструкции за постдипломски студии. Пресметаните поени се дадени во табеларниот преглед.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### 1. Менторство на магистерска работа

Кандидатката вонр. проф. д-р. Лидија Крстевска покажува особена активност и креативност во водење на кандидати за изработка на магистерски тези. Нејзиниот професионален и педагошки однос кон младите истражувачи ја вбројува во групата на професори кои се омилени меѓу студентите на постдипломски и докторски студии. Во изминатиот период од 2007 до 2010, вонр. проф. д-р Лидија Крстевска имала 4 кандидати за менторска работа, од кои двајца веќе ги одбраниле своите тези и магистрирале, а двајца се во процес на изработка на тезите.

### 2. Учество во меѓународни научни проекти

Во текот на изминатиот период (2007-2010), кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска покажала исклучително голема активност, учествувајќи во реализација на голем број научноистражувачки и апликативни проекти од земјата и од странство во областа на земјотресното инженерство. Учеството било поврзано со решавање на проблеми од областа на експерименталната механика: експериментални динамички испитувања на објекти во природна големина со методата на амбиент и на принудни вибрации, проектирање на модели за динамички испитувања, лабораториски испитувања на елементи, модели и опрема на сеизмичка платформа и во квазистатички услови, истражување на стабилноста и однесувањето на историски споменици и друго.
Како позначајни проекти можат да се издвојат следниве:

- европскиот проект во рамките на ФП6-програмата под наслов PROHITECH (Protection of Historical Buildings by Reversible Mixed Technologies), кој се реализира во периодот 2005-2009;
- COST C-26 , под наслов: Urban Habitat Construction Under Catastrophic Events (2006-2010);
- билатерален научен проект со Република Турција ( 2009-2012);
- билатерален научен проект со Република Словенија (2010-2011);
- билатерален научен проект со Република Хрватска (2010-2011).

Својата креативност и способност за научноистражувачка дејност, кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска ја искажала во многу значајниот проект PROHITECH, во кој учествувале 16 универзитети од 12 земји од Европа и Медитеранот, чиј главен истражувач бил проф. д-р Федерико Мацолани од Универзитетот во Неапол. Носител на активностите од македонска страна бил Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", односно Градежниот факултет, под водство на проф. д-р Кирил Граматиков. Во рамките на овој проект се реализирани најзначајните активности - испитување на 3 големи модели на сеизмичката платформа на ИЗИИС на кои се проверувани модерни методи на зајакнување на објекти за заштита од земјотрес. Токму во проектирањето, испитувањето на моделите и интерпретацијата на добиените резултати, кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска ги има покажано своите високи истражувачки квалитети и знаења, за што добила високи признанија од страна на главниот истражувач на проектот и останатите учесници на проектот.

Не помало значење има нејзиното учество во европскиот проект COST-C-26, кој исто така има голем број на учесници од најеминентните универзитети во Европа. Како координатор на работните групи од нашиот Универзитет и член на Управниот комитет, кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска има одиграно значајна улога за промоцијата на најновите достигнувања на македонската наука преку бројни презентации на работните средби низ европските центри, што се гледа од приложените трудови во точките 3-7 од образецот, во делот за научноистражувачка дејност. Во врска со активноста во проектот COST C-26, таа имала повикана презентација на „COST day in

Macedonia", што беше организиран во Ректоратот на Универзитетот на 5 мај 2008 гдина, како и на манифестацијата „Светски ден на науката за мир и развој", кој е одржан на 10 ноември 2009 година исто така во просториите на Ректоратот на УКИМ.

Учеството во билатерални научни проекти е уште еден успешен сегмент од научната активност на вонр. проф. д-р Лидија Крстевска. Така, таа е вклучена во билатералниот проект со Универзитетот Богазичи-Кандили лабораторија, Истанбул, Турција, поврзан со хармонизација на методологија на испитување на модели на сеизмичка платформа, во кој улогата на кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска е да изврши трансфер на знаењата и искуствата во методологијата на моделирање и испитување на модели на историски објекти во смален размер. Учесник е и во билатералниот проект со Република Словенија, кој се однесува на развој на иновативен систем за сеизмичка базна изолација, а во билатералниот проект со република Хрватска, кој се однесува на истражување на композитни системи од стакло и дрво, е главен истражувач од македонска страна.

Со сите горенаведени активности, како и наведените референци во табелата под т.2 во делот за научноистражувачка работа, евидентно е дека вонр. проф. д-р Лидија Крстевска се афирмирала во европски рамки како врвен истражувач во областа на експерименталната механика и земјотресното инженерство.

**3. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**

Во периодот 2007-2010, вонр. проф. д-р Лидија Крстевска објавила 5 труда во референтни научно-стручни списанија, од кои 4 со импакт-фактор, што само го потврдува високиот квалитет на научните достигнувања на кандидатката. Овие факти најдобро зборуваат за каков кандидат станува збор, особено кога се знае дека бројот на објавени трудови во списанија со импакт-фактор на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" е доста скромен. Насловите на трудовите се наведени во т.3 од табеларниот преглед, во делот за научноистражувачка дејност.

**4. Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание**

Кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска објави труд кој со својата оригиналност си обезбеди место во популарното електронско списание *ARTeMIS Newsletter,* кое е дистрибуирано на 5.000 корисници низ светот, а се однесува на оригинални експериментални истражувања на сеизмичката стабилност на стариот мост во Мостар (табеларен преглед, научноистражувачка работа, т.4.).

**5. Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**

Во изминатиот период од 2007 до 2010 година, кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска покажала исто така успешна активност во објавување на трудови со оригинални научни резултати во зборници на трудови од научни собири во Македонија, како што се собирите на Друштвото на градежни конструктери, Друштвото за високи брани итн. Нивниот број е 8. Насловите на овие трудови се наведени во табеларниот преглед, научно-истражувачка работа, т.5.

**6. Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**

На овој план, кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска покажува извонредна активност објавувајќи 18 труда во периодот 2007-2010, на меѓународни конференции и симпозиуми на разни места во светот: Анталија-Турција, Пекинг-Кина, Рим-Италија,

Бат-Англија, Малта, Торонто-Канада итн. Како што се гледа од приложените наслови (табеларен преглед во делот за научноистражувачка работа, т.6), најголем дел од трудовите се однесува на експериментално-аналитички истражувања на културно-историски споменици од аспект на нивната сеизмичка сигурност, што е една од главните истражувачки преокупации на кандидатката.

**7. Учество на научен/стручен собир со реферат**

Кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска активно учествувала на научни собири со реферати (8) на кои ги презентирала своите реферати со ефектни и квалитетни ПП презентации (табеларен преглед во делот за научноистражувачка работа, т.7).

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**1. Учество во изработка на интернационален речник на стручни зборови**

Оваа активност кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска ја реализира во рамките на европскиот проект COST-C26 како коавтор, а се однесува на изготвување на речник на стручни зборови од областа на екстремните динамички товари како што се земјотреси, експлозии, удари, вулкански активности, свлечишта итн. Речникот е составен на 18 европски јазици, меѓу кои и на македонски јазик, што претставува значаен придонес на кандидатката кон афирмирање на македонскиот јазик во Европа.

**2. Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**

Стручно-апликативната дејност на кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска се одликува со доминантно присуство на експертски активности. Имено, во изминатиот период од 2007 до 2010, кандидатката има направено 33 експертизи кои се однесуваат на експериментална верификација на сеизмичката сигурност на објекти преку испитувања на реални објекти во природна големина со техниката на амбиент-вибрации (згради, брани, индустриски објекти, нуклеарни електрани, културно-историски споменици итн.), испитувања на сеизмичка платформа на модели во реален и смален размер итн.

Посебно треба да се истакнат експертизите кои се извршени на разни објекти во светот, како што се: Канада, Азербејџан, Италија итн. Посебно успешна активност кандидатката искажала во реализацијата на експертизи во врска со европскиот проект PROHITECH(8), проектите со Hidroqebec, Canada (8), сеизмичка квалификација на електро-машинска опрема со тестови на сеизмичка платформа (4), лабораториски испитувања на материјали и конструкции (4) итн. Треба да се потенцира комплетноста на вонр. проф. д-р Лидија Крстевска во реализација на експертизите во смисол на ракување со софистицирана мерна опрема, примена на специфичен софтвер за обработка на податоците како и во интерпретација на измерените податоци со донесување на експертски заклучоци. Познавањето на компјутерската техника на кандидатката и овозможува следење на најсовремените трендови за експериментални мерења. Експертските активности со референци се наведени во табеларниот преглед, во делот за стручно-апликативна дејност.

**3. Учество во промотивни активности на ИЗИИС**

Презентацијата и промоцијата на активностите и проектите на УКИМ-ИЗИИС пред разни делегации, групи на студенти и ученици вонр. проф. др. Лидија Крстевска ја извршува со голема умешност и креативност. Најомилени делегации и се групите на ученици од основно и средно училиште, при што кандидатката внесува многу педагошки елементи кои ги поттикнуваат младите ученици трајно да се определат кон проучување

на земјотресното инженерство, како своја идна професија. Во тој поглед може да се каже дека вонр. проф. д-р Лидија Крстевска е меѓу најуспешните едукатори на младите за запознавање со ефектите од катастрофалните земјотреси и заштитата од нив во Македонија.

**Дејности од поширок интерес**

**4. Награда за научни постигнувања од струкова организација**

Во овој домен, вонр. проф. д-р Лидија Крстевска покажува исто така значајна активност. Во изминатиот период од 2007 до 2010, таа има добиени 3 признанија (2 од меѓународен и 1 од национален карактер) за успешни остварувања на научни истражувања од областа на експерименталната механика.

**5. Членство во извршно тело на меѓународна оранизација која поддржува/организира научноистражувачка дејност**

Вонр. проф. д-р Лидија Крстевска е член на извшниот комитет на меѓународната акција- COST C26, која функција многу успешно ја врши во периодот 2006-2010, во соработка со националниот координатор на Македонија, за научно-техничка соработка во европски рамки.

**6. Изготвување и пријавување на научен национален проект**

Вонр. проф. д-р Лидија Крстевска, во периодот 2007-2010, изготвила и пријавила национален проект кој се однесува на истражување на динамичките карактеристики на браните во Македонија со експериментални мерења, како основа за верификација на нивната сеизмичка стабилност.

**7. Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект**

Вонр. проф. д-р Лидија Крстевска, во периодот 2007-2010, изготвила, пријавила и и бил прифатен еден научен меѓународен проект со Република Хрватска, а учествувала во изготвувањето и реализацијата на 2 научни меѓународни проекта со Република Турција и Словенија. Насловите на проектите се наведени во табеларниот преглед, во делот Дејности од поширок интерес, точка 7.

**8. Член на комисија за избор во звање**

Вонр. проф. д-р Лидија Крстевска, во периодот 2007-2010, била член за избор во повисоко звање на двајца кандидати кои се наведени во табеларниот преглед.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРЕДВРЕМЕН ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА МЕХАНИКА

Кандидат: д-р Лидија Страте Крстевска, вонреден професор
Институција: Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), Скопје
Научна област: земјотресно инженерство

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активностите: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава** | **12,72** |
| | 1. Прв циклус - додипломски студии (0,12 поени)<br>- Повикани тематски предавања на Градежен факултет - 2007 год. 1час и 2009год. 2 часа: вкупно 3 часа*0,04=0,12поени | 0,12 |
| | 2. Втор циклус - магистерски студии (5,70 поени)<br>- Повикано тематско предавање на Град.фак. - 2009 год. 3часа*0,05 = 0,15 поени<br>- Предавања на постдипломски студии во ИЗИИС - 2008, 2009, 2010<br>- Експериментална механика - 2008, 2009,2010 по 30 ч. = 90 часа<br>- Динамика на конструкции - 2008, 2009, 2010 по 7 ч. = 21 час<br>Вкупно 111ч * 0,05 =5,55поени | 5,70 |
| | 3. Трет циклус - докторски студии (5,4 поени)<br>- Докторски студии во ИЗИИС<br>- Експериментална механика - 2008, 2009, 2010 по 30 ч.=90ч.<br>Вкупно 90ч * 0,06 = 5,4 поени | 5,4 |
| | 4. Меѓународни курсеви - CADAC (1,5 поени)<br>Предмет - Експериментална механика - 2007год - 20 часа<br>Предмет - Динамика на конструкции - 2007год -10 часа<br>Вкупно 30ч * 0,05 = 1,5поени | 1,5 |
| 2 | **Настава во летни школи и работилници** | **3,0** |
| | 1. Летна школа на млади истражувачи - COST C26&C25 Action, Солун, 17-24 мај 2009, во својство на предавач - 1 бод | 1 |
| | 2. Иновациона колонија SYSTEM DC90 - Белград, 21-27 септември 2009, во својство на предавач - 1 бод | 1 |
| | 3. Семинар на тема „Методологија на експериментални истражувања - искуството на ИЗИИС", Универзитет во Пескара, 25 мај 2010, во својство на предавач, во рамките на научната мисија на Акцијата COST C26: Experimental in-situ testing of damaged buildings during the earthquake in Aquila 2009 - 1 бод | 1 |
| 3 | **Консултации со студенти** | **0,102** |
| | Постдипломски студии<br>- 2008 год. - 10 студенти<br>- 2009 год. - 12 студенти | |

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународен курс CADAC<br>- 2007 год. - 29 студенти<br>Вкупно 51 студент * 0,002=0,102поени | |
| 4 | **Член на Комисија за оцена или одбрана на докторат**<br>- член на Комисија за оцена на подобност на кандидат и тема за изработка на докторска дисертација - кандидат: Сергеј Чурилов | **0,5** |
| 5 | **Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура**<br>- оцена и одбрана на магистерски труд на кандидатот Сергеј Чурилов<br>- оцена и одбрана на магистерски труд на кандидатот Гајур Кадриу<br>- оцена и одбрана на магистерски труд на кандидатот Ема Чубриновска<br>- оцена и одбрана на магистерски труд на кандидатот Исак Идризи<br>- оцена и одбрана на магистерски труд на кандидатот Младен Кустура<br>- оцена на магистерски труд на кандидатот Љубиша Живковиќ | **3,3** |
| 6 | **Интерна скрипта од предавања**<br>Предмет: Експериментална механика, постдипломски студии на ИЗИИС, 2008-2010 | **4,0** |
| 7 | **Интерна скрипта од вежби**<br>1. Предмет: Експериментална механика, постдипломски студии на ИЗИИС, 2009 год. - 3 поени<br>2. Предмет: Динамика на конструкции, постдипломски студии на ИЗИИС, 2009 год. - 3 поени | **6,0**<br>3<br>3 |
| | **ВКУПНО** | **29.622** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активностите:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска работа**<br>1. Младен Кустура, Мостар, Босна и Херцеговина - „Евалуација на сеизмичката стабилност на Стари Мост во Мостар"-одбранета во 2009.<br>2. Гајур Кадриу, Македонија - „Експериментално - налитички истражувања на сеизмичката стабилност на Шарена Џамија во Тетово" - одбранета во 2008.<br>3. Љубиша Живковиќ, Бања Лука, Босна и Херцеговина - „Сеизмичка стабилност на армиранобетонски згради со неправилен облик конструирани како мешовит систем на рамки и платна" - оценета, во фаза пред одбрана.<br>4. Тина Каровска, Македонија - „Методологија за утврдување на промената на динамичката стабилност на објектите во текот на нивниот експлоатационен период" - во изработка. | 4 |
| 2 | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>1. FP6 - проект "PROHITECH - "Protection of Historical Buildings by Reversibile Mixed Technologies" (2005-2009)- учесник, 5 поени.<br>2. Билатерален научен проект со Турција, 2009-2012 год. -"Harmonisation of the Shaking Table Testing Procedure for Medium and Large Scale Models" - учесник, 5 поени. | **29**<br>5<br>5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Билатерален научен проект со Република Словенија, 2010-2011 год. - „Развој и примена на систем на сеизмичка базна изолација за резервоари и згради базиран на концептот на лебдечка конструкција (ALSC)" - учесник, 5 поени.<br>4. Билатерален научен проект со Република Хрватска, 2010-2011 год. - „Сеизмичка отпорност на композитни конструкции од дрво и носиво стакло со оптимален степен на дисипација на енергија", раководител, - 9 поени.<br>5. COST C26 Action, 2006-2010, "Urban Habitat Construction Under Catastrophic Events", учесник - 5 поени. | 5<br>9<br>5 |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **34,145** |
| | 1. Lj. Taskov, L. Krstevska, B. Temelkoska, "Experimental evaluation of dynamic behavior of pipeline systems of thermal power plants exposed to seismic loads", International Journal of Structural Stability and Dynamics (IJSSD), Vol.8, No. 2 (2008) 339-355, June 2008 (IF 0.537) | 6,537 |
| | 2. L.Krstevska, LJ. Taskov, F. Mazzolani, " Experimental investigation on the Mustafa Pasha Mosque Large scale model", Journal of Engineering - Annals of Faculty of Engineering Hunedoara, Tome V, Fascicole 1, 2007 | 6,0 |
| | 3. L. Krstevska, Lj. Tashkov, V. Gocevski, M. Garevski,"Experimental and analytical investigation of seismic stability of masonry walls at Beauharnois powerhouse", *Bulletin of Earthquake Engineering*, Publisher: Springer, Netherlands, Volume 8, Issue 2 (2010), Page 421 (IF 1.271) | 7,271 |
| | 4. Lj. Taskov, K. Manova, L. Krstevska, M. Garevski, "Evaluation of efficiency of ALSC floating-sliding base-isolation system based on shake table test and floor response spectra", *Bulletin of Earthquake Engineering*, Publisher: Springer, Netherlands, Volume 8, Issue 4 (2010), Page 995 - (IF 1.271) | 7,271 |
| | 5. L.Krstevska, Lj. Tashkov, K. Gramatikov, R. Landolfo, O. Mammana, F. Portioli, F. Mazzolani, "Large scale experimental investigation on Mustafa-Pasha mosque", -manuscript ID - UEQE-2009-0875.R2, accepted for publication in JEE -Journal of Earthquake Engineering, 2009, (IF 1.066) | 7,066 |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание** | **3** |
| | 1. L. Krstevska - Ambient Test of Reconstructed Old Bridge in Mostar. *ARTeMIS Newsletter* October 2007 | |
| 5 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** (8 труда*2 поена=16 поени) | **16** |
| | 1. Љ. Ташков, Л. Крстевска, В. Гоцевски, М. Гаревски, „Експериментално истражување на сеизмичката стабилност на ѕидовите од тула на електраната Боарнуа", ДГКМ 12. Меѓународен симпозиум, Струга, Македонија, 27-29 септември 2007, стр.75-86.<br>2. В. Гоцевски, Љ. Ташков, Л. Крстевска, М. Гаревски, „Сеизмичка анализа на ѕидани конструкции со постапката на критична рамнина", ДГКМ 12. Меѓународен симпозиум, Струга, Македонија, 27-29 септември 2007, стр. 313-324.<br>3. Ѓ. Кокаланов, Љ. Ташков, Л. Крстевска, М. Алексовска, „Сеизмичка анализа на модели за византиска црква и предлог-мерки за нејзино зајакнување", ДГКМ 12. Меѓународен симпозиум, Струга, | |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија, 27-29 септември 2007, стр.395-402.<br>4. LJ. Taskov, L. Krstevska, "Seismic Base Isolation on Reservoirs and Buildings by Application of Floating-Sliding System ALSC", MASE 13$^{th}$ International Symposium, Ohrid, Macedonia, 14-17 October 2009, p.p.731-736.<br>5. L. Krstevska, LJ. Taskov, "Experimental In-Situ Testing of Dynamic Characteristics of Structures - Recent Experience", MASE 13$^{th}$ International Symposium, Ohrid, Macedonia, 14-17 October 2009, p.p. 635-640.<br>6. F. Mazzolani, K. Gramatikov, R. Landolfo, G. De Matteis, LJ. Taskov, L. Krstevska, LJ. Lazarov, G. Kokalanov, E. Dumova-Jovanoska, "Numerical and Experimental Analysis of Three Strengthening Techniques Applied on Three Large Scaled Models in the Frame of PROHITECH Project", MASE 13$^{th}$ International Symposium, Ohrid, Macedonia, 14-17 October 2009, p.p. 49-62.<br>7. L. Krstevska, LJ. Taskov, "Definition of Dynamic Characteristics of Dams By Experimental In-Situ Testing - IZIIS Experience", Second Congress on Dams, MACOLD, Struga, 7-9 May 2009, p.p. 159-169.<br>8. LJ. Taskov, L.Krstevska, "Nonlinear Mathematical Modelling of the Arch Dam Vertical Joints Based on Shaking Tabke Test on 1/36 Scale Model and Parametric Identification", Second Congress on Dams, MACOLD, Struga, 7-9 May 2009, p.p. 151-158. | |
| 6 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** (18 труда *3 = 54 поени)<br>1. L. Krstevska, LJ. Taskov, G. Arun, F. Akoz, "Evaluation of Seismic Behaviour of Historical Monuments", SHH07 Studies on Historical Heritage - International Simposium, Antalya, Turkey, September 17-21, 2007, pp.411-418.<br>2. L. Krstevska, LJ. Taskov, M. Kustura, " Dynamic testing of Old bridge in Mostar"- International Simposium in Zabljak, 2008.<br>3. L. Tashkov, L. Krstevska , Z. Petraskovic, "In-situ experimental testing and seismic strengthening of President Palace in Baku, Azerbaijan, by DC-90 System" - International Symposium in Zabljak, 2008.<br>4. L.Tashkov, L. Krstevska, M. Garevski, V. Gocevski, "Experimental investigation of seismic stability on masonry walls at Beauharnois powerhouse", paper ID 12-01-0244, Proceedings of the The 14$^{th}$ World Conference on Earthquake Engineering , October 12-17, 2008, Beijing, China.<br>5. L. Krstevska, M. Kustura, LJ. Taskov, "Experimental In-Situ Testing Of Reconsructed Old Bridge In Mostar", paper ID 12-01-0243, Proceedings of the The 14th World Conference on Earthquake Engineering , October 12-17, 2008, Beijing, China.<br>6. LJ. Tashkov, L. Krstevska, K. Gramatikov, F. Mazzolani, "Shake-Table Test of Model of St. Nicholas Church in Reduced Scale 1/3.5" Proceedings, Protection of Historical Buildings, Conference Prohitech 09, Rome, Italy, 2009, Taylor & Francis Group, London, ISBN978-0-415-55803-7, Vol 2, pp 1691-1697.<br>7. G. Kokalanov, LJ. Tashkov, L. Krstevska, M. Aleksovska, "Analitycal and Experimental Investigations of Byzantin Church" Proceedings, Protection of Historical Buildings, Conference Prohitech 09, Rome, Italy, 2009, Taylor & | **54** |

Francis Group, London, ISBN978-0-415-55803-7, Vol 1, pp 149-154.

8. L. Krstevska, LJ. Tashkov, M. Kustura, "Ambient Vibration Testing of Old Bridge in Mostar" Proceedings, Protection of Historical Buildings, Conference Prohitech 09, Rome, Italy, 2009, Taylor & Francis Group, London, ISBN978-0-415-55803-7, Vol 1, pp 217-222.

9. L. Krstevska, LJ. Tashkov, K. Gramatikov, F. Mazzolani, R. Landolfo, "Shaking Table Test of Mustafa Pasha Mosque Model in Reduced Scale" Proceedings, Protection of Historical Buildings, Conference Prohitech 09, Rome, Italy, 2009, Taylor & Francis Group, London, ISBN978-0-415-55803-7, Vol 2, pp 1633-1640.

10. LJ. Tashkov, L. Krstevska, G. De Matteis, K. Gramatikov, F. Mazzolani,*"Shake Table Test of a Model of Fossanova Church in Reduced Scale"* Proceedings, Protection of Historical Buildings, Conference Prohitech 09, Rome, Italy, 2009, Taylor & Francis Group, London, ISBN978-0-415-55803-7, Vol 2, pp 1683-1690.

11. Л. Крстевска, Љ. Живковиќ, "Испитивање објекта "Нова банка" у Бања Луци методом амбијенталних вибрација", Međународна Конференција Бањалука 2009.

12. Љ. Ташков, Л. Крстевска, "Сеизмичка базна изолација резервоара и зграда са применом система АЛСЦ", Међународна Конференција Бањалука 2009.

13. L. Krstevska, LJ. Taskov, M. Kustura, "Dynamic testing of the Old Bridge in Mostar", 1st International Scientific Symposium - Modeling of Structures, Mostar, November 2008, p.p.321-330.

14. Krstevska, L., Tashkov, L., Gramatikov, K., Landolfo, R., Mammana, O., Portioli, F. and Mazzolani, F., "Shaking table tests on the large scale model of Mustafa Pasha Mosque without and with FRP", Proceedings of the sixth international Conference on Structural Analysis of Historic Construction - SAHC2008, 2-4 July, Bath, United Kingdom, p.p.383-391.

15. L.Krstevska, Lj.Taskov "Verification of effectiveness of seismic protection and retrofit techniques by experimental testing", Malta Symposium, COST Action C26 Urban habitat construction under catastrophic events", Malta, 2008, pp 223-228.

16. De Matteis G., Mazzolani F.M., Krstevska L, Tashkov L., "Seismic vulnerability assessment and strengthening intervention of the Fossanova gothic church: numerical and experimental activity", Malta Symposium, COST Action C26 Urban habitat construction under catastrophic events", Malta, 2008, pp 247-254.

17. L. Krstevska, LJ. Taskov, M. Garevski, V. Gocevski, "Experimental investigation of seismic stability of power plants in Canada", Paper ID 1285, 9th US National and 10Th Canadian Conference on Earthquake Engineering: Reaching Beyond Borders, Toronto, July 25-29, 2010.

18. LJ. Taskov, L. Krstevska, K. Manova, A. Nour, V. Gocevski, M. Garevski, "Evaluation of Floor Response Spectra Based on Ambient Vibration Measurements", Paper ID 1296, 9th US National and 10Th Canadian Conference on Earthquake Engineering: Reaching Beyond Borders, Toronto, July 25-29, 2010.

| | | |
|---|---|---|
| 7 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** (12 учества *1 поен = 12 поени)<br>1. 14th World Conference on Earthquake Engineering ,October 12-17, 2008, Beijing, China - презентација на 2 труда.<br>2. Protection of Historical Buildings - Conference Prohitech 09, Rome, Italy, 2009 - презентација на 3 труда.<br>3. Меѓународна конференција за земјотресно инженерство-Бања Лука 2009 - презентација на 1 труд.<br>4. 1st International Scientific Symposium - Modeling of Structures, Mostar, November 2008 - презентација на 1 труд.<br>5. COST Action C26 "Urban habitat construction under catastrophic events", Malta Symposium, Malta, 2008 - презентација на 2 труда.<br>6. Second Congress on Dams, MACOLD, Struga, 7-9 May 2009 - презентација на 1 труд.<br>7. MASE 13th International Symposium, Ohrid, Macedonia, 14-17 October 2009 - презентација на 1 труд.<br>8. ДГКМ 12. Меѓународен симпозиум, Струга, Македонија, 27-29 септември 2007 - презентација на 1 труд. | **12** |
| | **ВКУПНО** | **152,145** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учество во изработка на интернационален речник на стручни зборови**<br>- COSTC26 Action Lexicon, 2007-2010 - коавтор | 3 |
| 2 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**<br>(33 референци * 1=33 поени)<br>1. Gramatikov, K., Tashkov, Lj. and Krstevska, L. [2007] Final report on "Shaking table testing of Mustafa-Pasha mosque model". FP6-PROHITECH Project, Workpackage 7-Experimental analysis. University "Sts.Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia.<br>2. L. Krstevska, "Dynamic testing of Old Bridge in Mostar, Bosnia and Hercegovina, by ambient vibration method", IZIIS Report, December 2007.<br>3. Lj. Taskov, L.Krstevska, "In situ testing of "Centrale de la Tuque" by ambient vibration measurements", IZIIS Report 2007-39.<br>4. Lj. Taskov, L.Krstevska, "In situ testing of President Palace in Baku, Azerbejdzan, by ambient vibration measurements", IZIIS Report 2007-44.<br>5. Lj. Taskov, L.Krstevska, "Shaking table test of a segment of brick-masonry wall at Beauharnois Powerhouse", IZIIS Report 2007-51/1.<br>6. LJ. Tashkov, L. Krstevska, Z. Rakicevic, "Test Report on Seismic Qualification Of High Voltage Single Pole Metal Enclosed Three-Phase Common Operated $Sf_6$ Circuit-Breaker Incorporating One Interrupter Per Pole Type SFDL 11, 12", IZIIS Report 2007-53.<br>7. LJ. Tashkov, L. Krstevska, "Shaking Table Test Of High Voltage Single Pole Metal Enclosed Three-Phase Common Operated Sf6 Circuit-Breaker Incorporating One Interrupter Per Pole Type SFDL 11, 12", Report IZIIS 2007-53/1. | 33 |

8. L. Krstevska, LJ. Taskov, "Determination of Energy Absorption Capacity of Steel Fiber Reinforced Concrete Plate Speciments", Report IZIIS 2007-68.
9. L. Krstevska - "In situ testing of "Nova Banka" in Banja Luka by ambient vibration measurements" - Report IZIIS 2008-70.
10. LJ. Tashkov, L. Krstevska, "Test Report On Seismic Qualification Of One Pole Of Three-Phase Single Pole Operated Outdoor Sf6 Circuit-Breaker, Incorporating One Interrupter Per Pole Type SFEL 14", IZIIS Report 2008-71.
11. LJ. Tashkov, L. Krstevska, "Shaking Table Test On Seismic Qualification Of One Pole Of Three-Phase Single Pole Operated Outdoor $Sf_6$ Circuit-Breaker, Incorporating One Interrupter Per Pole Type SFEL 14", Report IZIIS 2008-71/1.
12. Л. Крстевска, „Експериментално испитување на Шарена Џамија во Тетово со методата на амбиент вибрации", Извештај ИЗИИС 2008-76.
13. L. Krstevska, "In situ testing of "Nova Banka" in Banja Luka By ambient vibration measurements", Report IZIIS 2008-70.
14. L. Krstevska, LJ. Tashkov, M. Garevski, "Ambient Vibration Measurements on the Machinery Building of Paugan Powerhouse, Canada", Report IZIIS 2008-47.
15. LJ. Tashkov, L. Krstevska, K. Manova, "Experimental in-situ testing of NPP Gentilly-2 by ambient vibration method - Phase 1", Preliminary Report IZIIS 2008- 56/1.
16. LJ. Tashkov, L. Krstevska, K. Manova, "Experimental in-situ testing of NPP Gentilly-2 by ambient vibration method - Phase 2", Preliminary Report IZIIS 2008- 57/1.
17. LJ. Tashkov, L. Krstevska, K. Manova, "Experimental in-situ testing of NPP Gentilly-2 by ambient vibration method-Phase 1", Final Report IZIIS 2008-56/2.
18. LJ.Tashkov, L.Krstevska, K.Manova, "Experimental in-situ testing of NPP Gentilly-2 by ambient vibration method-Phase 2", Final Report IZIIS 2008-57/2.
19. L. Krstevska, LJ. Tashkov, G. Altay, F. Aras, "Ambient vibration measurements of Beylerbeyi Palace in Istanbul", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed Technologies" - Report of WP7: Experimental analysis - 2008.
20. LJ. Tashkov, L. Krstevska, "Ambient vibration measurements of Bysantine church St. Nicholas- Psacha", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed Technologies" - Report of WP7: Experimental analysis - 2008.
21. L. Krstevska, LJ. Tashkov, "Ambient Vibration Measurements of Fossanova Gothic Cathedral, Italy", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed Technologies" - Report of WP7: Experimental analysis - 2008.
22. L. Krstevska, LJ. Tashkov, "Ambient Vibration Measurements of Mustafa Pasha Mosque, Skopje, Macedonia", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed Technologies" - Report of WP7: Experimental analysis - 2008.
23. L. Krstevska, LJ. Tashkov, K. Gramatikov, D. Kozinakov, "Shaking table testing of Fossanova Model", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed Technologies" - Report of WP7: Experimental analysis, June-July 2008.
24. LJ. Tashkov, L. Krstevska, K. Gramatikov, "Shaking table testing of Bysantine church St. Nicholas-Psacha", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed

| | | |
|---|---|---|
| | Technologies" - Report of WP7: Experimental analysis, July-August 2008.<br>25. L. Krstevska, LJ. Tashkov, K. Gramatikov, F. Mazzolani, R. Landolfo, "Shaking table testing of Mustafa-pasha Mosque model", PROHITECH FP6 Project - Earthquake Protection of Historical Buildings By Reversible Mixed Technologies" -WP7 Report: Experimental analysis, June-July 2008.<br>26. В. Мицов, Љ. Ташков, Л. Крстевска, В. Мирчевска, „Дијагностика на постојната состојба и предложено решение за санација на армиранобетонски оџак со висина од 180 м во термоелектрана Осломеј", Извештај ИЗИИС 2009-18.<br>27. LJ. Tashkov, L. Krstevska, "Test Report on Seismic Qualification of LINDNER Raised Floor type NORTEC G 30 ST", Report IZIIS 2009-20.<br>28. LJ. Tashkov, L. Krstevska, "Shaking Table Test on Seismic Qualification of LINDNER Raised Floor Type NORTEC G 30 ST", Report IZIIS 2009-20/1.<br>29. "Shaking Table Test on Seismic Qualification of LINDNER Raised Floor Type NORTEC G 30 ST", Report IZIIS 2009-20/1.<br>30. L. Krstevska, L. Taskov, "In situ testing of the mosque in the village of Mazhici in Kosovo by ambient vibration measurements", Report IZIIS 2009-50<br>31. L. Krstevska, M. Garevski, "In situ testing of Sartigan Dam, Canada, by ambient vibration measurements", Report IZIIS 2010-18.<br>32. L. Taskov, L. Krstevska, "Determination of energy absorption class of steel fiber sprayed concrete plate specimens", Report IZIIS 2010-19.<br>33. L. Taskov, L. Krstevska, "Determination of flexural strength and and residual strength class of steel fiber sprayed concrete beam specimens", Report IZIIS 2010-20. | |
| 3 | **Учество во промотивни активности на ИЗИИС**<br>- презентации и промоција на активностите и проектите на УКИМ-ИЗИИС пред разни делегации, групи на студенти и ученици | 5 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 4 | **Награда за научни постигнувања од струкова организација**<br>- самостоен<br>1. Признание на SISTEM DC90 - Golden medal for the year 2009 for Exceptional contribution in experimental analysis and verification of structures with System DC90 dampers in Canada, Asia and Africa.<br>- учесник<br>1. Признание на ДГКМ 2007 за експериментално-истражувачки труд: „Експериментално истражување на сеизмичката стабилност на ѕидовите од тула на електраната Beauharnois, Канада".<br>2. Признание на ДГКМ 2008 за научноистражувачки труд: „Нумеричка и експериментална анализа на три техники на зајакнување на три модели во рамките на проектот PROHITECH". | 5 |
| 5 | **Членство во извршно тело на меѓународна оранизација која поддржува/организира научноистражувачка дејност**<br>- COST C26 Action- член на Управен одбор (Management committee) од Македонија, 2006-2010 год. | 2 |
| 6 | **Изготвување и пријавување на научен национален проект**<br>- носител, 1 проект:<br>1. Истражување на динамичките карактеристики на браните во Македонија со експериментални мерења, како основа за верификација на нивната сеизмичка стабилност. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | **Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект**<br>-носител (2 проекта): 2*2=4 поени<br>1. Билатерален научен проект со Хрватска, „Сеизмичка отпорност на композитни конструкции од дрво и носиво стакло со оптимален степен на дисипација на енергија".<br>2. Билатерален научен проект со Турција, „Евалуација на сеизмичката стабилност на старите ѕидани мостови како специфични историски споменици".<br>-соработник (2 проекта): 2*1=2 поена<br>1. Билатерален научен проект со Турција, "Harmonisation of the Shaking Table Testing Procedure for Medium and Large Scale Models".<br>2. Билатерален научен проект со Република Словенија, „Развој и примена на систем на сеизмичка базна изолација за резервоари и згради базиран на концептот на лебдечка конструкција (ALSC)". | 6 |
| 8 | **Член на комисија за избор во звање**<br>1. Член на Комисија за избор во звањето асистент на м-р Марија Јовановиќ - 2007<br>2. Член на Комисија за реизбор во звањето асистент на м-р Марија Витанова - 2010 | 0,4 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 29,622 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 152,145 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 55,4 |
| **Вкупно** | **237,167** |

## ЗАКЛУЧОК

Сумирајќи ги горенаведените податоци за наставната, научната и апликативната дејност на вонр. проф. д-р Лидија Крстевска во изминатиот период од изборот во звањето вонреден професор до денес, може да се заклучи дека станува збор за особено активна и динамична личност, полна со ентузијазам како во изведувањето на наставата на постдипломските и докторските студии, така и во реализацијата на научноистражувачките и апликативни проекти.

Со посебна дарба и креативност во работата, вештина во водење и изведување на сложени експериментални истражувања, висок степен на интуитивност и ефективност во реализација на проектите, вонр. проф. д-р Лидија Крстевска покажа многу успешна и плодна активност. Нејзиниот талент за едноставен и практичен трансфер на знаење преку изведување на едукативни презентации, овозможи доближување на науката за земјотресно инженерство и на ИЗИИС кон пошироката домашна и меѓународна научна јавност. Особена креативност покажува во водење на кандидатите за магистерски тези како нивни ментор.

Солидното познавање на англискиот јазик, нејзиниот професионален однос и високите знаења од областа на експерименталната механика и динамиката на конструкциите и овозможија во изминатите години директно да учествува во реализација на значителен број сложени меѓународни проекти.

Кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска континуирано и интензивно е ангажирана на полето на меѓународната научно-техничка соработка. Тоа посебно се однесува на нејзината активна улога во европските проекти COST C26, каде што има значајна функција на координатор за Македонија, како и во проектот PROHITECH за заштита на културно-историски споменици. Нејзиното активно учество во меѓународната соработка со универзитетите и институциите од Турција, Италија, Канада

и др., резултираше во поголем број патувања и учество на работни состаноци, семинари и теренски мерења, од кои произлегоа голем број на статии презентирани на меѓународни симпозиуми, семинари и списанија. Една од последните значајни активности на меѓународен план, реализирана во мај 2010 година, е научната мисија за експериментални испитувања на историски споменици оштетени од земјотресот во Аквила, Италија, во 2009 година.

Треба посебно да се потенцира исклучително плодната активност на вонр. проф. д-р Лидија Крстевска во периодот 2007-2010 во публикување на оригинални научни резултати од областа на земјотресното инженерство во познати меѓународни списанија со импакт-фактор.

Заслужува да се спомене нејзиниот голем придонес во развивање на соработката со Hidroqebec, Канада, учествувајќи како главен истражувач на поголем број проекти поврзани со експериментални испитувања на брани, трафостаници и нуклеарни електрани.

Врз основа на целокупната активност, може да се заклучи дека вонр. проф. д-р Лидија Крстевска во целост ги задоволува критериумите за предвремен избор во повисоко звање - редовен професор. Од приложената табела е видно дека вонр. проф. д-р Лидија Крстевска има остварено вкупно 237,167 бода, како и публикувано 4 труда (2 публикувани труда во престижни меѓународни списанија со импакт фактор), што е повеќе од потребните и дополнителните критериуми за предвремен избор.

Од сето погоре изнесено, може да се констатира дека вонр. проф д-р Лидија Крстевска континуирано работи во својата област, вложувајќи големи усилби за своето изградување како наставник и научник. Таа е оформен истражувач, со изграден висок професионален однос и одговорност во самостојната и во тимската научноистражувачка работа и способност да ги дисеминира стекнатите сознанија на младите истражувачи.

Врз основа на приложената документација, познавањето на личноста на кандидатката и постигнатите резултати и успеси во наставната, научноистражувачката и апликативната активност, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, предвремено да ја избере кандидатката вонр. проф. д-р Лидија Крстевска во звањето редовен професор по предметот експериментална механика.

Рецензентска комисија

1. Д-р Вероника Шендова, редовен професор, ИЗИИС, Скопје, с.р.

______________________________

2. Д-р Љубомир Ташков, редовен професор, ИЗИИС, Скопје, с.р.

______________________________

3. Д-р Владо Мицов, редовен професор, ИЗИИС, Скопје, с.р.

______________________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-631/
14.07.2010 год.
СКОПЈЕ

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕДИЈАЦИЈАТА ВО КАЗНЕНАТА ОБЛАСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЕСНА СТЕФАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 26.04.2010 година, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Медијацијата во казнената област" од кандидатката м-р Весна Стефановска, во состав: проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Никола Матовски, проф. д-р Гордана Бужаровска (ментор), проф. д-р Гордан Калајџиев и проф. д-р Оливер Бачановиќ.

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Приказ на дисертацијата

Докторската дисертација „**Медијацијата во казнената област**", покрај воведните напомени и заклучните согледувања, е поделена во четири глави и опфаќа текст од вкупно 273 страници.

**Првиот дел** од трудот детално ги обработува **новите предизвици и перспективи на ресторативната правда** како нова парадигма на кривичната правда која не сака да ја замени туку да и даде нова димензија и квалитет. Бидејќи постојат различни пристапи во дефинирањето на ресторативната правда, во трудот се дадени повеќе дефиниции, меѓу кои и објаснувањето наведено во Основните принципи за примена на ресторативните програми во кривични работи донесени од Економско социјалниот совет на Обединетите нации во 2002 година. Според него, во ресторативниот процес активно учествуваат жртвата, сторителот и други лица, членови на заедницата поради заедничко решавање на прашањата произлезени од кривичното дело односно поради постигнување ресторативни резултати (репарација, реституција и општесвенокорисна работа).

Бидејќи основна теза во трудот е дека ресторативната правда оживотворена преку процес на медијација меѓу сторител и жртва со посредство на медијатор претставува дел од казнената политика на современите казненоправни системи и овозможува поефикасен и похуман одговор на криминалот, прво и нужно прашање коешто се поставува за нејзино верифицирање е **зошто ресторативен одговор на криминалот**? Доколку се согласиме дека корените на ресторативната правда се наоѓаат во казнените реакции на домородното население во Нов Зеланд, Канада, Америка и во други држави, тогаш не може а да не се согласиме дека денешните форми на ресторативна правда претставуваат нивни модифицирани облици имајќи го предвид денешниот степен на развој на казненоправните системи во одделни држави во светот. За непосредни причини за повторно оживотворување на ресторативната правда се наведуваат маргинализирањето и екслузијата на жртвите во казнената постапка, неуспехот на државната правда да го намали

криминалитетот и препознавањето дека и заедницата треба да земе учество во процесот на решавање на проблемите бидејќи таа има одговорност да обезбеди сигурност за своите граѓани. Токму поради тоа, во трудот се истакнува влијанието на **движењето за зголемени права на жртвите, за поголемо учество на заедницата и за промена на традиционалниот репресивен начин на решавање на кривичните спорови.**

Меѓутоа, во кривичноправната и криминолошката теорија и практика постојат различни, па дури и спротивставени ставови во однос на тоа дали ресторативните интервенции, во својата суштина, се казни или алтернативи на казнувањето. Аргументи постојат и на едната и на другата страна коишто мошне детално се обработени во трудот. Сепак, како што може да се забележи, кандидатката го прифаќа ставот дека ресторативната и ретрибутивната правда се две компатибилни практики во одговор на криминалот. Степенот, формата и мешавината на ретрибутивни елементи во ресторативниот процес зависи од различни фактори, како што се културата, традицијата и други околности во едно општество. Казната е соодветен и често неопходен одговор на криминалот, како што без одредено ниво и форма на казнување, правдата, вклучувајќи ја и ресторативната правда едноставно е невозможно да се оствари.

Посебна тематска единица во делот за ресторативната правда е посветена на **ресторативните програми.** За разлика од конференциите кои потекнуваат од првото домородно население Маорите во Нов Зеланд, круговите од домородното население во САД и во Канада, медијацијата меѓу жртвата и сторителот најголем одзив доби во САД и во европските земји. Тие имаат свои карактеристики коишто се посебно обработени, наведувајќи и најдобри примери и практики од нивната имплементација.

На крајот од првиот дел се наведени **предностите и слабите страни на ресторативната правда**. Од придобивките за сторителот се истакнуваат: намалување на стигматизацијата, учење од сопствените грешки за преземање на сопствената одговорност, активно учество во надминување на штетните последици и избегнување на долгата и сложена судска постапка. Од друга страна, жртвата има можност директно да ги изрази своите чувства, потреби и очекувања, да го запознае сторителот, да се ослободи од чувството на страв од нова виктимизација и активно да учествува во процесот на решавање. Бранејќи ги позитивните ефекти од ресторативната правда, кандидатката прави споредба со ефектите на казнената судска постапка врз сторителот и врз жртвата, аргументирајќи дека таа не влијае врз намалување на делинквентното однесување на сторителот, туку напротив, го стигматизираат и не прават ништо за жртвата, а уште помалку може да влијае врз намалување на повратништвото.

Како слаби страни и критики против примената на ресторативната правда се наведуваат: ширење на мрежата на општествена контрола бидејќи наместо ресторативната правда да ги намали реакциите за минорни престапи, таа ги зголемува. Исто така, противниците аргументираат дека одговорот на криминалот не може да се остави во рацете на сторителот и на жртвата тие сами да одлучат за видот и за висината на ресторативната мерка бидејќи тоа не е приватна работа на страните во процесот. На крајот, како недостаток се наведува дека во рамките на постапката се поддржува дисбалансот на моќта меѓу страните со различна моќ.

По деталното прикажување на суштината и филозофијата на ресторативната правда, **вториот дел од трудот е посветен на медијацијата**

**меѓу жртвата и сторителот** како најраспространет и најчесто користен модел на ресторативна правда во светот.

На почетокот се **дадени општи разгледувања за медијацијата, нејзиниот поим и правна природа.** Во понатамошниот дел од трудот, кандидатката детално се осврнала на **историскиот развој на концептот на помирување** во праисториските и историските општества сè до првата примена на денешниот облик на медијација меѓу жртва и сторител која се случила во гратчето Китчер, Онтарио во 1974 година. Неколку години подоцна, благодарение на норвешкиот криминолог Nills Christy, ресторативните мерки како одговор на криминалот се воведени прво во Норвешка и во Англија, за потоа, во раните осумдесетти години на минатиот век да се прифатат во другите европски држави. Во тој дел од трудот е направена ретроспектива на историските облици на помирување и надомест на штета на оштетениот, на нивното изумирање и појавување на новото државно право според кое кривичните дела не се гледале толку како престап против човек, колку како престап против државата. Оттогаш, државниот интерес се ставил над приватниот и започнала да се применува државната правда. Но, нејзината неефикасност поради, пред сè, занемарувањето на правата на жртвата и маргинализирањето на заедницата резултирала со напуштање на државната правда и повторно воведување на реститутивните елементи во казнените реакции коишто се олицетворени во денешните ресторативни интервенции.

И, не може да се говори за ресторативната правда, доколку не се наведат и образложат **основните принципи** врз кои таа се гради. Во трудот, во посебна тематска единица детално се разработени принципот на доброволност на учесниците, принципот на независност на медијаторите и принципот на доверливост на информации, со оглед на тоа што другите принципи се обработени во други делови.

Имајќи ја предвид правната природа на медијацијата како казненоправен институт кој се применува во казнената област како реакција и одговор на кривичните дела, таа добива посебно место не само во материјалното казнено, туку и во процесното казнено законодавство. Оттука, посебно се елаборирани **казнено-правните аспекти** на медијацијата. Кандидатката дава аргументи зошто медијацијата може да ги оствари целите на казнувањето: остварување на правда, како и специјална и генерална превенција без да се применуваат традиционалните кривични санкции. Процесот на медијација овозможува задоволување на потребите на двете страни и одвраќање на сторителот од повторно вршење кривични дела преку разбирање и надоместување на последиците од неговото неприфатливо однесување. Додека казната сака да направи промени во личноста на сторителот, медијацијата сака да го научи сторителот преку конкретно искуство на соочување со жртвата и учење од сопствените грешки. Значи, медијацијата **може да им служи на целите на казнено-правниот систем,** дури и подобро од конвенционалното казнување.

Од друга страна, често даваната критика дека медијацијата не успева да ги заштити процесните гаранции на сторителот кои се содржани во правото на правично судење може да се побие со фактите што процесот на медијација е доброволен, судот ја верификува и и дава легитимитет на постигнатата спогодба меѓу страните и постојат одредени процесни гаранции коишто обезбедуваат праведен третман спрема сторителот.

Во однос на **правото на судење пред независен и непристрасен трибунал,** во трудот се поставува прашањето дали самите страни, сторителот и

жртвата, кои не се независни и не се квалификувани да применуваат релевантни стандарди за правично постапување и одлучување можат да одлучат за содржината на договорот. Одговорот би бил дека независноста во процесот на одлучување не се проблематизира бидејќи, наместо пресудување од страна на институциите на системот, токму заедничкото договарање е цел и суштина на ресторативниот процес. Приговорот дека се нарушува **презумпцијата на невиност**, исто така во трудот се побива со фактот што постапката за медијација е доброволен процес на две страни во кој сторителот не е присилен да ја признае вината. Негов избор е дали предметот ќе се процесуира во редовна судска постапка или по пат на медијација. Претпоставената одговорност на сторителот не е во спротивност со претпоставената невиност бидејќи тој не се обвинува за делото, ниту се докажува неговата кривична одговорност. Во дополнение на процесните аспекти, кандидатката наведува дека ниту **начелото на пропорционалност** меѓу стореното дело и казната не се прекршува бидејќи судот го верификува договорот. Но, за негова гаранција е потребно да се усвојат одредени упатства по кои треба да се движат страните во процесот на преговарање и договарање. **Правото на бранител,** како уставно загарантирано право, во никој случај не може да се наруши. Во постапката за медијација не станува збор за улога на бранител за заштита на процесните гаранции на сторотелот. Во тој процес, страните можат да добијат правна помош и да им се овозможи консултација со правен советник пред потпишување на заемно постигнатиот договор.

Имајќи го предвид претходно наведеното, во трудот не се релативизираат и обезвреднуваат процесните гаранции. Напротив, кандидатката истакнува дека неформалниот медијациски процес кој подлежи на контрола од казненоправниот систем не сака да ги анулира или да ги прекрши процедуралните права на сторителот.

Во различни законодавства постојат различни практики на примена на медијацијата. Во тој поглед, во трудот е направена анализа на примената на постапката за медијација како **мерка на одбегнување на формалната судска постапка и** како **дополнителна мерка или како услов за изрекување на одредена кривична санкција.**

Проучувајќи ја медијацијата во казнената област, кандидатката со право забележува дека медијацијата не може да ја замени во целост кривичната правда, ниту дека е таа соодветна постапка за сите кривични дела и за сите сторители. Прашањето за **соодветноста на случајот и на сторителот** е оставен на упатувачите (полиција, јавен обвинител, судија, офицер за пробација, социјален работник). Генерално, согласност постои за тоа дека се упатуваат полесни кривични дела. За да нема дискриминација и фаворизирање по одредена основа (расна и верска припадност) во однос на упатувањето кандидатката во трудот го отвора прашањето за поставување јасни критериуми за „упатувачите".

Исто така, како што дилемата за **упатување на посериозни дела** сè повеќе се актуализира и брани од застапниците на ресторативната правда, така во трудот се наведени позитивните и негативните страни од ресторативниот процес за сексуални деликти и за семејно насилство.

Едно од битните прашања што добива заслужено место е прашањето **кој може да биде медијатор**. За одговор на тоа прашање се отвора теоретска расправа за потребата од поставување соодветни стандарди за избор на медијатори во поглед на поседување посебни квалификации и знаења. Дилемата

професионално медијаторство или медијатори-волонтери зависи од менталитетот и развојот на волонтерството како концепт кој е прифатен во едно општество. За обуката на медијатори, како неизбежен и составен дел од целиот процес на селекција, е посветено посебно место во трудот. Бидејќи успешноста на медијацискиот процес зависи од компетентноста и умешноста на медијаторот да ја води и олеснува комуникацијата на страните, тој треба да знае кои се **неговите права и одговорности**. Токму затоа, тоа прашање е детално обработено.

Покрај медијатори од заедницата како независни акредитирани субјекти, во улога на медијатори можат да се јават и **субјектите на казнено-правниот систем (полиција, офицери за пробација, обвинители)**. И покрај аргументите против нивната компатибилност како државни органи кои ги гонат сторителите, кандидатката, според едно истражување, дава приказ на позитивните резултати за улогата на полицијата во функција на медијатори што поттикнува да се врати мислењето за нивната стара улога на заштитници и чувари на мирот во заедницата.

**Третиот дел од трудот** е посветен на **компаративниот преглед** на системите на медијација меѓу жртва и сторител. Во анализата се опфатени држави во кои има богата историја во примена на медијацијата, почнувајќи од Соединетите Американски Држави во кои таа првпат се применува. Земјите Англија и Велс и Норвешка се земени во примерокот бидејќи, на европскиот континент, кај нив започнува да се применува ресторативната правда којашто потоа се прифаќа во останатите европски држави. Германија, Австрија и Полска имаат интересна законска регулатива во однос на медијацијата којашто може да понуди добра основа за допрецизирање и подобрување на македонското законодавство. Земјите од Балканот, Србија, Босна и Херцеговина и Словенија се земени како добри практики со цел да се согледа патот на нивните казнени реформи во успешното воведување на ресторативните мерки во одговор на криминалот, вклучувајќи ја и постапката за медијација. Притоа, во компаративната анализа за извори на податоци се користени соодветните законски и подзаконски акти, како и примери на добри практики од кои може да се согледа успешноста и начинот на нивното функционирање. **Компаративната анализа** на системите на медијација во поголемиот број држави во светот покажа дека воведувањето на медијацијата во казнените законодавства е континуиран процес започнат кон крајот на осумдесеттите години на минатиот век.

Во четвртиот дел **„Медијацијата во Република Македонија"** од трудот на детален начин е направена анализа и приказ на развојот на македонското казнено законодавство, односно на казнените реформи за воведување на ресторативни мерки и на системот на медијација.

На почетокот од тој дел, кандидатката се осврнува на вонсудското решавање спорови во социјалистичкото самоуправување со воведувањето на мировните совети во Уставот на поранешна СФРЈ во 1967 година. Притоа, прави детална анализа на Законот за мировни совети од 1977 година заклучувајќи дека тој е добра основа за поопштествување на судската функција и за нејзино делегирање на вонсудски органи.

Во понатамошниот дел од трудот, хронолошки е презентиран развојот на нормативното регулирање на алтернативното решавање спорови вклучувајќи ја и медијацијата во процесните закони во Република Македонија. Почнува од донесувањето на **Националната стратегија за евроинтеграција на Република**

**Македонија од 2004**, што претставува, на некој начин, правна рамка и патоказ по кој треба да се движи Република Македонија на патот кон европските структури.

Дел од предложените реформи во правосудниот систем се и реформите во малолетничкото казнено законодавство и во казненоправниот систем дефинирани во **Стратегијата за реформа на казненото право од** мај 2007 година. Во тој дел, кандидатката детално го проучува, го анализира и го критикува новиот Закон за малолетничка правда во делот за ресторативните мерки и постапки кој започна да се применува во јуни 2009 година. Притоа, со право прави разлика на алтернативи на институционалниот третман и на алтернативи на судската постапка коишто посебно ги обработува. Посебно внимание и критички осврт става на постапките на одбегнување на формалната судска постапка: постапката за посредување и порамнување и постапката за медијација. Како новини во малолетничкото казнено законодавство, во трудот се истакнати нивните позитивни и негативни страни, како и можностите за нивен понатамошен развој.

Реформата на казненото законодавство не го заобиколи **процесното казнено законодавство**. Така, во трудот е направена анализа и на новите одредби за постапката за медијација меѓу жртва и сторител вградени во работната верзија на новиот предлог ЗКП. Притоа, кандидатката се задржува и на институтите: условно одлагање на казнената постапка како право на јавниот обвинител, под одредени законски услови, да се откаже од кривично гонење и условно прекинување на водење на кривичната постапка како алтернативна мерка. Анализата на условите за нивна примена само ги акцентира ресторативните елементи како надомест на штета, помирување, избегнување на судската постапка коишто одат во прилог на ставот дека ресторативните елементи се дел од казненото процесно законодавство.

Во **последната глава од делот за Република Македонија** е прикажана институционалната и правната рамка на системот на медијација воспоставен со основањето на Комората на медијатори на Република Македонија (КМРМ) во 2005 година. Посебно се анализирани основните принципи и самиот тек на постапката според Законот за медијација и неговите измени во 2009 година.

Тезата дека **постојат услови за примена на медијацијата** меѓу сторител и жртва во Република Македонија, со оглед на обемот и видот на казнивите дела, особено во доменот на малолетничката делинквенција, се потврдува преку податоците од кратката анализа на криминалитетот во последните 2007, 2008 и 2009 година. Високиот процент на имотниот криминалитет и на делата со елементи на насилство, од една страна, и високиот процент на повратништво на имотен криминалитет, од друга страна, не само кај полнолетните, туку и кај малолетните сторители одат во прилог на ставот дека судската постапка и репресивните мерки не го намалуваат криминалитетот. Напротив, го зголемуваат.

Исто така, во трудот се дава критички осврт и на постојните човечки капацитети за спроведување на постапката за медијација бидејќи веќе акредитираните медијатори имаат поминато само општа обука за медијација што не е доволно за посредување во кривични спорови, особено кога како страни во спорот се јавуваат малолетни лица. Оттука, и кандидатката ја истакнува потребата за редовно спроведување посебни и континуирани обуки.

Трудот завршува со **кратка анализа на институционалните капацитети** на Комората, при што се критикува неодржливоста на

административната канцеларија со седиште во главниот град на Републиката, немотивираноста и незадоволството од функционирањето на Комората кај овластените медијатори, непостоење јасни и соодветни критериуми за избор на медијатори, особено во казнената област, како и слабата материјална одржливост на Комората.

Врз основа на поставената хипотетичка рамка и добиените теоретски и емпириски сознанија во трудот се извлечени **релевантни заклучоци и препораки** коишто треба да најдат интерес и плодна почва за нивна реализација во Република Македонија.

Генерално, кандидатката **заклучува** дека враќањето на ресторативните корени во одговор на криминалот значи продобивка на казненоправните системи во државите во светот. Силата на ресторативниот пристап не лежи во одбивање и негирање на ретрибутивноста, туку во засилување и охрабрување на сторителот, жртвата и заедницата заедно да ги адресираат причините и последиците од неприфатливото однесување. Токму затоа, ресторативните интервенции најдоа своја форма во законодавството и практиката на државите во светот преку примена на неформални, алтернативни мерки и постапки на одвраќање или како дополнителен дел на формалните судски постапки. Една од **целите на ресторативната правда е да ги замени формите на државна правда** и да им даде овластување на заедницата и на засегнатите страни од делото во редукција на криминалот.

Имајќи предвид дека Република Македонија ги оди првите чекори на патот кон успешна имплементација на ресторативните мерки, **препораките** коишто се наведени во трудот се добра основа за допрецизирање на правната регулатива, за зајакнување на институционалните капацитети, како и за вклучување на заедницата во процесот на решавање. Без јасна и прецизна правна рамка, без соодветна внатрешна структура, просторни и материјални услови на системот на медијација и без поддршка на заедницата и на казненоправниот систем, медијацијата е осудена на неуспех.

### 2. Оцена на трудот

Докторската дисертација „Медијацијата во казнената област", поднесена од кандидатката м-р Весна Стефановска, претставува оригинален научен труд и подробно проучување на медијацијата во казнената област. Кандидатката проучува актуелна, но и многу комплексна и сериозна тема која во Република Македонија е малку проучена и обработена на поопстоен и посистематичен начин.

Таа ја проучува и ја истражува ресторативната правда како соодветен одговор на криминалитетот, што и дава нова димензија и квалитет на кривичната правда. Медијацијата меѓу жртва и сторител, како најраспространет облик на ресторативната правда, добива централно место во трудот со што ни се овозможува да ја согледаме од повеќе аспекти. Можеби најзначаен аспект е тоа што мирниот начин на решавање на кривичните спорови со избегнување на формалната судска постапка и со задоволување на сите страни засегнати од делото треба да биде дел од секојдневното решавање на спорови.

Мора да се нагласи значењето на трудот во смисла на подигнување на свеста за медијацијата во казнената област, за потребата од нејзино пошироко користење и збогатување на можностите за вонсудско разрешување на конфликтите настанати како резултат на сторено кривично дело во казненото

процесно законодавство, како и аспектите на ресторативната правда во казнената област.

Трудот е пишуван со јасен, разбирлив, лесен и едноставен стил што го прави особено лесен за читање и разбирање.

На трудот може да му се упатат и некои забелешки. Имено, неспорен е фактот дека кандидатката користела богата компаративна литература и интернет-извори кои доминираат во трудот. Сепак, Комисијата забележува дека во текстот се цитирани мал дел од домашните извори наведени во прегледот на користената литература и преку текстот на трудот не се добива претстава за придонесот на научната мисла во Република Македонија во контекст на природата, карактерситиките и бенефитите од медијацијата во казнената материја. Оваа препорака Комисијата и ја упатува на кандидатката со цел да ја има предвид при објавувањето на дисертацијата.

Воедно, Комисијата забележа дека во трудот поретко се среќава сопствениот став на авторката кон определени прашања, дилеми, опасности, слабости во практичната примена на медијацијата, што е особено важно за трудови од ваков вид и ја охрабрува кандидатката во искажување на сопствените размисли и дилеми.

Во трудот недостасува емпириски дел-истражување, што го констатира и самата авторка во трудот, а што се должи на субјективно-објективни причини поврзани со медијаторите во Република Македонија. Имено, неуспешен остана обидот на кандидатката да спроведе истражување во кое ќе бидат инволвирани медијаторите регистрирани во Комората на медијатори на Република Македонија.

Сепак, наведените забелешки не го намалуваат значењето на трудот. Комисијата констатира дека авторката пишува со јасен стил и изградена научна методологија што нè уверува дека дисертацијата ќе послужи на секој кој сака поподробно да се запознае со спецификите на медијацијата во казнената материја. Од овие причини, Комисијата препорачува трудот да биде објавен со цел и стручната и пошироката јавност да можат да се запознаат со материјата на медијацијата и ресторативната правда.

Имајќи го предвид понапред изнесеното, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му предлага да ја прифати позитивната оцена и да закаже одбрана на докторската дисертација на м-р Весна Стефановска под наслов „Медијацијата во казнената област".

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Љупчо Арнаудовски, с.р.

2. Проф. д-р Никола Матовски, с.р.

3. Проф. д-р Гордана Бужаровска, с.р.

4. Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.

5. Проф. д-р Оливер Бачановиќ, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 - 47
14 - 200 год.
СКОПЈЕ

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Игор Цветановски | Лошото корпоративно управување проследено низ призмата на економско финансиската криза | Проф.д-рТито Беличанец |
| Драган Арсов | Правна регулација на производство на електрична енергија | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Сашо Матески | Договори во секторот за вода, електрична енергија, транспорт и поштенски услуги | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Златко Маркоски | Правна регулација на обновливи извори на енергија | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Маре Нешковска | Секторски договори | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Марина Пеливанова | Заштита на правата на потрошувачите во Република Македонија | Проф.д-р Софија Тодорова |
| Елизабета Гроздановска | Имунитет на пратениците во претставничкото тело | Проф.д-р Марика Ристовска |
| Томе Гушев | Креирањето политики во постсоцијалистичките системи | Проф.д-р Гордана Силјановска Давкова |
| Синиша Ивановска | Буџетски дефицит и јавен долг со посебен осврт на Република Македонија | Проф.д-р Томислав Гроздановски |
| Сашко Ефремовска | Права на детето | Проф.д-р Рената Дескоска |

ДЕКАН

Проф.д-р Борче Давитковски

Правен факултет „Јустинијан Први" Република Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје, одржана на 24.6.2010 година со одлука бр. 07-1365/2, во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 8.6.2010 година, бевме избрани за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент на Заводот за програмско инженерство на Институтот за информатика при Факултетот.

На конкурсот се пријавијавија кандидатите: м-р Магдалена Костоска, помлад асистент на Институтот за информатика при Факултетот и м-р Огнен Спироски од Скопје. По разгледувањето на приложените документи, на Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје му го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Магдалена Костоска

### Биографски податоци

Магдалена Костоска е родена на 6 октомври 1982 година во Гостивар, Република Македонија. Основно образование завршила во ОУ „Братство-единство", во Гостивар, а средно образование во „Раде Јовчевски – Корчагин-ПЕКСНАС" во Скопје, како ученик на генерацијата. Дипломирала на Природно-математичкиот факултет, Институт за информатика во Скопје на 30.10.2006, со дипломска работа на тема „ Веб апликација за on-line пријавување на проекти " под менторство на проф. д-р Марјан Гушев, притоа завршувајќи ги своите студии со просек 9,7. Од 2007 година е студент на постдипломските студии на Природно-математичкиот факултет, на насоката софтверско инженерство, каде што сите испити ги положила со просек 10,00. На 7.4.2010 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „е-Трезор – ТРЕЗОРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ" и притоа се здобила со научен назив – магистер на информатички науки од областа на софтверското инженерство.

За време на студиите (од 2001 година до 2005 година) добила признанија и пофалби за натпросечно остварување во првата, втората, третата и четвртата студиска година од факултетското образование. Од 2005 до 2007 работи како демонстратор на Институтот за информатика и паралелно од 2006 до 2007 работи и во компанијата „Ултра" во Скопје. Притоа работи на проекти како: банкарски информационен систем, трезорски информационен систем, осигурителен информационен систем и billing систем.

Од декември 2007 година работи како помлад асистент на Институтот за информатика.

**Наставно - образовна дејност**

Во изминатите години, кандидатката Магдалена Костоска, како демонстратор и по изборот во звањето помлад асистент, со успех и ангажираност изведуваше (и изведува) часови вежби по цела низа предмети предмети: анализа на софтверски потреби, конструкција на софтвер, дизајн и архитектура на софтвер, структури на податоци, интеракција човек-компјутер, бази на податоци, податочно рударство, современи компјутерски системи, основи на програмирање, објектно и визуелно програмирање и компјутерски апликации.

Кандидатката Магдалена Костоска, како помлад асистент, постојано е ангажирана со изведување на часови вежби од повеќе различни предмети, што подразбира организирање на бројни испити, колоквиуми и консултации, со голем број на студенти. Особено се грижи за перманентно следење и оценување на работата на студентите преку изработка на семинарски работи во текот на вежбите и организација на редовни тестирања, со што во значителна мера се подобрува успехот на студентите. Кон подготовката и реализацијата на вежбите, како и кон сите други активности, таа пристапува мошне одговорно и самостојно. Во целост, самостојно или во соработка со колегите, има подготвено пакети материјали за вежби за повеќе предмети кои се држеле за прв пат на Институтот за информатика, како податочно рударство, конструкција на софтвер, дизајн и архитектура на софтвер и податочно рударство.

Член е на 15 комисии за оцена или одбрана на дипломска работа.

**Научноистражувачка дејност**

Како помлад асистент на Институтот за информатика, по повторниот избор таа продолжила со својата научна работа, чиј резултат е одбранетиот магистерски труд со наслов „ е-Трезор – ТРЕЗОРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ“, како и следниве објавени трудови во последните две години, во кои фигурира како главен автор (на вкупно 3 труда) или како коавтор (на еден труд):

1. Костоска М. и Гушев М.: Treasury Information Systems and Architectures – Possibilities and Directions for Further Development in Macedonia, ICT-Innovations Conference 2009, 28-29 септември 2009, Охрид, Р. Македонија.

Во овој труд е даден преглед на архитектури и рамки употребени за трезорски информационен систем во повеќе земји во светот, како и преглед на состојбата во Македонија. Трудот содржи оригинален критички осврт на поставените решенија и поглед кон иднината.

2. Костоска М. и Гушев М.: Macedonian National Enterprise Architecture Framework, СИТ 2010, Bitola, Macedonia.

Во трудот се презентирани предлог-националната рамка за архитектура на ИТ-сервиси за Република Македонија. Дополнително се дадени две добро познати методологии кои можат да се употребат за развој на предлог-рамката, како и начин за нејзино дополнување со сервисно ориентирана архитектура.

3. Костоска М.: CIIT 2010 Web Application, CIIT 2010, Bitola, Macedonia.

Трудот претставува преглед на структурата, организацијата и функционалностите на CiiT 2010-апликацијата која претставува електронска алатка која поддржува организација на конференции. Алатката иницијално е изработена за потребите за конференции на ИИ.

4. Кироски К., Костоска М.: Using Classification On ISII Database, CIIT 2010, Bitola, Macedonia

Трудот претставува преглед на резултатите од примената на класификација врз множество на податоци за уписи на студенти, преземени од Институтот за информатика. Применети се Naïve Bayes, к-најблиски соседи и дрва на одлучување.

*Учество на конференции, семинари и работилници:*

- CEENet 2005, Workshop on Network Technology, Охрид, Македонија – учесник;
- CEENet 2007, 5th CEENet Workshop on Network Management, Охрид, Македонија – локален организациски комитет;
- CIIT 2008, Битола, Македонија - учесник;
- ICT Innovation 2009, Охрид, Македонија – учесник, презентер и логистичка поддршка;
- CIIT 2010, Битола, Македонија – учесник, презентер и организација "Training and networking for WB-EU research cooperation in ICT for e-Government", ICT-WEB-PROMS, 2010, Skopje, Macedonia – учесник, презентер.

## 2. Огнен Спироски

### Биографски податоци

Огнен Спировски е роден на 2 мај 1982 година. Средно образование го завршил во „Раде Јовчевски – Корчагин " во Скопје, со просек 4,94. Студирал на Природно-математичкиот факултет, Институт за информатика во Скопје, во периодот од 2000 до 2002 година, по што се отпишува од оваа институција. Во периодот од 2003 до 2005 година студирал на City Liberal Studies во Солун, Грција, каде што и дипломирал во 2005 година со просек 71%. Од 2006 до 2008 година е студент на постдипломските студии на Универзитетот на Единбург, Обединето Кралство и Универзитетот на Тренто, Италија, на насоката Life Science Informatics. Во 2008 година го одбранил магистерскиот труд со наслов: „Моделирање пренос на хоризонтален геп: Споредба на моделирањето рамки применети при истражувањето на отпорноста на антибиотиците во

флуктуирачката средина" со оценка 104/110 и се стекнал со научен степен магистер по информатика.

**Наставно - образовна дејност**

Кандидатот Огнен Спироски нема пријавено искуство од оваа област.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот Огнен Спироски фигурира како коавтор на два труда:

1. Davalieva K., Maleva I., Filiposki K., Spiroski O., Efremov D. G.: Genetic Variability of Macedonian Tobacco Varieties Determined by Microsatellite Marker Analysis, Diversity 2010, 2(4), 439-449

Во овој труд се евалуира употребата на 30 микросателитски маркери за идентификација на 10 видови одгледуван тутун во Република Македонија. Прикажано е дека 24 маркери се доволно за идентификација на вид. Со примена на кластер-анализа е покажано дека македонскиот тутун се класифицира во три различни групи.

2. Paunovski O., Eleftherakis G. Cowling T., Spiroski O.: Engineering Properties in Artificial Distributed Systems, EmergeNET4: Engineering Emergence Workshop, April 2010, York, UK

Трудот дава преглед на повеќе аспекти на дистрибуирани системи со брзо реагирање. Се испитуваат главните елементи на модерен дистрибуиран систем, како и проблемите при неговиот развој и оперирање. Се дефинира однесувањето на природните системи кои можат да бидат вградени во вештачките дистрибуирани системи за задоволување на побарувањата. Дадени се и неколку препораки како да се пристапи и како да се ревидираат инженерските практики при справување со системи кои имаат потреба од брзо реагирање.

*Учество на конференции, семинари и работилници:*

- Data Mining: Practical Tools and Techniques (FEIT & TIME.MK workshop), Скопје, 2010;
- 3S (Systems, Synthetic, Semantic) Biology Summer School, Италија, 2008;
- Workshop on Membrane Computing, Велика Британија, 2008;
- Computational Methods in Systems Biology, Италија, 2006;
- European Conference in Artificial Intelligence, Италија, 2006;
- Balkan Conference in Informatics, Охрид, 2005;
- Помош при организирање на Fourth International Student Spring Simposium on Contemporary Topics in Information Technology, Грција, 2005.

## Заклучок и предлог

Врз основа на доставената документација, познавањето и соработката со кандидатите, можеме да заклучиме дека и двата кандидата имаат соодвтена диплома – магистер на информатички науки како предуслов за конкурсот. И даваме предност на кандидатката Магдалена Костоска затоа што има постигнато поголем успех за време на студиите (просек 9,7 наспроти 71% за додипломски студии и просек 10 наспроти 104/110). Таа покажува успешна наставно-научна дејност и обемно искуство во изведување активностите во рамки на задолженијата на Институтот за информатика при ПМФ. Во дадената област изработила 4 научни труда (2 научни и 2 апликативни наспроти 2 научни труда) и е автор на учебни материјали за повеќе предмети што тековно се користат во изведување на наставата на Институтот за информатика. Исто така, со задоволство ја истакнуваме педагошката дејност, како и извонредната ангажираност и самостојност во изведувањето на вежбите на Институтот за информатика.

Затоа, имаме чест на Наставно - научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, да му предложиме Магдалена Костоска да биде избрана во звањето асистент по предмети од областа на информатиката на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**Рецензентската комисија**

Д-р Марјан Гушев,

редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Ана Мадевска – Богданова,

вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Љупчо Антовски,

доцент на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА - ШУМАРСКА ФИТОПАТОЛОГИЈА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје (на четвртата седница одржана на 29.3.2010 година) бр. 0201-63/4IV-3.1, избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Кирил Сотировски, вонреден професор, за избор на еден наставник во сите звања од група наставна програма - шумарска фитопатологија, по предметите: шумарска фитопатологија, болести на шумските видови дрвја, болести на декоративните растенија, заштита на дрвото, основи на микробиологија, идентификација и производство на печурки.

На распишаниот конкурс објавен на 20.3.2010 година во дневните весници „Време" и „Коха е ре" за избор на наставник во сите звања од група наставна програма - шумарска фитопатологија на Шумарскиот факултет во Скопје, се пријави единствено кандидатот д-р Кирил Сотировски, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на севкупната доставена документација, приложена од кандидатот до Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, избраната Рецензентска комисија во состав: д-р Васил Папазов, редовен професор во пензија на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Митко Караделев, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Никола Николов, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

# Извештај

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Кирил Сотировски е роден на 7.6.1964 година во Скопје. Основното образование го започнал во Вашингтон, САД, а го завршил во Скопје, додека средното образование го завршил во гимназијата „Ј.Б. Тито" во Скопје. На Шумарскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1983/84, пред отслужување на воениот рок, а дипломирал во 1989 година, на отсекот Одгледување и мелиорации, со дипломска работа на тема алпинетуми. По дипломирањето волонтирал 6 месеци при Катедрата за заштита на шумите и дрвото, а во април 1990 г. се вработил на истата Катедра на Шумарскиот факултет во Скопје, како помлад асистент по предметите шумарска фитопатологија и заштита на дрвото од епиксилни габи. Истовремено се запишал на постдипломски студии од областа. Во текот на 1994 г., како стипендист на Британскиот совет, бил специјализант во Велика Британија, во Forestry research station во Фарнам, каде што во текот на шест месеци истражувал и изучувал повеќе аспекти на холандската болест по брестовите.

По положувањето на предвидените испити од постдипломските студии, во 1995 г. ја одбранил магистерската теза со наслов „Биоеколошки карактеристики на габата *Pleurotus ostreatus*, деструктор на лисјарски видови дрвја". Истата година бил избран за асистент при Катедрата за заштита на шумите и дрвото, непосредно ангажиран на предметите шумарска фитопатологија и заштита на дрвото од епиксилни габи.

Во текот на 1998 г. како стипендист на ТЕМПУС бил на двомесечен студиски престој во Istituto di Patologia Vegetale во Милано, Италија, каде што се обучувал за молекуларно-биолошки методи преку детекција на микоплазми во растенија и инсекти.

Во април 2000 г. на Шумарскиот факултет во Скопје, ја одбранил докторската дисертација „Хиповирулентност, вегетативно-компатибилни групи и размножувачки типови на *Cryphonectria parasitica* во Република Македонија". Освен теренските и лабораториските истражувања во Македонија, молекуларно-биолошките аспекти на трудот ги реализирал на Универзитетот Корнел во САД, во текот на едномесечен престој во 1998 г. Во 2000 г. година е избран за доцент на групата предмети фитопатологија на Шумарскиот факултет во Скопје, непосредно ангажиран на наставата по предметите заштита на дрвото од епиксилни габи (дел од предметот заштита на дрвото), микробиологија (дел од предметот микробиологија со исхрана на растенијата) и болести кај декоративните растенија.

Бил член на неколку комисии и работни тела во рамките на Факултетот (преструктурирање на студиските програми, научна работа, наставни прашања, самоевалуација), а во периодот 2003-04 г. бил продекан за меѓународна соработка при Шумарскиот факултет во Скопје.

Во 2005 г. е избран за вонреден професор по групата предмети шумарска фитопатологија.

Во периодот од 2005 г. до сега има остварено неколку студиски престои во странство, во рамките на научноистражувачки проекти во кои бил учесник:

- април 2008 г.: тринеделен истражувачки престој во WSL, Цирих, Швајцарија; детекција на хиповируси во изолати на *C.parasitica* од Македонија и Бугарија, како и изолати користенини за инокулации *in vivo*;

- јуни-јули 2007 г.: седумнеделен истражувачки престој на Cornell University, Итака, САД; истражување на хетерокариони кај габата *C.parasitica* и нејзиниот размножувачки систем со техники и методи на молекуларна биологија;

- јуни-јули 2006 г.: седумнеделен истражувачки престој на Cornell University, САД; истражување на размножувачкиот систем на *C.parasitica* со техники и методи на молекуларна биологија;

- јуни-јули 2005 г.: шестнеделен престој на Cornell University, САД; истражување на размножувачки типови кај габата *C.parasitica* и на нејзината репродуктивна биологија.

## Наставно-образовна и педагошка дејност

Д-р Кирил Сотировски успешно ги изведува теоретската и практичната настава, како и лабораториските и теренските вежби со студентите од насоките шумарство и озеленување и унапредување на животната средина, како и предвидените испити и колоквиуми. До 2008 г. бил ангажиран за предметите болести на декоративни растенија, идентификација и производство на печурки, микробиологија и заштита на дрвото од епиксилни габи, а оттогаш е одговорен за предавањата и вежбите по предметите болести на декоративните растенија, идентификација и производство на печурки како и предавањата по шумарска фитопатологија.

Освен одговорностите за редовната настава од вториот степен студии, д-р Сотировски учествува со повеќе предмети и во наставата на постдипломските студии - заштита на шумите и дрвото, односно во рамките на модулот шумарска и хортикултурна фитопатологија, а со предметот метод на научноистражувачка работа и на студите по уредување на шуми при Шумарскиот факултет.

Од 2005 г. менторирал повеќе дипломски работи, и бил член на комисија за одбрана на еден магистерски труд.

## Научноистражувачка дејност

До изборот во звањето вонреден професор, д-р Сотировски објавил или презентирал 23 труда не сметајќи ги магистерскиот труд и докторската теза, од кои до преизборот за помлад асистент, 5 труда се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 591 од 1993 година; до изборот во звањето асистент, 2 труда се рецензирани во Билтенот бр. 645 од 1995 г.; до преизборот во звањето асистент, 10 се труда рецензирани во Билтенот бр. 735 од 1999г. (тие се наведени и во Билтенот бр. 760 од 2000 г. при изборот во звањето доцент), до изборот во звањето вонреден професор, 6 труда се рецензирани во Билтенот број 876 од 2005 г.

По изборот во звањето вонреден професор, кандидатот објавил 9 научни и 2 стручни труда приложени за рецензија.

Научни трудови

1. **Сотировски, К.**: „*Phytophthora ramorum* – новоопишан патоген по бројни растителни видови низ Европа". Прв конгрес за заштита на растенијата, Охрид, 28.11 – 2.12. 2005 г.

Труд во кој авторот дава осврт и се задржува на историјатот на откривање и распространувањето на патогенот *Phytophthora ramorum* на северноамериканскиот и европскиот континент, како и на преземените административни мерки во одредени земји.

Освен што е регистриран во расадници за производство на шумски и декоративен саден материјал во Европа, во последните години постојат повеќе извештаи дека постепено се етаблира и во екосистемите надвор од расадниците, а како резултат на прометот со инфициран растителен материјал. Како резултат на проценките дека *P.ramorum* е патоген кој претставува опасност за европската флора, во ноември 2002 г. во ЕУ е воведена ургентна легислатива. Во Македонија, во 2005 г. со оглед на тоа дека дека дотогаш не е откриено присуство на патогенот, како активност на Управата за здравје на растенијата во постапка е негово внесување на списокот на карантински организми за Република Македонија.

2. **Sotirovski, K.**, Milgroom, M. G., Rigling, D. & Heiniger, U.: Occurrence of *Cryphonectria hypovirus 1* in the chestnut blight fungus in Macedonia. *Forest Pathology* 36 (2006), p.136-143.

Во овој труд авторите објавуваат за откривањето, за прв пат, на хиповируси во Македонија, кај *Cryphonectria parasitica*, габата предизвикувач на болеста наречена рак по питомиот костен. Тие биле првпат регистрирани во 1995 г., повеќе од 20 години по откривањето на габата. Меѓу 1995 и 2000 г. биле колектирани повеќе од 488 изолати од габата, од 19 локалитети во Македонија. Тие биле анализирани за присуство на хиповируси, по екстракција на дсРНК и електорфореза на агарозни гелови. Во 95 изолати било потврдено присуство на дсРНК од приближно 12кб, во 8 субпопулации на габата. Најголемо присуство на хиповируси било одредено во локалитетите Скудриње (63%), Франгово (46%) и Џепиште (43%), додека присуството било значително помало во другите популации. За да се провери дали 12кб-та дсРНК е Cryphonectria hypovirus 1 (CHV-1), 27 изолати биле подложени на RT-PCR и RFLP анализи. Сите 27 биле идентификувани како CHV-1, италијански потип. Сите овие изолати се бели во вештачки култури, што е типично за изолати со CHV-1. Во прелиминарни теренски истражувања биле пронајдени површински рак-рани во сите популации каде што е докажано присуството на CHV-1.

3. **Sotirovski, K.**, Milev, M., Risteski, M., Mirchev, S., Aleksov, M.: *Cryphonectria parasitica* in Bulgaria - preliminary investigations. Меѓународен симпозиум Одржливо шумарство – проблеми и предизвици, 257-262 стр., Охрид, 24-26.11.2007 г., ШФ - Скопје.

Авторите објавуваат дека заболувањето наречено рак по питомиот костен, е многу распространето во периодот од првото официјално објавување за постоењето на габата Cryphonectria parasitica во Бугарија во 1992 г. до денес. Авторите откриле симптоми типични за инфекции на питомиот костен од габата *Cryphonectria parasitica* на 8 локалитети во Бугарија, а од сите тие се изолирани примероци на габата. Освен 622 изолати од *C.parasitica*, при колектирањето примероци во 2005 и 2007 г. биле изолирани и 6 изолати на *C.radicalis*. Освен констатирање на севкупната доминантност на в-к типот EU-12, на некои локалитети е одреден висок процент на присуство и на други в-к типови, како EU-10 во Брзија, со 62%; а 65 од 67 изолати од Белоградчик не се компатибилни од EU-12, и останува дополнително да бидат одредени.

4. Milgroom, M. G., **Sotirovski, K.**, Risteski, M. Brewer, M., T.: Heterokaryons and parasexual recombinants of *Cryphonectria parasitica* in two clonal populations in southeastern Europe. *Fungal Genetics and Biology* 46 (2009) 11; p.849-854.

Во овој труд се објавени резултатите од истражувањата на клонални популации на габата *Cryphonectira parasitica* во југоисточна Европа и доказите за постоење парасексуалност во две локации. Доказите за парасексуалност во природни популации би требало да демонстрираат диплоиди или хетерокариони и рекомбинантни генотипови во отсуство на сексуално размножување. Во Осој, во Македонија, авторите откриле изолат со два алела во 6 кодоминантни локуси, што резултира со хаплотип кој е композит од два вегетативно некомпатибилни клона од таа популација. Шест моноконидијални изолати биле со два алела во некои локуси, што се објаснува со делумна диплоидија или, пак, со анеуплоидија. Во Теано, во Италија, авторите објавуваат за откривањето на 2 хетерокариони кои се делумни композити на двата доминантни вегетативно некомпатибилни клона од таа популација. Овие резултати даваат докази за парасексуалност на габата во Европа и го

потврдуваат порано објавениот извештај за парасексуалноста во природната популација на *C.parasitica* во САД.

5. **Papazova-Anakieva, I.**, **Sotirovski, K.**, Cortesi, P., Milgroom, M. G.: Horizontal transmission of hypoviruses between vegetative compatibility types of *Cryphonectria parasitica* in Macedonia. *European Journal of Plant Pathology* 120 (2008), p.35–42.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.936 од 15. 2 2008 г.

6. Milgroom, M.G., **Sotirovski, K.**, Spica, D., Davis, J.E., Brewer, M.T., Milev, M., Cortesi, P.: Clonal population structure of the chestnut blight fungus in expanding ranges in southeastern Europe. *Molecular Ecology* 17 (2008), p.4446–4458.
Во овој труд авторите објавуваат резултати според кои популациите на *Cryphonectria parasitica* во југоисточна Европа можат да се сметаат за клонски според генотипот за 11 SCAR маркери. При тоа се генотипизирани 373 изолати на габата, колектирани од популации во Италија, Романија, Бугарија, Македонија, Грција и Турција. Сите популаци биле клонски според сите испитувани критериуми. Распространувањето на неколку клона може да се објасни како резултат или на т.н. „ефект на основач" (founder effect) и на ограничената миграција, или пак овие клонови се пособдветни од другите хаплотипови и се распространуваат заради тоа што се подобро адаптирани на условите кои постојат во југозападна Европа.

7. **Сотировски**, К., Ристески, М., Риглинг, Д.: Природно распространување на хиповирулентни изолати на *Cryphonectria parasitica* во костенова субпопулација на планината Беласица. Шумарски преглед, 115-121 стр., Шумарски факултет, Скопје, 2009 г.
Авторите објавуваат за откривање на хиповирулентни изолати во популации на габата *Cryphonectria parasitica* на локалитетот Смоларе на планината Беласица, во 8 изолати колектирани во 2006 г. Иако во рамките на опсежно претходно истражување со изолати колектирани во 1998 г. не била откриена дсРНК во ниту еден од 100 изолати од овој и други блиски локалитети на Беласица, авторите сепак очекувале да идентификуваат дсРНК, со оглед на фактот дека повеќе години наназад, на терен опсервирале т.н. површински, или „инволутивни" рак-рани, кои се карактеристични за хиповирулентни изолати на *C.parasitica*. Според тоа, имајќи предвид дека на овие простори не се преземени никакви мерки за дисеминација на хиповируси во популациите на *C.parasitica*, авторите заклучуваат дека се работи за природно распространување на хиповирулентноста во популацијата на овој патоген на овој локалитет.

8. **Sotirovski, K.**, Rigling, D., Heiniger, U., Milgroom, M.G.: *Forest Pathology* Variation in virulence of Cryphonectria hypovirus 1 in Macedonia, (прифатен за објавување во 2010 г.; објавен онлајн на 18 февруари 2010 г).
Во овој труд авторите објавуваат за истражувања на варијабилноста во вирулентноста на Cryphonectria hypovirus 1 (CHV-1) за габата предизвикувач на ракот по питомиот костен, *Cryphonectria parasitica*. Истражувањата биле спроведени на локалитетот Франгово во Македонија, со инокулација на костенови стебла *in situ*. За огледите биле користени 2 изолата на габата, секој инфициран со еден од пет изолати на CHV-1. При тоа, авторите објавуваат дека два вирусни изолата (Ск28) и (Ск47) биле значително повирулентни во споредба со другите, споредбено во ист изолат од габа-домаќин, според намалениот пораст на раните и според формацијата на калус. Брзината на пораст на мицелијата во опити *in vitro* не е добар показател за вирулентност на вирусите, заради ниската корелација со пораст на раните и формирањето калус. Според резултатите, фенотипската варијабилност како одраз на влијанието на вирусите била поголема во споредба со варијабилноста која се открива со генетски маркери кои послужиле за одредување на клонови. Повеќе од половина од стеблата инокулирани со контролни изолати без дсРНК угинале во првите две години по инокулацијата, а 30%, кои се се уште живи по 5 години биле со рани со силна формација на калус, што индицира на природна трансмисија на хиповируси по инокулацијата. За разлика од тоа, само 2% од стеблата инокулирани со изолати инфицирани со вируси угинале по 5 години од започнувањето на опитот. Хиповирусите кои природно се распространуваат во

Македонија го намалуваат развојот на рак-рани и смртноста на стеблата, слично со оние што потекнуваат од други делови на јужна Европа, и според тоа имаат одличен потенцијал за биолошко спречување на појавата на заболувањето рак по питомиот костен.

9. **Sotirovski, K.**, Risteski, M., Milev, M., Rigling, D., Milgroom, M.: Chestnut blight in Bulgaria – Hypovirulence, vegetative compatibility and mating types in isolates of *Cryphonectria parasitica*. Абстракт. Конференција "Forestry: Bridge to the Future", Софија, 13-15.5.2010 г.

Во апстрактот авторите ги изнесуваат резултатите од повеќегодишните теренски и лабораториски истражувања на повеќе аспекти на болеста рак по питомиот костен и габата *Cryphonectria parasitica* во Бугарија. Во текот на истражувањата во 2006 и 2008 г. биле посетени 19 костенови локалитети во Бугарија, и биле изолирани вкупно 625 изолати од патогената габа. При тоа, в-к типот EU-12 е одреден како доминантен, со 75% присуство од вкупниот број изолати. Одредувањето на размножувачкиот тип на 522 изолати е извршено според стандардни молекуларно-биолошки методи, и како и во околните земји од регионот, доминантен бил MAT-1 (99,4%), а само 3 изолати биле со MAT-2, сите од популација во близината на Берковица.

Од вкупно 210 тестирани изолати, во ниту еден не било регистрирано присуство на дсРНК, односно хиповируси, што е спротивно на очекувањата на авторите, кои на неколку локалитети забележале површински рак-рани, карактеристични за хиповирулентни изолати на *C.parasitica*.

Според авторите, релативно нискиот диверзитет на габата во однос на в-к и размножувачките типови, е добар предуслов за употреба на биолошко спречување преку интродукција на хиповирулентни изолати на *C.parasitica* во Бугарија. Тоа би имало брз, но и долгорочен корисен ефект за подобрување на севкупната здравствена состојба на костеновите популации во Бугарија.

Стручни трудови

1. **Сотировски, К**.: Апел за питомиот костен. Наши шуми. ЈП „Македонски шуми", Скопје, 2006 г.

Во овој труд објавен во стручно-популарно списание, авторот направил поширок осврт на севкупната историја на болеста наречена рак по питомиот костен, од нејзиното откривање во почетокот на 20 век во САД, откривањето во Европа во 30-тите години од минатиот век, откривањето во Македонија на почетокот на 70-тите години од минатиот век, до најновите откритија во светот и во Македонија. Авторот се задржал на поважните факти за ова опасно заболување, како и за откривањето на хиповирулентни изолати, односно на хиповируси, кои ја намалуваат патогеноста на габата *Cryphonectria parasitica*, одговорна за уништувањето на американскиот питом костен (*Castanea dentata*) во САД и за масовните сушења на огромни пространства на европскиот питом костен, *Castanea sativa*. Авторот во овој труд ги сублимирал практично сите дотогашни истражувања на оваа проблематика изведени во Македонија, наведувајќи ги насоките за идните истражувања, како и можностите за искористување на феноменот на хиповирулентност, како успешен метод за спречување на ширењето на ова заболување и намалување на штетите предизвикани од патогената габа.

2. Милев М., **Сотировски К**.: Обречен ли е обикновениот кестен? Гора - списание за екологија и горско стопанство, 16-18 стр., 7, 2007 г. Софија, Бугарија.

Освен со генералниот историјат и со податоците за болеста рак по питомиот костен, авторите во овој труд ја запознаваат пошироката стручна јавност во Бугарија со резулатите од нивните прелиминарни истражувања на ова опасно заболување на питомиот костен во Бугарија. Некои од резултатите се претставени споредбено со резултатите од истражувања во Македонија, за да се нагласи потребата од подетални истражувања на повеќе аспекти на оваа растителна болест, како и потребата од скорешно искористување на хиповирулентноста како единствена успешна метода за спречување на ова заболување, со дисеминација на хиповирулентни изолати - бугарски, доколку се откријат во скорешните истражувања или, пак, со потекло од други земји.

**Заклучок и предлог**

Според изнесеното за досегашната севкупна активност и постигнатите резултати, како во однос на наставно-образовната, така и од аспект на научноистражувачката дејност на д-р Кирил Сотировски, кандидатот ги исполнува сите услови и критериуми според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот да биде избран во звањето за кое конкурира. Затоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет да го избере кандидатот д-р Кирил Сотировски во звањето редовен професор по група наставна програма - шумарска фитопатологија, по предметите: шумарска фитопатологија, болести на шумските видови дрвја, болести на декоративните растенија, заштита на дрвото, основи на микробиологија, идентификација и производство на печурки.

Рецензентска комисија

Д-р Васил Папазов, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, во пензија с.р.

Д-р Митко Караделев, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.

Д-р Никола Николов, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Кирил Благоја Сотировски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Шумарски факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** заштита на шумите

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: (од изборот за вонреден професор до сега) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава - болести на декоративните растенија (ШФС), 2+2, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 (5 x 1,2) | 6 |
| 2 | Одржување на вежби - болести на декоративните растенија (ШФС), 2+2, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 (5 x 0,9) | 4,5 |
| 3 | Одржување на настава - идентификација и производство на печурки (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 (5 x 1,2) | 6 |
| 4 | Одржување на вежби - идентификација и производство на печурки (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10 (5 x 0,45) | 2,25 |
| 5 | Одржување на настава – основи на микробиологија (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08 (3 x 1,2) | 3,6 |
| 6 | Одржување на вежби – основи на микробиологија (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08 (3 x 0,45) | 1,35 |
| 7 | Одржување на настава - заштита на дрвото (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06; 2006/07; 2007/08 (1 од 2 наставника) | 0,6 |
| 8 | Одржување на вежби - заштита на дрвото (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06 (1 од 2 наставника); (3 x 0,225) | 0,675 |
| 9 | Одржување на настава - шумарска фитопатологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2008/09; 2009/10 (2 x 1,8) | 3,6 |
| 10 | Одржување на настава, втор циклус на студии - принципи и методологија на научноистражувачката работа (ШФС-ЗШД), 160 (60 контакт) часа, 2006/07, 2009/10 (2 x 3) | 6 |
| 11 | Одржување на настава, втор циклус на студии – метод на научноистражувачка работа (ШФС – уредување на шуми), 90 (60 контакт) часа, 2007/08; 2009/10 (2 x 3) | 6 |
| 12 | Одржување на настава, втор циклус на студии – микробиологија, 160 (контакт 60) часа, 2007/08 | 3 |
| 13 | Одржување на настава, втор циклус на студии – хортикултурна фитопатологија (ШФС), 160 (контакт 70 ) часа, 2007/08 | 3,5 |
| 14 | Одржување на настава, втор циклус на студии - фитофармација со методи на апликација (ШФС), 160 (75 контакт) часа, 2006/07; 2009-2010 (1 од 3 професори) (2 x 1,25) | 2,5 |
| 15 | Одржување на настава, втор циклус на студии – шумарска фитопатологија (ШФС), 160 (контакт 80) часа, 2006/07 | 4 |
| 16 | Консултации со студенти - болести на декоративните растенија (ШФС), 2+2, зимски сем. 2005/06-2009/10. (2005/2006=10 студенти, 2006/2007=9, 2007/2008=8, 2008/2009=12, 2009/2010=2. Вкупно 41 | 0,082 |

| | | |
|---|---|---|
| | студент. | |
| 17 | Консултации со студенти - идентификација и производство на печурки (ШФС), 2+1, летен сем. 2005/06-2009/10. (2005/2006=26 студенти, 2006/2007=15, 2007/2008=30, 2008/2009=19, 2009/2010=23. Вкупно 113 студенти). | 0,226 |
| 18 | Консултации со студенти - микробиологија (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06-2007/08. (2005/2006=20 студенти, 2006/2007=10, 2007/2008=28. Вкупно 58 студенти) | 0,116 |
| 19 | Консултации со студенти - заштита на дрвото (ШФС), 2+1, зимски сем. 2005/06-2007/08. (2005/2006=7, 2006/2007=21, 2007/2008=31. Вкупно 59 студенти) | 0,118 |
| 20 | Консултации со студенти - шумарска фитопатологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2008/09-2009/10. (2008/2009=45, 2009/2010=39. Вкупно 84 студенти). | 0,168 |
| 21 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (Костоска - Мариновска, ФЗНХ). | 0,3 |
| 22 | Ментор на дипломска работа (x3) (Михајловски, Ристески, Нетков). | 0,6 |
| 23 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа - (x5) (Петров, Дуровски, Ролевски, Смиљановска, Златеска) | 1 |
| 24 | Пакет материјали за одреден предмет: Работна тетратка, авторизирани предавања и ЦД со презентации по предметот болести на декоративните растенија | 1 |
| 25 | Пакет материјали за одреден предмет: Материјал за подготвување испит и ЦД со презентации по предметот микробиологија | 1 |
| 26 | Пакет материјали за одреден предмет: Материјал за подготвување испит и ЦД со презентации и фотографии за подготвување испит по предметот идентификација и производство на печурки | 1 |
| 27 | Пакет материјали за одреден предмет: Работна тетратка, материјал за подготвување испит и ЦД со презентации и фотографии за подготвување испит по предметот заштита на дрвото (дел заштита од епиксилни габи) | 1 |
| 28 | Пакет материјали за одреден предмет: Работна тетратка, текстови за подготвување испит и ЦД со презентации и фотографии за подготвување испит по предметот шумарска фитопатологија (дел заштита од епиксилни габи) | 1 |
| | **Вкупно** | 61,185 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - **Sotirovski, K.**, Rigling, D., Heiniger, U., Milgroom, M.G.: *Forest Pathology* Variation in virulence of Cryphonectria hypovirus 1 in Macedonia, (прифатен за објавување во 2010 г.; објавен онлајн на 18 февруари 2010 г. http://www3.interscience.wiley.com/journal/119878317/issue - импакт - фактор 1.225 - моментно). 60% (6+1,2) | 4,32 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - Milgroom, M. G., **Sotirovski, K.**, Risteski, M. Brewer, M., T.: Heterokaryons and parasexual recombinants of *Cryphonectria parasitica* in two clonal populations in southeastern Europe. *Fungal Genetics and Biology* 46 (2009) 11; p.849-854 (импакт - фактор 3.005 – моментно; 3.341 - петгодишен). | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 60% (6+3) | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - Milgroom, M.G., **Sotirovski, K.**, Spica, D., Davis, J.E., Brewer, M.T., Milev, M., Cortesi, P.: Clonal population structure of the chestnut blight fungus in expanding ranges in southeastern Europe. *Molecular Ecology* 17 (2008), p.4446–4458. (импакт - фактор 5.325 - моментно). 60% (6+5,3) | 6,78 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - Papazova-Anakieva, I., **Sotirovski, K.**, Cortesi, P., Milgroom, M. G.: Horizontal transmission of hypoviruses between vegetative compatibility types of *Cryphonectria parasitica* in Macedonia. *European Journal of Plant Pathology* 120 (2008), p.35–42. (импакт - фактор 1.648 - 2008 г.; 2.04 - петгодишен) 60% (6+1,65) | 4,59 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - **Sotirovski, K.**, Milgroom, M. G., Rigling, D. & Heiniger, U.: Occurrence of *Cryphonectria hypovirus 1* in the chestnut blight fungus in Macedonia. *Forest Pathology* 36 (2006), p.136-143. (импакт - фактор 0.729 - 2006 г.) 60% (6+0,7) | 4,02 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание – **Сотировски,** К., Ристески, М., Риглинг, Д.: Природно распространување на хиповирулентни изолати на *Cryphonectria parasitica* во костенова супопулација на планината Беласица. Шумарски преглед, 115-121 стр., Шумарски факултет, Скопје, 2009 г. (4 x 0,8) | 3,2 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир – **Сотировски, К.**: „*Phytophthora ramorum* – новоопишан патоген по бројни растителни видови низ Европа". Прв конгрес за заштита на растенијата, Охрид, 28.11 – 2.12. 2005 г. | 2 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир – **Sotirovski, K.,** Milev, M., Risteski, M., Mirchev, S., Aleksov, M.: *Cryphonectria parasitica* in Bulgaria - preliminary investigations. Меѓународен симпозиум „Одржливо шумарство – проблеми и предизвици", 257-262 стр., Охрид, 24-26.11.2007 г., ШФ - Скопје. (2 x 0,6) | 1,2 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание – **Сотировски, К.**: Апел за питомиот костен. Наши шуми. ЈП „Македонски шуми", Скопје, 2006 г. | 2 |
| 10 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание – Милев М., **Сотировски, К.**: Обречен ли е обикновениот кестен? Гора - списание за екологија и горско стопанство, 16-18 стр., 7, 2007 г. Софија, Бугарија. (2 x 0,9) | 1,8 |
| 11 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор – **Sotirovski, K.**, Risteski, M., Milev, M., Rigling, D., Milgroom, M.: Chestnut blight in Bulgaria – Hypovirulence, vegetative compatibility and mating types in isolates of *Cryphonectria parasitica*. Конференција "Forestry: Bridge to the Future", Софија, 13-15.5.2010 г. (апстракт, во печат). (3 x 0,6) | 1,8 |
| 12 | Учество на научен/стручен собир со реферат – **Сотировски, К.**, Папазова Анакиева И.: Актуелна состојба со растителните болести во шумите во Р. Македонија. 34. Традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, 17-20.11.2009 г., Охрид. | 1 |
| 13 | Учество на научен/стручен собир со реферат – Ристески, М., **Сотировски, К.**: Болести по листовите на трендафил (*Rosa* spp.) на зелените површини во Скопје. 34. Традиционално советување за заштита | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | на растенијата на Република Македонија, 17-20.11.2009 г., Охрид. | |
| 14 | Учество на научен/стручен собир со реферат – **Sotirovski, K.**, Risteski, M., Rigling, D.: Novo-stare ideje za iskoriscavanje hipovirulentnosti *Cryphonectria parasitica* kao bioloske metode za suzbijanje raka kestena. *Interkatedarski skup*. Bosanski Petrovac: Organizator: Sumarski fakultet – Sarajevo, 2007. | 1 |
| 15 | Учество на научен/стручен собир со реферат – Михајловски, А., **Сотировски, К.**: Габата *Sphaeropsis sapinea* (син. *Diplodia sapinea*) по *Pinus* spp. во Република Македонија. 31. Советување за заштита на растенијата во Република Македонија. Охрид, 21-24.11. 2006 г. | 1 |
| 16 | Учество на научен/стручен собир со реферат – **Сотировски, К.**: Инокулации со хиповирулентни изолати на *Cryphonectria parasitica* како метод за биолошко спречување на појавата на заболувањето рак по костенот – две години потоа. Прв конгр. за зашт. на растен., Охрид, 28.11 – 2.12. 2005 г. | 1 |
| 17 | Учество на научен/стручен собир со реферат – **Sotirovski, K.**, Papazova-Anakieva, I., Milev, M. & Aleksov, M.: Preliminary investigation of chestnut blight in Bulgaria. *I-st Balkan Regional Workshop on Sustainable Management of Sweet Chestnut Ecosystems, CAST Bul 2005*. Blagoevgrad, Bulgaria. | 1 |
| 18 | Учество на научен/стручен собир со реферат - Gjorgoski, T., Nikolov, N., **Sotirovski, K.:** Здравствена состојба на шумите во НП Маврово. Прв конгрес за заштита на растенијата, Охрид, 2005 г. | 1 |
| 19 | Национален координатор на меѓународен научен проект - "Chestnut blight research in the Balkans and Georgia: population studies and biological control methods". SCOPES proekt finansiran od Swiss National Science Foundation (2009-12 г., раководител: Rigling). | 6 |
| 20 | Национален координатор на меѓународен научен проект - "Epidemiology and population structure of *Cryphonectria parasitica* and associated Cryphonectria hypoviruses in the Balkans" SCOPES proekt finansiran od Swiss National Science Foundation (2005–08г., раководител: Rigling). | 6 |
| 21 | Национален координатор на меѓународен научен проект – Компаративни истражувања на состојбата на питомиот костен (*Castanea sativa*) во Бугарија и Македонија", билатерален проект финансиран од министерствата за образование и наука на Република Македонија и на Бугарија (2006-08 г.). | 6 |
| 22 | Национален координатор на меѓународен научен проект - "Heterokaryosis in a clonal population of the chestnut blight fungus", проект финансиран од National Science Foundation на САД (2004-08 г., раководител: Milgroom). | 6 |
| 23 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет – "Diversity of vegetative incompatibility and mating types in natural populations of the chestnut blight fungus, *Cryphonectria parasitica* in Macedonia" – Cornell University, Ithaca, USA, 11.7.2005 г. | 3 |
| | **Вкупно** | 71,11 |

# СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Студиски престој во странство – тринеделен истражувачки престој во WSL, Цирих, Швајцарија; детекција на хиповируси во изолати на *C.parasitica* од Македонија и Бугарија, како и од изолати користени за инокулација *in vivo*. | 0,5 |
| 2 | Студиски престој во странство – седумнеделен истражувачки престој на Cornell University, САД, работа на истражувањето на размножувачкиот систем на габата *C.parasitica* со молекуларно-биолошки техники и методи. | 0,5 |
| 3 | Студиски престој во странство - седумнеделен истражувачки престој на Cornell University, САД, истражување на хетерокариони кај габата *C.parasitica* и размножувачкиот систем со техники и методи на молекуларна биологија. | 0,5 |
| 4 | Студиски престој во странство – шестнеделен престој на Cornell University, истражување на размножувачките типови на *C.parasitica*, и репродуктивната биологија на габата. | 0,5 |
| 5 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) – член на работната група за изработка на Стратегија во шумарството (МЗШВ, 2005 г.) | 2 |
| 6 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) – член на работната група за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија (МЖСПП и SIDA, 2008 г.) | 2 |
| 7 | Подготовка на национални документи – Извештај за состојбата со растителните болести и штетници во природните и новоподигнатите шумски насади во Р. Македонија за 2005 г. Центар за известувачко – дијагнозно – прогнозната служба во шумарството на Р. Македонија. Катедра за заштита на шумите и дрвото. | 2 |
| 8 | Подготовка на национални документи – Извештај за состојбата со растителните болести и штетници во природните и новоподигнатите шумски насади во Р. Македонија (за 2006, 2007, 2008 и за 2009 г.). Центар за известувачко – дијагнозно – прогнозната служба во шумарството на Р. Македонија. Катедра за заштита на шумите и дрвото. (4 x 2) | 8 |
| 9 | Подготовка на национални документи – член на техничката работна група за изработка на анекси од Законот за здравје на растенијата, при МЗШВ (2004/08 г.). | 2 |
| 10 | Член на извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE и сл.) – член на DC (претставник на Република Македонија) во FPS - доменот (шумарство, дрвни производи и услуги) при COST, Брисел (2006 - 10 г.) | 2 |
| 11 | Член на комисија за избор во звањето –доцент - И. Папазова – Анакиева | 0,2 |
| 12 | Книга од стручна област - Водич за поставување/обновување на мрежата на биоиндикаторски точки во Република Македонија – ICP Forests (ниво 1). Скопје, 2006 г. (МЗШВ, ЈП МШ, ШФ). (коавтор) | 7 |
| 13 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир – член на Меѓународниот научен комитет на конференцијата "Forestry: Bridge to the Future", Софија, 13-15. 5. 2010 г. | 1 |
| 14 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот – претставник на Шумарскиот факултет при граѓанската иницијатива Ден на дрвото – засади ја својата иднина (2009-10 г.) | 0,5 |
| 15 | Член на факултетска комисија - член на Комисијата за наука при ШФ (2004-08 г.). | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Учество во комисии и тела на државни и други органи – член на Комисијата за прием на опрема во државната фитосанитарна лабораторија од CARDS - програмата (март 2005 г.). | 1 |
| 17 | Учество во комисии и тела на државни и други органи – член на тимот специјалисти од Македонија во UNECE/FAO за шумарска политика во источна Европа и централна Азија, подгрупа за термини и дефиниции (2009- ). | 1 |
| | **Спортска дејност** | |
| 1 | Награди и признанија добиени на државна официјална спортска манифестација - вицешампион на I официјално државно првенство во сквош на Република Македонија, 2009 г. | 5 |
| | **Вкупно** | 36,2 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 61,185 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 71,1 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 36,2 |
| **Вкупно** | 168,5 |

**Членови на Комисијата**

Д-р Васил Папазов, претседател с.р

Д-р Митко Караделев, член с.р.

Д-р Никола Николов,член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и 26/09) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата 9. редовна седница одржана на 16.6.2010 год., по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор во звањето асистент по група предмети од областа на стоматолошката протетика, на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет, во состав: проф. д-р Елена Петкова, проф. д-р Љубен Гугувчевски и проф. д-р Јагода Бајевска.

На конкурсот објавен во дневникот „Вечер", од 2.6.2010 година, се пријавија н. доц. д-р Гордана Ковачевска, д-р сци, вработена на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар, Стоматолошки факултет-Скопје и н. доц. д-р Сашо Еленчевски, д-р сци, вработен на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар, Стоматолошки факултет-Скопје.

Врз основа на доставениот материјал и познавањето на развојот на пријавените кандидати, Рецензентската комисија, до Наставно-научниот совет, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Д-р Гордана Ковачевска е родена на 7.11.1956 година, во с. Зашле, Битола. Средното училиште за забни техничари МУЦ „Д-р Панче Караѓозов" го завршила во Скопје, во 1975 година со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1975/76 година, а дипломирала во 1981 година, со среден успех 8,28. За време на студиите учествувала со стручна тема на 23. Стручен конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија, во Сараево, 1981 година.

По завршувањето на студиите стажирала на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика, а од 1.2.1982 година била вработена на истата Клиника како клинички лекар, на неодредено време, како стипендист на Републичката заедница за научни дејности.

По завршувањето на приправничкиот стаж, во февруари 1983 година, го положила стручниот испит.

Во учебната 1982/83 година се запишала на постдипломските студии од областа на стоматолошката протетика на Стоматолошкиот факултет, а во март 1990 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ОТПЕЧАТОЦИТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ФИКСНИ ПРОТЕТИЧКИ НАДОМЕСТОЦИ КАКО ПРЕВЕНЦИЈА НА ТЕРАПЕВТСКИОТ ТИМ, здобивајќи се на тој начин со звањето магистер на стоматолошки науки.

За помлад асистент по предметот фиксна стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје е избрана во 1983 година, а преизбрана во 1988 година.

Во звањето асистент е избрана на 26. 4. 1991 година.

Во 1985 година ја започнала специјализацијата по предметот стоматолошка протетика, а во 1988 година го положила специјалистичкиот испит, со што се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

На 2.3.1994 година е реизбрана во звањето асистент по предметот стоматолошка фиксна протетика.

Во ноември 1991 година поднела пријава за изработка на докторска дисертација под наслов: СТОМАТО-ПРОТЕТИЧКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПРЕОСТАНАТИ РАДИКСИ СО МЕТАЛНИ НАДОГРАДБИ КАКО НОСАЧИ НА ФИКСНИ КОНСТРУКЦИИ. Научното звање доктор на стоматолошки науки на Стоматолошкиот факултет во Скопје го добила со позитивно одбранетата докторска дисертација на 7.3.1995 година.

Во 2008 година е избрана за насловен доцент на Катедрата за стоматолошка протетика.

**ОПШТЕСТВЕНА АКТИВНОСТ**

Општествената активност ја започнала уште како средношколец, со посетување на Младинската политичка школа. На Стоматолошкиот факултет учествувала во работата на самоуправните органи како член на Работничкиот совет на ООЗТ, во други комисии на самоуправните органи и како член на Советот на Стоматолошкиот факултет.

За мандатниот период 1999-2001 година била назначена за одговорна на сала на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика.

Член е на Стоматолошката комора и на Македонското стоматолошко друштво, а од 2006 до 2010 година била член во Комисијата за полагање на стручен испит за додипломски студии при Стоматолошката комора на Р. Македонија .

Во 2006 година е активно вклучена во проектот од Стоматолошката комора и Министерството за здравство, за управување со здравствениот сектор, акредитирана програма за обука на клучни тренери: едукатори, испитувачи и ментори за модернизација на процесот на лиценцирање на лекари, стоматолози и фармацевти на Р. Македонија, за кој проект се здобила со сертификат за МЕНТОР.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Во секојдневната клиничка практика учествува во изведувањето на стоматолошката здравствена дејност. Од посебен интерес и е реставрирањето на преостанати радикси и изработката на фикснопротетички конструкции над претпротетички реставрираните радикси, како и решавање на случаи со комбинирани фиксно-мобилни надоместоци.

Континуирано учествува на конгреси во земјата и во странство, на стручните состаноци на Катедрата, на симпозиуми, на специјалистички секции по стоматолошка протетика и стручни манифестации од републичко и меѓународно значење, со самостојни трудови, како носител на трудот или во соработка со други автори.

Со објавените научно-стручни трудови дава придонес во развојот на научната и стручната мисла во областа на стоматолошките науки. Присуствувала на светските стоматолошки конгреси (ФДИ) во Хон Конг- 1995, Париз- 2000, Куала Лумпур- 2001, Виена- 2002, Дубаи-2007 и Хелсинки-2009 година. Активно учествува на стручно-научните манифестации во земјата и на конгресите на БаСС: Истанбул - 1999, Солун - 2000, Букурешт - 2001, Охрид - 2004, Белград - 2005, Истанбул - 2007 и Солун - 2010 година, како и на конгресите по ортодонција (во Лисабон-2008), Хелсинки-7-17.6.2009) и орална хирургија во земјата и во странство (Софија). Перманентно се стреми кон нови сознанија и усовршувања, кои им ги пренесува на помладите колеги и специјализантите.

За севкупната стручно-научна дејност, во 2001 година посебната комисија на Министерството за здравство ѝ додели звање примариус .

**НАСТАВНА, НАУЧНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ**

Уште како клинички лекар во 1982 година е вклучена во практичната настава на Стоматолошкиот факултет. Во почетокот, вежбите ги изведува под контрола на наставниците, а подоцна сосема самостојно. Во текот на досегашната работа учествува во изведувањето на практичната и теоретската настава за студентите од претклиничка и клиничка фиксна протетика, како и во практичната и теоретската настава за студентите на Високата школа за стручни забни техничари по предметите стоматолошка керамика, инструменти и апарати за заботехничка лабораторија и технологија на забните фиксни и мобилни протези.

Како резултат на долгогодишното наставно и педагошко искуство, несебично ги извршува практичните вежби со студентите, дополнителните консултации со студентите и специјализантите на Клиниката, изнесувајќи ги современите ставови и погледи во третманот при фикснопротетичките рехабилитации, посебно на реставрирањето на преостанатите радикси.

Своето клиничко искуство го пренесувала и го пренесува: како ментор на 12 стручно-научни теми презентирани на студентски конгреси по стоматологија и како ментор на 4 специјализанти на стоматолошка протетика.

Учествува во реализацијата на додипломските и постдипломските студии, како и во предавањата за студентите на Стоматолошкиот факултет и за стручните забни техничари по предметите:

- заботехнички апарати и инструменти;
- запознавање со материјалите;
- технологија на забните фиксни и мобилни протези;
- стоматолошка керамика.

Уредник и автор е на учебникот ИНСТРУМЕНТИ И АПАРАТИ за ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА, Стоматолошки факултет, 2005. Овој учебник е прв и единствен учебник во кој е обработена програмата за студентите од Високата школа за стручни забни техничари.

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО (студиски престој во странство)**

- Стручен престој и сертификат за учество од доменот имплантологија и со успех завршен курс „Имплантологијата во пракса", за вградување на дентални имплантати и изработка на протетички супраструктури (хирургија и протетика), за Friadent-Implant System-ANKYLOS, организиран во Софија, Бугарија, 5-6.11.2005г. од д-р Сабов и д-р Јорданов.
- Стручен престој и добиен атестат за суспецијализација, во континуирано времетраење од два месеца, во периодот од 16.10.2006 до 16.12.2006 година, на Катедрата за протетика при Стоматолошкиот факултет во Софија, Р. Бугарија, под раководство на проф. д-р Тодор Пеев, по темите:

- Препарација на заби со различни видови на граница на препарација;
- Рехабилитација на преостанати корени со колчиња;
- Протезирање над имплантати;
- Ласерска терапија и акупунктура во стоматологијата.

**ПРИДОНЕС ЗА РАЗВОЈ И АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА СТОМАТОЛОГИЈА**

Како автор и коавтор на голем број трудови чија проблематика е поврзана со фиксната стоматолошка протетика, посебно случаи од претпротетичката подготовка, кандидатката дава придонес за развојот и афирмацијата на македонската стоматологија. Покрај тоа, нејзиниот придонес е евидентен со:

- на 17.10.2006 година, пред Катедрениот совет на Катедрата за протетика при Стоматолошкиот факултет, Софија, Р. Бугарија, одржано предавање на тема „Стоматопротетичката рехабилитација како медијатор за подобро здравје";
- за поканет предавач и завршен прв курс по ласерска терапија, на 2. Научен конгрес по ласерска терапија, Боровец, 3-5. 11. 2006, има добиено сертификати;
- на 27. 11. 2006 година, по покана на доц. Јулија Каменова, одржала теоретско предавање за студентите од трети курс, за тема „Видови и изработка на целосно керамички конструкции";
- била поканет предавач од страна на фирмата „Патриција", со тема на Првиот симпозиум-ANKYLOS-формулата на успех во денталната имплантологија, на 17.2.2007 година, во Софија, Р. Бугарија;
- посетувала и курсеви под наслов „Современи принципи кај естетски реставрации" и „Практична примена на ласерот во стоматологијата" под покровителство на „Промедика", а во соработка со Ивоклар Вивадент и Фотона за што се здобила со сертификат;
- присуствувала на научната конференција „Профилактика и лечење на стоматолошките заболувања", по повод 100 години организирана стоматологија во Бугарија, при Бугарското научно стоматолошко друштво, Софија, 30. 9-1.10.2005;
- пасивно учествувала на постедукативниот курс од областа на ортодонцијата, организиран од Здружението на специјалисти по ортодонција при Македонското стоматолошко друштво, 27.10. 2005;
- активно учествувала со темата: СТОМАТО-ПРОТЕТИЧКАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА-МЕДИЈАТОР ЗА ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ, на Собирот на стоматолозите од Македонија по повод Денот на здравјето, 5 април 2006, организиран од ЈЗО Стоматолошки клинички центар „Св Пантелејмон" и Македонското стоматолошко друштво;
- учествувала со пленарна презентација на тема: „Zirconium-клинички и лабораториски искуства", на 1. Меѓународен конгрес на нови технологии, на 13.12.2008 година, во Загреб, Р. Хрватска;
- учесник е на повеќе семинари, секции и конгреси.

**ПОЗНАЧАЈНИ НАГРАДИ И ОДЛИКУВАЊА**

За вкупната активност- општествена, стручна и наставно-научна, добитник е на:

- Благодарница од Македонското лекарско друштво, 1990;
- Диплома од Македонското лекарско друштво, 1994;
- Плакета од Македонското лекарско друштво, 7.4. 2000;
- Благодарница од Стоматолошкиот факултет (по повод 40-годишнината), 24.12.1999;
- Благодарница и прва награда од Конгресниот и научниот одбор за најдобра постер-презентација на III конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 11-14 септември 2002, Охрид;
- Благодарница од Стоматолошкиот факултет (по повод 40-годишнината), 24.12.1999;
- по повод обележувањето на 50-годишниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на 10.12.2009 година добитник е на Благодарница.

- сертификати за учество на стручно-научни манифестации во земјата и во странство со теми од меѓународно значење.

**ПУБЛИКУВАНИ СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ**

Од првиот избор за помлад асистент, има објавено 75 труда кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 422 од 1983 година, 500 од 1988 година, 550 од 1991 година, 615 од 1994 година, 631 од 1995 година, 678 од 1997 година, 758 од 2000, 804 од 2002 година и 944 од 2008 година.

На Рецензентската комисија, за овој избор во звањето асистент по група предмети на Катедрата за стоматолошка протетика кандидатката, за рецензија и ги приложува следниве трудови:

**76. Modern, combined therapeutic treatment for face assimetry as a result of high insertion of frenulum labii inferior and plica anterior lateri sinistri- case report.**

**Kovacevska G., Zuzelova M.,**

84ht Congress EOS, 10-14 juni 2008, Lisabon, Portugal.

**СОВРЕМЕН КОМБИНИРАН ТЕРАПЕВТСКИ ТРЕТМАН КАЈ АСИМЕТРИЈА НА ЛИЦЕТО КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ВИСОКА ИНСЕРЦИЈА НА ФРЕНУЛУМ ЛАБИИ ИНФЕРИОР И ПЛИКА АНТЕРИОР ЛАТЕРИ СИНИСТРИ- приказ на случај.**
**Ковачевска Г., Зузелова М.,**

84ht Congress EOS, 10-14 juni 2008, Lisabon, Portugal. Abstract.

Авторите го презентираат современиот метод на рехабилитација на асиметрија на лицето, настаната како последица на висока инсерција на френулум лабии инфериор и плика антериор латери синистри, со ортодонтско-физикален третман. Третманот се состои од изработка на акрилатни мобилни ортодонтски апарати. Всушност е прикажан начинот на решавањето на асиметријата на лицето во левата половина и текот на третманите.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

**77. ТРИ ЧЕКОРИ ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА МАКСИЛАРНИ ЛАТЕРАЛНИ ИНЦИЗИВИ**

**Ковачевска Г, Смилева-Нацевска М, Зузелова М, Трајковски Ѓ, Ковачевски А.**

Струга, 2008 год, Меѓународен конгрес "Стоматологијата денес" 18 - 20 април 2008. Апстракт.

Во овој труд авторите го презентираат третманскиот концепт во три чекори (ортодонтско-имплантолошко-протетички третман) за надоместување на максиларни латерални инцизиви. Добиените резултати во секојдневната стоматолошка практика го преферираат овој метод за рехабилитирање на отсутните латерални инцизиви, како најсоодветно решение помеѓу рехабилитирањето на таквите случаи со парцијални мини-протези (забици) или со мостовски конструкции.

Трудот има стручно-научен придонес.

**78. ЦИРКОНИУМ - КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ ИСКУСТВА**

**Ковачевска Г., Ванковски В., Вртаноски Г.**

Прв меѓународен конгрес на нови технологии, Загреб, 2008, (пленарна презентација)

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 988/2010.

**79. RESTORATION OF ROOTS USING MODIFIED INDIVIDUALLY CAST METAL POST AND CORE**

**Kovacevska G.**

Прв меѓународен конгрес на нови технологии, Загреб, 2008.

Авторот го прикажува методот на реставрирање на преостанати радикси во фронтална регија со модифицирани надоградби, во случаи кога кај пациентите протетичката рехабилитација треба да се изврши со целосно керамички конструкции. Со овој вид на претпротетичка рехабилитација е постигната приоритетната цел на протетичката терапија за да се постигне максимална естетика.

Трудот има стручно-научно и апликативно значење.

**80. The advantages if using individual splint after fixed orthodontic treatment**
**Kovacevska G., Zuzelova M, Vankovski V., Petkov M., Kovacevski A.**

14th Congress of BaSS, 6. 05. - 9. 05. 2009 godina, Varna, R. Bugarija. Abstract.

**ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНДИВИДУАЛЕН СПЛИНТ ПОСЛЕ ЗАВРШЕН ФИКСЕН ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН - предности**
**Ковачевска Г., Зузелова М,, Ванковски В., Петков М., Ковачевски А.**

14th Congress of Balkan Stomatological Society 9th Scientific Congress of Bulgarian Dental Association 6-9 May, 2009, Palace of Culture and Sports, Varna, Bulgaria.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 986/2010.

**81. Menagement of taking impressions for fixed overdenture in patients with fixed orthodonic treatment**

**Kovacevska G., Zuzelova M., Vankovski V., Kovacevski A., Petkov M.**

85-th. Congress of the European Orthodontic Society EOS- Helsinki, 2009sp.232. Abstract.

**МЕНАЏМЕНТ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ОТПЕЧАТОК ПРИ ИЗРАБОТКА НА ФИКСНОПРОТЕТИЧКИ КОНСТРУКЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ФИКСЕН ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН**

**Ковачевска Г., Зузелова М., Ванковски В,, Ковачевски А ., Петков М.**

85-th. Congress of the European Orthodontic Society EOS- Helsinki, 2009sp.232.Abstrakt.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 988/2010.

**82. The role of oral hygiene methods in patients with fixed orthodontic devices**

**Kovacevska G., Zuzelova M., Vankovski V., Kovacevski A., Petkov M.**

85-th. Congress of the European Orthodontic Society EOS- Helsinki, 2009sp.231. Abstract.

**УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ОРАЛНОХИГИЕНСКИТЕ МЕТОДИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ФИКСНИ ОРТОДОНТСКИ АПАРАТИ**

**Ковачевска Г., Зужелова М., Ванковски В., Ковачевски А., Петков М.**

85-th. Congress of the European Orthodontic Society EOS- Helsinki, 2009sp.231. Abstract.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 988/2010.

**83. ЦИРКОНИУМ -КЛИНИЧКИ ИСКУСТВА**

**Ванковски В., Ковачевска Г.**

Прилози, Одд. биол. мед. науки, XXX/1 (2009), 205-215

**ZIRCONIUM-CLINICAL EXPERENCES.**

**Vankovski V., Kovacevska G.**

Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., XXX/1 (2009), 205-215

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 988/2010.

**84. МИНИ - ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТАТИ ЗА РЕТЕНЦИЈА НА ДОЛНА ТОТАЛНА ПРОТЕЗА**

**Ковачевска Г., Ванковски В., Ковачевски А., Петков М., Петровски Д.**

Макед стоматол прегл 2009; 33 (1-2): 22-28.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 986/2010.

**85. ДЕНТАЛНА ИМПЛАНТОЛОГИЈА, второ дополнето издание**

**Ванковски В., Ковачевска Г., Шабанов Е., Петков М.** Скопје, 2009.

Учебникот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 967/2009.

2. Д-р Сашо Еленчевски е роден на 15 октомври 1962 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишал во 1981 година, а потоа бил на отслужување на воениот рок. Дипломирал во 1987 година со просечен успех 9,69.

Како студент со свои трудови учествувал на три конгреси на Сојузот на студенти по стоматологија на СФРЈ. За време на студиите бил претседател на Стоматолошкиот клуб за научноистражувачка дејност, делегат на Наставно-научниот совет и член на Советот на Стоматолошкиот факултет.

Како стручен соработник бил вклучен во научноистражувачкиот проект „Влијание на хемиските онечистувања на полиметил метакрилат како предизвикувачи на stomatitis protetica allergica и пронаоѓање начин за нивно отклонување".

Во 1990 година се вработил на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика како стручен соработник на одредено време, а од 1.12.1990 година е во редовен работен однос на Клиниката за стоматолошка протетика.

Во 1991 година го положил стручниот испит и започнал со специјализација по предметот стоматолошка протетика. На постдипломски студии се запишал во учебната 1987/88 година. За помлад асистент по предметот мобилна стоматолошка протетика бил избран во 1992 година.

Во 1994 година бил на стручен престој во Канада, при што посетувал курс за имплантологија.

Во 1995 година го положи специјалистичкиот испит и се здоби со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Во 1996 година е реизбран во звањето помлад асистент по предметот стоматолошка мобилна протетика.

Магистерскиот труд под наслов „Карактеристики на хуморалниот имунолошки одговор во салива и серум кај стоматитис протетика" го одбрани во 2001 година.

Во 2004 година е избран во звањето асистент по предметот стоматолошка мобилна протетика.

Посетувал курс за менаџмент на покана од Баварската стопанска комора и напреден курс за анкилос имплантати.

Во јануари 2006 година ја одбрани докторската дисертација под наслов „Евалуација на имунолошкиот одговор кај stomatitis protetika".

Ја има извршувано функцијата претседател на Управниот одбор при Универзитетскиот клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје и функцијата директор на Клиничкиот центар.

Во 2006 година престојувал на стручно усовршување на Клиниката за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Ниш.

Истата година посетувал курс за имплантологија во Виена.

Од 2007 година ја извршувал функцијата претседател на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија при Македонското стоматолошко друштво.

Во 2008 година учествувал на стручно-научен конгрес за имплантологја во Берлин.

Во 2008 година е избран во звањето насловен доцент при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во 2009 година го положи супспецијалистичкиот испит по орална имплантологија и се стекна со звањето супспецијалист по орална имплантологија.

Има завршено курс за менаџмент во здравството, организиран од Министерството за здравство на Р. Македонија.

Ментор е на осум студентски труда.

Учествувал во научноистражувачкиот проект „Корелација помеѓу оралната хигиена, PH на плунка и денталниот плак во фреквенцијата на кариесот и негова контрола преку современи превентивни мерки (кај различна популација во Македонија-Грција)".

Во 2009 година учествувал како поканет предавач на едукативниот семинар под наслов „Савремени дијагностички и терапијски принципи оболења усне дупље", организиран од Медицинскиот факултет на Универзитетот во Ниш, Р. Србија.

Активно учествувал како предавач по покана на 12. Симпозиум на протетичарите на Србија под наслов "Савремене терапијске процедуре у стоматологији", организиран од Српското лекарско друштво.

Учесник е на повеќе домашни и меѓународни конгреси, семинари и собири.

За својата активност е наградуван повеќепати. Има добиено Благодарница, Диплома и Плакета од Македонското лекарско друштво.

По повод триесет и четириесет годишниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет, доделени му се Пофалница и Диплома од Стоматолошкиот факултет.

Има учествувано и добиено сертификати од повеќе курсеви од областа на стоматолошката протетика, имплантологијата и естетската стоматологија.

Активно се служи со англискиот јазик.

Од првиот избор за помлад асистент има објавено 36 труда, од кои со реден број од 1 до 7 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 565 од 1992 година, од реден број 8 до 16 - во Билтенот на Универзитетот бр. 663 од 1996 година, трудовите од 17 до 27 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 826 од 2003 година, а трудот со реден број 28 е рецензиран во Билтенот на Универзитетот бр. 875 од 2005 година, трудот со реден број 29 е рецензиран во Билтенот на Универзитетот бр. 863 од 2005 година, трудовите со реден број 30 - 32 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 896 од 2006 година, и трудовите со реден број 33 - 36 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот бр. 945 од 2008 година.

На Рецензентската комисија, за овој избор во звањето асистент по група предмети на Катедрата за стоматолошка протетика, за рецензија и ги приложува следниве труда:

37. **КОНТАКТНИ АЛЕРГИЧНИ РЕАКЦИИ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ПРОТЕТИКА**

**Сашо М. Еленчевски**

Семинар континуиране медицинске едукација "Савремени дијагностички и терапијски принципи оболења усне дупље". Зборник радова, Медицински факултет Ниш, 2009.

Авторот на овој Семинар ги презентирал етиологијата и клиничката слика на контактните алергиски реакции во стоматолошката протетика. Презентирал дека резултатите од испитувањата за застапеноста на stomatitis protetika allergica укажуваат на статистички висока доминација кај женскиот пол. Авторот ги истакнал предностите од користењето на Елипсе-системот или изработката на флексибилните протези како алтернатива кај пациенти кои се алергични на протетичките помагала изработени од акрилат.

38. **КОНТАКТНИ АЛЕРГИЧНИ РЕАКЦИИ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ПРОТЕТИКА**

**Сашо М. Еленчевски**

Стоматолошка ревија 2008 5 (3) 48-50.

Целта на авторот на овој труд е да ги прикаже етиологијата и клиничката слика на контактните алергиски реакции во стоматолошката протетика. Добиените резултати од испитувањата за застапеноста на stomatitis protetika allergica укажуваат на статистички висока доминација кај женскиот пол. Авторот ги истакнува предностите од користењето на Елипсе-системот или изработката на флексибилни протези како алтернатива кај пациенти кои се алергични на протетичките помагала изработени од акрилат.

39. **ПРОТЕТСКЕ СТОМАТОПАТИЈЕ-МОГУЧНОСТИ ТЕРАПИЈЕ**

**Сашо М. Еленчевски**

XXII Симпозиум протетичара Србије "Савремене терапијске процедуре у стоматологији", Зборник радова, 2010.

Патолошките промени на оралната мукоза под протезната база можат да го ограничат или оневозможат користењето на забните надоместоци. Степенот на заболувањњето е во зависност од типот на агенсот и времето на неговото траење, како и од индивидуалната отпорност на ткивото. Авторот во трудот ги прикажува можностите за терапија кај различни типови на стоматитис протетика, нивната застапеност, како и приказ на не така честите алергии на новите компоненти во составот на протетичките материјали. Од испитувањата, генералeн заклучок е дека не постои идеален материјал за изработка на забни надоместоци.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија го разгледа материјалот доставен од страна на кандидатите насл. доц. д-р Гордана Ковачевска и насл. доц. д-р Сашо Еленчевски и при тоа дојде до констатација дека и двајцата кандидати од формално-правен аспект целосно ги исполнуваат потребните критериуми за избор во звањето асистент по група предмети од областа на стоматолошката протетика. Имено, и двајцата кандидати се специјалисти по специјалноста стоматолошка протетика, магистри и доктори на стоматолошки науки од областа за која се пријавуваат во звањето асистент.

Врз основа на доставените биографски податоци, Рецензентската комисија констатира дека станува збор за повозрасни кандидати, кои зад себе имаат повеќегодишно клиничко искуство, всушност, едниот кандидат е на воздраст над педесет години, а другиот се наближува кон таа возраст.

Поради спојувањето на двете претходно одделни катедри во една, Катедра за стоматолошка протетика, д-р Гордана Ковачевска и д-р Сашо Еленчевски дадоа писмени изјави дека се подготвени да учествуваат во изведувањето на практичната настава како во мобилниот, така и во фиксниот дел од обласат на стоматолошката протетика.

За избор во звањето асистент, насл. доц. д-р Гордана Ковачевска приложи вкупно десет труда од кои во седум е автор, а во останатите три се јавува како коавтор. Од овие трудови четири се постер-презентации.

За избор во звањето асистент, насл. доц, д-р Сашо Еленчевски приложи три труда во кои во сите се јавува како автор.

Рецензетската комисија, разгледувајќи ја содржината на доставените материјали за рецензија од страна на кандидатите, а пред се имајќи го предвид бројот на објавените стручно-научни публикации, дојде до констатација дека д-р Гордана Ковачевска, според нејзиниот стручен и наставно-научен ангажман, има предност при изборот во звањето асистент.

Според погоре изнесеното, Рецензентската комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, насл. доц. д-р Гордана Ковачевска д-р сци да биде избрана во звањето асистент по група предмети од обласат на стоматолошката протетика на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р сци Елена Петкова ср.
2. Проф. д-р сци Љубен Гугувчевски ср.
3. Проф. д-р сци Јагода Бајевска ср.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА И ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата редовна 14-та седница одржана на 15.06.2010 г. донесе одлука (бр.6/57), со која сме избрани за рецензенти за избор на наставник во сите наставно-научни звања по горенаведените групи предмети. На распишаниот конкурс, објавен во "Дневник" и "Коха" од 15.06.2010 г., се пријави кандидатката д-р Елизабета Касапова, д.и.а., асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на поднесената документација и увидот во досегашната работа на кандидатката, до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Елизабета Касапова е родена на 27.4.1962 во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со континуиран одличен успех. Во учебната 1981/82 се запишала на Архитектонскиот факултет во Скопје, а го завршила во март 1987 г. со просечен успех 8,73. Дипломскиот труд со наслов "Проект за заживување на комплексот Султан муратова џамија во Скопје" под менторство на проф. Радомир Волињец го одбранила со оценка 10. Во јануари 1989 г. се вработила на Архитектонскиот факултет во Скопје како помлад асистент- приправник на група предмети од историја на архитектурата и уметноста и група предмети од заштита и ревитализација на градителското наследство при Институтот за историја на архитектурата и уметноста. Во 1990 г. го завршила приправничкиот стаж со јавна презентација на трудот со наслов: "Сокакот - архитектонско-урбанистичка и социјална содржина на старградските структури во Македонија". Во февруари 1992 г. се запишала на постдипломски студии на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет во Скопје и до март 1995 г. ги положила сите испити со просечна оценка 10. Во јули 1999 г. го одбранила магистерскиот труд со наслов: "Архитектурата на црквата Успение Богородично на манастирот Трескавец", изработен под менторство на проф. д-р Цветан Грозданов и се стекнала со академски степен магистер по историја на уметноста. Во јуни 2010 г. ја одбранила докторската дисертација со наслов: "Архитектурата на комплексот Марков манастир", изработена под менторство на проф. д-р Цветан Грозданов и се стекнала со научен степен доктор по историја на уметноста.

Моментално, кандидатката е вработена како асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје на горенаведените групи предмети на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата. Целокупната работа од вработувањето на Архитектонскиот факултет во 1989 г. како помлад асистент-приправник до последниот преизбор во звањето асистент во 2007 г. е рецензирана во билтените на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 491, 606, 756, 833 и 916.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

### 2.1. Редовна и продлабочена настава

Во рамките на наставно-образовниот процес од вработувањето во 1989 г. до денес, кандидатката д-р Елизабета Касапова учествувала во реализацијата на наставата на двете групи предмети за кои конкурира и тоа, во редовната настава на предметите: архитектура и уметност на стар век, архитектура и уметност на среден век, архитектура и уметност на нов век, современа архитектура и уметност и архитектура и уметност во Македонија и во продлабочената настава на предметите: реставрација и ревитализација на градителското наследство, типологија и морфологија на градителското наследство и ревитализација на историски јадра. Од учебната 2008/09 учествува во наставата по истите предмети според новата ЕКТС - програма. Специфичноста и комплексноста на вежбите по наведените предмети бараат посебна научна и практична подготвеност на асистентот кој раководи со ваков вид работа. Едуцираноста и организираноста со кои кандидатката д-р Е. Касапова од првиот ден настапува во вежбите се резултат на сопствената амбиција и перманентното продлабочено навлегување во материјата на која работи. Надарена со посебен истражувачки дух и ретка инженерска прецизност, кандидатката вонредно позитивно влијае не само на високиот квалитет во наставата, туку и на поттикнувањето за научноистражувачка работа кај студентите.

Покрај ова, во рамките на редовната настава по предметите, кандидатката д-р Е. Касапова одржала повеќе предавања под менторство на предметниот наставник при што покажала висок степен на научни познавања, експлицитност и зрелост во методолошкото образлагање. Особено се истакнува нејзиниот ангажман во учебната 2009/10 кога под менторство на предметниот наставник држела предавања по предметите историја на архитектурата и уметноста 3 и историја на архитектурата и уметноста 4 според новата студиска програма по ЕКТС. Нејзиниот специфичен методски приод на излагање оддава личност со научна и педагошка склоност и подготвеност.

### 2.2. Летни школи и работилници

Паралелно со редовните активности во наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Е. Касапова активно учествувала во процесот за пошироко образование на стручните кадри преку летни школи и работилници, главно од меѓународен карактер. Нејзиниот ангажман во оваа област е разновиден, од учесник (Турција, Македонија) преку ментор и предавач (Словенија, Франција, Македонија) до секретар на Петтата меѓународна летна школа за архитектура која Архитектонскиот факултет традиционално ја организира во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите референци и активности од областа на наставно-образовната дејност.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)

Во долгогодишната работа кандидатката д-р Е. Касапова покажала завидни резултати во областа на научноистражувачката дејност. Нејзина главна преокупација во последните години беше изработката на докторската дисертација под наслов „Архитектурата на комплексот Марков манастир“, пријавена и одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата претставува обемна научна студија со низа нови согледувања за еден од најзначајните споменици на територијата на Македонија од XIV век. Кандидатката со овој труд покажува нагласени научноистражувачки квалитети, евидентни резултати и дефиниран методолошки приод на современ историчар на архитектурата и уметноста.

### 3.1. Публикувани трудови

Научноистражувачките предиспозиции на кандидатката се потврдени преку низа публикувани трудови во кои таа се јавува како автор, коавтор или соработник:

- „Старградскиот сокак како елемент со социјални карактеристики и неговата перспектива", Културно наследство бр. 17-18 за 1990/91, Скопје, 1994 - автор;
- „Летна школа за архитектура: истражувања на манастирскиот комплекс "Св. Јоаким Осоговски", Архитектонски факултет, Скопје 1994 - автор на текстовите: „Црква Св. Јоаким Осоговски", „Кула камбанарија со костурница", „Владиков конак", „Конак со висока фасада", „Писарница", „Лебарница" и „Казаница со момочки конак" (текст и цртежи); потоа соработник во ликовно-графичката опрема и коредактор на целото издание со проф. д-р Ј. Хаџиева Алексиевска;
- Цветан Грозданов, „Св. Наум Охридски", Скопје, 1995 - соработник во документирањето на архитектурата;
- „Архитектонски портрети 2 - Сотир Томоски", посебен прилог во АРШИН - списание за архитектура, урбанизам, дизајн, бр. 2/1996, Скопје - автор;
- Цветан Грозданов, „За градителските и зографските потфати во манастирската црква Св. Јован Претеча (Продром) во Слепче во втората половина на XIX век", МАНУ, Скопје 2000 - соработник во делот за архитектурата;
- „Архитект Андреја Дамјанов/Architect Andreja Damjanov", двојазично издание на книга, мапа и поштенски картички, Скопје, 2001 - коавтор со Ј. Хаџиева Алексиевска. Изданието е официјално промовирано во рамките на БИМАС 2002;
- Цветан Грозданов, „Уметноста и културата на XIX век во западна Македонија" (збирка студии и прилози), МАНУ, Скопје, 2004 - автор на цртачката документација и на архитектонските опсервации во студијата „Црквата Свети Никола во Небрегово, Прилепско";
- „Архитект Сотир Томоски (1899-1985)", прилог во „Архитектурата на почвата на Македонија од средината на XIX до крајот на XX век", книга 14 од макропроектот „Историја на културата на Македонија", МАНУ, Скопје, 2006 - автор;
- „Архитектурата на црквата Успение на Богородица - Трескавец", МАНУ, Скопје, 2009 - автор на монографијата.

### 3.2. Симпозиуми, конгреси и јавни предавања

Кандидатката д-р Е. Касапова учествувала со авторскиот реферат: „Црквата Св. Јоаким Осоговски - типолошко-морфолошки специфичности" на Меѓународниот научен симпозиум „Делото на протомајсторот Андреја Дамјанов", организиран од Архитектонскиот факултет во Скопје и МАНУ, одржан од 24 до 26.3.1999 г. во Скопје. Воедно кандидатката била член и на организациониот одбор на симпозиумот.

Во 2006 г. кандидатката д-р Е. Касапова во коавторство со проф. д-р Ј. Хаџиева Алексиевска и А. Ивановска учествувала со рефератот: „A Mosque with a Two-domed Porch: Case Study of Dukjandzik Mosque in Skopje, Republic of Macedonia" на XVth Turkish Congress of History, Ankara.

Самоиницијативно или на покана од стручни организации, кандидатката одржала неколку јавни предавања од областа на својот потесен интерес, и тоа:

- „Франција...моите впечатоци...", предавање со слајд-проекција од студиското патување низ повеќе градови во Франција, одржано на Архитектонскиот факултет во Скопје, март 1998;
- „Андреја Дамјанов - живот и дело", предавање во црквата Св. Богородица во штипско Ново Село на покана од Друштвото на архитекти на Штип по повод Светскиот ден на архитектурата, 7.10.2002;
- „Андреја Дамјанов - живот и дело", предавање во црквата Св. Никола во Куманово на покана од Друштвото на архитекти на Куманово по повод патрониот празник на црквата, 21.12.2002.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите референци и активности од областа на научноистражувачката дејност.

## 4. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА (СУ) И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

### 4.1. Архитектонско-урбанистички решенија и проекти

Покрај завидните резултати во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Е. Касапова покажала активно учество и во областа на стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност. Во своето повеќегодишно искуство таа се јавува како самостоен автор, коавтор или соработник на низа архитектонски и архитектонско-урбанистички решенија и проекти од кои дел се реализирани:

- Архитектонско-урбанистичко решение на центарот на Ниш (отворен конкурс) - соработник на авторите Страшко Хаџи-Коцев и Горан Бојчин, 1990 (наградено со откуп);
- Архитектонско-урбанистичко решение на центарот на Аранѓеловац (отворен конкурс) - коавтор со Горан Бојчин, 1991;
- Архитектонско-урбанистичко решение за ревитализација на дел од ул. Маршал Тито во Струмица, 1992 - коавтор со проф. д-р М. Токарев;
- Идеен архитектонски проект за индивидуален станбен објект во с. Бабино, Демир Хисар, 1993, реализирано 1995 - автор;
- Идеен архитектонски проект за индивидуален станбен објект на ул. Лавчанска корија бр. 27 во Битола, 1996, реализиран во 1999 - автор;
- Идеен архитектонски проект за адаптација и доградба на мансарден стан на ул. Максим Горки во Скопје, 1999, реализиран во 2000 - автор;
- Идејно архитектонско решение за возобновување на Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон на Плаошник во Охрид (повикан конкурс), 2000 - коавтор со д-р Сашо Коруновски;
- Идејно архитектонско решение за реконструкција на станбениот објект „Палата Ничота" во Крушево, 2001 - коавтор со проф. д-р М. Токарев;
- Идејно архитектонско решение за Параклис на граничниот премин Богородица, за потребите на Велешката и Повардарска епархија, 2002 - автор;
- Идејно архитектонско решение за Православна црква во Тринген, Швајцарија, за потребите на македонската заедница, 2003 - соработник на авторот Љупчо Ѓорѓиев;
- Идеен и основен архитектонски проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Дуќанџик џамија во Скопје, 2003, реализиран во 2005 - коавтор со проф. д-р М. Токарев и проф. д-р Ј. Хаџиева Алексиевска;
- Идеен архитектонски проект за адаптација и доградба на мансарден стан на ул. Петар Делјан, населба Кисела Вода, Скопје, 2004, реализирано 2004 - автор;
- Идеен архитектонски проект за адаптација и надградба на индивидуален станбен објект на ул. Полог бр. 4, населба Пржино, Скопје, 2004, реализиран во 2005 - автор;

### 4.2. Истражувачки студии

Во долгогодишната практика кандидатката учествувала во изработката на бројни истражувачки студии на архитектонското наследство во Македонија од различни периоди: антички, ранохристијански, византиски, отомански и преродбенски, како од областа на монументалната така и од областа на традиционалната градска и селска архитектура. Дел од овие студии претходеле на изработката на архитектонско-урбанистичките решенија и проекти за конзервација, реставрација и ревитализација на градителското наследство, меѓу кои ги издвојуваме:

- Архитектонско-урбанистичка студија на дел од ул. Маршал Тито во Струмица - коавтор со проф. д-р М. Токарев, а во соработка со Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, 1989;
- Комплекс Св. Пантелејмон-Имарет во Охрид - раководител на тимот за истражувања на архитектурата, функциите и функционалните склопови на комплексот, по задолжение од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, а во рамките на Проектот за ревитализација на локалитетот Плаошник во Охрид, 1999;
- Студија на постојната состојба со архитектонско-техничка документација на Чифте - амам во Скопје за потребите на проектот „Адаптација на Чифте - амам во уметничка галерија" - соработка на Институтот за историја на архитектурата и уметноста при Архитектонскиот факултет во Скопје и Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје, 2001 - кораководител со проф. д-р Ј. Хаџиева Алексиевска и автор на дел од архитектонско-техничката документација;
- Студија на постојната состојба, цртачка реконструкција и валоризација со режим за заштита на Дуќанџик џамија во Скопје, 2003 - коавтор со проф. д-р М. Токарев и проф. д-р Ј. Хаџиева Алексиевска;
- Студијата на постојната состојба на доцноантичкото термално лекувалиште во с. Банско, Струмица, 2003/04 - коавтор со асист. А. Ивановска;
- Студија на постојната состојба за потребите на идејниот проект за адаптација на „Палата Сервини" на Широк сокак - Битола, 2006 - автор.

### 4.3. Учество и организација на изложби

Кандидатката д-р Е. Касапова во изминатиот период учествувала на повеќе изложби и манифестации на кои јавно претставила дел од своето творештво. Исто така учествувала во организацијата на изложби со кои се афирмира работата на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата, како и на Архитектонскиот факултет во целина:

- Портрет на арх. Сотир Томовски (1899-1985) „Три слободи на архитектонско творење" - соработник во истражувањето на делото и изготвувањето на изложбата во рамките на БИМАС 1989;
- учесник на изложбата по повод 40 години од основањето на Архитектонскиот факултет во Скопје со дипломскиот труд „Проект за заживување на комплексот Султан Муратова џамија во Скопје", Музеј на град Скопје, 1990;
- учесник на БИМАС 1991 со конкурсниот проект „Архитектонско-урбанистичко решение на центарот на Аранѓеловац", 1991;
- учесник на БИМАС 1993 со проектот „Архитектонско-урбанистичко решение за ревитализација на дел од ул. Маршал Тито во Струмица", 1993;
- „Антички театар, форум и Горна порта во Охрид - архитектонска реинтерпретација на културно-историските кодови", - изложба по повод патрониот празник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", поставена во Домот на АРМ во Скопје, 24.5.1996;
- „Античкиот театар на почвата на Македонија"- изложба поставена за време на ФААТ (Фестивал на аматерски и алтернативни театри на Македонија) во Кочани, мај 1996 - учество со проф. д-р Ј. Хаџиева Алексиевска;
- „Стоби - Скупи" (Стоби: Антички театар - документација, реконструкција и композициски истражувања; Скупи: Западна некропола и архитектонска камена пластика) - семестрална изложба на Институтот за историја на архитектурата и уметноста поставена на Архитектонскиот факултет во Скопје, март 1997;
- „Средновековни цркви и фрески од с. Варош-Прилеп" - годишна изложба на Институтот за историја на архитектурата и уметноста поставена на Архитектонскиот факултет во Скопје, јуни 1997;

- „Архитектурата на Андреја Дамјанов“ - изложба по повод патрониот празник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ поставена во Домот на АРМ во Скопје, 24.5.1998;
- „Стоби во реконструкции и макети“ - годишна изложба на Институтот за историја на архитектурата и уметноста поставена на Архитектонскиот факултет во Скопје, јуни 1999;
- учесник на изложбата Restauration and Revitalization of Historic Towns in the Balkans во Солун со проектот „Ревитализација на дел од ул. Маршал Тито во Струмица“, објавен во: Exibition Cataloque, Technical Chamber of Thessaloniki, Greece / Section of Central Macedonia, 1999;
- „Камерна изложба по повод 10 години од смртта на проф. Радомир Волињец“, Хол на Архитектонски факултет во Скопје, 11.12.2000 - организација и поставка;
- Tenth Jubilee World Triennial of Architecture INTERARCH'03, Софија, Бугарија, мај 2003 - учество на Изложба-натпревар на книги и списанија за архитектурата со делото „Архитект Андреја Дамјанов/Architect Andreja Damjanov“ (книга и мапа во коавторство со Ј. Хаџиева Алексиевска);
- учесник на изложбата по повод 60 години од основањето на Архитектонскиот факултет во Скопје со конкурсниот проект „Возобновување на Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон на Плаошник во Охрид“, Музеј на град Скопје, 2009.

### 4.4. Експертски активности

Стручноста и компетентноста на кандидатката се потврдени со учество и во различни експертски активности како што се:

- учесник во првата сеопфатна самоевалуација на Архитектонскиот факултет во Скопје која служеше за добивање акредитација за работа, април-јуни 2002;
- Член на Комисијата за ревизија на елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство „Споменик на културата: Могила на непобедените - Прилеп“, 2008.

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во професиналната биографија на кандидатката д-р Е. Касапова се вбројува и спектар на различни активности од поширок интерес кои излегуваат од рамките на нејзината главна преокупација во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност:

- член на Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје за периодот 1993-95;
- член на комисии на Архитектонскиот факултет (Комисија за издавачка дејност, Дисциплинска комисија, Комисија за спроведување на приемен испит, Комисија за попис итн.), 1993-2010;
- надворешен член на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во Скопје за периодот 1997-98;
- член на МНК ИКОМОС од 1998 до 2001 и член на Поткомитетот за охридското културно наследство и на Поткомитетот за традиционалната архитектура во Битола;
- член на Организациониот одбор за Меѓународниот научен симпозиум „Делото на протомајсторот Андреја Дамјанов“, организиран од Архитектонскиот факултет во Скопје и МАНУ, Скопје, 1998-99;
- БИСТА 2000 - координатор на целата манифестација со проф. А. Прилепчански, 2000;
- БИМАС 2002 - координатор на камерната изложба „Македонски архитекти кои живеат и творат надвор од Република Македонија“, 2002;
- Секретар на Комисијата за самоевалуација на Архитектонскиот факултет за период од 4 год. (2002-2006);

- член на Комисијата за изготвување на Правилник за организација на Биеналето на студентите по архитектура (БИСТА), 2003;
- член на ФОЈА (Здружение за заштита и ревитализација на Преспанското Езеро) од 2005. Учество во акцијата "Чиста Преспа - чиста Македонија", 4.6.2005;
- член на Комисијата за архитектура и урбанизам во Здружението за возобновување и одржување на семејната куќа на Мустафа Кемал Ататурк во с. Коџаџик (општина Центар Жупа), соработка помеѓу општина Центар Жупа, општина Кисела Вода и МАНУ од Македонија и општина Кадикој од Истанбул, Турција, 2006 (во тек).

Кандидатката д-р Е. Касапова за проширување на своите знаења и искуства, особено од областа на историјата на архитектурата и уметноста и заштитата на градителското наследство, извела низа студиски патувања во повеќе европски земји (Италија, Турција, Грција, Франција, Шпанија, Бугарија, Швајцарија), како и во многу градови, села, археолошки локалитети, цркви, манастири и други значајни објекти во Македонија. Покрај ова, во 2006 и 2010 г. таа ги организирала и раководела со студиските патувања во Грција и Италија за студентите од II и III година на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите референци и активности од областа на стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, вклучително и дејностите од поширок интерес.

Кандидатката д-р Елизабета Касапова го владее англискиот јазик, а се служи и со германскиот јазик што и овозможува добивање поширок обем на сознанија и успешни научни и стручни настапи во странство.

**Прилог: Анекс 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Елизабета Благоја Касапова**
**Институција:** **Архитектонски факултет - Скопје**
**Научна област:** **историја на архитектурата и уметноста, заштита на градителското наследство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
На распишаниот конкурс, објавен во весникот "Вечер" од 2.6.2010 година, се пријавија следниве кандидати: насл. доц. д-р Марија Пеева-Петреска, доктор на соматолошки науки и специјалист-орален хирург и д-р Билјана Евросимовска (Андоновска), магистер на стоматолошки науки и специјалист-орален хирург, вработени на Клиниката за орална хирургија при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар во Скопје.

По разгледувањето на приложената документација и врз основа на личното познавање на развојниот пат на кандидатите, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет да го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Насл. доц. д-р Марија Пеева-Петреска

*Биографски податоци*

Д-р Марија Пеева-Петреска е родена на 4 јануари 1965 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во 1982 година и на истиот дипломирала во 1987 година со просечен успех 9,54. Во 1988 година, Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје ѝ додели Пофалница, оддавајќи ѝ признание за најдобар студент во генерацијата 1987/88, со највисок среден успех постигнат во

текот на студиите. Во истата година ѝ е доделено признание од Сојузот на лекарите на Македонија.

Од 1.9.1990 е вработена на Клиниката за орална хирургија на неопределено време, како стоматолог-клинички лекар. Во 1991 година го положила задолжителниот стручен испит.

Во 1992 година ја започнала специјализацијата по орална хирургија, која ја завршила на 1.3.1996 година, стекнувајќи се со звањето специјалист по орална хирургија.

Од септември 2006 до јануари 2009 година ја извршуваше функцијата раководител на Клиниката за орална хирургија.

Од мај 2010 година е претседател на Здружението на специјалисти по орална хирургија на Македонија.

Активно се служи со англискиот и има пасивно познавање на германскиот јазик.

## СТРУЧНА, НАСТАВНА И НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Д-р Марија Пеева, од почетокот на своето вработување, перманентно работи на својата стручна надградба, покажувајќи активност и прогрес во стручната дејност.

Во 1993 година била избрана за помлад асистент по предметот орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во 1996 година била реизбрана во истото звање.

Активното познавање на англискиот и германскиот јазик ѝ дозволува на д-р. Пеева континуирано следење на најсовремените светски трендови во современа стоматолошка литература, но и контакти со еминентни стручни лица од таа област надвор од земјата. Од 1995 година земала активно учество на постедукативните семинари по орална хирургија, како и во работата на I, II, и III конгрес на стоматолозите на Македонија. На студентските конгреси се јавува со менторство на студентски наградени теми и како предавач на актуелни новини од областа на оралната хирургија.

Во март 2002 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов "Проценка на хемодинамските и електрокардиографските параметри кај пациенти со кардиоваскуларни заболувања во тек на оралнохируршки интервенции", стекнувајќи се со звањето магистер на стоматолошки науки.

Во 2003 година е избрана за асистент на Катедрата за орална хирургија, а во 2006 година е реизбрана во истото звање.

Во изминатите години учествувала на многу стручни собири, конгреси и симпозиуми во земјата и во странство, на кои како автор или коавтор ги презентирала своите реферати.

Активно учествувала и на балканските стоматолошки конгреси (BASS) од 1997 година во Белград, 1998 во Софија, 1999 во Истанбул, 2001 во Букурешт, Романија, во 2002 во Кушадаси, Турција, 2004 во Охрид, 2005 во Белград, 2006 во Сараево, 2007 во Истанбул и во Грција, 2010 година.

Во континуитет остварува професионални престои во реномирани установи и универзитетски центри во Европа и во САД.

Во ноември 2002, на едномесечно стручно усовршување престојувала на Клиниката за естетска стоматологија „Еуромед„ во Нирнберг, Германија, EUROMED CLINIC – Furth, Germany, кај prof. Ursula Smith. Тука се запознала со трендовите од областа на имплантологијата, ласер-терапијата и естетската хирургија.
Во 2005 година реализирала едномесечен стручно-научен престој на Емори универзитетот во Атланта, САД, кај познатиот Prof. Stiven Roser – Department of Maxillofacial Surgery, EMORY UNIVERSITY„ Atlanta, USA, каде што непосредно ги следела современите клинички регенеративни техники и методи во доменот на оралната и максилофацијалната хирургија.
Во 2006 година престојувала и во Клиничкиот центар во Љубљана на Клиниката за орална и максилофацијална хирургија, кај доц.д-р А. Кански и д-р М Горјанц.

Во меѓувреме се одвива и нејзината континуирана едукација на полето на денталната имплантологија преку учество на многубројни курсеви, семинари, симпозиуми и конгреси, и тоа

- 2002 ноември – учество на Семинарот за континуирана едукација на тема International Continuing Education Program: Bone Quality and Quantity a success factor? - Mannheim, Germany;
- XIVE® Frialit® – 2 Implant System– International Continuing Education Program: Bone Quality and Quantity – a success factor?, november 2002;
- Imtec Sendax Mini dental Implant System – USA, 2002;
- 2004 октомври - учество на семинарот Ankylos® Implant System, Concept, Handling and Indication – Hanau-Wolfgang, Germany ;
- 2006 ноември - учество на тренингот (курс, семинар) Multi Indicative – Vienna, Austria;
- Евидентен успех кај хируршките процедури кај Ankylos® имплантите - Скопје, Македонија, септември 2006;
- Ankylos® Multi Indicative Conference, Skopje, Macedonia, March 2006;
- Ankylos® Multi Indicative – Vienna, November 2006;
- Со Ankylos® кон нови хоризонти -Скопје, Македонија, јануари 2007;
- Секциски состанок на Здружението на максилофацијални хирурзи на Македонија – Скопје, април 2007 ;
- семинар „ Дентални фокални инфекции - профилакса и менаџмент"-Стоматолошки факултет, Скопје март 2007 ;
- семинар „ За хроничната орофацијална болка" Стоматолошки факултет-Скопје, ноември 2007 ;
- Construction of All-ceramic zirconium restorations using cercon smart ceramics- June, Skopje, Macedonija 2007;

- Ankylos® - 20th Anniversary Satellite Symposium- Future innovations based on long-term success – Barselona 2007;
- Geistlich-Biomaterials – „From extraction to implant placement.Timing and decision in esthetic implant therapy„ – 16th Scientfic meeting EAO Barselona;
- Симпозиум со меѓународно учество „Оралната имплантологија и современи хируршки техники"- Струга 2007;
- EMCMFS - „Facial trauma„ - Skopje, November 2007;
- 9th ZMOKS – Семинар оганизиран од здружението на орални и максилофацијални хирурзи од Словенија на тема „Современи трендови во имплантологијата", Љубљана, Словенија ноември 2007;
- 16th Annual Scientific Congress EAO in Barcelona, Spain;
- 17th Annual Scientific Congress EAO in Warsaw, Poland;
- 18th Annual Scientific Congress EAO in Monaco ;

Како резултат на долгогодишната едукација во странство, од 2006 година д-р Пеева е официјален сертифициран едукатор за имплантологија во Македонија на фирмата DENSPLY- Friadent- DeguDent, Austria.

Активен член е на Европската асоцијација за осеоинтеграција (EAO) и на Балканската стоматолошка асоцијација.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2004 година ја прифатил пријавата за изработка на докторската дисертација на ас. д-р Пеева, насловена „Влијанието на плазмата богата со тромбоцити на коскената регенерација на хумани дефекти во виличните коски" која јавно ја одбранила во декември 2007 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје, со што се стекнала со академското звање доктор на стоматолошки науки.

Добитник е на голем број награди и признанија како Пофалница од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 1989 и 1999, дипломи од Македонското лекарско друштво во 1995 и 2001 и Благодарница во 2002 година.

Д-р Пеева е автор на две монографии објавени во 2008 година. Првата монографија, „Коскени супституенти и биолошки медијатори за аугментација на дентo-алвеоларниот скелет" е резултат на нејзината поблиска професионална преокупација и обработува проблематика од доменот на регенеративните техники и материјали кои се во употреба во оралната хирургија.

Втората монографијата е насловена „Дентален менаџмент при орално-хируршки интервенции кај пациенти со кардиоваскуларни заболувања" се однесува на современиот концепт за дентален третман или протокол за работа кај ризични пациенти со кардиоваскуларни заболувања.

Автор или коавтор е на голем број стручно-научни трудови објавени или презентирани во земјата и во странство.

ПУБЛИКУВАНИ ТРУДОВИ

За избор во звањето насловен доцент по предметот орална хирургија, објавените трудови со реден број од 36 до 50 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 945 од 1.7.2008 година.
За овој избор за асистент по предметот орална хирургија, кандидатката ги пријавува следниве теми:

51. Апостолова Г., **Пеева М.**, Писевска Н.

Хируршки третман на импактирани максиларни молари во фузија

Меѓународен конгрес „Стоматологијата денес", Стоматолошко друштво на Албанците, Струга, април 2008, Апс.стр.151.

Импактирани максиларни молари во фузија се клинички раритет, кој заслужува посебно тераписко хируршко внимание и концепт.

Авторите преку приказ на случај од клиничката практика, посочуваат на можноста за нивно хируршко отстранување како една тераписка алтернатива, или пак во одделни случаи е можно нивно раздвојување.

Трудот има апликативно, практично и стручно значење.

52. Писевска Н., **Пеева М.**, Апостолова Г., Гавриловиќ И.

Хируршко ортодонтски третман на импактирани централни инцизиви поради постоење на прекубројни заби во максиларната фронтална регија

Меѓународен конгрес „Стоматологијата денес", Стоматолошко друштво на Албанците, Струга, април 2008, Апс.стр.152.

Прекубројните заби претставуваат честа аномалија, која доколку соодветно не се третира може да доведе до сериозни последици на перманентните заби и на забниот низ во целост. Во овој труд, авторите презентираат случај на дете со импактирани централни инцизиви поради постоење на прекубројни заби. При тоа неопходен е мултидисциплинарен пристап и третман на ортодонт и орален хирург, со цел да се постигне посакуваниот тераписки ефект.

Трудот има апликативно, практично и стручно значење.

53.Јосифов Д., Јанев Е., **Пеева М.**, Апостолова Г., Писевска Н., Менчева Ж.

Хируршки пристап кај случај со намалено интералвеоларно растојание – приказ на случај

V - конгрес на стоматолозите од Македонија, септември 2009, Охрид, Апс.стр55

Во трудот авторите ги прикажуваат хируршките техники и можности за третман на елонгирани алвеоларни продолжетоци со заби или без нив, кои го намалуваат интералвеоларното растојание и на тој начин оневозможуваат изработка на

адекватни протетски фиксни или мобилни изработки. Преку приказ на случај, авторите воедно и посочуваат на задолжителниот хируршки третман кај вака променетите интералвеоларни димензии.

Трудот има апликативно, практично и стручно значење.

## ИЗВЕШТАЈ

### 2. Д-р Билјана Евросимовска (Андоновска)

***Биографски податоци***

Д-р Билјана Евросимовска (Андоновска) е родена во Скопје, на 10.9.1977 година, каде што завршила основно и средно образование, со континуиран одличен успех (5,00), како и со специјална диплома за покажани исклучителни резултати од областа на науката, техниката и другите видови на дејности на талентирани ученици.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1996 година, а дипломирала во 2002 година со просечен успех 9,80. Во 2002 година била добитник на наградата за најдобро дипломиран студент на Стоматолошкиот факултет, при што й била доделена Пофалница од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за најдобар студент од Стоматолошкиот факултет во учебната 2002/2003 година.

Стручниот испит го положила во 2003 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје и се стекнала со стручен назив доктор по стоматологија.

На ЈЗУ Стоматолошки клинички центар во Скопје волонтирала во периодот од 2002 до 2008 година.

Во 2002 година се запишала на постдипломски студии по предметот орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, положувајќи ги сите предвидени испити во предвидениот рок со среден успех 10,00.

Магистерскиот труд со наслов *„Проценка на влијанието на матрикс-металопротеиназите кај хроничните периапикални процеси"* одлично го одбранила на 11.12.2006 година, стекнувајќи се со звање магистер по стоматологија од областа на оралната хирургија.

Специјалистичките студии од областа на оралната хирургија ги започнала во 2004 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје. На 16.11.2007 година го положила стручниот специјалистички испит стекнувајќи се со звање специјалист по орална хирургија.

Во јули 2008 година се вработила на Клиниката за орална хирургија при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, како специјалист и магистер по орална хирургија.

На 50. редовна седница на Стоматолошкиот факултет во Скопје одржана на 17.9.2008 година, едногласно била донесена одлуката за оцена на подобноста на пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов *„Влијание на полиморфизмите во гените за матрикс-металопротеиназите врз прогресијата на*

*клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции"*. Во тек е процедурата за одбрана на докторската дисертација.

Д-р. Билјана Евросимовска активно се служи со англискиот и германскиот јазик и има одлични компјутерски познавања.

***Стручна-научна и наставна дејност***

Д-р Билјана Евросимовска уште како средношколец покажала особен интерес кон науката земајќи учество на републичките натпревари „Наука на младите", притоа освојувајќи го првото место од областа физиологија на растенијата во 1994 година. Во 1995 година уште еднаш го освоила првото место од областа биохемија и физиологија.

Како студент го продолжила својот интерес и афинитет кон научно-истражувачката работа и стручното профилирање и надградување, активно учествувајќи на студентските конгреси. Со теми учествувала на 8. 9. и 10. Интернационален научен студентски конгрес во организација на Сојузот на студентите по стоматологија на Македонија. На 8. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија во Дојран, за темата „Орално-хируршки интервенции кај пациенти со антикоагулантна терапија", за успешно изведена презентација се стекнала со прва награда за најдобра тема.

Во текот на студиите активно учествувала во креирањето на студентското списание „Дентиција", каде што имала публикувано текст поврзан со најновите актуелности во стоматологијата.

Активното познавање на англискиот и германскиот јазик ѝ дозволило на д-р Билјана Евросимовска континуирано следење на најсовремените стручни и научни стоматолошки трендови во литературата. Од 19 јули до 27 август 1999 година, како стипендист на Универзитетот „Karolo Vilhelmina" во Брауншвајх, учествувала на Интернационалниот курс по германси јазик. Исто така, од 3 до 30 август 2001 година, како стипендист на Универзитетот „Rupert-Karls" во Хајделберг учествувала на Интернационалниот курс по германски јазик.

Во периодот од 2002 до 2008 година, за време на нејзиното волонтирање на Клиниката за орална хирургија, д-р Билјана Евросимовска запишала магистерски и специјалистички студии, со цел да ги надгради и прошири сознанијата од областа на оралната хирургија. Во 2006 година се стекнала со звањето магистер по стоматологија од областа на оралната хирургија, а наредната 2007 година со звањето специјалист по орална хирургија.

По вработувањето на Клиниката за орална хирургија, д-р Билјана Евросимовска активно работи во решавањето на оралнохируршките зафати кои произлегуваат од секојдневните работни обврски, притоа одликувајќи се со сериозен и високопрофесионален пристап кон пациентите кај кои била спроведена оралнохируршка интервенција.

Во соработка со постарите колеги-асистенти, активно учествувала во практичната настава со студентите како секундант за време на зимскиот и летниот семестар во 2008 и 2009 година.

Во изведувањето на клиничко-хируршките обврски, д-р Билјана Евросимовска покажува целосна посветеност и исполнителност, педантност и секогаш е

подготвена за соработка, консултација и размена на стручно мислење со своите колеги. Целата оваа посветеност, амбициозност, како и смисла за стручно и научно усовршување претставуваат импулс за нејзината понатамошна стручно-научна надградба.

Д-р Билјана Евросимовска, покрај редовното присуство на секциите и собирите на Здружението на орални хирурзи на Македонија, активно учество имала преку предавања и свои излагања во мај 2006 во Берово, ноември 2007 во Маврово, ноември 2008 година во Свети Николе и 2010 година во Дојран.

Од своето дипломирање д-р Билјана Евросимовска активно учествувала на голем број стручни курсеви и симпозиуми во земјава и во странство од областа на оралната хирургија и имплантологијата.

Од 16 до 18 јуни 2004 година успешно го завршила курсот по орална имплантологија „Oraltronic", одржан на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар во Скопје. Во март 2006 година учествувала на постедукативниот семинар "ANKYLOS multi indicative conference", а во периодот од 29.2 до 1.3 2008 година учествувала на курсот по имплантологија „Duravit System", одржан во Скопје од Италијанската имплантолошка академија.

Д-р Билјана Евросимовска пројавила интерес и кон полето на ласерската технологија учествувајќи на симпозиумот „Application notes of Er:YAG and Nd:YAG lasers in destistry", одржан во Скопје од 11 до 13 јуни 2009 година.

Во 2007 година во Скопје присуствувала на едукативниот курс за фацијална траума, под покровителство на Здружението на максилофацијални хирурзи на Македонија и Европската асоцијација на краниомаксилофацијални хирурзи.

Д-р Билјана Евросимовска активно учествувала како автор или коавтор со усни и постер-презентации и на балканските стоматолошки конгреси (BASS) од 2004 година во Охрид, 2005 година во Белград, 2006 година во Сараево, 2007 година во Истамбул и 2010 година во Солун.

Активно учествувала и на Меѓународниот конгрес Аполинија "Dentistry today" во Струга во 2008 и 2010 година со усни презентации и во Охрид во 2006 година на I конгрес на максилофацијални хирурзи на Македонија со постер-презентации.

Публицистичкиот опус на д-р Билјана Евросимовска е збогатен и со печатени стручно-научни трудови во 5 домашни (два труда во Македонски стоматолошки преглед, два труда во Аполонија, еден труд во „Современи достерли на Стомтолошкиот факултет" во Скопје) и 3 странски списанија (еден труд во Vojnosanitski Pregled, и два труда во Balkan Journal of Stomatology).

Смислата за научно усовршување е импулс за да ја напише и објави својата монографија „Експресија и активност на матрикс-металопротеиназите кај хроничните приапикални лезии", која обработува проблематика од доменот на воспалителните промени во орофацијалната регија проследени преку посебната група на протеолитички ензими (матрикс-металопротеинази) со цел да внесе новина во дијагностицирањето и терапијата на хроничните периапикални лезии.

Д-р Билјана Евросимовска од досегашната публицистичка активност како автор и коавтор има објавено 35 стучно-научни трудови во земјава и во странство. За рецензија во оваа пригода ги пријавува следниве трудови:

*Список на објавени трудови за рецензија:*

1. **Andonovska B.**, Dimova C.
CLINICAL ASPECTS OF DIRECT MANDIBULAR ANESTESIA. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Ohrid, 13-16 May 2004; 75. *Усна презентација*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

2. Dimova C., **Andonovska B.**
ORAL-SURGEON-REPORTED INCIDENCE OF COMPLICATIONS IN ADULTS. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Ohrid, 13-16 May 2004; 61. *Усна презентација*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

3. Dimova C., Kostovska S., Dejanova V., Kovacevska I., **Andonovska B.**
DENTAL SURGERY IN PATIENTS TREATED WITH ORAL ANTICOAGULANTS. (18th International Congress on Thrombosis, Ljubljana, Slovenia, 2004 June;) Pathophysiol Haemost Thromb 2003; 3 (suppl 2): 87. *Постер.*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

4. Dimova C., Kostovska S., **Andonovska B.**
COMPARATION OF TWO DIFFERENT LOCAL HEMOSTATIC MODALITIES IN ORAL SURGERY PATIENTS WITH ORAL ANTICOAGULANTS. II Polish – Czech – Slowak Threelateral Sympsium of Maxillofacial Surgeons with International participation (II Polsko-Czesko-Słowackie Trójstrone Sympozijum Chirurgii Szczękovo-Twarzowej z udziałem międzunarodowym – Zamek Książ k.Wałbrzych). Poland, 2005 Sep; 29. *Постер*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

5. Dimova C., Janev E., **Andonovska B.**
INTERNATIONAL NORMALIZED RATIO IN EXTRACTIVE DENTAL SURGERY IN PATIENTS TREATED WITH ORAL ANTICOAGULANTS. 10th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Belgrade, 2005; 57. *Постер.*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

6. **Andonovska B.**, Dimova C. Stojanovska V.
INFLUENCE OF TEMPERATURE CHANGES ON MICRO MARGINA GAP.10th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Belgrade, 2005; 36. *Постер*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

7. **Andonovska B.**, Dimova C., Mircevska G., Veleska D., Evrosimovska T.
CORRELATION BETWEEN SALIVA PH AND MICROBIOLOGICAL IN THIRD MOLAR PERICORONITIS, First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery (with international participation), Book of Abs., Ohrid, 2006; 22. *Постер*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 946 од 2008 год.

8. Velevska D., Apostolova G., **Andonovska B.**, Simonovski N.
FOURTH MOLARS: CASE REPORTS. First Macedonian Congress of Maxillofacial and Neck surgery (Abs.), Ohrid, 2006; 17. *Постер*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 946 од 2008 год.

9. Dimova C., Georgiev Z., Dzipunova B., Markovska M., **Andonovska B.**
IMPACTED MAXILLAR ICICIORS IN DECIDUES AND PERMANENT TEETH-A CASE REPORT. First Macedonian Congress of Maxillofacial and Neck surgery (Abs.), Ohrid, 2006; 18. *Постер.*
Трудот е рецензиран во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

10. Димова Ц., **Андоновска Б.**
ОРАЛНОХИРУРШКИ ПРИСТАП ПРИ ЕНДОКАРДИТИ. Стручен состанок на Здружението на специјалисти по орална хирургија, Берово, мај 2006. *Усна презентација.*
Во овој труд авторите имаат за цел да го посочат оралнохируршкиот пристап кај пациентите со кардиоваскуларни заболувања, притоа ставајќи посебен акцент на пациентите со ендокардитис. За таа цел авторите изработуваат во корелација со светските литературни сознанија протокол за преоперативна подготовка на пациентите со кардиоваскуларни заболувања, во насока на антибиотска премедикација, како и постоперативно згрижување на пациентите со ендокардитис. Трудот има стручно-апликативна вредност.

11. Dimova C., Kovacevska I., **Andonovska B.**
COMPARISON OF QUALITY OF LIFE AFTER APICOECTOMY USING TWO TECHNIQUES OF CANAL OPTURATION. 11th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abs.), Saraevo, 2006; 65. *Постер.*
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

12. **Андоновска Б.**, Димова Ц., Величковски Б., Евросимовска Б.
СООДВЕТНА АНТИБИОТСКА ТЕРАПИЈА ВРЗ ПРЕТХОДНО УТВРДЕН МИКРОБИОЛОШКИ НАОД КАЈ ПЕРИКОРОНИТИ. Стручен состанок на Здружението на специјалисти по орална хирургија, Маврово, ноември 2007. *Усна презентација.*
Авторите во овој труд имаат за цел да се осврнат кон идентификација на микроорганизмите кои се во асоцијација со појавата на перикоронитисот кај полуимпактираниот мандибуларен трет молар, со интенција да ја прецизираат адекватната антибиотска и симптоматска терапија. Авторите потенцираат дека идентификацијата на микроорганизмите и податокот колку тие се чувствителни кон одредени антибиотици се неопходни ако сакаме успех при третманот на перикоронитисот. Трудот има стручно-апликативна вредност.

13. Димова Ц., Костовска С., Пејчева Ј., Митров И., **Андоновска Б.**,Евросимовскаи Т.
СОВРЕМЕН ОРАЛНО-ХИРУРШКИ ПРИСТАП ПРИ VON WILLWBRAND БОЛЕСТ (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ). IV меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија (Апс.), Охрид, 2006; 45. *Постер.*

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

14. Димова Ц., Пројевска Д., Ковачевсак И., Антов С., Георгиев З., **Андоновска Б.** СОВРЕМЕН СТОМАТОЛОШКИ КОНЦЕПТ ПРИ ЕНДОКАРДИТИ КАЈ ДЕЦА И ВОЗРАСНИ. IV меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид, 2006; 17-18. *Усна презентација.*

    Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 2008 год.

15. Dimova C., Kovacevska I., **Andonovska B.**, Sabanov E. ANTIBIOTIC THERAPY IN IMPACTED THIRD MOLAR SURGERY. 12th Congress of the Balcan Stomatological Society, (Abs.), Istambul, 2007: 235. *Постер.*

    Употербата на антибиотската терапија при оперативните екстраксии на импактираните терти молари е контраверзна. Авторите имаат за цел да утврдат дали превентивното ординирање на антибиотска терапија пред овие интервенции ја намалува појавата на постекстракциони компликации во постоперативниот период. Помеѓу двете испитувани групи не е утврдена статистичка разлика во однос на компликациите во постоперативниот период. Трудот има стручно-апликативен придонес.

16. Dimova C., **Andonovska B.**, Kovacevska I., Georgiev Z. COMPERATIVE CLINICAL STUDY OF RESIN COMPOSITE AND GLASS IONOMER CEMENT FOR RETROGRADE ROOT FILLING. 12th Congress of the Balcan Stomatological Society, (Abs.), Istambul, 2007: 236. *Постер*

    Во трудот клинички и радиографски се испитани два материјала (нанокомпозит и глас-јономер) за ретроградна оптурација при апикоектомија, користејќи специфична препарација на ретроградните кавитети. Трудот има стручно-апликативна вредност.

17. Ристоска С., Миновска А., Панов С., **Андоновска Б.**, Пандилова М. САЛИВАРНАТА МАТРИКСМЕТАЛОПРОТЕИНАЗА-8 (ММП-8), БИОМАРКЕР НА АКТИВНОСТА НА ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ. Макед. Стоматол. Прегл. 2008; 32 (3-4): 173-180. *Печатен труд.*

    Авторите во овој труд имаат за цел да го утврдат нивото на сливарната ММП-8 кај здрави субјекти (без пародонтопатија), како и кај оние со умерена до силно изразена форма на хронична пародонтопатија и да се проследи нивната поврзаност со клиничките параметри. Одредувањето на саливарниот ММП-8 може да послужи како биомаркер на пародонталната болест, како и за рана детекција на активноста на заболувањето и за преземање на соодветни терапевтски мерки. Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

18. **Andonovska B.**, Dimova C., Velickovski B., Panov S. MATRIX METALLOPROTEINASES LEVELS IN CHRONIC PERIAPICAL LESIONS AND INFLAMED DENTAL PULPS. Balk J Stom, 2008;12:20-25. *Печатен труд во странско списание.*

    Утврдено е нивото на матрикс-металопротеиназите при хроничните периапикални процеси и при имфламираната пулпа на забите. Во овој труд се потенцира важноста на овие протеинази како помошни маркер, преку кои може да

се сугерира прогнозата и исходот на терапискиот третман. Трудот има стручно-научна и апликативна вредност.

19. **Andonovska B.**, Dimova C., Panov S.
MATRIX METALLOPROTEINASES (MMP-1, -8, -13) IN CHRONIC PERIAPICAL LESIONS. Vojnosanit Pregl, 2008; 65 (12): 882-886. *Печатен труд во странско списание*
Детерминирана е корелација на протеолитички ензими одговорни за деградација на скоро сите компоненти на екстрацелуларниот матрикс - матрик металопротеиназите (ММП-1, -8, -13) во сооднос со величината на хроничната периапикална лезија преку софтвер за редгенолошка анализа. Авторите укажуваат на различна концентрација на ММП при хроничните периапикалнии воспаленија и тие претставуваат современи маркери за нивното деструктивно влијание при појавата на хроничните периапикални лезии. Трудот има стручно-апликативна и научна вредност.

20. **Андоновска Б.**, Димитровски О.
АУГМЕНТАЦИЈА НА АЛВЕОЛАРЕН ГРЕМЕН. Стручен состанок на Здружението на специјалисти по орална хирургија „Претпротетска хирургија, sinus maxsillaris и оралнохируршки интервенции", 28 ноември 2008. *Усна презентација.*
Авторите во овој труд укажуваат на општите принципи на аугментација на алвеоларниот гребен. Исто така прават осврт на карактеристиките на различните видови современи материјали за аугментација на алвеоларниот гребен, укажувајќи притоа на недостатоците и предностите. Трудот има стручна, апликативна и научна вредност.

21. Dimova C., **Andonovska B.**, Kovacevska I., Popovska L., Georgiev Z.
CONTEMPORARY CONCEPT OF ORAL SURGICAL TREATMENT OF PROSTETHIC HEART VALVES PATIENTS. International Congres of Apolonia "Dentistry Today" Struga 2008: 189. *Усна презентација.*
Индивидуите со вградени вештачки срцеви валвули (ВСВ) претставуваат пациенти со висок ризик, а потенцијалниот медицински ризик кај нив содржи три дела: срцева функција и безбеден дентален и оралнохируршки тертман, ризик за потенцијален развој и превенција на инфективен ендокардитис, потенцијални поместувања на хемостазата. Селективниот пристап и интердисциплинарната соработка со кардиолозите е основа за безбеден и квалитетен оралнохируршки тертман кај лица со вградени срцеви валвули. Трудот има стручно-научна и апликативна вредност.

22. **Andonovska B.**, Dimova C., Evrosimovski T.
TISSUE LEVELS OF MATRIX METALLOPROTEINASES IN CHRONIC PERIAPICAL LESIONS. International Congres of Apolonia "Dentistry Today" Struga 2008: 197. *Усна презентација.*
Матрикс-металопротеиназите како протеолитички ензими се способни за деградација на сите компоненти од екстрацелуларниот матрикс. Утврдена е различна концентрација на ММП при хроничните периапикални лезии, која зависи од тоа дали забот претходно е ендодонтски тертиан. Трудот има стручно-научна и апликативна вредност.

23. **Андоновска Б.**, Димова Ц., Панов С.

КОНЦЕНТРАЦИЈА НА МАТРИКС-МЕТАЛОПРОТЕИНАЗИТЕ КАЈ ХРОНИЧНИТЕ ПЕРИАПИКАЛНИ ПРОЦЕСИ. Аполонија 2009; 21:33-44. *Печатен труд.*

Авторите во оваа студија си поставиле за цел да ја детерминираат зависноста помеѓу концентрацијата на колагеназите (ММП-1, -8, -13) со степенот на ткивната деструкција од испитуваниот материјал (хроничното периапикално ткиво), како и со карактерот и разликите помеѓу периапикалните лезии. Со целосен респект кон конвенционалните методи, оваа студија нуди нови можности кон еден современ метод за дијагностицирање на хроничните периапикални процеси и мониторинг на воспалителната активност на ткивото, базирани врз деструктивната улога на колагеназите во склоп на воспалителниот процес. Трудот има стручно-научна и апликативна вредност.

**24.** Димова Ц., **Андоновска Б.**, Поповска Л., Ковачевска И., Георгиев З., Јанев Е. СОВРЕМЕН СТОМАТОЛОШКИ И ОРАЛНОХИРУРШКИ КОНЦЕПТ ВО ТРЕТМАНОТ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ВЕШТАЧКИ СРЦЕВИ ВАЛВУЛИ. Аполонија 2009; 21: 57-70. *Печатен труд.*

Пациентите со вградени вештачки срцеви валвули (ВСВ) претставуваат високо ризични пациенти. Во текот на оралнохируршкиот третман е битно најпрво да се обезбеди стабилна срцева функција, а потоа да се воспостави безбеден дентален оралнохируршки тертман и тоа од аспект на постојниот ризик за потенцијален развој и превенција на инфективен ендокардитис и потенцијални поместувања на хемостазата кај пациенти со орални антикоагуланси. Трудот има стручен, научен и практичен придонес.

**25.** Dimova C., **Andonovska B.**, Neceva V., Kovacevska I., Georgiev Z. CORRELATION OF BLOOD FIBRIOLYTIC ACTIVITY AND CLINICAL OUTCAME AFTER ORAL SURGERY INTERVENTIONS. Balk J Stom, 2009; 13:111-116. *Печатен труд во странско списание.*

Основната цел во оваа студија е да се испита дали оралнохируршките интервенции како психофизичка и оперативна траума влијаат врз одговорот на фибринолитичкиот систем на крвта и дали промените во нивото на активаторите и инхибиторите на фибринолитичкиот систем ќе се манифестираат со препознатлива клиничка слика. Екстракцијата на забите како стресоген систем има влијание врз фибринолизата преку ослободување на t-PA И PAI-1 Ag, коешто резултира со можна појава на едем во постекстракциониот период. Параметрите на фибринолитичкиот систем на t-PA И PAI-1 Ag, претставуваат најсензитивни маркери на реакција кон оралнохируршкиот систем. Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

**26.** Јуруковска-Шотаровска В., Цветановска Д., Даци А., Јовановски С., **Андоновска Б.** ПРЕПАРАЦИЈА СО СТАПАЛКА-УСЛОВ ЗА ЗДРАВА ГИНГИВА. V- конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Апс), Охрид, септември 2009:57. *Постер.*

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје бр. 1 од 2009 година.

**27.** **Андоновска Б.** Димова Ц., Јуруковска-Шотаровска В., Евросимовски Т. ПРИМЕНА НА BIO-OSS КАЈ КОСКЕНИ ДЕФЕКТИ ВО МАНДИБУЛА. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Апс), Охрид, септември 2009:54. *Постер*

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје бр. 1 од 2009 година.

**28.** Димова Ц., **Евросимовска Б.**, Величковски Б.
УПОТРЕБА НА ТРАНЕКСЕМИЧНАТА КИСЕЛИНА ВО ОРАЛНАТА ХИРУРГИЈА. „Современи дострели", Стоматолошки факултет, Скопје 2009: 89-97. *Печатен труд.*

Авторите како цел на оваа студија ја поставуваат можноста да се процени воспоставената локална хемостаза при употреба на транексемичната киселина, како локално средство за испирање по оралнохируршките интервенции кај 80 пациенти кои примаат орални антикоагуланси. Анализата покажала дека не постои сигнификантна разлика помеѓу двете третирани групи во појавата на пролонгирано крварење по оралнохируршките интервенции. Трудот има научна, и стручно-апликативна вредност.

**29. Евросимовска Б.**
ЕКСПРЕСИЈА И АКТИВНОСТ НА МАТРИКС ЂМЕТАЛОПРОТЕИНАЗИТЕ КАЈ ХРОНИЧНИТЕ ПЕРИАПИКАЛНИ ЛЕЗИИ (монографија) Скопје 2009, 616.314.17-008.1:557.152.34.

Монографијата „Експресија и активност на матрикс-металопротеиназите кај хроничните периапикални лезии" претставува широк преглед на една фамилија на ензимски систем на хроничните периапикални промени матрикс-металопротеиназите, во која авторката има за цел да ја осознае суптилната природа на овие протеолитички ензими и да ја претстави и опише нивната структура на извонредно експлицитен и истовремено едноставен и јасен начин, но и да ја поврзе нивната динамична улога со дијагностичките и прогностичките релации и збиднувања со една секојдневна, но очигледно неисцрпна тема во клиничката стоматолошка практика - хроничните периапикални лезии. Особено важно е да се потенцира начинот на кој се опишува поврзаноста и улогата на матрикс-металопротеиназите со условувањата за можниот финале исход од терапискиот третман на хроничните периапикални процеси. Матријалот од оваа монографија, несомнено ќе претставува едно корисно четиво за секојдневната стоматолошка практика во насока на едукација, користење и имплементација на еден нов современ метод на дијагностицирање на деструктивните воспалителни заболувања.

**30. Евросимовска Б.**, Димова Ц., Дејановски К., Дејановска С.
КОРЕКЦИОНИТЕ ОРАЛНОХИРУРШКИ ПРЕПРОТЕТСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ. International Congres of Apolonia "Dentistry Today" Struga May 2010: 174. *Усна презентација.*

Препротетската хирургија има за цел да осигура добра и здрава површина за поставување на протезите, вклучувајќи ги сите хируршки процедури, врз основа на кои може да се оформи мазниот, здравиот и во вид на латинската буква U алвеоларен процесус. Во овој труд е презентирана елиминацијата на хиперпластичното ткиво од фиброзната хиперплазија во фронталната и постериорната регија од максилата, преку хируршка процедура. Авторите го потенцираат фактот дека хируршки отстранетото хипрепластично ткиво секогаш треба да биде подложено на патолошко испитување. Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

**31.** Димова Ц., Ристеска С., Јанев Е., **Евросимовска Б.**, Јанев Р.

СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ ВО ДИЈАГНОЗАТА И ТРЕТМАНОТ НА ИМПАКТИРАНИ КАНИНИ. International Congres of Apolonia "Dentistry Today" Struga May 2010: 142. *Усна презентација.*

Целта на оваа студија е да се прикаже современиот приод и интердисциплинарното менаџирање на импактираните канини во горната и долната вилица. Прецизирањето на дијагнозата и утврдувањето на позицијата на импактираните канини е појдовен момент од кој потоа зависи и планот на терапија со редоследот на потребните чекори. Солидниот периодонтален статус на извлечениот и позиционирап импактиран заб, како и на соседните заби претставува единствена награда на тимот стоматолози-специјалисти за успешната орално-хируршка и ортодонска терапија при импактираните канини. Трудот има стручно-научна и апликативна вредност.

32. Менчева Ж., Димова Ц., Бојковска Д., **Евросимовска Б.**
КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ ПО ОПЕРАЦИЈА НА ТРЕТИТЕ МОЛАРИ. International Congres of Apolonia "Dentistry Today" Struga May 2010: 151. *Усна презентација.*

Во овој ретроспективен труд авторите како цел најпрво си поставуваат да се проценат сознанијата на пациентите за промените на оралното здравје во споредба со квалитетот на животот по оперативната екстракција на третите импактирани молари, и тоа проследена во текот на два месеца по интервенцијата. Клиничката состојба и зараснувањето на опертивната рана покажале многу подобри резултати при случите со аплициран Alvogyl. Притоа пациентите доживеале физичка, социјална и психолошка промена во квалитетот на животот по оралнохируршката интервенција. Трудот има стручно-апликативна вредност.

33. **Андоновска Б.**, Димова Ц., Евросимовски Т.
ТКИВНИ НИВОА НА МАТРИКС-МЕТАЛОПРОТЕИНАЗИТЕ КАЈ ХРОНИЧНИТЕ ПЕРИАПИКАЛНИ ЛЕЗИИ. Аполонија 2010; 23: 51-58. *Печатен труд.*

Авторите во овој труд ја опишуваат улогата на матрикс металопротеиназите и го потенцираат нивното значење укажувајќи на фактот дека тие се едни од важните фактори одговорни за кинетиката на периапикалната коскена деструкција покрај останатите фактори и поради тоа ММП можно е да ја детерминираат и да влијаат на периапкикалната коскена регенерација по спроведената оралнохируршка интервенција (апикотомија, цистектомија). Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

34. Dimova C., **Evrosimovska B.**, Papakoca K., Kovacevska I., Kamceva G., Bojkovska D., Georgiev Z.
USE OF TRANEXAMIC ACID IN ANTICOAGULATED ORAL SURGERY PATIENTS. 15th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Thessaloniki, 2010: 228. *Постер.*

Авторите во овој труд имаат за цел да го минимизираат ризикот од хеморагија кај пациентите кои примаат орални антикоагулантни лекови притоа заштитувајќи ги од појавата на тромбоемболија. Со примената на транегземичната киселина, како средство за испирање, тие постигнуваат локална хемостаза по спроведената оралнохируршка интервенција. Трудот има практично и стручно значење.

**35. Evrosimovska B.**
ROLE OF COLLAGENASES IN CHRONIC INFLAMMATION DISEASES OF THE TEETH. 15th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Thessaloniki, 2010: 114. *Усна презентација*

Авторот во овој труд се осврнува на колагеназите како протеолитички ензими за кои се верува дека учествуваат во голем број на физиолошки процеси при нормалниот раст и развој, како и при патолошките процеси кои се во асоцијација со воспалителните реакции. Во овој труд се потенцира дека концентрацијата на колагеназите во здравите ткива е нормално многу ниска, но сигнификантно се зголемува со ширењето на инфекцијата од коренскиот канал кон периапикално воспаленото ткиво. Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, анализирајќи ја целокупната наставна, научна, стручна и публицистичка дејност на насл. доц. д-р Марија Пеева Петревска, Комисијата може да констатира дека кандидатката има континуиран развој и сестран стручно-научен и творечки подем преку бројните стручни усовршувања во земјава и во странство, како и следењето на современите научни трендови од областа на оралната хирургија и имплантологија и во целост ги исполнува условите за избор за асистент.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја избере насл. доц. д-р Марија Пеева Петреска за асистент по група предмети од областа на оралната хирургија.

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци, кои недвосмислено се мошне богати и разновидни, како и стручните и работните активности на кандидатката со пациентите, ангажираноста и коректниот однос со студентите и колегите, континуираната надградба на стручно и научно поле, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стомтолошкиот факултет во Скопје да ја избере д-р Билјана Евросимовска, магистер и специјалист по орална хирургија, за асистент по група предмети од областа на оралната хирургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Борис Величковски с.р.

   ___________________________

2. Проф. д-р Киро Ивановски с.р.

   ___________________________

3. Доц. д-р Даница Поповиќ Моневска с.р.

   ___________________________